Божидар Видоески

# ФОНОЛОШКИ БАЗИ НА ГОВОРИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS

**Božidar Vidoeski**

# THE PHONOLOGICAL BASES OF THE DIALECTS OF THE MACEDONIAN LANGUAGE

SKOPJE 2000

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

**Божидар Видоески**

# ФОНОЛОШКИ БАЗИ НА ГОВОРИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

СКОПЈЕ 2000

одговорен уредник

**акад. Зузана Тополињска**

фонетска и фонолошка транскрипција

**Дејан Геговски**

карта

**Марјан Марковиќ**

**ISBN 9989-649-79-0**

## СОДРЖИНА

Од Редакцијата ........ I

Појдовен македонски фонолошки систем ........ 7

1. Дихово ........ 11
2. Звечан ........ 23
3. Извор ........ 31
4. Ракотинци ........ 38
5. Вруток ........ 44
6. Млике ........ 51
7. Пештани ........ 61
8. Радожда ........ 70
9. Лазарополе ........ 82
10. Витолиште ........ 91
11. Радовиш ........ 99
12. Фурка ........ 108
13. Блатец ........ 116
14. Берово ........ 125
15. Елешница ........ 132
16. Тремно ........ 155
17. Емборе ........ 164
18. Чеган ........ 171
19. Кронцелево ........ 183
20. Висока ........ 193
21. Негован ........ 204

22. Секавец .......... 217
23. Плевна .......... 224
24. Зрнево .......... 231
25. Бобошчица .......... 245
26. Вамбел .......... 254
27. Тиолишта .......... 260
28. Гратче .......... 270
29. Нестрам .......... 277
30. Езерец .......... 284
31. Шлегово .......... 300
32. Љубанци .......... 308
33. Теарце .......... 314

## Од Редакцијата

Оваа книга ја објавуваме по смртта на Авторот, но точно според Неговата концепција. Авторот не ја предаде сам за печат бидејќи имаше во план да додаде уште понекој опис, посебно од егејскиот и од пиринскиот дел на Македонија. За жал, таа желба не Му се оствари.

Повеќето описи што ги објавуваме во овој том беа правени за потребите на Општословенскиот лингвистички атлас (натаму: ОЛА). Исто така во рамките на колективот на ОЛА се роди самата идеја да се обработат и како да се обработат фонолошките системи на сите теренски пунктови во кои се вршела експлорација за атласот. По долги дискусии предизвикани главно од фактот дека во изработката на ОЛА учествуваат слависти-дијалектолози со многу различна теоретска ориентација, беше усогласено дека секој опис задолжително мора да опфати три типа информација, а имено: 1. инвентар на фонеми, поделен на инвентар на вокали, сонанти (ев. и глајди) и опструенти, 2. дистрибуција на фонеми, и 3. историски извод од појдовниот систем (или прасловенски или систем на којшто можат да се сведат сите современи системи на дадена територија, т.е. соодветно старомакедонски, старополски, итн.). Начинот како тие три точки беа решени зависеше од одлуката на авторите, односно на соодветните национални комисии. Разликите во методот и во богатството на опфатената информација се гледаат и во овој том на фонолошките описи на говорите на македонскиот јазик. Имено, 24 описи на пунктовите од Вардарска и Егејска Македонија, оние на пунктовите на ОЛА, сите се обработени според шемата што ја прифати редакцијата на томот "Fonološki opisi srpskohrvatskih / hrvatskosrpskih, slovenačkih i makedonskih govora obuhvaćenih Opšteslovenskim lingvističkim atlasom" (Posebna izdanja, knjiga 9, ANU BiH, Sarajevo 1981) под раководство на акад. Павле Ивиќ, додека останатите 9 описи донесуваат побогата информација, а често и други методолошки решенија. Редакцијата на овој том реши да не ги унифицира тие разлики, бидејќи со тоа би се осиромашила содржината на томот. Акад. Б. Видоески имаше намера со описите да ја претстави целата територија опфатена со експлорација за идниот Македонски дијалектен атлас (натаму: МДА), затоа описите на пунктовите невклучени во ОЛА (и објавени за прв пат во разни научни списанија во земјата и во странство, а не во гореспоменатото сараевско издание) се однесуваат на горанскиот говор, на повеќе говори од Егејска Македонија и на два малешевско-пирински говора. Последниве описи, покрај

минималната информација предвидена за ОЛА, донесуваат обично (а) преглед на дистинктивните артикулациони признаци, (б) побогат преглед на алофони, (в) побогата информација за дистрибуцијата на фонемите, и најпосле (г) елементи од "историски извод во обратен правец", т.е. информација за тоа во што се претвориле оние фонеми од појдовниот македонски системи коишто со текот на времето загубиле статус на фонеми. Редакцијата на овој том се трудеше да ги отстрани највидливите диспропорции во обемот на понудената информација, задржувајќи ја сепак често методолошката разновидност во начинот како таа информација е претставена.

Врз фонот на фонолошките описи на говорите на другите јазици претставени во споменатото сараевско издание, описите на Видоески се карактеризираат со вонредно голем број илустративни примери, што прилично ја зголемува нивната хеуристична вредност. Треба и да се подвлече дека македонскиот е единствен "ОЛА-јазик" фонолошки опишан од еден единствен автор (само во оформувањето на два описа учествуваше и еден друг автор, д-р Коста Пеев), што на македонските описи им осигурува комплетна кохерентност и го олеснува нивното меѓусебно споредување. Со други зборови, овој наш том носи речиси комплетна фактографска информација потребна за еден синтетски преглед на областите: современа и историска фонологија и фонолошка типологија на говорите на македонскиот јазик.

Триесет и трите описи што ги содржи овој том се распоредени според класификацијата на македонските говори претставена во "Дијалектите на македонскиот јазик" од Б. Видоески. Исто така според принципите прифатени во тоа издание унифицирана е фонетската и фонолошката транскрипција. Меѓу другото, запазен е и закотвениот термин во македонската традиција "секундарен ер" и симболот "$ъ_2$". Сепак, самиот факт дека во сараевското издание целиот јазичен материјал беше претставен на латиница, а ние се одлучивме, за потребите на македонските корисници, да го префрлиме на кирилица (како што е тој претставен и во деветте описи печатени надвор од сараевското издание), услови некои неизбежни интервенции.

Во ова наше издание на латиница и со ѕвездичка како знак за реконструкција се дадени сите фонеми, морфеми, зборoформи кои му припаѓаат на појдовниот старомакедонски систем или на постарите развојни етапи; на латиница се дадени и конвенционалните симболи како *V* за вокал, *C* за консонант, и сл. Целиот останат јазичен материјал го печатиме на кирилица.

Префрлувањето од латиница на кирилица ни наложи потреба латиничното *l* насекаде, а тоа значи не само кај континуантите на **l′* туку и во позиција на неутрализација со старото **l* (т.е. пред предните вокали и пред /*j*/ ) да го замениме со кириличното *л*’. Со ова решение се оддалечуваме од транскрипцијата

со која се служеше Б. Видоески и која ја применивме во неговите "Дијалекти на македонскиот јазик".

Втората интервенција се однесува на палатализираните консонанти карактеристични за дел од југоисточните говори. Во оригиналните описи на Видоески, согласно со македонската непишана конвенција, иста како во случајот на односот *л* : *л'* (сп. горе), не се означува палатализацијата пред предните вокали и пред /*j*/; овде доследно ја означуваме. Не ја означуваме палатализацијата на *ч, ц, ш, ж* чие место на артикулација речиси на целата македонска јазична територија е идентично со она на *л'*.

Третата интервенција што си ја дозволивме е внесувањето на **w* место **v* во појдовниот старомакедонски систем.

Одлуката максимално да ги ограничиме нашите интервенции во текстот на одделните описи го повлече како последица и фактот дека во тие описи, главно во оние објавени надвор од сараевското ОЛА-издание, прилично често се преклопува информацијата дадена во деловите посветени на дистрибуцијата на фонемите и онаа содржана во историските изводи, т.е истата информација еднаш гледана од синхрониска, еднаш од дијахрониска перспектива.

Само еден опис не е напишан оригинално од Б. Видоески; се работи за описот на селото Блатец (бр. 13), којшто беше објавен на полски и во овој том е преведен од тој јазик, бидејќи не ја најдовме оригиналната македонска подлошка. Се трудевме во преводот да се служиме со формулациите на Видоески познати од другите описи.

* * *

Со оглед на времето кога е вршена ексцерпцијата на јазичниот материјал кој послужил за оформувањето на фонолошките описи, демографските податоци за селата во Република Македонија се дадени според пописот од 1961 год., само административната поделба е актуализирана според *Енциклопедија на селата во Република Македонија* од М. Панов (Скопје 1998). За селата надвор од границите на Република Македонија се служевме главно со податоците што ги дава самиот Видоески во соодветните статии, со демографските описи обработени за МДА и со историските податоци содржани во картотеките на дијалектолошкото и на ономастичкото одделение на Институтот за македонски јазик "Крсте П. Мисирков" во Скопје; за можноста да ги користиме тие картотеки, како и за укажаната помош срдечно им се заблагодаруваме на колегите од Институтот. За жал кај некои села не бевме во состојба да утврдиме кога прв пат се спомнуваат во историските документи. Кај описите на пунктовите од Егејска Македонија по можност даваме и информација за информаторите, односно за изворот на информациите. Во два случаја ексцерпцијата на Видоески

се базира врз порано објавените монографии (Mazon, 1936 - во случај на Бобошчица и Małecki, 1934 - во случај на Висока).

Во томот е вклучена карта која го прикажува распоредот на опишаните села врз фонот на класификацијата на македонските дијалекти; класификацијата доаѓа од Б. Видоески и е преземена од соодветната карта објавена во изданието "Дијалектите на македонскиот јазик". Од истото издание се преземени и шемите на фонетската транскрипција. Фуснотите дадени со ѕвездичка (*) потекнуваат од Редакцијата.

# <u>**Фонетска транскрипција**</u>

Вокали

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *и* | | | *ӥ* | | | | | | | *у* |
| | *ẹ* | | | | | | | | *ọ* | |
| | | *е* | | | *ă* | | | *о* | | |
| | | | *ε* | | *ạ* | | *ɔ* | | | |
| | | | | *ä* | | *å* | | | | |
| | | | | | *а* | | | | | |

Консонанти

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *п̄* | *б* | | | | | *φ* | *w* | *м* | | | |
| | | | | *ф* | *в* | | | | | | |
| | | | | *θ* | *ð* | | | | | | |
| *т̄* | *д* | *ц* | *s* | *с* | *з* | | | *н* | *л* | | |
| | | *ч* | *џ* | *ш* | *ж* | | | | | *р* | |
| | | *ќ/ћ* | *ѓ/ђ* | | | | | *њ* | *љ* | | *j* |
| *к* | *г̄* | | | *х* | *γ* | | | | | | |
| | | | | | *h* | | | | | | |

Функции на дијакритичките знаци:

- назалност: *ę, ą*
- неслоговност: *i̯, ў*
- слоговност: *р̥, л̥*
- должина: *а:, е:, и:, о:, у:*
- лабијализација: *å*
- поместена артикулација кон напред: *ä*
- поместена артикулација кон горе: *ạ, ẹ, ọ*
- полузвучност: *б̯, д̯, г̯, з̯, ж̯, в̯*
- палаталност: *т̄´, д´*
- палатализираност: *б’, п̄’, л’*
- ослабена артикулација: *с$^{ă}$рце, ле$^{j}$а, зме$^{x}$*
- акцент: *в'икам, уфч'ар, вик'аше, вод'еница*
- спореден акцент: *в'ечерн̩ица, з'адушн̩ици, с'еверн̩ица*




Броевите на картата одговараат на броевите на фонолошките описи

## ПОЈДОВЕН МАКЕДОНСКИ ФОНОЛОШКИ СИСТЕМ

### 1. ИНВЕНТАР НА ФОНОЛОШКИТЕ ЕДИНИЦИ

1.1. *Вокализам*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *i* | *y* | *u* | | |
| *ь* | *ъ* | | | |
| *e* | | *o* | *ę* | *ǫ* |
| *ě* | *a* | | | |

1.1.1. Покрај вокалите силабеми биле уште /*r̥, l̥*/.

1.2. *Консонантизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *w* | | | *m* |
| | *l* | *r* | *n* |
| *j* | *l′* | *ŕ* | *ń* |

1.2.1.1. Фонемата /*w*/ во некои македонски говори се реализира како звучен фрикативен консонант /*v*/, но во повеќето дијалекти ги задржала дистрибуционите карактеристики на некогашниот сонант /*w*/.

1.2.1.2. Фонемата /*j*/ се реализира како [*i̯*].

1.2.2. Опструенти (шумни консонанти)

| | | | |
|---|---|---|---|
| *p* | *b* | (*f*) | |
| *t* | *d* | | |
| *c* | *ʒ* | *s* | *z* |
| *č* | | *š* | *ž* |
| *t′* | *d′* | | |
| *k* | *g* | *x* | |

1.2.2.1. Фонемата /*f*/ се јавува во неадаптирани заемки.

1.3. *Прозодија*

1.3.1. За да се објаснат денешните прозодиски системи во македонските дијалекти доволно е да се тргне од прозодискиот систем во кој било релевантно само местото на акцентот.

1.3.2. Акцентот го задржал старото (прасловенското) место. Со губењето на крајните акцентирани *ь, ъ* акцентот се поместил за еден слог кон почетокот на зборoформите.

1.3.3. Старите интонациски и квантитетски разлики не оставиле траги на квалитетот на вокалите.

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА НА ФОНОЛОШКИТЕ ЕДИНИЦИ

2.1. Фонемата /*ǫ*/ зад палатален консонант се реализирала назално.

2.2. Силабичните /*l̥, r̥*/ се јавуваат во меѓуконсонантска позиција, а /*r̥*/ и на почетокот пред консонант.

Несилабичните /*l, r*/ се јавуваат исклучиво во соседство со вокал.

2.3. Фонемите /*k, g*/ пред предните вокали се реализираат како [*k*', *g*'] и се јавуваат исклучиво во заемки од грчкиот јазик.

## 3. ПОТЕКЛОТО НА ФОНОЛОШКИТЕ ЕДИНИЦИ*

3.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *i* | < | *i* |
| | < | *ьјь, ъјъ* |
| | < | *јь* |
| | < | *ь, ъ* во групите *ьј, ъј* под одредени услови |
| *ь* | < | *ь* |
| *е* | < | *е* |
| *ě* | < | *ě* |
| | < | со метатеза на *(C)rC, (C)lC* |
| *у* | < | *у* |

* Бидејќи и на левата и на десната страна од знакот "<"стојат реконструирани единици, не гледаме потреба сите да ги придружиме со знакот за реконструкција "*".

| | | |
|---|---|---|
| *ъ* | < | *ъ* |
| *a* | < | *a* |
| | < | со метатеза на *(C)orC, (C)olC* |
| *u* | < | *u* |
| *o* | < | *o* |
| *ę* | < | *ę* |
| *ǫ* | < | *ǫ* |
| *r̥* | < | *r̥, r̥′* |
| | < | *rь, rъ* во *CrьC, CrъC* и во иницијалните *rьC, rъC* |
| *l̥* | < | *l̥, l̥′* |
| | < | *lь, lъ* во *ClьC, ClъC* |

3.2. *Консонан\u0305тизам*

3.2.1. Сонанти

| | | |
|---|---|---|
| *w* | < | *w* |
| *j* | < | *j* |
| *l* | < | *l* |
| | < | *tl, dl* |
| *l′* | < | *lj* |
| | < | *j* во групите *pj, bj, mj, wj* |
| *r* | < | *r* |
| *ŕ* | < | *rj* |
| *m* | < | *m* |
| *n* | < | *n* |
| *ń* | < | *nj* |

3.2.2. Опструенти (шумни)

| | | |
|---|---|---|
| *p* | < | *p* |
| *b* | < | *b* |
| *f* | < | (туѓо, во заемки) |
| *t* | < | *t* |
| | < | *t′* како компонента на *št′* < *stj, skj, sk* + палатален вокал |
| *d* | < | *d* |
| | < | *d′* како компонента на *žd′* < *zdj, zgj, zg* + палатален вокал |
| *c* | < | *c* |
| | < | *k* во групата *kw* под познатите услови |
| *ʒ* | < | *ʒ* |
| | < | *g* во групата *gw* под познатите услови |
| *s* | < | *s* |

| | | |
|---|---|---|
| | < | *ś* |
| *z* | < | *z* |
| *č* | < | *č* |
| *š* | < | *š* |
| | < | *s* во групата *št′* < *stj, skj* |
| *ž* | < | *ž* |
| | < | *z* во групата *žd′* < *zdj, zgj* |
| *t′* | < | *tj* |
| | < | *kt* пред преден вокал |
| *d′* | < | *dj* |
| *k* | < | *k* |
| *g* | < | *g* |
| *x* | < | *x* |

3.2.2.1. Во групите *CC* < *Cь̯C, Cъ̯C* по губењето на слабите *ь, ъ* се извршени регресивни асимилации по звучност.

3.2.2.2. По загубата на *ь, ъ* звучните консонанти на крајот преминале во соодветните безвучни парници.

3.3. *Прозодија*

Прасловенските интонациски и квантитетски опозиции се загубени.

## 1. ДИХОВО

ДИХОВО, општина Битола.

Западно наречје, централни говори, прилепско-битолска група.

ОЛА 101, МДА 116.

Селото Дихово се наоѓа 6 км. западно од градот Битола. Во 1961 год. селото имало 686 жители, Македонци, православци. Некои семејства се доселени од соседните села и од Преспа, има и 3 српски семејства од Врањско. Населението се занимава главно со земјоделство. Економски центар е Битола. Од 1944 год. во селото има училиште, осмолетка.

Дихово е стара населба. Прв пат се споменува во 1468 год.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ӑ* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.1.1. Функција на силабема врши и /р̥/ (2.1.3.).

1.1.2. Фонемата /ӑ/ е маргинална. Се јавува само во неколку примери (в. 3.1.).

1.2. *Консонан̄тизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л'* | *р* | *н* |
| *ј* | | | *њ* |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *п̄* | *б* | *ф* | *в* |
| *т̄* | *д* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *ќ* | *г̄́* | | |
| *к* | *г̄* | | |

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите силабеми можат да бидат акцентирани.

1.3.2. Должините добиени со контракција (2.1.4.1.1.) и со компензација (2.1.4.3.) не се фонолошки релевантни.

1.3.3. Акцентот е фиксиран во двосложните зборoформи на второт слог, а во трисложните и во повеќесложните зборoформи на третиот од крајот (в. 2.3.).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ можат да стојат во почетна, средишна и крајна позиција.

2.1.1.1. Тие по правило можат да стојат и во групи секој со сите, со ограничувањата покажани во точката 2.1.4.

2.1.2. Вокалот /*ă*/ не може да стои на почетокот и на крајот на зборoформите. Освен тоа тој не се јавува во група со друг вокал.

2.1.3. Силабемата /*р̥*/ се јавува во почетна позиција пред консонант и во средината меѓу два консонанта, сп. *'р̥г̄́а, 'р̥жан, 'п̄р̥ст̄и, 'ср̥це.* Во соседство со вокал може да се сретне само на морфемската граница со префикс што завршува на вокал, сп. *'зар̥г̄́а, п̄'рер̥ка, 'зар̥жа,* и во зборoформите *'вр̥о, 'вр̥он, 'вр̥оф* (членски облици од *вр̥ф*), мн. *'вр̥ој̯, вр̥'ој̯т̄е (вр̥овит̄е)*.

2.1.4. Вокални групи.

2.1.4.1. Групи од два исти вокала во овој говор се чести и се јавуваат главно на морфемска граница.

На морфемска граница со префикс тие се реализираат како два одделни гласа, сп. *п̄'риима, не'еднакво, п̄ре'есап̄и, 'заака, 'наака, 'дооден, 'доора, п̄'рооди.*

2.1.4.1.1. На составот со граматичките морфеми тие се реализираат како еден долг вокал, со некои ограничувања на вокалот /е/, сп.: *ии* > [*и:*] *а'рами:, з'ми:, 'чини: (арамии,...), аа* > [*а:*] *г'ла: (глаа < глава), лас'та:рка (ластаарка < ластагарка), с'на: (снаа), 'ова: (оваа), та: (таа), т'ка:ч (ткаач < ткајач), 'гр̥ба: (гр̥баа < гр̥бава), п'ра:м (праам < правам), 'има: (имаа), оо* > [*о:*] *'буко: (букоо < буково), 'него: (негово), не'го:то (неговото).* Поретки се случаите со контрахирани две /е/, сп. *'пе:ф (пееф), 'се:ф (сееф)* покрај *'пееф, 'сееф,* но само *'л'ееше, 'пееше,* или *п'рееска (преѓеска), 'шеесе.*

Примери со *-уу-* не се забележани.

2.1.4.2. Вокалните секвенци со /и/ како втор член, кога не се на морфемската граница со префикс, се реализираат како дифтонзи, сп.: *-еи-* > [*еи̯*] *'вујчеи̯ (вујчеи), 'машќеи̯ (машќеи), ст'реи̯, 'зеи̯-си-го (земи-), 'веи̯ш, 'веи̯ме, во'деи̯нца (водеинца < воденица), -аи-* > [*аи̯*] *'л'ишаи̯ (*едн. *л'ишај), г'лаи̯ (глаи < глави), 'убаи̯ (убаи < убави), 'јаи̯ (јади), п'раи̯ш (праиш < правиш), 'одаи̯ (одаи), т'каи̯ш, т'каи̯ме, г'лаи̯ца (глаица < главица), у'баи̯на (убавина), -ои-* > [*ои̯*] *бои̯ (бои), 'осно̯и̯ (оснои < основи), 'завои̯ (*едн. *завој), мои̯ (*едн. *мој), 'негои̯ (негои < негови), брои̯ш, брои̯ме, 'л'ебои̯ (л'ебови), 'ветрои̯т (ветровит), в'дои̯ца (вдовица), по'лои̯на (половина), мо'тои̯ло (мотовило), -уи-* > [*уи̯*] *муи̯ (муви), 'кожуи̯ (кожуви), г'луи̯ (глуви), суи̯ (суви),* но: *'неиспан, пре'избериш, 'заигра, се 'наигра, 'доигра* – на границата со префикс, како и во случаи од типот: *'доилка,* и сл.

2.1.4.3. Секвенците *-еа-* и *-оа-,* кога не се на мофемската граница со префикс се реализираат како долги [*е:*], [*о:*]. Сп.: *-еа-* > [*е:*] *'машќе: (машќеа), 'л'е: (л'еа), 'паре: (пареа), с'мр̥де: (смр̥деа), ст'ре: (стреа), 'уздре: (уздреа), 'живе:т (живеат), 'носе: (носеа),* но: *'неарен, п'реака; -оа-* > [*о:*] *ко: (коа < кога), ко:ч (коач < ковач), ко:ў (коал), 'ко:ла (коала), на'ко:ўно (накоално < наковално), 'осно: (осноа < основа), 'со:л'ка (соал'ка < сoвал'ка), 'то: (тоа), 'зато: (затоа), т'ро: (троа), 'него: (негоа < негова), не'го:та (неговата), 'то:р, рас'то:ри (растовари), 'воло:р (волоар < воловар), бро:м (броам < бројам), бро:т (броат), 'о:т (оат < одат), 'ко:ф (коаф), с'но:ф (сноаф < сновав), 'дадо: (дадоа), 'јадо: (јадоа),* но: *'доаѓа, 'поарен, п'роаѓа, 'неарен, п'реака.*

2.1.4.4. Од другите вокални секвенци извесно ограничување покажуваат уште групите *-ао-* и *-ио-* во некои морфолошки позиции.

Групата *-ао-* во формата за среден род кај придавките на *-ав* се реализира како долго [*о:*], сп. *'гр̥бо: (гр̥бао < гр̥баво), 'кр̥во: (кр̥вaво), 'лабо: (лабаво), 'убо: (убаво).* Во другите позиции таа се пази неизменета, сп. *брао (браво), г'рао* (членска форма од *гра* 'грав'), *с'нао* (вок. од *снаа*), *ст'раои̯ (страови), 'јаор (јавор), 'даоф (дадоф).*

Групата *-ио-* во членската форма за м.р. кај придавките зад друг вокал се реализира како [i̯o], сп. *не'ѓоi̯о (неѓоио < неѓовио), крас'ӣai̯о (красӣавио), у'баi̯о (убавио), ѓ'луi̯о (ѓлуио < ѓлухио).*

2.1.4.5. Сите други секвенци од по два вокала во сите позиции на збороформите се реализираат без измени. Сп.: *-ие-* : *'бие, с'ӣиеш, се 'миеф, ӣ'риесе; -ае-* : *'заедно, 'кабаеӣ, ӣ'раеф (ӣравев), 'л'еӣаец (л'еӣавец), 'наем, 'наеднаш; -ое-* : *'чоек (човек), 'коеф, 'коеше (ковеше), в'доец, 'воедно; -уе-* : *'обуеш, ӣо'дуеме; -иа-* : *о'риани (охриѓани), ӣи'аi̯ца (ӣијавица); -уа-* : *'муабеӣ, 'суарка; -ио-* : *'Дио: (Дихово), ӣ'риоѓа; -ео-* : *к'реок, 'л'еонка, 'ореоф* (чл. форма од 'орев'), *з'меоi̯ (змеови), ӣ'reора; -уо-* : *'буон, 'буо* (чл. форма), *'дуовден, ѓ'луонем; -иу-* : *ви'ул'ица, ӣ'риучи; -еу-* : *'меур, ӣре'умори; -ау-* : *'каурин, 'ӣаун, 'Наум, 'науми; -оу-* : *'ӣоубаф, ӣ'роумре.*

2.1.4.6. Групи од три вокали се ретки, сп. *'диоец (диховец), о'реоец.* Теориски тие се можни во 3 л. мн. на аористот и имперфектот кај глаголите што им завршува општиот дел на вокал (тип: *ӣкаеа, ӣиеа, броеа, бл'уеа*) и во некои збороформи со загубени консонанти во интервокална позиција, како на пример во: *враои (враови), ѓреои, змеои,* или *ореоа, ореоо, ореои (< орехова, орехово, орехови)* и др. слични. Поради измената на групите покажани во точките 2.1.4.1.–2.1.4.3. тие се реализираат на следниов начин: *ӣ'кае:, ӣ'рае:, 'ӣее:, б'рое:, 'чуе:, о'буе:, о'рео:,* или пак, поретко, се разбиваат со согласката /ј/: *ӣ'каје:, 'ӣеје:, 'ӣије:, б'роје:.*

2.1.4.7. Зевот во одделни случаи се отклонува со вметнување на /в/ и /ј/, сп. *'мува, 'ӣазува, 'уво, 'бијол* покрај *'биол.*

2.1.5. Одделни вокали.

2.1.5.1. Вокалот /и/ во позиција зад друг вокал се реализира како [i̯], сп. *сӣ'реi̯, с'наi̯, моi̯, ѓ'луi̯ (сӣреи, снаи, мои, ѓлуи)* (в. 2.1.4.2.).

2.1.5.2. Фонемата /ӑ/ се среќава само во неколку лексеми, сп. *'ѓӑска, 'ѓӑсак, 'кӑса, 'кӑсни, да 'ӣоӣкӑсни, 'кӑсмеӣ, кӑс'меӣл'иа, 'кӑсмеӣл'иф, 'мӑска, 'мӑфче.* Во повеќето случаи /ӑ/ се наоѓа пред /с/, а зад веларен консонант.

2.1.5.3. Вокалот /е/ во затворен слог пред /ј/ се реализира позатворено [ẹ], а пред /а/ е нешто поотворено [ɛ], сп. *'ӣẹјӣе, 'нɛарен.*

2.1.5.4. Вокалот /о/ исто така пред /ј/ има позатворен алофон [ọ], а пред /а/ се изговара нешто поотворено [ɔ], сп. *ọi̯ (оди), с'ӣọi̯ӣе, дɔаѓа, 'ӣɔарен.*

2.1.5.5. Пред /ј/ позатворено се реализира и вокалот /а/, сп. *ӣрại̯ (ӣрави), ӣкại̯ (ӣкаи).*

2.1.5.6. Силабичното /р̥/ на почетокот пред консонант се реализира како [ᵊр̥]: *ᵊр̥ѓа, ᵊр̥ӣ, ᵊр̥жан, ᵊр̥жи.*

2.2. *Консонанӣизам*

2.2.1. Сонантите и безвучните опструенти можат да стојат во сите позиции на зборoформите – на почетокот, во средината и на крајот.

2.2.2. Звучните опструенти не можат да стојат на крајот и пред безвучните, а безвучните не можат да стојат пред звучните.

2.2.2.1. Едначењето по звучност се врши и на составот на префикс со коренска морфема, сп. *се з'дебел'и* : ' *растера, 'подгори* : *'поткачи,* како и меѓу одделни зборoформи во една акцентска единица, сп. *'без-него, 'над-грат, 'под-вис* : *'бес-пари, 'нат-пат, 'пот-куќи.*

2.2.3. Консонантски групи.

2.2.3.1. Почетна група од два сонанта е можна само кога е прв нејзин член /*м*/: *м'лако, мрак, м'јаука.*

2.2.3.2. Сонантите /*м, н, њ, л, л', ј*/ на почетокот не се среќаваат во група со опструент.

2.2.3.3. Од опструентите најмногу ограничување во дистрибуцијата во консонантски групи покажуваат денталите.

Плозивите /*т, д*/ не можат да стојат во секвенците *шт (> шќ)* и *жд (> жѓ),* сп. *'л'ешќа, 'гушќер, 'огнишќе, 'межѓа, 'дожѓој.*

На морфемската граница со фрикативните /*с, з*/ тие се слеваат во африкатите /*ц, ѕ*/, сп. *'поцечи (потсечи), 'оцпреди, с'ре-цело (срет село), 'наѕеми (над-земи)* покрај *'потцечи, 'надѕеми,* а со /*ш, ж*/ се слеваат во /*ч, џ*/: *пе'честина (пет-шестина), 'потчие (потшие), на'џивеј // над'џивеј.*

2.2.3.4. Фрикативните /*с, ш*/ не се јавуваат во секвенците *пс (> пц), пш (> пч),* сп. *пци, (п)чејнца,* како и пред африкатите /*ц, ч*/ на морфемската граница во примери како: *'мафца, 'мефце (масца, месце), 'мафче (: маска), 'мофче (: мост), к'руфче (: круша).*

2.2.3.5. Согласката /*с*/ не може да се јави и во секвенци *-Сск-* кога се наоѓа во состав на суфиксот *-ск(и),* сп. *'селцки, 'турцки, п'рил'епцки, 'л'ерински,* но *'кически.*

2.2.3.6. Почетната група *пч-* исто така е необична, сп. *'чејнца, 'ченка, 'чела* покрај *п'чела.*

2.2.3.7. Согласката /*в*/ во многу случаи се избегнува во секвенцата *-вн- (> мн)* во средината на зборoформите, сп. *г'ламна, г'ламница, п'л'емна, 'одамна, 'рамно.*

2.2.3.8. Групите *ср, зр, жр* исто така не се можни, освен на морфемската граница; тие се пополнуваат со плозивите /*т, д*/, сп. *ст'реда, ст'ребро, ст'реќа, здрел, жд'ребе.*

2.2.3.9. На крајот не се можни групите *-ст, -шт.* Во таа позиција плозивот /*т*/ редовно се губи, сп. *'бол'ес, л'ис, крс, веш (: вешто), дош, 'помош.*

2.2.3.10. Групи од две исти согласки се ретки. Констатирани се неколку примери со геминатите: *-jj-* (во суперлативната форма *'најјак*), *-т̄т̄-* (на морфемската граница со префикс и на границата со членските морфеми *-т̄а, -т̄е*): *'п̄от̄т̄ури, п̄'рол'ет̄т̄а,* и *-дд-* (во префиксираните глаголи): *'оддел'и.* Сите овие геминати се реализираат како долги гласови, сп. *'нај:ак, п̄'рол'ет̄:а, 'од:ел'и.*

2.2.3.11. Од тричлените и повеќечлените консонантски групи, кои инаку не се бројни, се избегнуваат оние што се составени од фрикативните /*с, ш*/ + *т̄* + преграден опструент како во случаите: *'п̄осно (: п̄ост̄и), 'мошне,* и групите *-ст̄ј-, -здј-* : *'л'исје, г̄'розје.*

2.2.4. Одделни консонанти.

2.2.4.1. Сонантот /*j*/ не може да стои пред /*и*/ во вокални секвенци, сп. *б'рoі̯, 'моі̯ (мои), 'боі̯ (бои* и *боја).* По правило тој не се јавува и зад /*и*/ во императивот: *сп̄и – с'п̄ит̄е, изми-се.* Освен тоа во почетокот не може да стои пред /*е*/: *'еден, 'ел'ен.* Во интервокална позиција зад /*и*/ и пред /*е*/ може да се сретне само во одделни случаи, сп. *а'рамија, 'мијеме, т̄'воје,* и други слични, каде што фонетските услови не допуштаат поинаква елиминација на вокалните групи.

2.2.4.2. Латералното /*л*/ не може да стои пред преден вокал и пред /*j*/. Во тие позиции се неутрализира со фонемата /*л'*/, сп. *'бел'и, 'бел'ичес, 'бел'иш, 'бел'ееф* : *бел, 'бела, бело, 'беўко; 'кола* : *'кол'и; коў* : *'кол'је.* Пред консонант и на крајот на збороформите тоа се реализира како [*ў*]: *коўк, 'еўка, 'ореў, 'п̄ет̄еў.*

2.2.4.3. Вибрантот /*р*/ редовно се јавува во соседство барем со еден вокал.

2.2.4.4. Назалот /*н*/ пред веларните /*к, г̄*/ се реализира како [*ŋ*]: *'коп̄аŋка, ф'раŋг̄а.*

2.2.4.5. Палаталниот назал /*њ*/ не се јавува на почетокот пред преден вокал, сп. *'нег̄о, 'нива.*

2.2.4.6. Фонемата /*в*/ се изговара во многу случаи во интервокална позиција слабо, а многу често, особено во соседство со вокалот /*о*/, и наполно се губи, сп. *п̄'раво* покрај *п̄'рао* (в. 3.4.4.).

2.2.4.7. Фонема /*ѕ*/ е ретка и има ограничена дистрибуција. Се јавува во групите *ѕв, ѕр, лѕ, нѕ* и пред вокал, сп. *ѕ'виска, ѕ'вонец, 'ѕр̥цало, 'солѕа, 'јанѕа, 'п̄оп̄раѕи, 'ѕира.*

2.2.4.8. Веларните /*к, г̄*/ пред предните вокали се реализираат како [*к', г̄'*]: *'рак'ија, 'сек'ира, к'и'сел'ина, 'кал'инк'и, 'мечк'и, 'далг̄'и (: мечка, далг̄а).*

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Општо е правило за домашните лексеми и во овој говор дека во двосложните збороформи акцентот е фиксиран на вториот слог, а во трисложните и во повеќесложните на третиот слог односно на третата мора од крајот, сп.

*'дедо – 'дедофци – де'дофците, 'невеста – не'вестава – не'вестине, 'домазет – до'мазетон – дома'зетофци.*

2.3.1.1. Во случаите каде што е извршена контракција на вокалите, како и во оние зборoформи каде што секвенци од по два вокала образувале дифтонзи, акцентот исто така паѓа на третата мора, бидејќи долгите вокали и дифтонзите имаат две мори, сп. *ара'ми:те (арамиите), у'ба:та (убаата < убавата), не'го:то (негоото < неговото), рас'то:ри (растоари < растовари), ос'но:та (основата < основата), л'е'бо і̯те (л'ебоите < л'ебовите), по'лоі̯на (полоина < половина), пер'дуі̯те (пердуите), у'баі̯те (убаите < убавите), крас'тајо (крастаио < креставио), ќе се на'пие: (напиеа)* (в. 2.1.4.1.–2.1.4.4.).

Оваа констатација важи и за глаголскиот прилог: *о'дејќи (одееќи),* за броевите од типот *два'најсе (дванаесе), пет'најсе,* како и за зборoформите како *за'појл'а (запоел'а < заповел'а)* и сл.

2.3.1.2. Акцентот во зборовите: *фи'л'ан, од'вај, та'ман, о'дамна, то'каф (тол'кав)* е од подруг карактер. Се работи за емфатички акцент.

2.3.2. Акцентските единици можат да бидат составени и од повеќе зборoформи (акцентски целости).

Една група целости образуваат именките со заменските клитики, со предлозите и со атрибутските зборови (придавките, прилозите, именките).

Во акцентските единици од именка и заменска клитика акцентот се однесува по правилото за третосложното акцентирање, сп. *'татко-ми, тат'кофцим, бра'тучет-ми, брату'чеди-ми, же'ната-му.*

Во акцентските единици од предлог + именка (заменка) акцентот исто така се однесува според правилото за третосложното акцентирање ако е употребена синтагмата со прилошко значење, сп. *'без-време (остаре), 'до-него (седеше), (седна) 'на-камен, (помина) пре'ку-река, (замина) пок'рај-кука.* Ако е пак именката членувана или на друг начин истакната, тогаш акцентот паѓа на именката: *на-'патон (стоеше), (фати) по-'ридо, од-'збор (си е), за-'нас (работиме, не за други).*

Ова важи и за атрибутските именски синтагми, сп. *жол'то-цвеќе, вел'игденс'ки-пости, (вл'ези) на-горна'на-порта, ко'ку-пари (имаш), как'ви-книги (купи),* но: *(набери) от-ц'веќено 'жолто* (кога е именката членувана) или: *(береше) 'жолто ц'веќе* (кога е атрибутот посебно истакнат).

Глаголите образуваат акцентски целости со заменска клитика, со партикулите (*ќе, би*), со формите на помошниот глагол 'сум' и со некои сврзници.

Во единиците кога заменската клитика стои во постпозиција акцентирањето се врши по општото правило, сп. *по'можи-му, 'л'егни-си, л'ег'нете-си, посе'дете-си, земе'те-му-го.* Кога клитиките стојат пред глаголот, без оглед на нивниот број, акцентот редовно паѓа на глаголската форма, сп. *ќе-'ручаш, си-*

*'ручал, си-г̄о-'зела, ст̄е-му-г̄о-'зел’е, беше-ст̄е-му-г̄о-'зел’е, да-би-ст̄е-му-г̄о-'зел’е.*

Ако е изразот негиран со партикулата ‘не’ или ако е прашален, тогаш акцентот се мести според општото правило за третосложното акцентирање, сп. *'не-сака, не-'г̄о-сака, не-г̄о-'сакафт̄е, не-му-'се-седи, не-ст̄е-му-'г̄о-дал’е, не-беше-ст̄е-'му-рекл’е, не-беше-ст̄е-му-'г̄о-дал’е; 'кој-дојде, ко'г̄а-дојде, ког̄а-'си-дојде, ког̄а-си-'му-рекла, ког̄а-ст̄е-му-'г̄о-дал’е.* Ограничување од ова има само кога е глаголската форма еднosложна, сп. *не-'си-зеў, не-си-'г̄о-зеў, не-си-му-'г̄о-даў, ког̄а-му-'г̄о-даў.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД*

### 3.1. *Вокализам*

Силабемите /*и, е, а, о, у, р̥*/ потекнуваат од соодветните гласови во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у* : *'бил’е, син*

*е* < **ь̥* : *ден, 'п̄ал’ец, 'т̄есен*

< **ě* : *'цело, 'цена, 'ореф*

< **ę* : *г̄'реда, в'реме*

< *а* во неколку случаи: *ст̄'режер* (со асимилација), *к'ре:шник (крешник), 'чеша*

< секундарниот $ъ_2$ пред крајното *р* : *'вет̄ер, 'ит̄ер, 'јадер*

< секундарно во групата *цере- / чере-* : *'цереп̄на, 'черешна*

*ă* < **ǫ* во: *'г̄ăска, 'г̄ăсак, 'кăса, 'кăсни, 'п̄от̄кăсни*

< $ъ_2$ секундарно во *'мăска, 'мăфче*

< *ı* турско во: *'кăсмет̄, 'кăсмет̄л’иф*

*а* < **ǫ* : *'г̄азер, 'г̄улап̄, г̄а'саі̯нца (г̄асеница), 'дабје, д'лабоко, 'заби, 'јаг̄л’ен, 'јадица, 'јаже, 'кат̄ник, 'нат̄ре, 'обрач, 'п̄оп̄раѕи, п̄ат̄, п̄а'јажина, 'сабот̄а, 'секаде*

< **ę* во секвенцата **ję* : *'јаг̄ул’а, 'јадер, 'јанѕа, 'јат̄р̥ва, 'јазик, 'јачи, 'јачмен*

---

* Во овој, како и во другите описи, десно од знакот "<" покрај реконструираните единици предадени со латиница и означени со ѕвездичка се појавуваат и единици предадени со кирилица и без ѕвездичка; второво решение се применува кога се работи за измени спроведени веќе на македонска почва, во случаи кога постарата состојба е засведочена во споменициte.

< $ъ_2$ секундарно: *'бадник, 'лага, 'лажиш, 'лаи̯ца (лажица), 'лаи̯чка, 'магла, 'танок,* како и во *'оган*

*о* < *ъ̥ : *'бочва, дош*

< $ъ_2$ секундарно пред крајното *л* : *'пекоў, 'секоў*

< *l̥ : *'жочка, 'жотница, 'јабока, кок, 'кофа, 'моња, 'мокум, 'мочишќа, 'пошок, 'сонце, 'точник,* и во група со *л (ол)* : *'воўна, воўк, 'гоўтаме, жоўт, 'коўни, 'поўно*

*у* < *ǫ во примерите: *'гужва, 'густо, сут, 'судија, 'куќа, 'ручек, т'руба*

< *w во случаите како: *се 'осуни, се 'сосуна, цут, 'цути, ќе 'расцути*

< $ъ_2$ секундарно пред *м* во: *'осум, 'седум, сум*

< *l̥ во *'бугарин, бу'гарија*

< *о* во ред одделни примери, сп. *'бумба, 'гулаби, дур, 'дури, з'богум, 'кузнај (кој знае), коми'нујца (коминовица), 'мокум, назумгазум, 'пуздер, 'пуздерка, 'пумпа, о'гул, 'силум, та'куѓере, 'рабуш, 'угрева, 'ул'ера (кол'ера), 'ушќе*

3.2. *Консонантизам*

Консонантите /*ј, р, м, н, њ, п, б, т, д, ц, ѕ, с, з, ч, ш, ж, к, г*/ потекнуваат од соодветните консонанти во појдовниот систем. Освен тоа:

*ј* < *l′ епентетско: *'земја, 'сабја*

< ø (како протеза) пред континуантот на почетното *ǫ, сп. *'јагл'ен, 'јадица, 'јаже, 'јагорец, 'јажица, 'јазол'ец, 'јаток, 'јатор*

< *и* зад друг вокал, сп. *во'деи̯нца (водеинца < воденица), п'чеи̯нца, 'пеи̯ш, 'пеи̯ме (пеиш, пеиме), с'наи̯ (снаи), 'сараи̯ (сараи), т'каи̯ш (ткаиш), з'наи̯ме (знаиме), п'раи̯ш (праиш < правиш), мои̯ (мои), 'вр̥ои̯ (вр̥ои), к'л'учои̯ (кл'учои < кл'учови), мои̯ш (моиш < можиш), брои̯ш (броиш), 'кожуи̯ (кожуи)*

< *е* зад друг вокал во глаг. прилог: *ви'кајќи, о'дејќи,* во броевите од 11–19 и во десетиците 20–30: *еди'најсе, два'најсе, д'вајсе, т'ријсе,* и во други одделни случаи, сп. *'гојдо (гоедо < говедо), 'гојдар, 'дојсоф (донесоф), 'л'ејње (л'еење), ќе на'л'ејф (нал'ееф), 'искајн (истkaен), 'појќе (поеќе < повеќе), 'појл'а (поел'а < повел'а), за'појл'а (запoвел'а), 'појндеўник (поенделник < понеделник)*

< *њ* во наставката *-ија,* сп. *'јагнија, 'јарија, 'пил'ија, п'расија, 'семија (пил'иња, семиња...)*

< хијатско во неколку случаи: *'рајат, 'чојак (човек)*

*л* < *l со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

< *l′ во одделни случаи, сп. *ва'лаи̯ца (валавица), 'кошула*

< *l̥ во група со *о* : *'воўна, воўк* (в. 3.1.)

*л'* < *l′ : *кл'уч, л'ут, 'л'ушпа*

< *lь : *жал', сол', 'жел'ка*

< *l во позиција пред предните вокали и пред *ј*

*р* < **ŕ* : '*море*

*м* < *б* во секвенцата *бн* во: '*демни*, '*ѕемни*

< *в* во секвенцата *вн* во: '*одамна*, *йл'емна*, '*рамно*

*н* < *њ* во почетокот пред преден вокал: '*него*, *ниф*, '*нива*, и во други одделни случаи, сп. '*пенушка*

< **ę* (со декомпозиција) во група со *е* во *г'рендел*

< **ǫ* (со декомпозиција) во група со *а* во: '*гангало*, '*јанѕа*

< **nьj* : '*камење*, *йланиње*, '*трње*, '*сирење*

*ф* < *хв* : '*фати*, '*фрла*, '*фоја*

< **х* пред консонант и на крајот, сп. *г'рофти*, '*офтика*, '*пафка*, *си'ромафче*, *таф'табица*, *пиф*, *меф*, *греф*, *змеф*, '*ореф*, *праф*, *страф*, *граф*, *глуф*, '*задуф*, '*кожуф*, '*очуф*, '*пердуф*, *суф*, *врф*

< место *с* пред *ц*, *ч* во случаите како: '*мефце*, '*мофче* (: *месо*, *мост*) (в. 2.2.3.4.)

< *ш* пред *ч* во случаи како : *к'руфче*, '*пуфче*, '*опафче* (: *круша*, *пушка*, *опашка*) (в. 2.2.3.4.)

< место *ј* пред *ч* во случаи од типот: '*шамифче*, '*кутифче* (< *кутијче* : *кутија*)

< *в* во примерите: *фнук*, '*фрба*, '*фрбјак*

< ономатопејско: '*фучи*, '*фрчи*

< туѓо: '*фенер*, *фес*, '*фурна*

*в* < **w*

< *ø* (како протеза) во одделни случаи: '*вујко*, '*вуња*

< *х* во одделни случаи, сп. '*бова* (*бол'ва*), '*мавна*

< хијатско зад *у* : *г'луво*, '*оглуви*, '*мува*, '*уво*

*т* < секундарно (со епентеза) во групата *-ср-* : *страм*, *ст'ребро*, *ст'реда*, *ст'река*

*д* < секундарно (со епентеза) во групите *зр*, *жр*, сп. *здрак*, *здреў*, '*уздреј*, *п'раздреј*, '*наѕдри*, *жд'ребе*, *жд'рига*

*ц* < **č* во групите **čr̥*- и **črě*- : *црн*, '*црвец*, '*церепна*, '*церева*

< *с* во секвенцата *пс* : '*вапца*, *п'цојса*, *с'типца*, '*тепција*, *цалт* (< *псалт*), '*цаўва* (< *псалва*)

< *тс* во примери како: *б'рацки*, '*гоецко*, *ст'ре-цело* (*стред село*)

< *с* во суф. *-ски* (> *цки*): '*битолцки*, '*горцки*, '*полцки*, *с'тарцки*, *с'финцко*

*ѕ* < **ʒ* : *ѕ'везда*, *ѕ'вижди*, '*јанѕа*, *м'ноѕина*, *в'раѕи*, *д'руѕи*, '*полоѕи*, '*попраѕи*, *б'лаѕе*, '*ноѕе*

< *з* пред вокал во одделни случаи: *ѕиӣ, 'ѕевḡар,* и во секвенците *зв, зр, лз, нз* : *ѕвер, ѕ'виска, ѕ'вони, 'ѕр̥цало, б'ронѕа,* и во групата *-дз-* на морфемската граница, сп. *'ӣодѕини, 'ӣодѕеми* покрај *'ӣоѕини, 'ӣоѕеми*

*ч* < *ш* во секвенцата *ӣш* во одделни случаи, сп. *(ӣ)'чеі̯нца*

< **t′* во *'чужḡ́о*

*џ* < *ж* пред демин. суфикс *-е* : *к'ниџе, 'ноџе, 'ӣајаџе, 'роџе, с'неџе, с'ӣоџе* и во секвенцата *жв* : *џ'вака*

< туѓо: *'џабе, џам*

*ш* < **t′* во група со *ќ (шќ)* во: *'ḡашќи, 'л'ешќа, 'машќе: (машӣеа), 'ӣашќерка, с'фешќа,* или само: *'ḡашник, 'овош, 'ӣешник, ӣ'л'ешки, 'ӣомош, 'ӣомошник*

*ж* < **d′* во група со *ḡ́* во одделни случаи, сп. *'межḡ́а, 'чужḡ́о* покрај *'чужџо, 'вежḡ́а, 'сажḡ́и,* или само: *'межник*

*ќ* < **t′* во примерите: *'божиќ, 'веќе, в'реќа, в'раќа, 'домаќин, 'куќа, ноќ, 'ноќен, ӣ'лаќа, ӣо'куќнина, 'ӣоӣфаќа, ӣ'раќа, 'ӣојќе (ӣовеќе), 'саноќ, с'ваќа, сӣ'реќа, ќе, 'ќерка, 'фаќа,* во наставката за глаг. прилог *-јќи* : *ви'кајќи*

< **t′* во група со *ш (шќ)* во: *'ḡашќи, 'л'ешќа, 'машќе:, маш'ќеі̯нца, 'ӣашќерка, 'ӣешќера, с'фешќа*

< **tь̯j* : *б'раќа, б'руќе, ц'веќе*

< **t′* во секвенцата *шӣ′ (> шќ)*: *'ḡушќер, 'ӣушќа, 'бунишќе, к'раишќа*

< туѓо: *'еќим, 'ӣенеќе*

*ḡ́* < **d′* во примерите: *'ḡраḡ́анец, ӣ'реḡ́а, 'роḡ́а (раḡ́а), 'р̥ḡ́а, 'р̥ḡ́оса, 'саḡ́и, се с'фиḡ́а, 'ӣуḡ́инец*

< **d′* во група со *ж (жḡ́)*: *'вежḡ́а, 'межḡ́а, 'сажḡ́и, 'чужḡ́о*

< **dь̯j* : *'воḡ́е, 'ḡр̥маḡ́е, 'л'иваḡ́е, 'оḡраḡ́е, 'лаḡ́а, 'л'уḡ́е*

< **d′* во секвенцата *жд′ (> жḡ́)*: *'дожḡ́аўник, 'дожḡ́оі̯*

< туѓо: *'ḡ́аол, ḡ́ум, 'маḡ́ешник*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиени од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни како резултат на регресивна асимилација.

3.2.2. Безвучните опструенти од звучните се добиле и на крајот на збороформите.

3.3. *Прозодија*

3.3.1. Дистинктивната функција на акцентот е отклонета со фиксирањето на акцентот опишано во 2.3.

3.3.2. Нови должини настанале со контракција на вокалите (в. 2.1.4.1.1.).

3.4. *Губење на одделни ḡласови*

3.4.1. Вокалите често се испуштаат во проклитиките ако следната зброформа почнува со вокал, сп. *м-'о̄тру (ме-), ќе т̄-'изеі̯т̄ (т̄е-), с-'објасни,* и др.

3.4.2. Од консонантите во појдовниот систем наполно се загубила фонемата /*х*/ на почетокот и во интервокална позиција, сп. *'ладно, 'рана, 'боа, в'раон, ḡ'раор, 'Дио: (Дихово), 'машќе:, л'е: (л'еа), 'ореі̯, сна:, к'реок, 'меана,* а во ред случаи и на крајот на зборoформите, како и пред консонант, сп. *ḡра, ст̄ра, вра, вла, 'сирома, 'мулосан, 'мел'ем, чеў – 'чел'и, нин, и'зораме, изб'рикоме, ис'п̄екоте* (1 и 2 л. мн. аор.).

3.4.3. Сонантот /*ј*/ редовно се губи пред почетното /*е*/: *'еден, 'есен, 'езеро,* во вокалните секвенци *-ао-* во 1 л. ед. на презентот: *бро:м, ст̄о:м, кро:м (бројам, ст̄ојам, кројам),* потоа во вокалните групи пред /*и*/: *броі̯ (брои), моі̯ (мои), 'саі̯ (саи),* и на крајот зад /*и*/ во заповедната форма: *сп̄и, п̄и.*

3.4.4. Консонантот /*в*/ често се губи во интервокална позиција, особено во соседство со вокалот /*о*/, ако нема други фонетски пречки, сп. *б'лаḡоец, в'доец, ва'л'аі̯ца, ḡ'ла: (ḡлава), 'ḡојдо (ḡоведо), 'Јо:н (Јован), 'јаор, 'л'еі̯чар (л'евичар), 'осно: (основа), 'ко:ч (ковач), 'т̄о:р (т̄овар).*

Освен тоа /*в*/ редовно се губи во суфиксот *-вски* : *'т̄ет̄оски, 'кически,* доста често и во суфиксот *-ст̄во* : *'царст̄о, 'роп̄ст̄о* покрај *'царсво,* и во други одделни случаи во секвенците *вн, вт̄, вз, вч,* сп. *'нат̄ре, 'т̄орник, 'земи, 'чера.*

3.4.5. Плозивот /*т̄*/ се губи на крајот кај броевите од 11–19 и во десетиците: *иди'најсе, два'најсе, д'вајсе,* во членската морфема за м.р.: *'л'ист̄о, 'п̄р̥ст̄о,* на крајот и во лексемата *'п̄ап̄ра,* потоа во консонантските групи *-ст̄, -шт̄* (на крајот): *мос, л'ис, 'жалос, с'т̄арос, веш, дош, ḡлуш,* и *-ст̄н-* : *'п̄осни, 'радосно.*

3.4.6. Согласката /*д*/ се губи во повеќе случаи во интервокална позиција, сп. *боḡо'роі̯ца, 'даоф (: даде), јаі̯ (јади), клаі̯ (клади), к'лаоф (кладов), о:м (одам), оі̯ш (одиш), 'оеше (одеше), 'нај̯аі̯-се (најади се), д'вајсе (дваесе).*

3.4.7. Во интервокална позиција во поодделни случаи се губат уште и /*ḡ, ж, ḡ́, м, н*/, сп. *ко: (коḡа), лас'т̄а:рка (ласт̄аḡарка), 'лаі̯ца (лажица), о'рианец, о'риани (ориḡ́ани), 'зеі̯-си-ḡо (земи си ḡо), 'заі̯си (занеси).*

3.4.8. Од другите консонанти во поодделни случаи во консонантски групи се загубиле уште /*л*/ во: *'коку, 'кокаф (кол'ку, кол'кав),* /*п̄*/ во почетната група *п̄ч-* : *'чеі̯нца (п̄ченица), 'ченка (п̄ченка), чен'карница, 'челар (п̄челар).*

3.5. *Мет̄ат̄еза*

Метатеза е извршена:

– во заменскиот корен **wьs-* : *'секој // с'векој, 'сит̄е // (свит̄е),*

– во слогот *ни* (> *ин*) во повеќесложни зборoформи, сп. *во'деі̯нца (водеинца < воденица), т̄о'п̄еі̯нца (т̄оп̄еница),*

– и во други одделни примери, сп. *'гарван, з'динва (здивна), о'ломлани (ономлани), 'појндеўник (< поенделник < понеделник), 'алтица (латица).*

## 2. ЗВЕЧАН

ЗВЕЧАН, порано општина Македонски Брод, денеска Самоков.

Западно наречје, централни говори, кичевско-поречка група.

ОЛА 97, МДА 148.

Селото Звечан се наоѓа во областа Поречје, на надморска височина над 800 м. Во 1961 год. имало 294 жители, сите Македонци православци. Населението се занимава со сточарство и земјоделство. Економски тежи кон Прилеп (70 км.), Тетово (40 км.), Гостивар (30 км.). Од 1945 год. има основно училиште – 4 класа.

Населбата прв пат се спомнува во XIV век.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *и* | | | | | | | *у* |
| | | *е* | | | *о* | | |
| | | | | *а* | | | |

Функција на силабема врши и /*р̥*/ (2.1.3.).

1.2. *Консонантизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л'* | *р* | *н* |
| *ј* | | | *њ* |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *п* | *б* | *ф* | *в* |
| *т* | *д* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *ќ* | *ѓ* | | |
| *к* | *г* | | |

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите силабеми можат да бидат акцентирани.

1.3.2. Во повеќесложните збороформи акцентот е фиксиран на третиот слог (мора) од крајот (в. 2.3.1.).

1.3.2.1. Дифтоншките секвенци со [і̯] како втора компонента имаат две мори и во повеќесложните збороформи во такви случаи акцентот не го менува местото, сп. *су'роі̯ца – су'ро:і̯цата, по'ло:і̯на – по'ло:і̯ната.* Истото важи и за случаите со должините добиени со контракција, сп. *про'го:ри.*

1.3.3. Нема дистинктивни прозодиски признаци, освен ако му се признае на квантитетот фонолошки статус (в. 2.1.4., 2.1.5.).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Сите вокали можат да стојат на почетокот, во средината и на крајот на збороформите, пред и зад поодделни консонанти.

2.1.2. Сите вокали можат да стојат во група со секој, освен на почетокот.

2.1.3. Силабичното /*р̥*/ стои меѓу два консонанта и на почетокот на збороформите ако следи консонант, сп. *тр̥н, 'пр̥сти, 'р̥ѓа, 'р̥тит.* Во соседство со вокал може да се јави само на морфемската граница во случаи од типот *'зар̥ѓа, п'рер̥ти,* или *'вр̥от, 'вр̥он, 'вр̥о:і̯, вр̥'о:і̯не,* поретко во друга позиција, сп. *'пр̥от* // *'пр̥ут.* Од ова произлегува дека постои фонолошка опозиција меѓу /*р̥*/ и /*р*/.

2.1.4. Два исти вокала во непосреден контакт се контрахираат, освен на составот меѓу префикс и коренска морфема, сп. *снаа > с'на:, 'маана > 'ма:на, 'кичеец > 'киче:ц, з'мии > з'ми:, 'убоо (< убаво) > 'убо:, 'букоо > 'буко:,* но: *'заака, 'поора, пре'есапи, п'риима.*

2.1.4.1. Овие должини би можело евентуално да се третираат како фонолошки квантитет, меѓутоа, бидејќи под истите услови не се јавуваат секвенци од два еднакви вокала, долгите вокали можат да се интерпретираат како такви секвенци.

2.1.5. Во вокалски групи со /*и*/ како втора компонента вокалот /*и*/ > [*i̯*] при што доаѓа до удолжување на претходниот вокал, сп. *ӷ'лаи* > *ӷ'ла:i̯, ӣ'раи (ӣрави)* > *ӣ'ра:i̯, 'л'ебои (л'ебови)* > *'л'ебо:i̯, лас'ӣоi̯ца (ласӣовица)* > *лас'ӣо:i̯ца, 'вујчеи* > *вујче:i̯, 'суи (суви)* > *'су:i̯.*

2.1.5.1. Во фонолошката анализа овие должини не можат да се сведат на секвенци од два еднакви вокала, освен ако го примениме генеративниот метод кој овозможува да се тргне од основните форми со воспоставено /*и*/.

2.1.6. Зевот понекогаш се отклонува со вметнување на сонантите /*j*/ и /*в*/, сп. *'ӷојеdo (< ӷоедо < ӷоведо), 'бијол (< биол < бивол), 'л'ијоӣ (< л'иоӣ < л'ивоӣ), 'мува* покрај *'муа.*

2.2. *Консонанӣизам*

2.2.1. Сонантите и безвучните консонанти можат да стојат во сите позиции на зборoформите – на почетокот, во средината и на крајот.

2.2.2. Звучните опструенти не можат да стојат на крајот и пред безвучни согласки, а безвучните не можат да стојат пред звучните.

2.2.2.1. Едначењето по звучност се врши и на составот на префикс и коренска морфема, како и меѓу одделни зборoформи во една акцентска група, сп. *ӣ'ред-ѕори (зори), ӣ'реӣ-куќа, м'лаӣ-Сӣојан.*

2.2.3. Консонантски групи.

2.2.3.1. Денталните плозиви /*ӣ, д*/ не можат да стојат пред африкатите, сп. *'бр̥це, 'жице, 'риче* (: *брдо, жиӣо, рид)* (в. 3.4.4.).

2.2.3.2. Необични се почетните групи *ӣш (> ӣч),* сп. *ӣ'ченка, ӣчен'каришӣе, ӣ'ченица* (в. 3.2.), *ӣс (> ӣц),* сп. *ӣци, ӣ'цојсан, ӣ'цујеӣ,* и во средината: *с'ӣиӣца, 'ӣеӣција.*

2.2.3.3. Плозивите /*ӣ, д*/ се избегнуваат во групите *ср, зр, жр,* сп. *'сесра, с'рина, с'рана, с'ројник, з'равје, ж'ребе.*

2.2.3.4. Фрикативните /*с, ш*/ се одбегнуваат пред африкатите /*ц, ч*/ на морфемската граница, сп. *'мефце, 'мафца, 'мофче, 'ӣојафче, 'фефче* (: *месо, ӣојас), 'рафцеӣи, 'ифчисӣи (расцеӣи, исчисӣи), к'руфче, 'ӣуфче, 'оӣафче* (: *круша, ӣушка, оӣашка)* (в. 3.2.).

2.2.3.4.1. Од завршните консонантски групи не се можни во овој говор *-сӣ, -шӣ,* сп. *мас, ӷр̥с, ӣр̥с, 'радос, ӣриш, ӣ'лош* (в. 3.4.4.).

2.2.3.5. Нема секвенци од два еднакви консонанти. Во: *'најјак, 'најјунак* /*јј*/ се реализираат како долго [*ј:*], сп. *'нај:ак, 'нај:унак.*

2.2.4. Одделни консонанти.

2.2.4.1. /*ј*/ не може да се јави пред вокал на почетокот. Во интервокална позиција во соседство со преден вокал се јавува факултативно, сп. *з'на(ј)ей, 'се(ј)ей, се 'ми(ј)ей, нека 'чу(ј)ей, се 'ми(ј)ай, з'ми(ј)а, з'ми(ј)о,* а често и наполно се губи (3.4.2.).

2.2.4.2. /*л*/ не може да се јави пред преден вокал и пред /*ј*/, сп. *'йелци : 'йел'е, мал – 'мало : 'мал'и, кол : 'кол'је.*

2.2.4.3. /*р*/ секогаш стои во контакт со вокал.

2.2.4.4. Консонантот /*в*/ зад фрикативен безвучен опструент се реализира како /*ф*/: *с'фари, с'фейец, с'фиња, ш'фал'ер.*

2.2.4.5. Консонантот /*ѕ*/ се јавува најчесто во група со /*в*/ и зад /*р, н*/, сп. *ѕ'вонец, ѕ'везда, 'јанѕа,* поретко во други позиции: *'ѕиври, 'ѕевгар* (3.2.).

2.2.4.6. /*џ*/ се јавува, главно, во туѓи суфикси и лексеми, сп. *бо'заџи(ј)а, 'оџа,* како и во секвенците *џг (< жг), џб (< жб)*: *џ'гурай, џ'барай* (3.2.)

2.3. *Продозија*

2.3.1. Акцентот на двосложните зборoформи е фиксиран на почетниот слог, а во трисложните и во повеќесложните на третиот слог (третата мора) од крајот, сп. *'мајка, 'чоек, й'ланина, йла'нињейо.*

2.3.2. Во синтагматски групи се образуваат акцентски целости.

2.3.2.1. Именките (заменките) образуваат акцентски целости со кратките заменски форми употребени со посвојно значење, како и со предлозите и атрибутските зборови. Во групите од именка + кратка заменска форма акцентот паѓа на третиот слог по општото правило, сп. *бра'йучед-ми : брайу'чеди-ми.*

Во составите од предлог + именка, употребени со прилошко значење, исто така акцентот најчесто паѓа на третиот слог во целоста, сп. *'на-дрво, 'йо-река, ви'ше-село, йреку-й'ланина,* но: *со-'нога.*

2.3.2.2. Глаголите образуваат целости со кратките заменски форми употребени и во постпозиција и во препозиција, глаголските партикули, помошниот глагол 'сум', некои сврзници. Во такви состави акцентот стои на глаголот без оглед на бројот на слоговите, сп. *го-'виде, му-'рече, си-'дошол, беше-'зел, ќе-'носий, да-'носий,* или: *ќе-го-'земей, да-му-'речей, беше-му-'рекол, ќе-све-му-го-'зел'е.*

Ако е составот негиран со партикулата 'не', тогаш акцентот паѓа на третиот слог во целоста по општото правило, сп. *'не-виде, не-'го-виде, не-му-'го-даде, не-беше-му-'го-дал'е, не-ќе-сйе-му-'го-дал'е.*

Ова правило важи и за акцентски целости со глагол и прашален збор: *'кој-дојде, кога-'сте-дошл'е, кога-сте-'му-рекл'е, кој-ќе-'му-речет.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

### 3.1. *Вокализам*

Силабемите /*и, е, а, у, о, р̥*/ потекнуваат од соодветните вокали во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у* : *бик*

*е* < **ь̥* : *пес, 'овес*

< **ę* : *'педа*

< **ě* : *'сенка, 'цена, 'ореф*

< **а* во *т'рева*

*а* < **ǫ* : *'рака, пат, 'бера, 'берат*

< **ę* во групата **ję* : *'јазик, 'јачмен*

< секундарниот $ъ_2$ во почетни слогови: *'лаи̯ца, 'магла*

*у* < **ǫ* во повеќе одделни лексеми: *'гуска, 'куќа, 'судит*

< **w* во случаите како: *'цутит, 'ѕунит, 'осунет*

< **о* во ред случаи, сп. *'уште, 'угул, 'гуве(ј)а, 'дури, ру'гузина, 'бумба, 'пумпа*

< $ъ_2$ секундарно пред *м* : *'осум, 'седум*

*о* < **ъ̥* : *дош, 'петок*

< секундарниот $ъ_2$ пред крајните *р, л, н* : *'ветор, 'рекол, 'огон*

< **l̥* во група со *л* : *волк, 'жолто, 'полно*

Во именската група зборови се изделуваат три вида состави: со кратките заменски форми во постпозитивна употреба, со предлог и со атрибутски збор. Кратките заменски форми во акцентски поглед се однесуваат како и суфиксите и наставките сп. *'бабо-ми.* Во целостите со предлози акцентирањето е зависно од семантичката оптовареност на предлогот. Во синтагмите со предлози што означуваат пространствен однос во неутралната реч акцентот се однесува според општото правило за третосложното акцентирање, сп. *'на-земна (йадна), 'од-ноīа (јаде).* Кога е пак еден член од синтагмата семантички маркиран, тогаш акцентот останува на именката, не се префрла на предлогот, сп. *од-'риба 'месо, 'йадна ош-'камен не од-'др̥во.*

Глаголите образуваат акцентски целости со кратките заменски форми, со глаголските партикули (*ќе, би*), со формите на помошниот глагол *сом* и некои сврзници, со негацијата *не* и со цела редица прашални зборови. Кога е исказот негиран или прашален, тогаш акцентот паѓа на третиот слог од синтагмата, сп. *'Маќаа 'децаш̄а не-г̄е-'сакала* : *не-'г̄е-сака. Ког̄а-'ќе-дојде? Го-'ӣрашал'е ош̄-'кеде-се?* Во искази без негација, одн. без прашален збор, акцентот паѓа на глаголот без оглед на бројот на слоговите во него, сп. *Ја ви-сом-'извајф. Да-му-се-'најдем. И се-'мисл'иф ќе-да-г̄е-'однесе 'децаш̄а да-г̄е-'заг̄ине. 'Овја ќе-не-'г̄ине.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

### 3.1. *Вокализам*

Силабемите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните вокали во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < *у : *дим, син*

< секундарниот $ъ_2$ во *ог̄ин*

< место *е* во *шијесеш̄*

*е* < *ь̥ : *ден, л'есен, оӣенек, чеј*

< *ě : *брек, век, снег̄ош̄*

< *ę : *језик, јечмен, јеш̄р̥ва, зајец*

< *а* (со асимилација) во *јеребица, чел'еќ*

< секундарниот $ъ_2$ пред крајното /*р*/ во примери од типот *бисш̄ер, веш̄ер, иш̄ер, мокер, мудер, осш̄ер*

< место *ǫ во *ке, кеде, ош̄ке(де), јеш̄ок, кедел'а*

*ă* < *ǫ во коренски морфеми во одделни лексеми, сп. *г̄рăѓи, дăӣ, зăби, г̄ăсеница, внăш̄ре, г̄нăсен, длăбок, кăсај, кăса, кăӣина, кăкл'ица, мăш̄ен, ӣăӣок, сăбош̄а, ӣрăш̄, сш̄рăг̄а / сш̄ăрг̄а, сăдоі̯, ӣрăќе*

< секундарниот $ъ_2$ во *јаг̄ăнца, мăг̄ла, сăвне, цăфш̄и*

< *l̥ во секвенцата *ăл* > *ăв вăвна* (< *вăлна*)*, жăфш̄, зăфчка, се кăвне, кăфк, сăвза, сăбица* (< *сăлбица*)*, сăнце* (< *сăлнце*)

< *а* во одделни лексеми: *знăје, снăг̄а* (во соседство со назалот *н*)

*а* < *ǫ во некоренска морфема: *ӣајак, ӣаднал'е, диг̄наш̄, имаа*

< *ę во *ора – ораје, свакој*

< место *е* во *коран – корани*

< турското ı во заемки: *јасш̄ак*

*у* < *ǫ во коренска морфема во одделни лексеми: *г̄олуӣ, г̄уска, јуже, клуӣко, мучи, мука, ӣуш̄ник, ӣуш̄, рука, скуӣ, ш̄уӣан*

< *l̥ (најчесто зад лабијален консонант) во лексемите: *бује, вук, јабука, п̄ун, п̄реп̄уни, чуŋк*

< *о* во лексемите: *г̄уедо, г̄ујечки, куач, п̄ује, п̄уас, суел'ка, ћуше, чујек, муа, мује* (: *мој*), *куа* (: *кој*), *т̄ог̄уа, оног̄уа, восук, мозук, уи̯т̄* (*ои̯т̄* < *одит̄*), во членските форми на придавките: *г̄ол'емујет̄* (< *г̄ол'емојет̄*), *с̄т̄арујет̄, високујет̄, нискујет̄, г̄ладнујет̄*, дат. мн. *синуам* (: *синои̯*).

*о* < *ъ̥ : *зова* (< *золва*), *вошка, бочка, дош, п̄ет̄ок*

< секундарниот $ъ_2$ пред /*м*/: *осом, седом, седомдесет̄, сом, не сом*, и во лексемата *ложица*

< *ǫ во *клоп̄ко, клоп̄че*

3.2. *Консонант̄изам*

3.2.1. Сонанти

Сонантите /*м, н, њ, р, ј*/ потекнуваат од соодветните гласови во појдовниот систем. Освен тоа:

*н* < *њ* пред предните вокали: *нива, нег̄о*

< место *l′ во *земна*

*њ* < *nъ̑j : *камење, сирење*

*л* < *l со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј* : *г̄лас*

< *l̥ во секвенцата /*ăл*/ која после се изменила во /*ăв*/: *сăлза* (> *сăвза*)

*л'* < *l′ : *л'уђе, фр̥л'а*

< *l во позиција пред предните вокали и пред *ј* : *кол'ено, л'ице*

*р* < *ŕ : *'море*

*ј* < *и* зад вокал во одделни позиции: *л'ебои̯, ост̄аи̯л'е*

< *е* во броевите од типот *дванајс, т̄ринајс*

< како протеза пред рефлексот на иницијалното *ǫ : *јуже*

< хијатско: *орaје, чујек, шијесет̄*

< морфолошки во *мравја*

< место /*ћ*/ во *синојка*

< место /*р*/ во *вејверица* (со дисимилација)

3.2.2. Опструенти

Консонантите /*п̄, б, т̄, д, ц, с, з, ч, ш, ж*/ потекнуваат од соодветните гласови во појдовниот систем. Освен тоа:

*в* < *w

< ø (како протеза) во *вујко* (!), *вут̄ре*

< *l пред консонант и на крајот на зборoформите: *цев* (< *цел*), *п̄онедевник, равник* (*ралник*), *п̄овноћ, сăвза*

*ф* < *хв* : *фал'и, фаћа*

< туѓо: *фес, фенер*

< ономатопејско: *фучи, фр̥чи*

*ц* < **č* во групата **čr̥* : *цр̥н, цр̥вен*

< *с* во групата *пс* : *пци, пцујет, пцојсало*

< *тс* во примери како *грацки, се оцкри / отцкри*

*ѕ* < *з* во одделни лексеми, сп. *ѕебе, бубреѕи*

*з* < **ʒ* : *нозе!, звезда*

*ћ* < **t'; *kt'* : *врећа, воћка, врућ, маћаа, ноћ, ноћви, ћерка, збореећи, плаћа*

< **tьj* : *браћа, прăће, трећи, цвеће*

< **tь* : *зећ, лакоћ – лакоћој̭, нокоћ, окић;* во *глаћ, назаћ* се работи за асимилација *(глађ, назађ = глад, назад)*

< туѓо: *мустаће, ћуше, коломбоћ, ћесе, ћор*

*ђ* < **d'* : *веђот, госпођа, међа, међаш, међу, пређа, р̥ђа, туђин, чађе, наођа*

< **dьj* : *лађа, л'уђе*

< туѓо: *ђердан, сиђа*

< место *д* во одделни случаи, сп. *грăђи (грăди), виђим*

*ч* < *ш* во секвенцата *пш* : *пченица*

*џ* < туѓо: *џам, џамија*

< *ж* во секвенцата *жв* : *џвака*

*ш* < *с* пред *ч* на морфемска граница во случаи како *мошче (< мосче), гушче (: гуска)*

3.2.2.1. Освен тоа безвучните консонанти се добиени од звучните како резултат на регресивна асимилација по звучност и на крајот на збороформите, а звучните опструенти се добиле од безвучните исто така како резултат на асимилација.

### 3.3. *Прозодија*

3.3.1. Говорот на с. Млике го загубил стариот квантитет. Новите должини што се добиле со контракција на вокалите во некои позиции сè уште не се фонолошки.

3.3.2. Големи промени во однос на стариот акцентски систем се извршиле во местото на акцентот. Динамичниот акцент е фиксиран на третиот слог (мора) од крајот во трисложните и повеќесложните збороформи и со тоа е отклонета неговата дистинктивна функција, со неколку исклучоци (сп. 1.3.3.).

### 3.4. *Разни видови промени на консонантите*

3.4.1. Асимилацијата по звучност е автоматска појава. Таа се врши како во одделни лексеми, така и во сандхи, сп. *'без-душа, 'шез-дена.*

3.4.2. Асимилација по локални признаци се среќава во следниве групи:

*сч > шч : гушче, мошче*

*йш > йч : йченица*

*йс > йц : йцујеш*

Од другите промени автоматски е преминот на краесложното /л/ во /в/: *равник, сăвза, йовноќ, бев (> беф : бела, бело).*

3.5. *Исйушшање на одделни гласови*

3.5.1. Вокалите се испуштаат во брзиот говор во проклитичките зброформи кога следната лексема почнува со вокал, сп.: *с-изми (се-), ш-изеде (ше-), г-осшаіф (го-), ќ-иде (ќе-), д-има (да-).*

3.5.2. Согласката /в/ се губи во бројни случаи во интервокална позиција, сп. *волоі, йушоі, гуедо, чујек, дејка, забраіф, красшаіца, йолоіна.*

3.5.3. Во консонантски групи се испуштаат:

– /в/ во почетните гурпи *вш-* и *вд-* во лексемите: *шорник, довец, довица, нук, нука,* како и во групата *-вск-* во истиот суфикс: *шешоски, Мемедоски;*

– /д/ се испушта во групата *-дн-* : *ено, ќе йане, срено (средно);*

– /ш/ во групата *-шсшв-* : *брасшво, богасшво,* во групата *-сшн-* : *радосни,* во финалните групи *-сш* и *-шш* : *йрс, мос, жалос, шес, једанајс, осомнајс, дош, йриш.*

3.6. *Губење и замена на некои фонеми*

3.6.1. Од вокалите во појдовниот систем на односниов говор се загубиле: **ь, *ъ, *у, *ě, *ę, *ǫ, *l̥.* На нивно место како континуанти се јавиле следните гласови:

**ь̥* > /е/: *ден, овес, овен, йал'ец*

**ъ̥* > /о/: *бочка, вошка, дош, сон, йесок, ойенок, деноš*

**у* > /и/: *бик, риба, син*

**ě* > /е/: *брек, л'ешо, сено*

> /а/ во *ора, свакој*

**ę* > /е/ во сите позиции: *језик, јечмен, јешр̥ва, јечи, йеда*

**ǫ* > /ă/ во коренска морфема во лексемите: *внăшре, гнăсен, грăђи, гăсеница, длăбок, кăйина, кăса, кăсај, кăкл'ица, йăйок, йрăш, сăбоша, сăдој, сшрăга*

> /у/ во коренска морфема во лексемите: *голуп, гуска, јуже, куќа, клупко, мужи, мука, пут, путник, рука, скупо, тупан*

> /а/ во *пајак,* и во сите суфиксни и флексивни морфеми: *на рука, имаа, паднаф – паднал'е,* и др.

*l̥ > /ăл/ кое потоа фонетски дало /ăв - ăф/ во лексемите: *бăвна, жăфт, жăфчка, кăвне, кăфк, сăвза, сăбица (< сăлбица), сăнце (< сăлнце)*

> /лă/ во *длăк, длăжина*

> /у/ во: *Бугарин, бује, вук, јабука, пун, чуηк.*

3.6.2. Од консонантскиот појдовен систем се загубиле фонемите: *ŕ, *w, *t′, *d′, *x.

*ŕ > /р/: *море*

*w > /в/

*t′ > /ќ/: *воќка, вруќина, вреќа, л'еќа, домаќин, вруќ, куќа, маќаа, меќава, ноќ, ноќви, ноќеска, меќеница, муќкаво,* во суфиксните образувања со *-ќ(а)* : *плаќа, праќа,* кај именките од типот *пироќанец, блаќанец,* во наставката *-еќи: викаеќи*

*d′ > /ѓ/: *веѓот, госпоѓа, меѓа, меѓу, преѓа, р̥ѓа, туѓина, чаѓе,* во глаголските образувања од типот *ваѓа, раѓа, паѓа,* кај именките на *-ѓанец* : *бевграѓанец, броѓанец.*

*x > се загубило наполно во сите позиции, сп. *ладно, рана, оро, ира* (во иницијална позиција), *маќаа, саанче, меој, стреа, уо, сиромау* (дат.), *рекоа, имаа* (во интервокална позиција), *гра, сирома, ме, мо – моот, ни, вр̥* (на крајот), *нино, мана* (пред консонант).

## 7. ПЕШТАНИ

ПЕШТАНИ, општина Охрид.

Западно наречје, западни периферни говори.

ОЛА 99, МДА 96.

Селото се наоѓа покрај брегот на Охридското Езеро, на патот Охрид – Свети Наум. Во 1961 година селото имало 1.147 жители, Македонци православци. Населението се занимава со риболов, сточарство, земјоделство. Во селото од 1944 година има осумгодишно училиште, младите го продолжуваат своето школување во Охрид.

Населбата прв пат се спомнува кон средината на XIV век.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ӑ* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.2. *Консонантизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л'* | *р* | *н* |
| *ј* | | | |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *п* | *б* | *ф* | *в* |
| *т* | *д* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *ќ* | *ѓ* | | |
| *к* | *г* | | |

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите силабеми можат да бидат акцентирани.

1.3.2. Нема дистинктивни прозодиски признаци, освен ако му се признае на квантитетот фонолошки статус (в. 2.1.3., 2.1.5.).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Сите вокали можат да стојат во почетокот, во средината и на крајот на збороформите, пред и зад поодделни консонанти, со исключок на /*ă*/, кој не може да се јави на крајот.

2.1.2. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ можат да стојат во група секој со сите, со некои ограничувања на /*и*/ и /*о*/ (в. 2.1.3., 2.1.4.).

2.1.3. Вокалот /*и*/ во група со друг вокал како втор член се реализира како [*и̯*], при што претходниот вокал нешто се удолжува. На тој начин се образуваат дифтонгоиди, обично со должина од две мори, сп. '*л’е:и̯ (л’еи), 'шуре:и̯ (шуреви), 'гуве:и̯т (гувеит), с'на:и̯ (снаи), се'ка:и̯ца (секавица), 'мо:и̯ (мои), не'го:и̯те (негови-те), сне'го:и̯ца (< снегоица < снеговица), 'перду:и̯ (пердуви).* Од ова правило се исклучуваат споменативе групи кога се наоѓаат на морфемската граница со префикс, сп. *п'реигра, 'заиде, 'заигра, 'наиде, 'доита, по'инаку.*

2.1.4. Вокалот /*о*/ не може да стои во група пред /*а*/. Во таа позиција /*о*/ се реализира како [*ў*] образувајќи дифтонгоид со следниот вокал, сп. *т'ўар (< тоар < товар), т'ўа-дете (тоа), 'затўа:, 'рекўа: (рекоа), 'дојдўа: (дојдоа), с'ўа:л’ка (соал’ка < совал’ка), 'готўа: (готоа < готова), 'букўа: шќица (букоа < букова).* Во случаите каде што се јавуваат фонетски пречки вокалот /*о*/ во односнава позиција се испушта, сп. '*осна: (< основа < основа)* или пак се развила група со

хијатско /*в*/, сп. '*чова (чоа < чоха), 'сова (соа < соха), пре'водница (преодница).* Во многу случаи поради фонетските пречки во групата -*ова*- консонантот /*в*/ не се загубил (в. 3.4.), сп. '*Јован, 'јавор.*

2.1.5. Два исти вокала во непосреден контакт по правило се контрахираат во еден долг вокал, сп. *ии > и: (з'ми: < змии, 'кути: < кутии), ее > е: ('не:ста < неестa < невеста), аа > а: ('уба: < убаа < убава, 'та: < таа, 'напра: < напраа < направа), оо > о: ('буко: < букоо < буково, 'него: < негоо < негово).* Контракцијата не се врши на составот меѓу префикс и коренска морфема, сп. '*заака, п'рооди, п'рииде, пре'есапи.*

2.1.5.1. Должината добиена на овој начин не може да се третира како фонолошки квантитет, бидејќи под истите услови не се јавуваат секвенци со два еднакви вокала.

2.1.6. Зевот понекогаш се отклонува со вметнување на гласот /*в*/, сп. '*суво, 'чова, 'сова, пре'водница* (в. 2.1.4.).

2.1.7. Вокалот /*ă*/ позиционо е ограничен. Во домашни зборови се јавува само во коренска морфема.

2.1.8. Вокалот /*о*/ во акцентиран слог пред /*ј*/ се реализира како [*ọ*], сп. '*ọјте (одите), с'тọјте, по'лọјна (половина), т'рọјца, 'гọјдо, 'кọјнар.*

## 2.2. *Консонантизам*

2.2.1. Сонантите и безвучните опструенти можат да стојат во сите позиции на збороформите – на почетокот, во средината и на крајот.

2.2.2. Звучните опструенти не можат да стојат на крајот на збороформите.

2.2.3. Звучните опструенти не можат да стојат пред безвучните, а безвучните не можат да стојат пред звучните.

2.2.3.1. Едначењето по звучност се врши и на составот на префикс со коренска морфема, сп. *се-з'дебел’и, 'растера,* како и меѓу одделни збороформи во акцентска група, сп. *'пот-куќа, 'нат-пăт, п'ред-него, 'под-вир, м'лад-јунак* : *м'лат-Стојан.*

2.2.4. Консонантски групи.

2.2.4.1. Почетна група од два сонанта е можна само кога е прв нејзин член /*м*/, сп. *м'ладо, м'л’еко, мрас, м'јаукат.*

2.2.4.2. Сонантите, освен /*р*/, не се јавуваат во почетни групи со опструент.

2.2.4.3. Од многубројните ограничувања кај опструентите од дијалектна гледна точка интересно е да одбележиме дека денталните плозиви /*т, д*/ не можат да стојат пред /*л*/ на почетокот, сп. *к'ланик, к'л’еі̯т (тл’ее), г'лобок, гло'бочина, г'л’ето.*

2.2.4.4. Согласката /т̄/ освен тоа не може да се јави во почетокот пред /н/, сп. *к'ноко, к'ночко* (< *т̄ноко* 'танко'), како и пред спирантите /*с, ш*/ на морфемската граница, сп. *'оцече (от̄сече), с-'оцкри (от̄скри), б'рацки (брат̄ски), 'п̄ечес (п̄ет̄шест̄).*

2.2.4.5. Плозивот /*п̄*/ не може да стои во групата *п̄ч* на почетокот, сп. *'ченка, чен'ко:і̯на, 'чеі̯нца (п̄ченка, п̄ченица).*

2.2.4.6. Согласката /*с*/ не се јавува во групата *п̄с*, сп. *п̄ци, п̄'цоі̯сан, 'вап̄ца, с'т̄ип̄ца, 'т̄еп̄ција,* во одделни случаи и во групата *кс* : *'Ал’екцо (Ал’ексо), се-'т̄акцал (т̄аксал).*

2.2.4.7. Исто така /*с, ш*/ не се јавуваат пред африкатите /*ц, ч*/ на морфемската граница, сп. *'мафца, 'мефце, п̄'рафци (масца, месце* : *месо), 'л’ифче, к'вафче* (: *л’ист̄, квас), к'руфче* (: *круша), 'п̄уфче* (: *п̄ушка), 'оп̄афче* (: *оп̄ашка), 'чафче* (: *чаша);* кај префиксираните глаголи со *из-, раз-* : *ќе-'рафцут̄ит̄, се-'ифчист̄и.*

2.2.4.8. Освен тоа /*с, ш*/ не можат да стојат и во група со /*к*/ на почетокот, сп. *ц'кала, ц'кара, ц'кит̄ат̄,* потоа во суфиксот *-ск(и)* : *'бит̄ол’цки, п̄'рил’еп̄цки, 'т̄урцки; чкарт̄ (шкарт̄), ч'кулаф, ч'коло (школо).*

2.2.4.9. Фрикативните консонанти /*ш, ж*/ не можат да се јават во група со денталните плозиви /*т̄, д*/, сп. *шт̄ > шч / шќ, жд > жц / жѓ̄* : *шчо, шчӑрк, 'г̄ушчер, 'п̄ишчит̄, 'ог̄нишче // п̄ишќит̄, 'ог̄нишќе; 'дожцот̄, 'дожцалник, 'рожцат̄ // 'дожѓ̄от̄, 'рожѓ̄ат̄.*

2.2.4.10. Согласката /*з*/ не може да стои на почетокот во група со /*в*/, сп. *ѕвер, ѕ'виска, ѕ'везда,* и во група со сонантите – пред /*р*/: *'теѕре, 'наѕре,* и зад /*н*/: *'јанѕа, 'менѕа, б'ронѕа,* и зад /*л*/: *'толѕит̄, 'п̄олѕит̄, 'солѕи.*

2.2.4.11. Опструентот /*в*/ не може да стои зад /*с, ш*/, сп. *сфат̄, с'федок, с'фи-рит̄, ш'фал’ер, шферц.*

2.2.4.12. По правило не се трпат и групите *бн, вн,* сп. *'демнит̄, 'ѕемнит̄, да се 'симниме, мнук, 'нимно (нивно), 'ог̄ламник, п̄'л’емна, 'рамно,* но: *'нӑт̄ре (внӑт̄ре).*

2.2.4.13. Од завршните консонантски групи не се можни *-ст̄, -шт̄ (-шч),* сп. *л’ис, мос, мас, п̄ос, чис, 'бол’ес, 'радос, дош (дожд), г̄луш (г̄лужд), п̄риш (п̄ришт̄), нош (ношт̄).*

2.2.4.14. Кај тричлените и повеќечлените консонантски групи не се можни оние што се составени од спирантите /*с, ш*/ + *т̄* + преградна согласка, сп. *'искаф (ист̄кав), п̄'л’ешка, 'п̄осна (п̄ост̄на), 'мошне (мошт̄не),* потоа групите *ст̄ј, здј* : *'л’исје, г̄'розје, -здн-, -ждн-* : *'нужно, -т̄ст̄в* : *б'рацт̄во // б'рацт̄о.*

2.2.4.15. Необични се за овој говор групите *ст̄р, здр, ждр,* сп. *сраф, с'ража, с'рижит̄, с'рела, 'сесра, зраф, з'равје, з'равец, ж'ребе, ж'ребна, ж'риг̄а.*

2.2.4.16. Меѓутоа, денталните плозиви, кои во многу наши говори не се јавуваат пред африкатите /*ц, ч*/, овде се среќаваат, понекогаш со ослабната артикулација, сп. *'ри̅т̅че, 'л'ива̅т̅че, 'жи̅т̅це, 'са:̅т̅че.*

2.2.5. Одделни консонанти.

2.2.5.1. Сонантот /*ј*/ не може да стои пред преден вокал на почетокот, сп. *'ел'ен, 'еден.* Во интервокална позиција пред преден вокал исто така /*ј*/ не се јавува, освен во случаи кога е потребно од фонетски или морфолошко-семантички причини да се попречи непосредноста на вокалите, сп. *т̅'риесе̅т̅, к'раешник, 'обуе̅т̅, 'чуеш,* но: *'сејач, 'шејесе̅т̅.* Во групата *-иа-* /*ј*/ се јавува факултативно, сп. *з'ми(ј)а, 'рак'и(ј)а.*

2.2.5.2. Латералот /*л*/ не може да се јави пред преден вокал и пред /*ј*/, сп. *'бил'е (: било, била, бил), 'кол'је (: коло̅т̅).* Во овие позиции доаѓа до неутрализација со изговорот на фонемата /*л'*/, сп. *'бел'и (: бел'а) ~ 'бел'и (: бел, бела).*

2.2.5.3. Фонемата /*р*/ редовно се јавува во соседство со барем еден вокал.

2.2.5.4. Консонантот /*ѕ*/ најчесто се јавува во група со /*в*/ и со сонантите /*л, р, н*/, сп. *ѕвер, ѕ'виска, 'наѕре, 'меѕре, 'т̅ерѕија, б'ронѕа, 'молѕи̅т̅,* поретко и во други позиции: *'ѕира, 'ѕемни̅т̅,* и во множинските форми: *'ноѕе, блаѕи, 'п̅олѕи.*

2.2.5.5. Фонемата /*ʒ*/ се јавува, главно, во туѓи лексеми и морфеми, сп. *ʒе̅п̅, 'оʒа, 'ловʒија,* како и во секвенците *ʒб, ʒв, ʒг,* сп. *ʒ'бара̅т̅, ʒ'вака̅т̅, ʒ'г̅ура̅т̅.*

2.2.5.6. Веларите /*к, г̅*/ пред предните вокали, особено пред /*и*/, се реализираат како [*к', г̅'*], сп. *'к'исни̅т̅, 'к'исел, с'к'ина̅т̅, к'и'вајца, 'вошк'и, ш'к'eмбе, с'к'е̅п̅ар, ќе-'заг̅'ини̅т̅.*

## 2.3. *Прозодија*

2.3.1. Акцентот на двосложните зборoформи е фиксиран на почетниот слог, а во трисложните и во повеќесложните на третиот (одн. на третата мора) од крајот, сп. *'биг̅ор, 'дол'ина, до'л'ина̅т̅а, суво'дол'ина, суводо'л'ина̅т̅а, ви'ножи̅т̅о.*

2.3.1.1. Во случаите како: *из'бере:̅т̅ (избереe̅т̅), п̅о'сеја: (п̅осејаа), п̅ро'г̅о:ри (п̅рог̅оори),* и други слични, акцентот паѓа на третата мора од крајот, бидејќи долгите вокали имаат две мори. Ова важи и за вокативните форми кај личните имиња од типот *'Горица, 'Заг̅орка,* вок. *Го'рицо:!, За'г̅орко:!,* зашто последниот вокал при повикување се удолжува.

2.3.1.2. На ист начин се акцентираат и зборoформите што содржат дифтоншки секвенци од типот: *ка'п̅а:і̯ца, л'из'г̅а:і̯нца, п̅о'ло:і̯на (ка̅п̅авица, п̅оловина),* бидејќи дифтонзите со [*і̯*] како втора компонента секогаш имаат две мори. Во вакви случаи акцентот се задржува на истиот слог и во

членуваната форма, зашто дифтонгот не може да се дели, сп. *ка'паi̯цата, по'ло:i̭ната.*

2.3.2. Бидејќи е акцентот и синтагматски, некои именски и глаголски синтагми можат да образуваат акцентски целини.

2.3.2.1. Именките (заменките) акцентски целости образуваат со кратките заменски форми употребени со посесивно значење, со предлозите и со атрибутските зборови. Во групите од именка + кратка заменска форма акцентот паѓа на третиот слог во целоста по генералното правило, сп. *бра'тучед-ми, брату'чеди-ми.* Во составите од предлог + именка, употребени со прилошко значење, исто така акцентот се однесува по правилото за третосложното акцентирање, сп. *'на-пăт, 'под-рăка, спро'ти-куќа, преку-'л'ивада, по-'вел'игден.* На овој начин можат да се акцентираат и атрибутски именски синтагми од типот: *д'ве-губи, сто-'динари, о'сум-ока, трие'сет-души* (со број), *'мој-чоек, ти'ја-жени, кол'ку-пари, прес'но-мл'еко, нестинска-'кошул'а.*

2.3.2.2. Глаголите образуваат акцентски целости со кратките заменски форми, глаголските партикули (*ќе, би*), со формите на помошниот глагол ‘сум’ и некои сврзници. Во такви состави акцентот редовно паѓа на глаголскиот член во синтагмата, сп. *го-'виде, му-'дал, му-'даофме, ќе-'носит,* или во комбинации: *му-го-'дал'е, сфе-му-'рекл'е, беше-сфе-му-го-'дал'е, ќе-си-'дошол, за-да-'носит.* Меѓутоа, ако е составот негиран со партикулата *не* или ако е исказот прашален, акцентот се мести по правилото за третосложното акцентирање, сп. *'не-виде, не-'го-виде, не-му-'го-даде, не-'ќе-носит, не-му-'го-дал'е, не-сфе-му-'го-дал'е; 'кој-виде, кого-го-'видофте, кому-сфе-'му-рекл'е, кога-'ќе-до:i̭т, кога-ќе-'дојдите.* Според ова правило се акцентираат и синтагмите од глагол + кратка заменска форма, сп. *'земи-го, зе'мите-го, земи'те-му-го.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните вокали во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < *у : *бил*
*е* < *ь̥ : *ден, 'остен, 'ладен, 'конец*
< *ę : *'месец, 'педа*
< *ě : *цел, 'л'ето*
< секундарно во групата *чере-* : *'череп, 'черешна*

< *а* со преглас зад палатална согласка во одделни случаи: *'есреп̄ (јас-т̄реб), 'есен (јасен), 'чел'ет̄, 'г̄ăркл'ен*

*ă* < **ǫ* во коренска морфема: *'дăп̄, 'зăби, 'г̄ăба, 'кăт̄ници*

< **ę* во секвенцата **ję* : *'јăзик, 'јăдро, 'јăт̄ăрва*

< **ę* во лексемата *'чăдо*

< секундарниот $ъ_2$ во почетните слогови: *'мăг̄ла, 'мăска*

< **r̥* во група со /*р*/: *т̄ăрн, 'п̄ăрст̄и, 'сăрце*

< **l̥* во група со /*л*/ во одделни случаи: *'кăлнит̄, 'г̄ăлт̄ат̄, кăлк,* или без /*л*/: *'сăнце, п̄ăф*

< *а* во соседство со назален консонант: *з'нăi̯т̄, 'мăмит̄, 'мăшќеа,* во одделни лексеми и зад други консонанти, сп. *'јăсика, зăш*

< место турското *ı* : *'кăсмет̄, 'сăндак*

*а* < **ǫ* во афиксни морфеми, сп. *'п̄аднал, 'п̄аднат̄, 'бера* (1 л. едн. през.), и во други случаи: *'п̄оп̄рак, 'обрач, 'желат̄, п̄онада*

< $ъ_2$ секундарно пред крајните *р, н* : *'вет̄ар, 'ог̄ан*

*у* < **ǫ* во одделни случаи: *'г̄уска, куќа, 'сут̄, 'судит̄*

< **w* во случаите како: *цуп̄, 'цут̄ит̄, 'ѕунит̄, да 'осунит̄*

< *о* во одделни случаи, сп. *'дури, 'ушче, 'г̄увеi̯т̄, 'уг̄реа, 'рабуш, лас'т̄у:i̯ца, 'мăзул'ка, 'убет̄к'и* и др.

< $ъ_2$ секундарно пред крајното /*м*/: *'осум, 'седум, сум*

*о* < **ъ̥* : *'бочка, дош, 'п̄ет̄ок*

< секундарниот $ъ_2$ пред *л* : *'т̄оп̄ол, 'п̄екол, 'рекол*

< **l̥* во група со /*л*/: *волк, 'п̄олно, 'волна, 'молѕит̄, 'долг̄о, 'жолна, 'п̄олцаф, 'солѕа, 'болви*

3.2. *Консонант̄изам*

Консонантите /*ј, р, м, н, п̄, б, т̄, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, г̄*/ потекнуваат од соодветните консонанти во појдовниот систем. Освен тоа:

*ј* < **l′* епентетско: *'земја, чк'рап̄ја*

< *ø* пред рефлексот на почетното **ǫ* : *'јăг̄л'ен, 'јăт̄ок, 'јăт̄ор, 'јăжица, 'јăдица, 'јăг̄арец*

< *њ* со антиципација: *којн, 'сирејне, 'камејна*

< *и* зад друг вокал: *б'роi̯т̄, јаi̯т̄, 'моi̯т̄е, п̄о'ло:i̯на* (в. 2.1.3.)

< *е* зад друг вокал во случаи како: *'г̄ојдо, 'п̄ојќе, еди'најсет̄, д'вајсет̄*

< хијатско: *'сакаја*

*л* < **l* со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

< **l̥* во група со /*ă*/ или /*о*/: *'г̄ăлт̄ат̄, кăлк, волк, 'п̄олно* (в. 3.1.)

*л'* < **l′* : *кл'уч, 'л'уп̄ит̄*

< *lь : *сол', 'бол'ка, 'мол'ба, 'жел'ба*

< *l во позиција пред предните вокали и пред *j*

< во заемки: *'бел'а, п̄'л'ачка*

*р* < *ŕ

< *r̥ во група со /*ă*/: *'дăрво, 'сăрце*

*м* < *б* во групата *бн* : *'демнит̄* (в. 2.2.4.12.)

< *в* во групата *вн* : *мнук, нимно* (в. 2.2.4.12.)

*н* < *њ* : *'бана, п̄ен, којн, 'п̄ол'ина*

*ф* < *хв* : *'фоја, се 'фал'ит̄*

< *x на крајот: *г̄реф, меф, моф, сраф,* и пред безвучен консонант: *'ре-кофт̄е, г̄'рефче, 'кожуфче*

< ономатопејско: *'фучит̄*

< туѓо: *фес, 'фодул, 'фурна*

< *в* со асимилација во групата *св* : *сфат̄, сфет̄* (в. 2.2.4.11.)

*в* < *w

< *ø* како протеза: *'вујко, 'вујна, 'визба*

< *x* пред звучен консонант и сонант: *з'дивна, 'мавна, 'мевл'ен, 'викавме*

< хијатско: *'мува, 'п̄азува, 'уво*

< *о* во секвенцата *-оа-* : *т̄вар (< т̄оар), с'вал'ка (соал'ка), 'реква: (ре-коа)* (в. 2.1.4.)

*ц* < *č во групата *čr̥-* : *цăрн, 'цăрвен, 'цăрви*

< *с* во групите *п̄с, ск, т̄с* : *п̄ци, с'т̄ип̄ца, с'финцко, 'г̄оецко, г̄'рацки, 'оц-п̄реди, 'оцкрие* (в. 2.2.4.6.)

*ѕ* < *з* во почетокот пред вокал во одделни случаи и во групите *зв, зр, лз, нз,* сп. *се 'г̄анѕа, 'солѕи, 'молѕит̄, 'ѕемнит̄* (в. 2.2.5.4.)

< *ʒ : *'нoѕе, б'лаѕи, 'п̄олѕи*

*з* < *ʒ

*ч* < *ш* во групите *п̄ш* : *'че:ј̑нца (< п̄шеница), 'ченка, шк : чкарт̄, ч'крап̄ат̄, т̄ш* : *п̄ечес* (в. 2.2.4.5., 2.2.4.8.)

< *t′ во група со *ш* : *в'решча, 'л'ешча*

< *т̄* во секвенцата *шт̄* : *к'л'ешчи, 'п̄ушчат̄*

*џ* < во туѓи зборови и морфеми: *џам, 'ловџија*

< *d′ во група со *ж* : *'вежџа, 'межџа, 'сажџи, 'чужџо*

< *д* во секвенцата *жд* : *'дожџо:ј̑, г̄'л'ужџот̄*

< *ж* во секвенците *жв* : *џ'вакат̄, жг̄* : *џ'г̄урат̄, лж* : *'п̄олџаф,* место *ж* и во деминутивните образувања со *-е* : *б'реџе, 'ноџе (: ног̄а)*

*ш* < *t′ во група со *ч* : *'г̄ашчи, 'л'ешча, п̄'л'ешчи, с'фешча, 'мăшчеа,* или са-мо во консонантска група: *'мошне, 'нoшфи*

*ж* < **d′* во група со *ц* : *'вежци, 'межца, 'сажци, 'чужцина, 'рожцат,* или само во консонантска група: *'межник*

*ќ* < **t′* во одделни лексеми и морфеми: *'веќе, 'домаќин, 'куќа, с'реќа, 'ќерка, п'риќерка, ќут, ќе, ви'каеќи*

< **tьj* : *б'раќа, с'фаќа, п'рǎќе, ц'веќе*

< туѓо: *'ќоше, ќор, 'ќел'аф*

*ѓ* < **d′* во одделни зборови: *п'реѓе, п'реѓеска, 'сеѓере, та'куѓере, 'ǎрѓа, 'уѓум*

< **dьj* : *'ѓаол, 'л'уѓе, 'л'иваѓе, 'ограѓе*

< туѓо: *'ѓакон, 'маѓер, 'ѓерам*

*к* < *т* во групите *тн, тл* : *к'ланик, кнок* (в. 2.2.4.3., 2.2.4.4.)

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиени од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни како резултат на регресивна асимилација.

3.2.2. Безвучните консонанти се добиени од звучните и на крајот.

3.3. *Прозодија*

3.3.1. Дистинктивната функција на акцентот е отклонета со фиксирањето на акцентот опишано во 2.3.

3.3.2. Нови фонетски должини настанале со контракција на вокалите (в. 2.1.5.) и со компензација (в. 2.1.3, 2.1.4.).

3.4. *Губење на одделни гласови*

3.4.1. Фонемата /*х*/ се загубила без трага на почетокот и во интервокална позиција, сп. *'ладно, 'рана, с'на:, 'л'еа.*

3.4.2. Вокалите често се испуштаат во проклитичките зборови ако следната зборoформа почнува со вокал, сп. *м-'отру (ме-), с-'оцкри (се-), зǎш да н-'отворам (не-), д-'ојме (да одиме).*

3.4.3. /*ј*/ се губи редовно во почетокот пред вокалот /*е*/, сп. *'есен, 'еден.*

3.4.4. Консонантот /*в*/ се губи многу често во интервокална позиција, особено во соседство со вокалот /*о*/, до колку нема други фонетски пречки, сп. *'ојдо (говедо), 'поел'и // 'појл'и (повел'и), 'чоек // 'чојек (човек), 'јазоец (јазовец), 'тǎргоец, лас'то:i̯ца, ла'паi̯ца (лапавица), 'биол, 'напра: (направа), 'уба: (убава), 'не:ста (невеста), 'оло: (олово), 'л'еi̯чар (л'евичар), 'ло:i̯т (ловит).* Освен тоа /*в*/ се губи редовно во групата *вск* во суфиксот *-вск(и)* : *'Димоски, к'рушески, 'тетоски,* на почетокот пред /*н*/ и /*ч*/ во одделни случаи, сп. *'нǎтре (внǎтре), 'чера (вчера).*

3.4.5. Во ред случаи се губи опструентот /*т*/ во интервокална позиција, сп. *'ојдва: (отидоа), 'ошол (отишол),* во групите *стр, стј, стн, штн, стк,* сп. *'сес-*

*ра, с'рико* (в. 2.2.4.15.), *'л'исје, 'расје, 'мошне, 'ѓашник* (в. 2.2.4.14.), како и на крајот во групите *-сш, -шш,* сп. *л'ис, йриш* (в. 2.2.4.13.).

3.4.6. Консонантот /*д*/ исто така се губи во ред случаи во интервокална позиција, сп. *'јаиш (јадиш), 'сеиш (седиш), ѓ'л'еаш (ѓл'едаш),* во броевите: *йеш'наесеш, д'ваесеш,* како и во групите *здр, ждр* : *зраф, з'равје, ж'ребе* (в. 2.2.4.15), *здј, здн, ждн* : *ѓ'розје, 'нужно* (в. 2.2.4.14.).

3.4.7. Во поограничен број случаи се губат во интервокална позиција и некои други консонанти (*ѓ, ж, ш, ѓ*), сп. *'никваш (никоѓаш), 'сеа, ко 'ошол (коѓа), 'лаица, 'не-моиш (можиш), й'ла:ица (йлашица), й'ре:ска (йреѓеска)* и др.

### 3.5. *Мешашеза*

Метатеза е извршена во заменскиот корен **wъs-* : *сфе, с'фекој,* и во глаголот ‘јава’, сп. *в'ја: (вјава), в'јани.*

## 8. РАДОЖДА

РАДОЖДА, општина Струга.

Западно наречје, западни периферни говори.

ОЛА 96, МДА 86.

Селото се наоѓа покрај брегот на Охридското Езеро, 11 км. од Струга кон албанската граница. Во 1961 год. селото имало 866 жители, од кои 859 православни Македонци, двајца Срби, двајца Хрвати и тројца Албанци. Населението се занимава главно со риболов и со градежништво. Од 1944 год. во селото има основно училиште – 4 класа, од 1960 год. – осмолетка.

Населбата прв пат се спомнува во првата половина на XIV век.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | | *у* |
| *е* | | *о* |
| *ä* | | *å* |
| | *а* | |

1.2. *Консонантизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л’* | *р* | *н* |
| *ј* | | | *њ* |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *ӣ* | *б* | *ф* | *в* |
| *ш̄* | *д* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *ќ* | *ѓ* | | |
| *к* | *ḡ* | | |

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите вокали можат да бидат акцентирани.

1.3.2. Акцентот е фиксиран на третиот слог (мора) од крајот во трисложните и повеќесложните збороформи, а во двосложните паѓа на почетниот (вториот од крајот) (в. 2.3.).

Како дистинктивен признак акцентот се користи во неколку одделни случаи, сп. *зи'мава, ḡоди'нава, неде'лава, л'е'т̄ово* (сè прилози): *'зимава, ḡо'динава, не'делава, 'л'ет̄ово* (определени именки со членските морфеми *-ва, -во*).

1.3.3. Долгите вокали добиени со контракција (2.1.5.2.) и со компензација (2.1.5.3.) не се фонолошки релевантни.

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Сите вокали можат да стојат во почетна, средишна и крајна позиција на збороформите, со исклучок на /*å*/, кој не може да се јави на почетокот и на крајот.

2.1.2. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ можат да стојат пред и зад секој консонант.

Вокалот /*å*/ најчесто стои зад лабијалните консонанти, сп. *п̄åт̄, 'п̄åрво, 'бåдник, 'бåрḡо, 'вåрба, 'фåрл'ат̄, мåш, 'мåска,* ретко се јавува зад нелабијален, сп. *жåлт̄, 'лåка, т̄'рåба.*

Немаме потврда за /*ä*/ зад лабијалите /*м, п̄, б, ф*/, зад /*л'*/ и зад /*ч, џ, ш, ж, ќ, ѓ*/.

2.1.3. Фонемите /*ä, å*/ не можат да се јават во една иста збороформа.

2.1.4. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ во принцип можат да стојат во група секој со сите. Вокални секвенци со /*å*/ не се потврдени.

2.1.5. Вокални групи.

2.1.5.1. Групи од два исти вокала се можни само на морфемската граница меѓу префикс и лексичката морфема, сп. *'наака, пре'есапил, 'дооден, 'поостро,* и во сложенките од типот *цäр'нооко (момиче).*

2.1.5.2. Во другите позиции на зборoформите, особено на морфемската граница со флексивните морфеми, групите од два исти вокала се реализираат како соодветни фонетски долги вокали, сп. *ии* > [*и:*] *з'ми: (змии), з'ми:ште (змииште), 'цäрвл’и: (цäрвл’ии < цäрвл’иви); ее* > [*е:*] *'не:ста (< неста < невеста), п'ре:ска (< преeска < преѓеска), по'не:лник (< понеелник < понеделник), 'бел’е: (бел’ее), се 'мол’е: (мол’ее), 'зе:но (зеено < земено); аа* > [*а:*] *г'ла: (глаа < глава), с'на: (снаа), 'уба: (убаа < убава), нап'ра:та (напраата < направата); оо* > [*о:*] *'буко: (букоо < буково), 'гото: (готоо < готово), не'го:то (негоото < неговото).*

2.1.5.3. И вокалните секвенци од разнородни вокали најдобро се чуваат на морфемската граница со префикс и со партикулите *не, ни, по,* сп. *'неисправн, пре'иначи, 'неарен, не'орана (нива), 'неук, 'научен, 'заигра, се 'наежи, ќе 'заоi̯т (заодит), да го 'зауздит, 'поиграт, 'поитер, 'поефтин, 'поарен, 'поубаф, да 'поучит.*

2.1.5.4. Секвенците со /*и*/ како втор член се реализираат како дифтонгоиди од по две мори [*еi̯, аi̯, оi̯, уi̯*], сп. *'бол’еi̯т, г'реi̯т (греит), ка'л’еi̯нца (кал’еинца < кал’еница), 'ореi̯, ст'реi̯ (стреи), 'зеi̯го (< земи го), 'јаi̯ш (јаиш < јадиш), 'истаi̯ш (иставиш), 'оздраi̯т (оздравит), ка'паi̯ца (капавица), г'лаi̯ (глави), б'роi̯т (броит), 'моi̯т (можит), по'лоi̯на (половина), 'л’ебоi̯ (л’ебови), бре'гоi̯те (бреговите), 'букоi̯ (букови), 'пазуi̯ (пазуви), пер'дуi̯те (пердуите).*

2.1.5.5. Како еднослoжни двоморни дифтоншки групи се реализираат и секвенците *-ие-, -иа-, -ио-,* како и групите *-еа, -ео-,* бидејќи во тие позиции /*и*/ и /*е*/ > [*i̯*], до колку нема некоја фонетско-семантичка пречка. Сп. *зг'решi̯е (згрешие* – 3 л. мн. ипф.), *'месi̯е, го 'фатi̯е, 'измi̯ен, 'овi̯е, да се на'пi̯еме (напиеме); 'кајсi̯а (кајсиа), 'копрi̯а (коприва), 'судi̯а, скä'потi̯а (скäпотиа), жени'турi̯а, Гер'манi̯а, И'тал’i̯а, п'режi̯ат (преживат), поч'i̯ало (почиало < почивало), доб'i̯аме (< добиваме), бо'л’езл’i̯а (бол’езл’иа < бол’езл’ива), 'борчл’i̯а,* но: *'зиан, з'мија; 'бел’i̯от (бел’иот), зе'л’енi̯он (зел’енион), 'сечi̯о (сечио < сечиво), 'завi̯ок – за'вi̯окон (завиокон), за'вi̯оци (завиоци),* но и: *'биол, би'ол’ица, з'мио; – еа* > [*i̯а*]: *л’i̯а (л’еа* : мн. *л’еi̯), нi̯а (неа), сi̯а (сеа < сега), ст'рi̯а (стреа), 'маштi̯а (маштеа), гл’i̯а (гл’еа < гл’еда* 1 л. едн. през.), *да 'попi̯а (попеа), г'л’i̯аш (гл’еаш < гл’едаш), пi̯ач, п'i̯ачка (пеачка), пi̯аф (пеав), за'пi̯ал’е (запеал’е),*

*имат̄ жив'i̯ано (живеано), царi̯а 'нест̄улка (царева невест̄улка); -ео-* < [*i̯о*] во неколку случаи: *'л'i̯онка (л'еонка), 'нi̯ола (неола < невола), 'черi̯о (черео < черево), 'Пет̄рi̯о (Пет̄рео < Пет̄рево), 'орi̯от̄ (ореот̄: 'ореi̯),* но и: *г̄'реот̄а, г̄'реоi̯, 'мејот̄* (: *меф).*

2.1.5.6. Вокалните групи *-оа-* и *-ое-* се реализираат како дифтонгоиди [*ўа, ўе*] или пак како /*ва, вä, ве*/, сп. *'волвар (волоар < воловар), ква (коа < ког̄а), квач (коач < ковач), к'вачница, нак'вално (накоално < наковално), 'некваш (неког̄аш), сва (соа), с'вал'ка (соал'ка < совал'ка), т̄ва (т̄оа), т̄вар (т̄оар < т̄овар), т̄'варит̄, 'г̄от̄ва (г̄от̄оа < г̄от̄ова), се 'заст̄ва (заст̄оа), 'нег̄ва (нег̄ова), 'вујква (вујкова), 'буква (букова); г̄'вäдар (г̄оедар < г̄оведар), чвек (чоек < човек), двец (вдоец < вдовец* : *в'доi̯ца), 'јазвец (јазовец), 'Борвец (Боровец), зг̄вен (зг̄оен), п̄'вел'и (п̄оел'и < п̄овел'и), квет̄ (коет̄,* 3 л. мн. през. : *која – коi̯ш), 'дојдве (дојдое* – 3 л. мн. аор.), *'рекве (рекое).* Кога се јавуваат фонетски пречки тогаш овие групи имаат поинаква реализација, сп. *'осна: (осноа < основа), т̄ро:, 'п̄от̄ро:, 'која (коа < кова* – 1 л. едн. през.), *б̄ројет̄ (броет̄* – 3 л. мн. през.). Сп. уште: *'п̄азва ('п̄азуа,* мн. *'п̄азуi̯).*

2.1.5.7. Не може да стои ни групата *-ае-.* Таа се реализира во едни случаи како дифтонгоид [*аi̯*], сп. *д'ваi̯сет̄ (дваесет̄ < двадесет̄), два'наi̯сет̄,* и редовно така кај броевите, или пак како /*ä*/: *'зäдно (заедно), 'нäдно (наедно), знäт̄ (знает̄* – 3 л. мн. през.), *п̄рäт̄ (п̄раеt̄ < п̄равет̄), т̄кäф (т̄каеф), т̄кäт̄ (т̄кает̄), забо'рäно (забораено < заборавено).*

2.1.5.8. Групата *-ао-* најчесто се реализира како [*о:*], сп. *'убо: (убоо < убао < убаво), г̄'л'ибо: (г̄л'ибаво), 'п̄ало: (п̄алаво), кло:ф (клаоф < кладоф).* Ретки се примери со неконтрактирано *-ао-*: *'г̄́аол, п̄'рао (п̄раво),* покрај *'г̄́авол, п̄'раво,* сп. и *с'нају* (вок.): *сна: (снаа < снаха).* Во случаите каде што се добила оваа група по губењето на /*х*/, најчесто се јавува хијатски глас, сп. *в'равот̄, г̄'равот̄, п̄'равот̄, ст̄'равот̄, сиро'мајон* (: *г̄раф, п̄раф, сиромаф).*

2.1.5.9. Со хијатски гласови /*в, ј*/ се пополнуваат и групите *-уа-, -уо-, -уе-, -ие,* до колку тие (групи) не се разбиени по друг начин (в. 2.1.5.5.), сп. *'мува, г̄'лувo, 'суво; 'дујет̄ (вет̄ер).*

2.1.5.10. Групата *-ау-,* која е инаку ретка, обично се пази, сп. *'каурин, 'п̄аун,* топ. *'Заум,* но и *Но:м, Но:мче (Наум, Наумче),* покрај *'На̊ме, 'На̊мче.* За групата *-оу-* нема потврда во материјалот.

2.1.6. Групи од три вокали во материјалот не се потврдени. Теориски тие би биле можни во 3 л. мн. на имперфектот, но се упростуваат со контракција, сп. *з'нäе (знаее), п̄'рäе (п̄раее < п̄равее), т̄'кäе (т̄каее), 'л'äе (лаее), 'п̄ие: (п̄иее), б̄рое: (броее), ќе 'чуе: (чуее).*

2.1.7. Одделни вокали.

2.1.7.1. Вокалот /*u*/ во позиција зад друг вокал се реализира како [*i̯*], освен на морфемската граница со префикс (в. 2.1.5.2.–3.). Во таа позиција се неутрализира опозицијата /*u*/ : /*j*/. Исто така /*u*/ се реализира и пред вокалите /*e, a, o*/ (в. 2.1.5.5.).

2.1.7.2. Вокалот /*e*/ во акцентиран слог пред /*j*/ се реализира малку позатворено [*ẹ*], сп. *во'дẹi̯нца, о'рẹi̯ӣе, 'сẹјӣе.*

Ако зад акцентираното /*e*/ има дифтонг, тогаш тоа се реализира поотворено [*ε*], сп. *б'рεīоi̯ (: бре'īọi̯ӣе), 'ӣεрдуi̯, 'нεīва (: неī'ваӣа), 'зεдве, 'мεсi̯е, зе'л'εнi̯оӣ.*

Исто така се реализира /*e*/ и во случаи кога во следниот слог се извршила контракција: *'ӣεче: (ӣечее), 'сεде: (седее).*

2.1.7.3. И вокалот /*o*/ пред /*j*/ се реализира малку позатворено [*ọ*]: *боīо'рọi̯ца (боīородица), в'дọi̯ца (вдовица), 'вọi̯ца (водица), 'ӣọјас.*

Кога се наоѓа, пак, во слог пред дифтонг и долг вокал, тогаш тој се реализира во нешто поотворен алофон [*ɔ*], сп. *б'рɔјоi̯, 'нɔсе: (носее).*

2.1.7.4. Вокалот /*ä*/ во својот основен алофон се реализира речиси исклучиво во акцентиран слог, сп. *дäӣ, зäӣ, кäӣ, сäк, ӣрäӣ, ī'нäсен, ī'рäди, 'јäӣок, 'рäка, 'кäӣник, 'ӣäīа, 'зäбиӣе, 'сäнце, 'кäкл'ица, 'кäӣинка, 'сäбоӣа.* Во неакцентиран слог неговиот изговор се изедначува со изговорот на неакцентираното /*e*/ и на тој начин се неутрализира опозицијата /*ä*/ : /*e*/, сп. *ке'дел'аӣа (: 'кäдел'а), кеӣ'нициӣе (: 'кäӣник), еч'меi̯нца (: 'јäчмен), 'ӣо-зеби (: 'зäби), 'на-река (: 'рäка, 'рäце).*

2.1.7.5. И вокалот /*å*/ во својот основен алофон се реализира речиси исклучиво во акцентиран слог, сп. *мåш, ӣåӣ, 'бåдник, 'мåӣен, 'мåска, 'мåīла, 'ӣåӣник, 'ӣåдар, се 'мåчиӣе, 'мåжишӣе, 'ӣåрсӣиӣе,* додека во неакцентиран слог се неутрализира опозицијата /*å*/ : /*o*/, сп. *ӣо'ӣишӣаӣа, моме'л'еџi̯а (: 'мåмиӣ), 'на-ӣоӣ (: ӣåӣ).*

2.2. *Консонанӣизам*

2.2.1. Сонантите и безвучните опструенти можат да стојат во сите позиции – во иницијална, медијална и финална.

2.2.2. Консонантски групи.

2.2.2.1. Групи од два исти консонанта се можни само на морфемската граница меѓу префикс и коренската морфема, на границата со членските морфеми *-ӣа, -ӣо, -ӣе,* и во некои сложени состави. Во овој говор такви групи има со /*j*/, /*м*/ и со денталните плозиви /*ӣ, д*/ и тие се реализираат како долги гласови, сп. *'нај:унак, 'ӣод:аваӣ, ӣ'рол'еӣ:а.*

2.2.2.2. Секвенци од звучен и безвучен и од безвучен и звучен консонант не се можни, освен со /*в*/ кога е втор член на групата, како во примерите: *т̄вој, с'ведок, цвеќе, чвек, квач.*

2.2.2.3. Почетна група од два сонанта е можна само со /*м*/ како прв сегмент, сп. *м'ладо, м'ноḡу, м'рава, м'јафкат̄,* и секвенцата *-л'ј-* : *л'ја (л'еа).*

Почетна група од сонант и опструент нема.

2.2.2.4. Најмногу ограничувања во дистрибуцијата покажуваат групите составени од дентален плозив + фрикативен консонант и секвенците од фрикативните /*с, ш*/ + африкатите /*ц, ч*/ кога се наоѓаат на морфемската граница. Така, во споменатата позиција не се можни групите *-дж-, -дз- (> дџ, дѕ)*: *'надџниет̄, 'надџивит̄, 'одѕади, 'надѕорник, ќе 'п̄одѕиниш̄; -т̄с-, -т̄ш- (> т̄ц, т̄ч)*: *'от̄цеḡа, да 'от̄цејт̄, (от̄сеет̄), 'от̄цучит̄ (от̄сучит̄), 'п̄от̄ечит̄, 'от̄чи (от̄ши), 'п̄от̄чиша (п̄от̄шиша), да му 'п̄от̄чеп̄нит̄ (п̄от̄шеп̄нит̄).*

На подруг начин се отклонува групата *-т̄с-* на морфемската граница со суфиксот *-ски (> цки)*: *'арḡацки (арḡат̄ски), 'децки (дет̄ски).*

Наполно се исклучуваат на морфемската граница и групите *с, ш + ц, ч ( > ф + ц, ч)*: *'ифцеди, 'рафцеп̄и, ќе 'рафцут̄ит̄ (исцеди, расцут̄ит̄)* или *'мефце, 'л'ифче (л'исче : л'ист̄), 'кофче (: коска), к'руфче (: круша), 'п̄уфче (: п̄ушка).*

2.2.2.5. На морфемската граница со суфиксот *-ски,* ако му претходи консонант, групата *-ск-* се реализира како *-цк-* : *а'рап̄цкот̄о, 'буḡарцки, 'селцки, во 'сăрп̄цко, с'т̄арцки, во 'т̄урцко време,* но: *'небески, 'кически, 'т̄ет̄оско.*

2.2.2.6. Во другите позиции на зброформите не се можни секвенците *с, з, ж + р* ако следи вокал (тогаш тие се пополнуваат со дентален плозив), сп. *ст̄рам, ст̄'ребро, ст̄'реда, здрак, здрел, жд'ребе,* пак дури и на морфемската граница: *'издречит̄ (изречит̄), 'издриет̄ (изриет̄), безд'работ̄ен (безработ̄ен),* како и групата *п̄с (> п̄ц)*: *п̄ци, п̄'цојсан, 'вап̄цал'е, с'т̄ип̄ца, 'т̄еп̄ција (п̄си, п̄совисан, т̄еп̄сија).*

На почетокот не се јавува секвенцата *п̄ш- (> п̄ч) п̄'чејнца.*

2.2.2.7. Од другите консонантски групи ограничување во дистрибуцијата покажуваат: секвенците *жб, жв (> џб, џв)* на почетокот: *џ'бараш̄, џ'вакаш̄;* групите *лз (> лѕ)* и *лж (> лџ)*: *'молѕит̄, 'солѕа, 'олџица (лажица), 'п̄олџаф,* и во ред случаи секвенците *нз (> нѕ)* и *зр* : *'бенѕин, 'мунѕа, 'мунѕосан, 'енѕа, 'енѕаф, 'меѕре, 'наѕре, с-'обѕре.*

Во многу случаи се избегнува и групата *вн (> мн)*: *мнук, 'оḡламник, 'рамно, ḡ'ламна,* но *п̄'л'евна,* и на морфемската граница: *в'несит̄.*

2.2.2.8. Од дијалектен аспект е потребно да се истакне дека во овој говор плозивот /*т̄*/ пред африкатите /*ц, ч*/ на морфемската граница се пази, сп. *'л'иват̄че, 'п̄ат̄че (: п̄ат̄ка), 'п̄ăт̄че (: п̄ăт̄), с'вет̄ци.*

Исто така овде се можни на крајот групите *-ст* и *-шт*, сп. *густ, л'ист, лост, пårст, мост, раст, дошт, глушт, пришт,* покрај *'радос, 'бол'ес* (3.4.6.).

2.2.3. Одделни консонанти.

2.2.3.1. Сонантот /*ј*/ на почетокот не се јавува пред /*и, е*/. Во интервокална позиција не се јавува во групите со /*и*/ како втор сегмент и во секвенците /*ее, ае*/. Во секвенците *-ие-, -уе-* се среќава многу слабо /*ј*/, кое може лесно да се загуби, сп. *'пијет, 'шијет, 'чујет.* На крајот не може да стои зад /*и*/. Во група со консонанти во споредба со другите македонски дијалекти овде /*ј*/ е пофреквентно и има поширока дистрибуција, сп. *с'тавјат, с'л'епјот, 'кутја* и др. (в. 2.1.5.4.–5.)

2.2.3.2. Сонантот /*л*/ се реализира пред заден вокал, пред консонант и на крајот. Пред предните вокали /*и, е*/ и пред /*ј*/ тој се неутрализира во корист на /*л'*/, сп. *дол, 'долу, 'долно* : *'дол'ен, мал, 'мала, 'мало, 'малу, 'малку* : *'мал'и, 'мал'е-чок, 'мал'и̯от.*

2.2.3.3. Вибрантот /*р*/ не се јавува во позициите *rC-* и *CrC.*

2.2.3.4. Назалот /*н*/ пред /*к, г*/ се реализира како [*ŋ*]: *'маŋгал, 'маŋгар, г'раŋка.*

2.2.3.5. Назалниот палатал /*њ*/ не се јавува во почетокот пред предните вокали.

2.2.3.6. Согласката /*в*/ во група зад безвучен консонант и ако следи вокал се реализира како полузвучно [*в̥*]: *с'в̥ирит, с'в̥етит, с'в̥ари, тв̥ој, к'л'етв̥а.*

2.2.3.7. Фонемите /*ќ, ѓ*/ се ретки.

2.2.3.8. Веларите /*к, г*/ пред предните вокали /*и, е*/ се реализираат како [*к', г'*], сп. *'к'ило, 'к'инит, к'и'сел'ина, 'к'иснит, м'лак'и (*: *млак, млако), не 'г'ибај се.*

2.3. *Прозодија*

2.3.1. На двосложните зброформи акцентот паѓа на почетниот слог, а во трисложните и во повеќесложните е фиксиран на третиот (односно на третата мора) од крајот, сп. *п'ланина – пла'нината – пла'нињено.*

2.3.1.1. Во случаите како: *нап'ра:та (направата), не'го:то (неговото), И'л'и:ца (Ил'иица* : *Ил'ија), о'де:шти* и слични акцентот исто така стои на третата мора, бидејќи секвенците од два исти вокала, кои се реализираат како долг вокал, ги задржале двете мори. Ова се однесува и за вокативните форми кај личните имиња од типот *Ста'мено:, Сто'јанке:,* во кои крајниот вокал се удолжува.

2.3.1.2. По ист принцип се врши акцентирањето и на повеќесложните зброформи во кои поодделни двочлени вокални групи се стегнале во еднносложни дифтонзи (дифтоншки секвенци), но ја задржале должината од две мори. Така

се објаснува акцентирањето во следниве случаи: *ко'л'еі̯нца (кол'еница), и'каі̯ца (икавица), бого'роі̯ца (богородица), по'лоі̯на (половина), бре'гоі̯те (бреговите), пер'дуі̯те (пердувите), из'міени (измиени), ку'мисі̯а (комисија), суд'і̯ата (судијата), копр'і̯ана (копривана), пе'сокл'і̯а (песокл'ива), зе'л'енеі̯от (зел'ениот), зап'і̯ал'е (запеал'е), чер'і̯ата (черевата), нег'вата (неговата), дед'вата (дедовата).*

2.3.2. Акцентски целости се образуваат како и во другите западномакедонски села. Но треба да се истакне уште и следната констатација. Овде акцентот се пренесува врз предлогот и во предлошки синтагми со сопствено име како во случаите: *(Дојде) 'от-Стругаф, (г-опре) 'на-Вишни.* Овде е позначителен и бројот на примерите кога акцентот се пренесува и врз предлогот *со,* сп. *'со-рет.*

Во целостите со глагол особено се чести составите од типот: *та'ка-беше, ни-бе'ше-страф, не-'је-тука, не-'су-седан 'овде,* и др.

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

### 3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните вокали во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у* : *син*

*е* < *ь̥* : *ден, 'тесен, 'пал'ец*

< *ę* : *'л'едина, 'месец, рет – 'редот,* и во група со /*н*/ во *ден'тел'ина*

< *ě* во сите позиции*: 'бегат, век, цел, 'цена*

< секундарниот $ъ_2$ пред крајното /*р*/: *'бистер, 'ветер, 'јäдер, 'итер*

< секундарно во групата *чере-* во примери како *'черел, 'черешна, 'чері̯о (черево)*

< *а* со асимилација во *е'ребица, 'есен (јасен)*

< **ǫ* во неакцентирана позиција: *ке'дел'ата, 'по-зеби* (в. 2.1.7.4.)

*ä* < **ǫ* зад нелабијална согласка во коренска морфема под акцент: *г'рäди – г'рäдите, г'нäсен, 'гäзер, 'гäжва, дäп, 'дäбот, дрäк, 'зäби, 'јäтка, 'јäдица, 'јäже, 'јäжица, 'јäток, се 'кäпит, 'кäдел'а, 'кäкл'ица, 'кäпинка, 'кäсај, 'кäтник, кäт, 'кäсат, 'сäдоі̯, сäк – 'сäкот, 'сäжен, с'тäпало, 'сäбота, ст'рäга, 'рäка, 'рäкаф, 'рäкатка, трäт, 'тäга, 'тäтнеш, 'тäтнит* (в. 2.1.7.4.).

< **ę* во секвенцата **ję* : *'äдер, 'äзик, 'äзиче, 'äтäрва, 'äтка, 'äчмен, 'äнѕа, 'äчит*

< *а* зад /*ј*/ во *'äгутка (јаготка)*

< *r̥ во секвенцата /äр/ во почетокот и зад нелабијален консонант: '*äр-г̄а, äрш, 'äржан, äрт̄, 'г̄äрло, 'г̄äрне, 'дäрво, 'зäрно, 'сäрце, 'т̄äрчит̄, 'т̄äрње*

< *l̥ во секвенцата /äл/ зад нелабијална согласка: '*кäлк, 'кäлнит̄,* или само во '*сäнце*

< турското ı во одделни случаи: '*зäбун, 'кäсмет̄*

< вокалната група -*ае*- со контракција: '*зäдно (заедно), зäк – 'зäци (заек), забо'рäна (забораена), ис'кäно (ист̄каено), знäт̄ (знает̄), 'имäт̄ (имает̄), п̄рäт̄ (п̄раеш̄ < п̄равет̄)* (в. 2.1.5.7.)

< -*ое*- во одделни случаи: *г̄'вäдо (г̄оедо < г̄оведо), г̄'вäчко* (в. 2.1.5.6.)

*а* < *ǫ во суфиксни и флексивни морфеми: '*бера* (1 л. едн. през.), '*п̄аднал, нı̯а (неа),* во неколку случаи и во друга позиција во неакцентиран слог: '*г̄олаӣ – 'г̄олаби, 'п̄онада, 'обрач, 'п̄оп̄рак – 'п̄оп̄раѕи, 'п̄ајак*

< секундарниот $ъ_2$ во '*ог̄ан, 'мокар*

< *l̥ во група со /л/ во '*малчит̄*

*å* < *ǫ во акцентиран слог зад лабијален консонант во коренска морфема, сп. '*мåжи, седи 'мåдру, 'мåт̄ен, се 'мåчит̄, п̄åт̄, 'п̄åт̄ник, 'п̄åдар, 'исп̄åдиф,* и во неколку примери зад нелабијален консонант: '*лåка, т̄'рåба* (в. 2.1.7.5.)

< секундарниот $ъ_2$ зад лабијален консонант: '*бåдник, 'мåг̄ла, 'мåг̄л'иф, 'мåска, 'мåфче*

< *r̥ зад лабијален консонант во секвенцата /åр/: '*бåрг̄у, 'мåрдат̄, 'мåрт̄оф, 'п̄åрст̄и, 'фåрл'ат̄*

< *l̥ зад лабијален консонант редовно во секвенцата /åл/: '*мåлѕит̄, 'мåлѕница, вåлк, 'вåлнен, 'п̄åлно,* и во неколку примери зад нелабијален консонант: *жåлт̄, 'жåлт̄ок, 'т̄åлчит̄, 'т̄åлчник*

< *а* во група зад /м/: '*мåмит̄, 'мåмец, 'мåшт̄ı̯а (машт̄еа)*

*о* < *ъ̥ : *дошт̄, 'бочка, 'п̄ет̄ок*

< секундарниот $ъ_2$ пред крајните /м/ и /л/: '*осом, 'седом, се'домдесет̄, 'п̄екол, 'рекол*

< *ǫ, *l̥ во секвенцата /ол/, *r̥ во секвенцата /ор/ во неакцентиран слог, сп. *мош'т̄еı̯нца, мо'жет̄ина, 'п̄оборг̄у, молѕ'нициш̄е* (в. 2.1.7.5.)

*у* < *ǫ во неколку одделни лексеми: '*г̄уска, г̄уст̄, 'кућа, 'оружје, 'ручек, сут̄, 'судı̯а*

< *w во групите **cwь̥*- и **swь̥*- : *цут̄, 'цут̄је, 'цут̄ит̄, ќе 'осунит̄, 'осунвит̄*

< секундарниот $ъ_2$ во *су (сум)*

< *о* во одделни случаи: '*убет̄ка, 'ул'ера, у'марнина, 'уг̄рı̯а 'сäнце, 'увде, 'ушт̄е, 'дури, 'докт̄ур, 'јäг̄ут̄ка, кун,* многу често и на крајот во прилозите: *м'ног̄у, 'бåрг̄у* и др.

3.2. *Консонантизам*

Консонантите /*j, м, н, њ, р, п, б, т, д, ц, ѕ, с, з, ч, ш, ж, к, г*/ потекнуваат од соодветните гласови во појдовниот систем. Освен тоа:

*j* < *l′ епентетско во одделни случаи: *'земја, 'јавјат, 'направјат*

< *и* зад друг вокал: *с'наі̯ (снаи), во'деі̯нца (воденица), т'роі̯ца (троица), 'лоі̯т (лоит* < *ловит)* (2.1.5.5.)

< *е* во групата *-ае-* кај броевите: *еди'најсет, д'вајсет* (2.1.5.7.) и во групите *-еа-, -ео-* : *стрі̯а (стреа), дрі̯о (дрео* < *древо), 'л'і̯онка (л'еонка)* (в. 2.1.5.5.)

< хијатско во одделни случаи, сп. *ви'јул'ица, 'л'ијот (л'иот* < *л'ивот), п'реје (прее* < *преѓе)*

< *ø* како протеза: *'јäток, 'јäжица*

< аналошко кај глаголите од типот *'издивјат, се г'лавјат, 'обувјат, п'respивјат* (: *јавјат, оздравјат, понавјат)*

*л* < *l со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *j*

< *l̥ во група со /*ä*/, /*å*/ и /*a*/: *'гäлтат, 'вåлна, 'малчит*

*л'* < *l′ : *кл'уч, 'л'утит*

< *lь : *сол', жал', 'бол'ка, 'мол'ба*

< *l во позиција пред предните вокали и пред *j*

*р* < *ŕ : *'море*

< *r̥ во група со /*ä*/ и /*å*/: *тäрн, 'пåрсти* (в. 2.1.7.4., 2.1.7.5.)

*м* < *б* во секвенцата *-бн-* : *'демнит, 'земнит*

< *в* во секвенцата *-вн-* : *мнук, 'рамно* (2.2.2.9.)

*н* < *њ* пред преден вокал на почетокот: *'него, 'нива*

*њ* < *nь̯j : *'тäрње, 'јадење*

< *јн* во одделни случаи, сп. *'вуња (вујна), ња* (< *нја* < *неа)*

*ф* < *хв* : *'фаштат, 'фåрл'ат*

< *х* во одделни случаи: *'кожуфи – кожуф, 'мафнит*

< туѓо: *'фурна, 'фитил'*

< ономатопејско: *'фучит, 'фåрчит*

*в* < *w

< *ø* (како протеза) во: *'вујко, 'вуња*

< *х пред консонант: *'евла, з'дивна, 'мувла*

< хијатско во: *'мува, 'руво, 'сувар*

< *о* во секвенците *-оа-, -ое-*, сп. *квач (коач* < *ковач), тва (тоа), чвек (чоек* < *човек), г'вäдо (гоедо* < *говедо), к'вефне (коефне)* (в. 2.1.5.6.)

*т* < *t′ во група со *ш (шт)* : *'горешта (вода), в'реште, с'ношти, се'че:шти, п'лаштат*

< со епентеза во групата *ср* : *ст'ребро, страф*

*д* < *d´ во група со *ж (жд)* во одделни случаи: *'вежда, п'режда, 'виждат*

< со епентеза во групите *зд, жд,* сп. *здрак, здрел, жд'ребе,* и на морфемската граница: *'издречит (изречит), 'издрi̯ет (изриет), безд'работа (безработа)* (в. 2.2.2.6.)

*ц* < **č* во групите **čr̥-*, **čvr̥-* : *'цäрно, ц'вäрсто*

< *с* во групата *пс* : *пци, п'цојсан, п'цалвит, 'вапцат, 'тепци̯а,* како и место *-тс-* во примери од типот *б'рацки (братски), 'богацтво (богатство)* (в. 2.2.2.4.)

*ѕ* < **ʒ* : *'ноѕе, 'бел'еѕи, в'раѕи, д'руѕи*

< *з* во групите *зв, нз, зр, лз* : *ѕвер, 'мунѕа, 'мунѕосан, 'наѕрит, 'солѕа, 'мåлѕит* (в. 2.2.2.7.) и во соседство со /*д*/ како во: *'оѕади,* покрај *'оѕеми, се-'оѕива* (2.2.2.4.), и во одделни случаи пред вокал: *ѕист, 'ѕаден*

*ч* < *ш* во групите *пш* : *п'чеi̯нца, п'ченка, шк* : *ч'кäртат,* и место *-тш-* во примери како *'печес (петшест)*

*џ* < *ж* пред деминутивниот суфикс *-е* : *к'нице, 'ноце, 'полоце, 'роце, с'тоце*

< *ж* во групите *лж* : *'олџица, 'полџаф,* и *жв, жг* : *џ'вакат, џ'гурат,* и во одделни лексеми пред вокал, сп. *м'ноџит, 'џежок*

< туѓо: *џам, 'оџа*

*ш* < **t´* во група со *т (шт)* : *в'реште, 'гашти, 'л'ешта, 'мåшти̯а, п'раштa, с'вешта, п'л'ешти, ја'де:шти, 'фаштат,* или само: *'гашник, 'мошне, 'ношви, 'пешник, с'вешталник*

*ж* < **d´* во група со *д (жд)* : *'вежда, 'межда, п'режда, 'сажди, 'чужди, 'виждат, 'рождат,* или само: *'межник*

*ќ* < **t´* во одделни лексеми и морфеми: *'веќе, 'некит, ноќ, 'ноќеска, 'куќа, 'поќе (повеќе), ќе, 'ќерка, 'божиќ*

< **tьj* : *б'раќа, п'рол'еќе, 'рабоќе, ц'веќе*

< *кј* во вакви случаи: *'јаќот (јакјот < јакиот), 'раќа (ракја < ракиа)*

< туѓо: *ќеф, 'ќоше, 'ќотек, ќор, 'ќумур*

*ѓ* < **d´* во одделни лексеми: *'äрѓа, 'äргоса, 'меѓу, с'веѓере, та'куѓере, г'раѓани, о'риѓанец*

< **dьj* : *'лаѓа, 'л'иваѓе, 'л'уѓе, 'воѓе, 'виѓе*

< *гј* во случаи од типот: *б'лаѓот (благјот < благиот), с'мäрѓа (смäрдја < смäрдеа)*

< туѓо: *'ѓакон, 'ѓердан, ѓол*

3.3. *Прозодија*

3.3.1. Дистинктивната функција на акцентот е отклонета со неговото фиксирање опишано во 2.3., со исклучок на примерите приведени во 1.3.2.

3.3.2. Настанале нови фонетски должини со контракција (в. 2.1.5.2.) и со компензација (в. 2.1.5.4.–6.).

3.4. *Губење на одделни гласови*

3.4.1. Вокалите во проклитичките зборови можат да се загубат ако следната зборoформа почнува со вокал, сп. *м-'однесе (ме-), т̄-'удри (т̄е-), г̄-'одведе (г̄о-), ј-'ост̄аі̯ (је ост̄ави), с-'удри, с-ос'т̄аі̯л'е (се ост̄авил'е),* како и во случаи од типот: *уш̄т̄-'едно (уш̄т̄е-), дур-'оі̯т̄ (дури одит̄), п̄-'еден-збор (п̄о-), н-'уг̄оре (на-), н-'удолу (на-), ќ-'ода н-'орање (ќе ода на орање).*

3.4.2. Од појдовниот консонантски систем се загубила фонемата /х/. Наполно таа се загубила на почетокот на зборoформите и во интервокална позиција, сп. *л'еп̄, рен, 'арно, 'оро, с'на: (снаа), ст̄рі̯а (ст̄реа), т̄ро: (т̄роа).*

3.4.3. Сонантот /ј/ редовно се губи на почетокот пред вокалот /е/: *'еден, 'есен.* Во интервокална позиција се загубил готово во сите случаи во соседство со предните вокали /*и, е*/, сп. *з'ми: (змии), з'мио (змијо), броі̯т̄ (броит̄), 'измі̯ен (измиен), нап̄'і̯еме (нап̄иеме), п̄і̯ач (п̄иач), 'суді̯а (судиа < судија), ні̯а // ња (неа), 'п̄і̯е: (п̄иее)* и др.

3.4.4. Консонантот /*в*/ често се губи во интервокална позиција, особено во соседство со вокалот /*о*/, сп. *'л'ебоі̯ (л'ебови), 'дäбо: (дäбово), п̄о'лоі̯на (п̄оловина), 'оздраі̯т̄ (оздраит̄ < оздравит̄), 'биол, 'чері̯о (черево), квач (ковач), чвек (човек),* и редовно се губи во суфиксите *-вски* и *-ст̄во,* сп. *'П̄ет̄рески, 'т̄ет̄оски, 'царст̄от̄о, д'руг̄арст̄о* покрај *д'руг̄арсво,* и во други одделни случаи, сп. *'сешт̄о, 'т̄ел'иѕи (т̄евл'изи).*

3.4.5. Во интервокална позиција во одделни случаи се губат и некои други консонанти (*д, с, ж, г̄, м*), сп. *бог̄о'роі̯ца (бог̄ородица), п̄о'не:лник (п̄онеделник), г̄л'і̯ач (г̄л'едач), д'вајсет̄ (двадесет̄), кä (кäде), 'даі̯т̄ (дадит̄), 'јаі̯т̄ (јадит̄), 'оі̯т̄ (одит̄), п̄'ре:чит̄ (п̄ресечит̄), 'не-моі̯т̄ (не можит̄), сі̯а (сег̄а), 'некваш (нeког̄аш), п̄'реје (п̄рег̄е), п̄'ре:ска, п̄'рејеска (п̄рег̄еска), 'зеј-г̄о (земи г̄о), т̄'роі̯чка (т̄рошичка).*

3.4.6. Согласката /т̄/ се губи во групите *-шт̄н-, -ст̄н-,* сп. *'г̄ашник, 'ношви, 'п̄ешник (: г̄ашт̄и, п̄ешт̄), 'п̄осно (: п̄ост̄),* поретко и во крајните групи *-ст̄, -шт̄,* на пр.: *'радос, 'бол'ес.*

3.5. *Мет̄ат̄еза*

Со извршена метатеза редовно се јавуваат следниве примери: *све, с'веедно, г̄'ројзе, 'лојзе, 'финцал,* потоа именските образувања на *-ница (> инца > і̯нца)* од

типот *во'дӗи̯нца (воденица), ка'л’еи̯нца (кал’еница), о'раи̯нца (ораница), 'п̄аи̯нца (п̄аница), г̄'раи̯нца (г̄раница),* како и *'кои̯ст̄е (козит̄е), бе'л’еи̯ст̄е (бел’езит̄е).*

# 9. ЛАЗАРОПОЛЕ

ЛАЗАРОПОЛЕ, порано општина Дебар, денеска Ростуше.

Западно наречје, западни периферни говори.

ОЛА 90, МДА 69.

Населбата се наоѓа на планината Бистра, на надморска височина од 1.300 м. Во 1961 год. таа имала 720 жители, православни Македонци. Населението се занимавало главно со сточарство. Имало осмолетка. Денеска населбата е речиси потполно раселена.

Населбата прв пат се спомнува во XVI век.

## 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | | *у* |
| *е* | | *о* |
| | *а* | |

1.1.1. Функција на силабема вршат и /*р̥, л̥*/ (в. 2.1.7., 2.1.8.).

1.2. *Консонантизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л’* | *р* | *н* |
| *ј* | | | *њ* |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *п* | *б* | *ф* | *в* |
| *т* | *д* | | |
| *ц* | | *с* | *з* |
| *ч* | | *ш* | *ж* |
| *ќ* | *ѓ* | | |
| *к* | *г* | | |

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите силабеми можат да бидат акцентирани.

1.3.2. Акцентот е фиксиран на третиот слог (мора) од крајот во трисложните и во повеќесложните зборoформи, односно на вториот од крајот во двосложните зборoформи.

1.3.3. Нема дистинктивни фонолошки признаци.

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Сите вокали можат да стојат на почетокот, во средината и на крајот на зборoформите.

2.1.2. Сите вокали во принцип можат да стојат во група со секој, сп. /*аи*/: *в'лаинка*, /*ои*/: *б'роиш, с'воина*, /*ие*/: *'пиење*, /*ае*/: *'заем*, /*ое*/: *б'роеви, 'достоен*, /*уе*/: *'чует*, /*еа*/: *ст'реа*, /*оа*/: *с'ноа*, /*ио*/: *'тиок*, /*ео*/: *г'реота, к'реок*, /*ао*/: *г'раор, п'раови*, /*еу*/: *г'реум, 'меур.*

2.1.3. Обични се во овој говор и секвенци од два исти вокала, сп. *з'мии, 'чии, 'пеење, 'чеел, 'раат, 'пооди.*

2.1.3.1. Секвенцата /*ии*/ кога не е акцентирана се контрахира во долго [*и:*] без фонолошка вредност, сп. *'кути: (кутии), 'шами: (шамии).*

2.1.4. Секвенци од три вокали се ретки.

2.1.5. Вокалот /*и*/ зад друг вокал на крајот најчесто се реализира како [*i̯*]: *моi̯ (мои), п'рисоi̯ (присои).*

2.1.6. Вокалот /*о*/ во почетен затворен слог се реализира како затворено [*о̣*], сп. *го̣л, ко̣њ, 'ко̣га, 'мо̣лци, 'о̣гон.*

2.1.7. Силабичното /р̥/ се јавува во консонантските групи р̥C- и Cр̥C : *р̥ѓа, р̥ш, 'цр̥но, 'ср̥на.* Во соседство со вокал е можно само на морфемската граница со префикс во случаи како *'зар̥ѓаш, п'рер̥ти, п'рир̥ска.*

2.1.8. Силабичното /л̥/ се реализира во групата Cл̥C, сп. *'бл̥ва, 'бл̥скош, вл̥к, 'дл̥го, жл̥ш, 'јабл̥ко.*

2.1.9. Зевот понекогаш се отклонува со вметнување на гласовите /ј/ и /в/, сп. *'шејесеш, ѓ'руваш, 'мува, 'пазува.*

2.2. *Консонантизам*

2.2.1. Сонантите и безвучните опструенти можат да стојат во сите позиции на збороформите – на почетокот, во средината и на крајот.

2.2.2. Звучните опструенти не можат да стојат на крајот на збороформите.

2.2.3. Освен тоа звучните не можат да стојат пред безвучните, а безвучните пред звучните опструенти.

2.2.3.1. Едначењето по звучност се врши и на составот на префикс со коренска морфема, како и меѓу одделни збороформи во акцентски групи, сп. *се з'ѓои, рас'товари, 'наш-порши, 'под-вода, с'ред-река.*

2.2.4. Консонантски групи.

2.2.4.1. Почетна група од два сонанта е можна само ако е прв нејзин член /м/: *м'јаукаш, мрак, м'ноѓу, млак.*

2.2.4.2. Сонантите /*м, н, њ, л, л', ј*/ на почетокот не се јавуваат во група со опструент.

2.2.4.3. Од опструентите најмногу ограничувања во дистрибуцијата во консонантски групи покажуваат денталите.

Плозивите /*ш, д*/ не можат да стојат во секвенците *шш (> шч)* и *жд (> жџ > ж),* сп. *'вешчица, 'ѓушчер, к'л'ешчи, 'пишчиш, шчо, 'дожош, 'дожови.*

Во група пред /*с, з*/ на морфемската граница тие се слеваат во африкатите /*ц, ѕ*/, сп. *'оцол'и (ошсол'и), 'оцече (ошсече), 'оцпреди (ошспреди), 'поцеши (пошсеши), с'рецело (срећ село), 'поценка (пош сенка), 'поѕина (подзина), ќа 'поѕемеш (подземеш),* а со /*ш, ж*/ во истата позиција даваат /*ч ,џ*/: *'печес (пешшесш), на'џивееш (надживееш).*

2.2.4.4. Фрикативните /*с, ш*/ не се јавуваат во група зад /*п*/ на почетокот *(пс > пц, пш > пч)*: *пци, п'цуеш, п'цовисај, п'цалшир, п'ченица, п'ченка, п'ченкарно (брашно).*

2.2.4.5. Исто така /*с, ш*/ не можат да стојат пред африкатите /*ц, ч*/ на морфемската граница во вакви случаи: *ѓ'луфци, 'мафца, 'мефце, п'рафци (< ѓлусци, масца, прасци), 'вофче, 'мофче, 'кофче, 'обрафче, 'појафче, к'лафче, к'руфче, 'чафче (< восче, мосче, обрасче, крушче, чашче).*

2.2.4.6. Согласката /в/ не може да стои во групата *-вн- (> мн),* освен во одделни случаи поради фонетско-семантички пречки, сп. *мнук, г̄'ламна, г̄'ламница, п̄'л'емна, 'одамна, 'рамно, 'рамница.* Исто така и групата *-бн- (> мн)* е необична, сп. *'демнет̄, 'земнет̄, 'симнет̄.*

2.2.4.7. Групите *ср, зр, жр* се отклонуваат со вметнување на соодветен дентален плозив, сп. *ст̄'реда, ст̄'река́, ст̄'ребро, здрел, зд'реет̄, 'ноздри, жд'ребе.*

2.2.4.8. Од завршните консонантски групи не се можни *-ст̄* и *-шт̄,* сп. *л'ис, мас, мос, п̄ос, п̄р̥с, чис, 'п̄акос, брош, дош, веш, п̄риш.*

2.2.4.9. Кај тричлените и повеќечлените консонантски групи, кои инаку не се бројни, се избегнуваат оние што се составени од фрикативните /*с, ш*/ + *т̄* + преграден опструент, како на пример: *'п̄осно, 'радосни* (: *п̄ост̄, радост̄*)*, 'мошне,* потоа групите *-здн-, -ждн-,* сп. *'нужно.* Во *'л'исје, г̄'ројзе (< г̄розје)* се работи за понови преобразувања спрема *л'ис, г̄роз (г̄рос).*

2.2.4.10. Не се забележани секвенци од два еднакви консонанта.

2.2.5. Одделни консонанти.

2.2.5.1. Сонантот /*ј*/ не може да стои пред вокалот /*е*/ на почетокот на зборoформите, сп. *'еден, 'ел'ен, 'есен.* Во интервокална позиција пред предните вокали може да се сретне факултативно, сп. *'мо(ј)е, 'раки(ј)а.*

2.2.5.2. Назалното /*њ*/ не може да стои пред предните вокали на почетокот, сп. *'нег̄о, 'нива.*

2.2.5.3. Сонантот /*л*/ не може да се јави пред предните вокали и пред /*ј*/, сп. *'бел'и* : *бел, 'бела, 'бело, 'белко.* Во овие позиции доаѓа до неутрализација со изговорот на фонемата /*л'*/, сп. *'бел'и* (мн. од *'бел'а*) : *'бел'и* (мн. од *бел, -а, -о*).

2.2.5.4. Сонантот /*р*/ се јавува во соседство барем со еден вокал.

2.2.5.5. Согласката /*з*/ во групата *-дз-* на морфемската граница се реализира како [*ѕ*], сп. *'п̄о$^{д}$ѕина* // *'п̄оѕина (п̄одзина).*

2.2.5.6. Согласката /*ж*/ во групата *-дж-* на морфемската граница се реализира како [*џ*], сп. *на$^{д}$џивеет̄* // *на'џивеет̄.*

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Правилото за третосложното акцентирање важи и за т.н. акцентски целости. Има две групи акцентски целости – со именка (заменка) и со глагол.

2.3.1.1. Именките акцентска група образуваат со атрибутските зборови (придавките, заменките, броевите, именките), сп. *ст̄а'ра-мајка, п̄раз'на-врека́, женс'ко-дет̄е, сег̄ашно'во-време, секо'ја-вечер, наши'ве-л'уѓе, со две'т̄е-роци, бес 'п̄ет̄-п̄ари,* потоа со предлозите: *'бес-п̄ари, 'во-вода, 'до-куќа, 'за-нег̄о, 'зат̄-куќа, ме'ѓу-нивје, 'на-вода, п̄'ри-роци, 'от̄-цр̥коф, п̄ре'ку-река.* Од овој акцентски принцип се отстапува само кога се сака нешто посебно да се истакне, со што се на-

рушува природниот ритам, и во такви случаи акцентот не се пренесува од именките на претходниот збор, сп. *(ми се роди) 'женско 'деше (не мошко), (куйиф) д'ва-'л'еба (не ш'ри), (ше вика) на-'ручек (не на 'вечера).*

Акцентот не се префрла врз предлозите и кога е именката членувана, што само по себе подразбира и истакнување нејзино, сп. *йош-'йошош, во-'вирон,* како и во оние случаи кога предлогот со именката не се во прилошка функција, сп. *'куќаша е од-'дрво (: йадна 'од-дрво* – со прилошко значење).

2.3.1.2. Во глаголските синтагми со помошниот глагол *сум,* со партикулите *ќа, ќеша, би,* со кратките заменски форми во препозиција, како и со сврзниците, акцентот редовно паѓа врз глаголот, сп. *си-'дошол, беше-'дошл'е, ќа-'носиш, ќеша-'куйеф, ме-'зеде, го-'викна, да-'носиш,* или во комбинации: *ќа-им-'кажа, си-му-го-'зела, да-беше-му-го-'зел.* Ова важи и за синтагми од типот: *(шој) да-је-'жиф.*

Меѓутоа, кога во ваков вид синтагми доаѓа негацијата *не* и/или прашален збор, тогаш важи правилото за третосложното акцентирање, што значи дека акцентот се префрла од глаголот на клитиката, ако е тој двосложен, сп. *не-'си-дошол, не-бе'ше-дошол, не-'ме-зеде, не-'го-викна, не-сше-му-'го-зел'е,* но и: *не-си-му-'го-зел* (кога е глаголскиот облик едносложен). Исто и во целости со прашален збор: *кога-'си-дошол, кога-'ќа-носиш, кога-сше-'му-рекл'е.*

2.3.1.3. Кога се наоѓаат клитиките зад глагол и зад именка, тогаш важи само правилото за третосложното акцентирање, сп. *'викни-го, вик'ниште-го, земи'ше-му-го, насмеј'ше-му се, бра'шучед-му, брашу'чеди-му.*

2.3.2. Посебно треба да се истакне во овој говор специјалната интонација на крајниот слог во прашални и извични реченици, сп. *Коде-'ќа-одѝ:ш? Не-ќа-'го-земе́:ш? Е-да-'грдо́:!*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

### 3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните гласови во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у* : *бик, син*

*е* < **ь* : *'везден, л'ен, 'шенок, 'кошел, 'јарем, 'оцеш, с'вешец*

< **ě* : *'ореф, 'сенка, цел*

< **ę* : *г'реда, 'йеда, 'чедо, в'реме*

< секундарно во *чере-* : *'череп, 'черешна, 'черево*

< *а* со преглас и со асимилација во: *ˈбр̥шл’ен, ˈг̄р̥кл’ен, ˈкошере, еˈребица, ˈчел’ет̄*

*а* < **ǫ* во суфиксни и флексивни морфеми: *ˈбера, ˈсеча* (1 л. едн. през.), *ˈп̄аднат̄, ˈл’ег̄нат̄,* во одделни случаи и во други позиции, сп. *ˈг̄улап̄, ˈжелат̄, ˈп̄оп̄рак, неа, ја*

*о* < **ъ̥* : *ˈбочва, дош, ˈзолва, ˈоп̄инок, ˈп̄есок, ˈнизок*

< **ǫ* во коренските морфеми: *г̄ˈлобок, г̄нос, ˈг̄обор, г̄ˈроди, кˈлоп̄че, ˈлочит̄, ˈмока, ˈмот̄ит̄, п̄рот̄, ˈрока*

< **ę* во секвенцата **ję* : *ˈјог̄ул’а, ˈјот̄ро, ˈјот̄ка, ˈјозик, ˈјодро, ˈјот̄р̥ва, ˈјочит̄, ˈјочмен*

< секундарниот *ъ₂* : *ˈбодник, ˈлог̄а, ˈложица, ˈјаг̄онца, ˈмог̄ла, ˈмоска, ˈт̄ошча; ˈседом, ˈосом, ˈог̄он, ˈбист̄ор, ˈвет̄ор, ˈДебор, ˈдобор, ˈит̄ор, ˈост̄ор, ˈрекол, ˈп̄екол*

< *а* во секвенци со назален сонант: *ˈг̄омжа, зˈноет̄, ˈмомит̄, ˈмошчеа, сˈног̄а, сˈноа, ˈомбар,* потоа во: *ˈзоек, ˈп̄оек, ˈп̄ораш, ˈјог̄от̄ка, ˈлокот̄*

*у* < **ǫ* во одделни случаи: *вруќ, вˈруќина, ˈг̄уска, г̄уˈсеница, ˈг̄уст̄о, г̄руп̄, ˈжелудец, куќа, ˈручек, ˈсудија, сут̄, ˈп̄уп̄унец, сˈкуден, ˈут̄роба, ˈчубрица*

< **вь* во: *да ˈосунет̄, цут̄, ˈцут̄ит̄*

< *о* во завршокот -*ум* кај прилозите: *ˈвикум, ˈничкум, зˈбог̄ум, наˈзат̄г̄озум, ˈназорум, ˈист̄ум, кˈвечерум,* на крајот: *ˈкол’ку, мˈног̄у, ˈмалку,* и уште во ред случаи во други позиции, сп. *ˈваруш, ˈг̄улап̄, ˈг̄увеа, ˈдужалник, дур(и), ˈјозул, кун, ˈп̄уздер, руˈг̄узина, ˈул’ера, ˈушче*

< **l̥* во *ˈбуг̄арин, буˈг̄арија, ˈбуг̄арски*

*л̥* < **l̥* : *ˈбл̥ва, ˈбл̥скот̄, вл̥к, ˈвл̥на, ˈг̄л̥т̄ај, ˈдл̥г̄о, ˈдл̥жен, жл̥т̄, ˈјабл̥ко, кл̥к, ˈкл̥чишча, ˈкл̥нет̄, ˈмл̥зеш, ˈмл̥ња, ˈмл̥чит̄, ˈмл̥кнет̄, сˈп̄л̥зна, ˈп̄л̥жај, п̄л̥н, ˈсл̥за, ˈсл̥нце, сл̥п̄*

*р̥* < **r̥* примарно и секундарно.

3.2. *Консонант̄изам*

Консонантите /*м, н, њ, р, п̄, б, т̄, д, ц, с, з, ч, ш, к, г̄*/ потекнуваат од соодветните гласови во појдовниот систем. Освен тоа:

*ј* < **l′* епентетско во: *дˈроп̄ја, ˈземја, ˈсабја, сˈт̄авјат̄*

< *и* зад друг вокал во одделни случаи, сп. *дˈвајца, т̄ˈројца, ˈлојца (ложица), ˈмојт̄е, т̄ˈвојт̄е (моит̄е, т̄воит̄е)*

< *ø* (како протеза) пред рефлексот на почетното **ǫ,* сп. *ˈјог̄л’ен, ˈјог̄ул’а, ˈјодро, ˈјодица, ˈјоже, ˈјот̄ок, ˈјот̄ор*

< секундарно (по асоцијација со други образувања) во: *ˈил’јада, ˈневол’ја, ˈп̄ол’јак, ˈп̄ол’јанка*

*л* < **l* со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

*л'* < **l'* : *ва'л'авица, 'кодел'а, 'недел'а, 'постел'а, 'сел'анин, 'кашл'а, 'фрл'а, к'л'ука, л'ут, 'л'уѓе, 'л'ушпа, 'бил'ка, 'жел'ка, пријател'*

< **lь* и/или аналошки: *бол', жал', сол', 'жал'ба, 'мол'ба, 'кол'ку, 'тол'ку*

< **l* во позиција пред предните вокали и пред *ј*

*м* < *б* во секвенцата *бн* : *'демнет, 'земнет* (2.2.4.6.)

< *в* во секвенцата *вн* : *мнук, г'л'амна, 'одамна, п'л'емна, 'рамно* (2.2.4.6.)

*н* < *њ* во одделни случаи: *'него, 'негова, 'вишна, п'л'емна, 'пустина*

< секундарно во *'трпенза*

*њ* < **nьј* : *трње, п'ланиње, 'сирење, мл̥ња, 'сања, 'дечиња*

< *јн* во *'вуња (вујна)*

*ф* < *хв* : *'фал'ит, 'фаќат, 'фрлат*

< **х* на крајот и пред консонант: *врф, влаф, враф, граф, праф, 'сиромаф, страф, ниф, греф, меф, 'ореф, 'задуф, 'кожуф, 'очуф, 'рекоф; 'буфтат, 'кифна, 'мафна, 'нифни, 'пафти, 'тифко, 'рекофме, 'рекофте*

< *с, ш* пред африкатите /*ц, ч*/ на морфемска граница: *'мафца, 'мефце, п'рафци, 'гуфче (гуска), 'мофче, к'руфче, 'пуфче (пушка)* (2.2.4.5.)

< *в* зад фрикативен безвучен консонант: *сфат, сфаќа, сфињар, сфршен*

< туѓо: *фес, 'фурна*

< ономатопејско: *'фучит, 'фркат*

*в* < **w*

< *ø* (како протеза) во: *'вујко, 'вуња*

< хијатско во: *'мува, 'пазува, 'руво, 'суво, 'уво* (2.1.9.)

*т* < секундарно во групата *-ср-* : *ст'рачка, ст'ребро, ст'реда, ст'реќа* (2.2.4.7.)

*д* < секундарно во групите *зр, жр* : *здрак, здрел, 'ноздри, 'наздри, жд'ребе* (2.2.4.7.)

*ц* < **č* во групите **čr̥-* и **čvr̥-* : *црн, 'црвен, ц'врсто*

< *с* во групата *пс* : *пци, п'цуиет, тс* : *б'рацки, ст'рецело, 'оцпреди, 'поцедлај* (2.2.4.4.)

*з* < **ʒ* : *з'везда, 'нози, б'лази*

*ч* < *ш* во секвенцата *пш* : *п'ченка, п'ченица* (2.2.4.4.)

< *т* во групата *шт* : *'гушчер, к'л'ешчи, шчо*

< *тш* во *'печес, пе'честина* (2.2.4.3.)

*ш* < **t'* во група со *ч (шч)* во одделни лексеми: *'л'ешча, 'лошчика, 'мошчеа, 'пешчера, с'фешчалник,* или само: *'гашник, 'мошне, 'пешници, п'л'ешка, 'помош, по'мошница, си'ношница*

*ж* < *d′ во одделни лексеми: *'межник, по'напрежен, п'режа*

< во туѓи лексеми: *'ажија, а'жамија, жам, 'жамиа, жеп, 'жубе, 'ожа*

*ќ* < *t′ : *'божиќ, 'веќе, вруќ, в'руќина, гаќи, 'домаќин, п'луќа, 'меќава, моќ, ноќ, 'ноќа, п'л'еќи, с'фаќа, с'феќа, ст'реќа, 'синоќен, 'ќерка, 'ќа, 'ќеша, 'веќават, в'раќат, п'лаќат, п'раќат, 'фаќат, 'неќеш, се'дееќи, со'поќанец*

< *tь̯j : *б'раќа, б'руќе, в'раќе, п'роќе, 'рабоќе, т'реќи, ц'веќе*

< туѓо: *'бубаќ, 'шеќер*

*ѓ* < *d′ : *'веѓа, зг'раѓа, г'раѓа, г'раѓанин, 'меѓа, п'реѓа, 'р̥ѓа, 'саѓи, та'коѓере, 'туѓо, 'туѓина, 'виѓат, 'гаѓат, 'паѓат, 'раѓат, 'досаѓат, о(ф)'риѓанец*

< *dь̯j : *'воѓе, г'реѓе, 'лаѓа, 'л'иваѓе, 'лобоѓе, 'попаѓа*

< туѓо: *ѓол, 'еѓупци, 'кауѓер, 'маѓија, 'панаѓур*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиле од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни како резултат на регресивна асимилација.

3.2.2. Безвучните се добиени од звучните и на крајот на збороформите, сп. *л'еп (: л'ебот), лат (: ладот), нош (: ножот)* итн.

3.3. *Прозодија*

3.3.1. Дистинктивната функција на акцентот е отклонета со неговото фиксирање опишано во точката 2.3.

3.3.2. Нови фонетски должини настанале со контракција на вокалите (в. 2.1.3.1.).

3.4. *Губење на одделни гласови*

3.4.1. Вокалите често се испуштаат во проклитичките зборови кога следната збороформа почнува со вокал, сп. *ј-'отепа (ја-), г-'изеде (го-), с-'изми (се-).*

3.4.2. Фонемата /*х*/ наполно се загубила на почетокот и во интервокална позиција, сп. *'арно, 'есап, 'одит, 'ул'ит, л'еп, рен, г'реота, 'л'еа, 'меур, 'мошчеа, 'раат, с'ноа, ст'реа, 'чеел.*

3.4.3. Сонантот /*ј*/ редовно се губи пред /*и*/, сп. *б'роиш, с'тоит, п'рисои, 'некои, 'чии, з'мии,* зад /*и*/ во заповедниот начин: *пи, спи, 'пите, 'сошите,* пред суфиксот *-ски* во примери како: *а'рамиски, ис'ториски.* Исто така тој се губи и пред вокалот /*е*/ на почетокот: *е'ребица,* а доста често и во интервокална позиција (пред *е*), сп. *б'роеви, 'заема, пе'еќи, 'сееш, 'пиеше.*

3.4.4. Од опструентите во повеќе позиции се губи /*в*/: во групите *-вск-* и *-ств-*, сп. *Бра'диноски, 'тетоски, 'кумсто, 'царсто* покрај *'царсво, с'тори (створи),* потоа зад /*с*/ во заменските облици *'сиот, 'секој, 'сето,* пред /*т*/ во

*'ͳорник,* во секвенцата *вз-* на почетокот во *'зеде, 'земаͳ,* на крајот во изразот *'жи-ми 'очиве (жив-ми).*

3.4.5. Согласката /*ͳ*/ се губи на крајот во групите *-сͳ, -шͳ,* сп. *мас, ӣос, 'радос, дош, ӣриш,* потоа во групата *-сͳн-* : *'радосно, 'ӣосно,* во *-шͳн-* : *'ѓашник, 'мошне, ӣо'мошница,* како и во секвенцата *-сͳј-* : *'л'исје, 'расје* и пред /*д*/ во *с'веден (свеͳ ден).*

3.4.6. Во по неколку случаи се губат и консонантите /*д, ж*/, сп. *иди'наесеͳ, два'наесеͳ, д'ваесеͳ, ͳ'риесеͳ, к'лаенче,* во глаголите сложени со *иде* : *'дојеш, ќа 'на(ј)еͳ,* во лексемата *'Пеͳровен (Пеͳровден); 'лојца (ложица), 'моеше (можеше).*

3.5. *Меͳаͳеза*

Метатеза е извршена во заменскиот корен **wьs-* : *'сиоͳ, се, 'сево, 'сеͳо, 'сиͳе, 'созима, 'секој, 'секоѓа* (со загубено *в*), во групата *-зј-* : во *'лојзе, ѓ'ројзе,* потоа во лексемите: *о'ломнани (ономлани), 'чеӣурка (ӣечурка), 'авјар (ајвар), з'боврит (зборвиͳ).*

## 11. РАДОВИШ

РАДОВИШ, општина Радовиш.

Југоисточно наречје, штипско-струмичка група говори.

ОЛА 103, МДА 226.

Во 1961 год. градот имал 6.246 жители, од кои 5.183 православни Македонци, 39 Срби, 5 Хрвати, 5 Црногорци, 7 Југословени (неопределени), 529 Турци, 2 Албанци... Населението се занимава со земјоделство и занаетчиство. Соседен поголем економски центар е Штип. Во градот работи осмолетка и гимназија.

Населбата прв пат се спомнува во XI век.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ӑ* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.1.1. Функција на силабема врши и /*р̥*/ (2.1.5.).

1.2. *Консонант̄изам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л*’ | *р* | *н* |
| *ј* | | | |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *п̄* | *б* | *ф* | *в* |
| *т̄* | *д* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *ќ* | *ѓ* | | |
| *к* | *г̄* | *х* | |

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите силабеми можат да бидат акцентирани. Неакцентираните вокали се изговараат нешто пократко од акцентираните.

1.3.2. Акцентот е слободен и морфолошки стабилизиран во парадигмата.

1.3.3. Како дистинктивен признак акцентот се користи кај глаголите во аористот и презентот, сп. *ви'ка* (3 л. едн. аор.) : '*вика* (3 л. едн. през.), и аор. и имперф.: *ви'ках* (1 л. едн. аор.) : '*виках* (1 л. едн. имперф.), *ви'каа* (3 л. мн. аор.) : '*викаа* (3 л. мн. имперф.). Сп. уште: '*др̥вен* (адј. од *дрво*) : *др̥'вен* (*н*-парт. + ‘тепан со дрво’), '*видело* (субст.) : *ви'дело* (*л*-парт. с.р.).

1.3.4. Должините добиени со компензација по загубата на /*х*/ пред консонант не се фонолошки релевантни (2.1.3.1.).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ можат да стојат во почетокот, во средината и на крајот на зборoформите.

Вокалот /*ӑ*/ не може да се јави на крајот, а многу е редок и на почетокот, сп. *ќе 'ӑцне (< хл̥цне).*

2.1.2. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ во принцип можат да стојат во група секој со сите, сп. /*еи*/: *д'реи*, /*аи*/: '*каиш*, /*ои*/: '*мои*, /*уи*/: '*буи;* /*ие*/: '*п̄ие*, '*чие*, /*ае*/: '*заец*, *з'нае*, /*ое*/: '*мое*, *с'т̄ое*, /*уе*/: *ќе 'чуе;* /*иа*/: *з'миа*, *ж'ниат̄*, /*еа*/: '*сеам*, *ст̄'реа*, '*беа*, /*оа*/: '*моа*, '*соа*, *б'роат̄*, /*уа*/: '*буа*, '*муа;* /*ио*/: '*нискио*, /*ео*/: *г̄'реове*, /*ао*/: *с'нао*, /*уо*/: '*суо*. Во материјалот нема примери со вокални секвенци со /*у*/ како втор член.

2.1.3. Обични се во овој говор и групи од по два исти вокала, сп. /ии/: *з'мии, з'миичка, 'чии,* /ее/: *з'рее, ќе за'пее, 'неен,* /аа/: *'јаа, с'наа, 'таа, зе'маа,* /оо/: *сл'епо-'очница,* /уу/: *'јуурт (јогурт).*

2.1.3.1. Има тенденција да се разложат во групи од два вокала и оние вокали што се удолжиле како резултат на компензација по губењето на /х/ пред консонант, сп. *'беeме (< бе:ме < бехме), маа'на (< ма:на < махна), тии'на (тихна), дуу'на (духна).*

2.1.4. Вокалот /и/ во позиција зад друг вокал по правило се пази неизменет со исклучок во неколку случаи каде што може да се чуе и како [i̯], сп. *'моi̯те, т'воi̯те, с'воi̯те.*

2.1.5. Силабемата /р̥/ се јавува во секвенците *р̥С-, Ср̥С,* сп. *'р̥ѓа, цр̥н.* Во соседство со вокал може да се сретне само на морфемската граница со префикс: *'зар̥ѓа,* и во случаи каде што се загубило /х/ како во *'вр̥о, 'вр̥ове.*

2.2. *Консонантизам*

2.2.1. Сонантите и безвучните опструенти можат да стојат во сите позиции на зброформите – на почетокот, во средината и на крајот.

2.2.2. Звучните опструенти не можат да стојат на крајот и пред безвучен опструент, а безвучните не можат да стојат пред звучните.

2.2.2.1. Едначењето по звучност се врши и на составот меѓу префикс и коренска морфема, како и меѓу одделни зброформи во една акцентска единица, сп. *з'бере-се, расто'варе, пот'к'ине, пот-'пат, под-б'рего.*

2.2.3. Консонантски групи.

2.2.3.1. Консонантски групи од два исти консонанта се ретки. Констатирани се *-нн-, -тт-, -јј-,* сп. *посин'ник (посиненик), в'ратта (вратата), 'нај'јак.*

2.2.3.2. Почетна група со два сонанта е можна само кога е прв нејзин член /м/: *м'л'еко, м'рава.*

2.2.3.3. Сонантите, со исклучок на /р/, на почетокот на зброформите не се јавуваат во група со опструент.

2.2.3.4. Од другите ограничувања во почетокот од дијалектен аспект треба да одбележиме дека плозивот /п/ не може да стои пред африкатите /ц, ч/, сп. *'цето, 'чела, че'ларник, че'ница, чи'ничка (пцето, пчела, пченица).* Во одделни случаи се одбегнуваат и групите *вд-, вч-, мн-* : *до'вец, 'чера, 'ного (вдовец, вчера, многo).*

2.2.3.5. Дентално-алвеоларните плозиви /т, д/ не можат да стојат во група зад /ш, ж/ (*шт, жд > шч, жџ*), сп. *ш'чица, ш'чурец, ш'чипка, 'гушчер, к'л'ешчи, 'нишчо, шчо // шо, прош'чава, 'дожџо.*

2.2.3.6. Согласката /с/ не се јавува во групата *пс (> пц)* : *вап'цува, теп'ци(ј)а, с'типца,* сп. и *'цета (< пцета < псета)* (2.2.3.4.).

Таа не може да стои и пред /ч/ на морфемската граница во вакви случаи: *'л'ишче (л'исче), 'ношче* (: *нос*), *об'рашче, 'пр̥шче* (: *пр̥ст*), како и во групата *-тск-* (> *цк*) : *брацки, го'вецко (месо).*

2.2.3.7. Се одбегнуваат и групите /бн/, /вн/ до колку не се јават некои фонетско-семантички пречки, сп. *'демне, 'симни го, 'дамна, о'дамна, 'огламник, о'самне, 'рамно, – фнук, ф'нуци, – 'натре* покрај *у'натре, – п'л'емја (< пл'емња < пл'евња).*

2.2.3.8. Од завршните консонантски групи не се можни *-ст, -шт (-шч),* сп. *л'ис, мас, пос, шес, дош, приш.*

2.2.3.9. Кај тричлените и повеќечлените консонантски групи не се можни оние што се составени од фрикативните *с, ш + т +* преграден опструент, како во случаите: *пл'ешка, 'радосно,* потоа во групите *-стј-* : *'л'исја,* и *-ств-* : *брасство // б'рацтво.*

2.2.3.10. Во врска со консонантските групи што имаат значење за дијалектната диференцијација на македонскиот јазик треба да истакнеме дека во овој говор се пазат плозивите /*т, д*/ пред африкатите /*ц, ч*/ на морфемската граница во случаи како *б'ратче, 'житце.*

Сп. и: *г'лусци, 'масца, 'месце; 'бикче; ф'торник, фтор; 'сестра, здраф* : *с'реда, зрел.*

2.2.4. Одделни консонанти.

2.2.4.1. Сонантот /ј/ не се јавува пред преден вокал на почетокот и во интервокална позиција, сп. *'еден, 'ежове, 'езеро, 'чие, 'пее, з'нае, 'мое, 'чуе, з'мии, по'вои.* Во другите случаи во интервокална позиција тој се јавува само кога врши морфолошка функција и кога диктираат фонетски потреби, сп. *се'јач (: 'сеам, 'сеат).* Во групата *-иа- (-ија-)* /ј/ се јавува факултативно, но најчесто и тука отсуствува, сп. *'чиа, 'к'иа, з'миа, ж'ниат,* но и: *ку'ри(ј)а, су'дија, пи'јан, пија'лăк.*

2.2.4.2. Фонемата /л/ се реализира пред заден вокал, пред консонант и на крајот, и се неутрализира со /л'/ пред преден вокал и пред /ј/, сп. *бел, 'бела, 'бело, 'белчо* : *'бел'и; зел, 'зела, 'зело* : *'зел'е.*

2.2.4.3. Вибрантот /р/ редовно се јавува во соседство барем со еден вокал.

2.2.4.4. Согласката /в/ зад безвучен консонант се реализира како полузвучно [в̥] : *св̥ој, св̥ат, тв̥ој, с'мокв̥а.*

2.2.4.5. Фонемата /ѕ/ е ретка и најчесто се јавува во група со /в/, сп. *ѕвер, ѕ'виска, ѕ'воно, ѕ'везда,* поретко и во други групи (со *н, р*): *б'ронѕа, 'јанѕа, ѕр̥'цала.*

2.2.4.6. Ретка е и фонемата /џ/; се јавува, главно, во туѓи лексеми и во морфемата *-џи(ј)а,* сп. *џам, о'џак, пен'џерка, лов'џија.*

2.2.4.7. Веларното /к/ пред вокалот /и/ се реализира како [к'] : *'к'иа, 'мајк'и, ра'к'ија, се'к'ира, см'рек'и.*

2.2.4.8. Фонемата /х/ ограничена е, главно, на крајот на збороформите, каде што е секогаш зад вокал, сп. *Влах, врах, о'рах, прах, сиро'мах, сто'мах, грех, мех, тих, них, пих, бух, глух, ко'жух, пас'тух, сух, врх,* во 1 л. едн. аор.-имперф. *бех, си'дех, пад'нах,* и само во неколку одделни случаи и во друга позиција, сп. уште: *храм, 'духовден, глух'тар, тах'тава, Стра'хил* (в. т. 3.4.8.).

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Акцентот може да стои на сите слогови со некои ограничувања на последниот отворен слог, сп. *сла'веј, кр'мак, по'ток, пр'жок, ра'сат, ви'сок, е'ден, зе'л'ен, ро'гат, дој'дох, 'орел, ја'сика, то'пола, јало'вица, се'далко, ко'л'ено; 'имела, 'јагода, 'заграда, 'л'едина, 'маќеа, 'прикаска, 'судија, 'ужина, 'вил'ица, 'кашл'ица, 'матица, ко'вачница, 'горичка, 'рекичка, 'тегавец, 'езеро, 'олово, 'сиришче, 'јаганца; 'тегавецо, 'јабуката, 'езерото, 'Ванчовица, 'вешчерица, 'катерица, 'кукавица, к'раставица, 'маскавица, 'падавица; 'катерицата, к'раставицата* и др.

2.3.1.1. На последниот отворен слог акцентот се јавува, главно, во туѓи лексеми, сп. *душе'ме, ца'де,* а од домашните збороформи: во 2 и 3 л. едн. аор., сп. *дој'де, ви'ка, ре'че,* во формите за ж. с. род. кај некои заменски зборови, сп. *ед'на, ед'но, так'ва,* и во некои прилози. Зборoформите: *височи'на, длабочи'на // дивочи'на* можат да се сретнат и со пренесен акцент: *висо'чина, длабо'чина.*

2.3.2. Друга особина на акцентот во овој говор е неговата парадигматичност, сп. *чо'век – чо'веко – чо'веци – чо'веците, зе'л'ен – зе'л'ена – зе'л'ено – зе-'л'енио // зе'л'енјо – зе'л'ената – зе'л'еното – зе'л'ени – зе'л'ените, к'равичка – к'равичката, к'раставица – к'раставицата,* кај глаголите: *'викам – 'викаш – 'вика – 'викаме – 'викате – 'викат* (през.), или: *'виках – 'викаше – 'викааме – 'ви-кааше – 'викаа,* итн.

2.3.2.1. Од претходново правило отстапува местото на акцентот во зборо-формите: *во'лови, по'пови, ро'гови* : *вол, поп, рог,* и во императивот, каде што имаме подвижен акцент, сп. *'носи* : *но'сејте, 'испери* : *испе'рејте, 'изеди* : *изе'деј-те.*

2.3.3. Парадигматичноста на акцентското место го ограничува префрлањето на акцентот и во акцентските целини. Сп. во акцентски целини со именка и предлог: *на-'вода, за-'рака,* во целости со глагол: *'он-ме-вик'на, 'ти-си-зе'мал, ќе-за'л'есе (ќе зашуми).*

Во негираните глаг. синтагми редовно се акцентира и партикулата *не,* сп. *'не-се-плашам од-'него.*

2.3.4. Двоен акцент имаат степенуваните придавки, сп. *'по'нов, 'пови'сок, 'нај-зе'л'ен,* и во некои сложенки, на пр.: *'л'ет'мара.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

### 3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните гласови во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у* : *'риба, син*

< секундарниот *ъ*$_2$ во *'огин*

*е* < **ь̥* : *ден, 'л’есен, 'пал’ец*

< **ę* : *'еза, 'едер, еч'мен, е'тр̥ва, 'заец, 'педа, 'семе*

< **ě* : *м'л’еко, 'сенка, цел, 'цена*

< *а* (со преглас) во: *к'решник, по'л’ена*

*ă* < **l̥* : *'бăсковичка, вăк, 'вăна, 'гăта, 'дăга, 'жăто, 'жăчка, 'кăне, 'кăца, 'мăзе, 'мăјна (молња), 'мăска, 'сăза, 'сăнце*

< **ǫ* во одделни случаи: *га'лăп, 'гăнка, 'гăсто, гăс'так, 'кăдраф, ед'нăч*

< место турското *ı* : *ај'гăр, бал'дăза, пија'лăк, сан'дăк*

*а* < **ǫ* : *'вадица, 'вагл’ен, 'важе, ва'ток, 'габа, 'гаска, га'зер, гасе'ница, г'ради, 'дага, дап, дла'бок // дл’и'бок, 'заби, 'каде, ка'дел’а, ка'пина, 'мажја, пат, п'рачка, рап, 'рака, 'рачка, са* (3 л. мн. од ‘сум’), *'садове, 'сабота, 'сачка, 'секаде, скап, ст'рага, ста'пало, трап, (у)'натре, 'обрач, 'пајак, 'перам, 'перат, 'беа*

< секундарниот *ъ*$_2$ : *'бадник, 'лаже, ла'жица, ла'жичка, 'магла, о'самне, цаф, 'цафте, 'осам, 'седам, сам, 'несам, 'бистар, 'ветар, 'добар, 'едар, 'итар, 'модар, 'мокар, 'мудар, 'остар*

< **ę* во секвенцата **ję* во: *ја'зик*

< **ě* во примерите: *жла'бина, о'рах – о'раси, 'цал’ина, 'цаде, ца'дилко* покрај *'цеде, це'дилко*

*о* < **ъ̥* : *'бочва, дош, ру'чок, ва'ток*

< **ǫ* во: *клоп, к'лопче, по'пок*

< секундарниот *ъ*$_2$ пред /*л*/: *'рекол, 'секол*

*у* < **ǫ* во одделни случаи, сп. *г'рубо, же'лудник, 'куќа, 'мудар, му'ќок, па'ужина, по'нуда, 'пупка, прут – п'рудо, ру'чок, сут, су'дија*

< **l̥* зад лабијален консонант во примерите: *'буа, 'Бугарин, 'јабука, јабу'кар, 'муче, му'чат, пун, пух*

< **wь* во предлогот *у* : *у 'зимото,* и во примерите *у'натре, у'дене*

< *о* во неакцентиран слог во повеќе случаи, сп. *дву'ица, тру'ица, су'фал’ка, ку'пито, ку'рито, ку'рија, уј̓де // ој̓де, 'доктур*

*р̥* < **r̥* примарно и секундарно.

3.2. *Консонантизам*

Консонантите /*j, р, м, н, п, б, т, д, ц, с, ч, ш, к, г, х*/ потекнуваат од соодветните консонанти во појдовниот систем. Освен тоа:

*j* < место епентетското **l′* : *'земја*

< *њ* со антиципација: *'бајна, 'дејна, којн, 'сирејне, 'тр̥јна*

< *и* пред членската морфема за м.р. *-о* кај придавките: *зд'рафјо, м'латјо, с'тарјо, 'цел'јо (цел'ио)*

< *е* зад друг вокал во десетичните броеви, сп. *д'вајсе, де'вејсе* и во глаг. прилог: *ви'кајќи, но'сејќи*

< **x* во: *'к'ијни, 'нијно*

*л* < **l* со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *j*

< **l′* во одделни случаи: *'вазел, крал, при'јател, у'чител, ка'дела, до'илка, учи'телка, 'мислам, шк'рапла*

*л'* < **l′* : *кл'ун, кл'уч, 'чешел'*

< **lь* : *'бол'ка, 'бил'ка, 'зел'ка*

< **l* во позиција пред предните вокали и пред *j*

*р* < **ŕ* : *'море*

*м* < *б* во секвенцата *бн* : *'симне*

< *в* во секвенцата *вн* во одделни случаи: *'дамна, о'дамна, ог'ламник, о'самне, 'рамно* (2.2.3.7.)

*н* < *њ* : *пен, тр̥'нак,* или во група со /*j*/: *'бајна, којн*

*ф* < *хв* : *'фалам, 'фаќа*

< *в* во: *фнук, ф'нуци, ф'л'езе, ф'л'ева, ф'торник*

< ономатопејско: *'фуче*

< туѓо: *фес, 'фурна*

< *х* во *'оќоф*

*в* < **w*

< *ø* (како протеза) во: *'вујко, 'вујна,* и пред континуантот на почетното **ǫ,* сп. *'вагарец, 'вагл'ен, 'вадица, 'вазел, ва'ток, 'ватор*

< хијатско во: *до'ваѓа, на'ваѓа, за'ваѓа*

*ц* < **č* во групите **čr̥-, *črě-, *čvr̥-* : *цр̥н, 'цр̥вен, цреп, ц'рево, ц'реша, ц'вр̥сто*

< *с* во групата *пс* : *вап'цува, с'типца* (2.2.3.6.)

< *-тс-* во примери како: *б'рацки, 'говецко* (2.2.3.6.)

*ѕ* < *з* во секвенцата *зв* : *ѕвер, ѕ'воно* (2.2.4.5.)

*з* < **ʒ*

*ч* < *т* во групата *шт (> шч)* : *ш'чурец, к'л'ешча, 'нишчо, 'пушчам, ог'нишче, 'сиришче* (2.2.3.5.)

*ц̦* < туѓо: *ц̦ам, боза'ц̦ија*

*ш* < *t′ во *п̄'л’ешки*

< *с* во групата *-сч-* на морфемската граница, сп. '*л’ишче, об̄'рашче* (2.2.3.6.)

*ж* < *d′ во секвенцата *жц̦* во: '*чужц̦о,* '*чужц̦и*

*ќ* < *t′ : '*веќе,* '*г̄аќи,* '*л’еќа, ма'ќеа, му'ќок, ноќ,* '*ноќе,* '*ноќви, п̄'л’еќи, с'веќа, с'веќник, с'реќа, ќе,* '*ќерка,* '*ќут̄е, в'раќа, обе'ќава, п̄'лаќа,* '*фаќа, чис'т̄оќа, но'сејќи*

< *tь̯j : *б̄'раќа,* '*г̄оске (г̄ост̄је), т̄'реќа (вечер), ц̦'веќе*

< туѓо: '*ќел’аф,* '*ќоше,* '*ќумбе, бери'ќет̄, ше'ќер*

*г̄́* < *d′ : '*вег̄́и,* '*мег̄́а,* '*мег̄́у,* '*р̥г̄́а,* '*саг̄́и, т̄у'г̄́ина, т̄у'г̄́инец,* '*п̄аг̄́а,* '*раг̄́а, до'ва-г̄́а, за'ваг̄́а, на'ваг̄́а*

< *dь̯j : '*лаг̄́а, г̄'розг̄́е (< г̄'роздје),* по аналогија после и '*лозг̄́е* покрај '*лозе*

< туѓо: '*г̄́он,* '*г̄́убре*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиени од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни како резултат на регресивна асимилација.

3.2.2. Безвучните опструенти од звучните се добиени и на крајот.

3.2.3. Во одделни случаи кај придавките безвучните консонанти се добиле и по аналогија, сп. *с'лат̄ок* (: *слат̄ка), зд'рафјо* (: *здраф), м'лат̄јо* (: *млат̄), с'лап̄јо* (: *слап̄),* '*т̄уќјо* (: *т̄уќ).*

3.3. *Прозодија*

Појдовниот прозодиски систем не претрпел поголеми фонолошки промени, но се извршени значителни морфолошки промени (2.3.).

3.4. *Губење на одделни г̄ласови*

3.4.1. Неакцентираните вокали во повеќесложните зброформи во одделни случаи можат да се загубат, сп. '*борна (борина), в'рат̄т̄а (врат̄ат̄а),* '*јарбица (јаребица),* '*п̄азва (п̄азува), п̄осин'ник (п̄осиненик), вр̥'т̄ено (врет̄ено).*

3.4.2. Неакцентираното почетно /*о*/ се испушта во: '*п̄ашка,* '*п̄инци (оп̄инци), вај,* '*ваа,* '*воа (овај,...).*

3.4.3. Последниот вокал често се испушта кај повеќе прилози, сп. *т̄ам, о'вам, п̄оло'вин.*

3.4.4. Сонантот /*ј*/ се губи редовно во почетокот пред /*е*/: '*ежо,* '*езеро,* '*ела,* и во многу случаи во интервокална позиција, сп. '*т̄аа, о'наа,* '*чии,* '*л’ее,* '*п̄ие, с'т̄ое,* '*чуе, з'миа,* '*чиа,* '*мои, п̄о'вои,* '*моа,* '*коа,* '*никоа, б̄'роат̄* (2.2.4.1.).

3.4.5. Консонантот /*в*/ се губи во одделни случаи во почетните групи *вд-, вч-* : *до'вец, 'чера,* во групата *св* во заменскиот облик *'сиѿе* (2.2.3.4.).

3.4.6. Плозивот /*ӣ*/ се загубил во почетокот во групите *ӣц-, ӣч-* : *'цеѿо, 'чела, че'ница* (2.2.3.4.).

3.4.7. Согласката /*ѿ*/ редовно се испушта на крајот во групите *-сѿ, -шѿ* : *л'ис, мос, ӣлас, чис, дош, ӣриш,* во членската морфема за м.р. *-о* : *чо'веко,* кај броевите од 11–19 и во десетиците: *иди'наесе, д'вајсе, ѿ'ријсе, де'вејсе,* потоа во групата *-ѿск-* : *б'рацки.*

3.4.8. Согласката /*х*/ се загубила на почетокот и во интервокална позиција, сп. *'рана, рен, л'еӣ, 'арен, 'оро, ḡре'оѿа, ḡ'рео, 'мео, 'меове, 'вр̥ове, 'суо, 'суа, с'наа, 'соа, сѿ'реа,* а во ред случаи и пред консонант: *мее'л'ем, 'муула (мухла), 'веене, ќе и'саане,* одн. зад консонант: *'ела (елха).*

3.4.9. Во интервокална позиција во одделни случаи се губи и /*д*/, сп. во десетиците: *д'вајсе, ѿ'ријсе, 'ӣејсе, де'вејсе.*

3.5. *Меѿаѿеза*

Метатеза се извршила во заменскиот корен **wь̑s-* : *све,* и во зборот *'зејл'е (зел'је).*

## 10. ВИТОЛИШТЕ

ВИТОЛИШТЕ, порано општина Битола, денеска Витолиште.

Југоисточно наречје, тиквешко-мариовска група говори.

ОЛА 102, МДА 187.

Селото се наоѓа во прилепскиот дел на областа Мариово, на надморска височина од 830 м. Во 1961 год. имало 1.291 жител, од кои 1.286 православни Македонци. Населението се занимава со земјоделство и сточарство. Економски центри се Прилеп и Битола. Од 1944 год. во селото има осмолетка.

Витолиште прв пат се споменува во втората половина од XV век.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ă* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.1.1. Функција на силабема врши и /*р̥*/ (2.1.5.).

1.2. *Консонант̄изам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л’* | *р* | *н* |
| *ј* | | | *њ* |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *п* | *б* | | *в* |
| *т* | *д* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *ќ* | *ѓ* | | |
| *к* | *г* | | |

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите силабеми можат да бидат акцентирани. Неакцентираните вокали се изговараат нешто пократко од акцентираните.

1.3.2. Должините добиени со контракција (в. 2.1.3.) не се фонолошки релевантни.

1.3.3. Акцентот е ограничено слободен (в. 2.3.). Како дистинктивен признак се користи кај глаголите за разликување на 1 и 2 л. мн. во презентот (*'викаме, 'викате*) и имперфектот (*ви'каме, ви'кате*).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Сите вокали можат да стојат во почетокот, во средината и на крајот на збороформите, пред и зад поодделни консонанти, со исклучок на вокалот /*ă*/, кој не може да се јави на крајот.

2.1.2. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ можат да стојат во група секој со сите, со некои ограничувања на /*и*/, сп. *'пиеш, 'пиа, су'диа, 'л’иот, 'пеат, 'сеач, 'меот, 'меур, 'лае, с'нао, б'рое, с'тоат, 'роак, ву'ишче, со'бue, 'чуат, ду'овден.*

2.1.2.1. Вокалот /*и*/ во група со друг вокал како втор член, до колку не се јавува во функција на флексивна морфема, се реализира како [*i̯*], сп. *'сеi̯ш, осл’е'пеi̯ш, 'даi̯ш (даиш), т'каi̯ш, к'роi̯ме (кроиме), с'тоi̯ш (стоиш), о'буi̯ш (обуиш), 'чуi̯ме (чуиме),* и редовно така кај глаголите, но: *ма'ќеи, ст'реи, чи'реи, с'наи, о'даи, 'муи.*

На морфемската граница со префикс во споменатава позиција (како втор член во групата), исто така /*и*/ има нормална артикулација, сп. *за'игра, на'иде.*

2.1.3. Секвенци од два исти вокала на морфемската граница се многу чести, сп. *су'дии, теп'џии, 'пее, се'ење, о'даа, с'наа, 'ќаа, г'ноот (гнојот), 'разбоот (раз-*

*бојо̄т), цр̥но'ок.* Само во ретки случаи се врши контракција; ги имам забележено примерите: *ра'ки:че (ракиче), з'ми:че (змија), 'на:ѓа (нааѓа < наоѓа).*

2.1.4. Вокалот /ă/ има многу ограничена дистрибуција. Како што спомнавме, не може да се јави на крајот на збороформите, многу ретко се среќава во почетна позиција (сп. *се 'ăцна*), и во група со друг вокал, сп. *'бăа (болва),* мн. *'бăи.*

2.1.5. Силабемата /р̥/ по правило се јавува во консонантско соседство (*р̥C-, Cр̥C, -Cр̥*). Во соседство со вокал може да се сретне само на морфемската граница во примери од типот *за'р̥ѓа, 'вр̥о̄т, вр̥'ови.*

2.2. *Консонан̄тизам*

2.2.1. Сонантите и безвучните опструенти можат да стојат во сите позиции на збороформите – на почетокот, во средината и на крајот.

2.2.2. Звучните опструенти не можат да стојат на крајот на збороформите.

2.2.3. Звучните опструенти не можат да стојат пред безвучните, а безвучните не можат да стојат пред звучните. Од ова правило се исклучува само фонемата /в/, сп. *т̄вој, 'жет̄ва, с'ведок, квас,* но и: *фчас, 'др̥фце, м'рафка.*

2.2.3.1. Едначењето по звучност се врши и на составот на префикс и коренска морфема, како и меѓу одделни збороформи во акцентска група.

2.2.4. Консонантски групи.

2.2.4.1. Почетна група од два сонанта е можна само кога е прв нејзин член /м/: *м'лади, м'рак.*

2.2.4.2. Сонантите, освен /р/, во почетокот не се јавуваат во група со опструент.

2.2.4.3. Од другите консонантски групи не се можни:

– *шт̄ (> шч)* : *'ѓушчер, к'л'ешчи, п̄ил'иш'чар, п̄а'сишче, оѓ'нишче, 'нишчо, шчо* покрај *шо, ш'чука, ш'чурец,*

– *жд (> жџ)* : *'дожџо̄т,*

– *п̄ш (> п̄ч)* на почетокот: *п̄че'ница,*

– *ср, зр, жр,* кои се пополнуваат со дентален плозив: *ст̄рам, ст̄'реќа, ст̄реда, ст̄'ребро, здрак, здрел, 'мездре, жд'ребе,*

– *жб, жв (> џб, џв)* на почетокот: *џ'бара, џ'вака,*

– *п̄с (> п̄ц)* : *'ваp̄ца, п̄ци, с'т̄ип̄ца, т̄еп̄'ции,*

– *ск (> цк)* во суфиксот *-ск-* кога му претходи консонант, сп. *'бит̄олцки, з'мијцка кожа, 'женцки, 'коњцки, п̄ри'л'еп̄цки, 'селцки, с'коп̄цки,*

не се можни ни групите:

– *т̄с, т̄ш (> ц, ч)* во случаи од типот: *б'рацки, ѓо'вецко, 'п̄ечес.*

Во бројни случаи се одбегнува и консонантската група *сч (> шч)* на морфемската граница во примери како *'вешче (< фешче), к'вашче (: квас), 'кошче (: коска), 'пр̥шче (: пр̥с),* но и: *не'весче, 'масче (: маска), по'асче (: поас).*

Во ред случаи се одбегнува и групата *вн (> мн)* : *'гумно, о'самне, п'л’емна, 'рамно, 'темно,* или *'натре (< внатре),* но и: *внук, 'бавно.*

На крајот не можат да стојат групите *-ст* и *-шт,* сп. *грос (грозд), л’ис, пр̥с, кр̥с, веш, приш.*

2.2.4.4. Секвенци од два исти консонанта можат да се сретнат само на морфемската граница, и тоа *-јј-,* сп. *'најјак, -тт-* : *'потта, 'петте, от'таде.*

2.2.5. Одделни консонанти.

2.2.5.1. Сонантот /*ј*/ не може да стои пред /*и*/ во сите позиции, пред /*е*/ на почетокот и во вокални групи, потоа во групите *-оа-, -иа-,* во ред случаи и во групата *-аа-,* сп. *'ел’ен, 'есен, 'сее, с'пие, кра'ишча, с'тоат, 'моа, 'поас, о'даа, 'ваа, су'диа.*

2.2.5.2. Гласот /*л*/ не може да се јави пред преден вокал и пред /*ј*/, сп. *'дал’е (: дал, дала, дало), 'кол’и (: кола), 'кол’је (: кол).* Во споменативе позиции се неутрализира изговорот на /*л*/ и /*л’*/ во корист на втората фонема.

2.2.5.2.1. Во неколку случаи /*л*/ > [*ў*] : *'воўкаф, 'ноўкаф, 'тоўкаф.*

2.2.5.3. Назалот /*н*/ пред веларните консонанти се реализира како [*ŋ*], сп. *'баŋка, 'маŋгар.*

2.2.5.4. /*р*/ секогаш стои во група со вокал.

2.2.5.5. Лабиоденталот /*в*/ пред безвучен опструент и на крајот на зборoформите се реализира како [*ф*], сп. *глуф (: г'лува, г'луво), м'рафка (: мрава).*

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Зборовниот акцент има тенденција да се стабилизира на пенултима. Таа тенденција најдобро може да се следи кај именските зборови во нечленуваната форма, сп. *л’еп – л’е'бови, 'език – е'зици, 'вр̥сник – вр̥с'ници, 'разбој – раз'бои, 'камен – ка'мење, 'висок – ви'сока, с'туден – сту'дена, 'почнат – поч'нато.* Меѓутоа, во членуваните форми акцентот не се мести, сп. *л’е'бовите, 'езикот (: 'език), 'каменот, ви'соката.* На последниот слог акцентот може да се сретне уште во некои изолирани случаи, главно сложени зборови од типот *криво'врат, цр̥но'ок,* и сл. Нема случај акцентот да паѓа на последниот отворен слог.

Бројот на примерите со акцент на третиот слог е исто така ограничен, ако ги исклучиме членуваните форми кај именските зборови. На антепенултима се акцентираат повеќе придавки што се образуваат со суфиксот *-ов,* сп. *'дабово, ја'ворово, 'јасново (< јасеново), 'јасково (< јасиково) др̥во,* десетичните броеви

од 40–90, сп. *чеши'риесеш, 'йедесеш, се'думдесеш, о'сумдесеш, де'ведесеш,* кај глаголите 1 и 2 л. мн. презент: *'викаме, 'викаше, 'носиме, 'сечиме, 'носише, 'сечише,* повеќесложните облици на императивот, сп. *'извади, 'зайиши, 'куйише, 'изваjше,* и уште неколку одделни случаи (сп. *'сабоша, 'секакоф, на'исшина, 'олово* и др.).

2.3.2. Акцентски целости се образуваат во рамките на акцентскиот закон за второсложно акцентирање, сп. *'на-йаш, 'йод-риш, 'на-глас, ша'ри-сваш.* Во предлошките синтагми може да се сретне по некој пример со акцент и на третиот слог, сп. *'у-мене, 'наш-село, 'низ-враша, й'реш-куќа.* Во негираните глаголски форми, ако меѓу глаголот и негацијата *не* има кратка заменска форма или помошен глагол, редовно се акцентира и негацијата, сп. *'не-го-'виде, 'не-му-'рече.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

### 3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у, р̥*/ потекнуваат од соодветните вокали во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **y* : *'риба, 'кишка*

< *е* во неколку одделни случаи: *йиш'чера, 'шиќер*

*е* < **ь̥* : *ден, 'овес, 'йашец*

< **ę* : *г'реда, 'йеда, 'език*

< **ě* : *'бело, бре'гови, л'ей – л'е'бови, 'цефка, цел, 'цена*

< секундарниот $ъ_2$ пред крајните *р, н* : *'добер, 'едер, 'ишер, 'модер, 'осшер, 'вешер, 'оген*

< *а* со преглас во неколку одделни случаи: *'егл'ен, 'раеш*

*ă* < **l̥* : *'бăа, вăк, 'вăна, 'бăсна, 'гăша, 'дăго, ја'бăка, жăш, жă'шица, 'жăшка* (*жолчка*), *(да) 'кăне, 'мăња, 'мăчи, 'мăзиме, 'мăска* (*молска*), *йăн, 'сăза, 'сăнце, 'шăче*

*а* < **ǫ* : *гаса'ница, г'ради, 'заби, ја'дица, 'јашок, ја'жичка, 'габа, 'галай, 'какол', 'йайок, йаш, 'неа, 'бера, 'бераш*

< секундарниот $ъ_2$ во почетните слогови, сп. *'лаже, ла'жица, 'магла, 'маска, 'шанок, ќе о'самне*

< **ě* зад /*ц*/ во неколку случаи, сп. *'цаде, ца'дило, ца'йина, й'роцай*

< *е* со асимилација во неколку случаи: *гаса'ница, 'газар, жа'лади,* или *жа'лудец* (по аналогија)

*у* < **ǫ* во неколку примери: *'ѓужва, 'куќа, по'нуда, 'пупка су'деви, су'диа, туп*

< секундарниот $ъ_2$ пред крајното /*м*/: *'осум, 'седум*

< *о* (со редукција) во 1 л. едн. аор.: *'виду, 'дојду, 'реку,* и во некои одделни случаи, сп. *ву'ишче (воиште), ку'баси*

*о* < **ъ̥* : *дош, сон, 'петок, 'тежок*

< секундарниот $ъ_2$ пред крајното /*л*/, сп. *'моѓол, 'пекол, 'секол*

< *е* пред крајното /*л*/ во одделни случаи: *'котол, 'кутол, 'петол, с'вр̥дол*

*р̥* < групата *р + V* по елизијата на вокалот во неколку случаи, сп. *ва'ѓр̥ци (< вaѓорци / ваѓарци = јаѓорец – јаѓорци), р̥'шето (< решето), бр̥'ница (< бреница), тр̥а (триа), бр̥да'вица (брада'вица)*

3.2. *Консонантизам*

Консонантите /*ј, р, м, н, њ, п, б, т, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, ѓ*/ потекнуваат од соодветните консонанти во појдовниот систем. Освен тоа:

*ј* < *ø* (како протеза пред рефлексот на иницијалното **ǫ*), сп. *ја'дица, 'јадро, 'јаток, 'јатор, ја'жичка*

< *и* зад друг вокал во одредени случаи, сп. *боѓо'роі̯ца (богородица), с'меі̯ш (смеиш), с'тoі̯ш (стоиш)* (в. 2.1.2.1.)

< *е* зад друг вокал кај броевите од типот *иди'најсет, д'вајсет,* и во други одделни случаи, на пр. *зајк, пајк (< заек, паек)*

< **х* на крајот на зборот и пред консонант во одделни случаи, сп. *'нијно, 'чејл'и* // *'чел'и, ѓреј, меј, 'ореј, змеј, суј л'еп*

< хијатско во 3 л. мн. през.: *'викајат*

*л* < **l* со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

< **l′* во одделни примери, сп. *ја'ѓула, ста'палка, 'луѓе*

*л'* < **l′* : *кл'уч, л'уте*

< **lь* : *сол'*

< **l* во позиција пред предните вокали и пред *ј*

*р* < **ŕ*

*м* < *в* во секвенцата *вн* : *о'дамна, 'рамно* (в. 2.2.4.3.)

< *б* во групата *бн* : *'демне, 'симне*

*н* < *њ* на почетокот пред преден вокал, сп. *'неѓо, 'нива*

*њ* < **nьj* : *'тр̥ње*

< *н* по аналогија во одделни лексеми, сп. *ѓра'дињa, ка'пињa, 'пењa, 'ср̥њa*

*в* < **w*

< *х* во одделни случаи, сп. *'бувот* : *буф (< був), г'лува, г'луви* : *глуф (< глув), 'задувот* : *'задуф (< задув), ко'жуви* : *'кожуф (кожув), 'очувот, о'чуви* : *'очуф, 'кива*

< *ф* во заемки: *вес, 'вурна, 'вута, ва'нела, 'вудул*

< *ø* (протетичко) во: *ва'гр̥ци, 'визба, 'вујко, 'вујна*

*т* < секундарно во групата *ср* : *страм, ст'ребро, ст'реќа*

*д* < секундарно во групите *зр, жр* : *здрак, здрел, зд'реат, жд'ребе*

*ц* < *č во групите *čr̥- и *črě- : *цр̥н, 'цр̥вен, 'цр̥ви, ц'рево,* и во групата *čvr̥ : *ц'вр̥сто*

< *с* во групите *пс* : *пци, с'типца, ск* : *ц'кала, 'ланцки, тс* : *б'рацки* (в. 2.2.4.3.)

*ѕ* < *з* во групите *зв, зр, нз* : *ѕ'везда, ѕ'вечка, ѕвер, ѕ'руки, 'ѕр̥цки, б'ронѕа,* потоа во групите *дз, зг* : *од'ѕади, оѕ'гора,* во одделни примери и пред вокал: *'ѕаден, 'ѕиври, 'ѕевгар*

*з* < *ʒ

*ч* < *ш* во групата *пш* : *пче'ница*

< *t′ во група со *ш* во одделни лексеми, сп. *паш'черка*

< *т* во групата *шт* : *ог'нишче, 'ушче, к'л’ешчи*

< *т* во групата *шт’* : *шчо, 'нишчо*

*џ* < во туѓи зборови и морфеми: *'џаде, џа'миа, лов'џиа*

< *ж* во групите *жб, жв* : *џ'бара, џ'вака*

*ш* < *t′ во одделни лексеми во група со *ч* : *паш'черка, с'ношчи*

< *с* во групата *-сч-* на морфемска граница во случаи како *к'вашче (: квас), 'кошче (: коска), 'мошче (: мос)* (в. 2.2.4.3.)

*ж* < *d′ во група со *џ* во одделни примери, сп. *'нужџа,* или само: *'межник*

*ќ* < *t′ : *ќе, 'ќерка, ноќ, 'веќе, в'реќа, 'куќа, 'неќе, ма'ќеа, п'л’еќи, с'веќа, ст'реќа, с'ваќа, п'лаќа, п'раќа, 'ваќа, пиро'ќани, о'деќе*

< *tь̯j : *б'раќа, т'реќи*

< туѓо: *'дуќан, ќош*

*ѓ* < *d′ : *'веѓа, 'меѓа, 'меѓу, п'реѓа, п'реѓе, 'туѓо, та'каѓере, б'роѓани, 'саѓи, 'ваѓа, 'паѓа, 'р̥ѓа*

< *dь̯j : *'ѓавол, 'лаѓа, 'луѓе*

< туѓо: *'ѓол, ѓон, 'ѓубре*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиле од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни како резултат на регресивна асимилација по звучност.

3.2.2. Безвучните опструенти на крајот на зборoформите се добиени и од соодветните звучни опструенти.

3.3. *Прозодија*

Во однос на појдовниот прозодиски систем извршени се значителни морфолошки промени (в. 2.3.).

3.4. *Губење на одделни гласови*

3.4.1. Вокалите во проклитичките зборови можат да се испуштаат ако следната зборoформа почнува со вокал, сп. *с-из'горе, ќ-'има, д-'оде, т-'удри (се, ќе, да, те).*

3.4.2. Вокалот /о/ се губи на почетокот во зборовите: *'пашка (опашка), 'пинци (опинци), вој, 'ваа, 'наа (оваа, онаа).*

3.4.3. Од консонантите во однос на појдовниот систем се загубила фонемата /х/. Наполно се загубила во почетокот и во интервокална позиција, сп. *л'еп, 'рана, 'муа, о'рец, с'наа, ст'реа,* а доста често и во другите позиции на зборoформите – на крајот: *вла, гра, пра, си'рома, ни,* пред консонант: *му'лосан, 'чел'и, иса'нало, дој'доме, дој'доте.*

3.4.4. Кај сонантите забележливо е губењето на /ј/ пред предните вокали во почетокот, сп. *'еден, 'елка, 'есен,* и во интервокална позиција: *'лае, 'пее, 'шие, б'рое, 'чуе.* Освен тоа во интервокална позиција редовно се губи и во групата *-оа-,* сп. *'моа, т'воа, 'секоа, с'тоа, с'тоат, б'роат, б'роал, до'ачка, ро'аци, 'поас, Стоан,* често и во други групи, сп. *г'ноот (*: *гној), 'моот коњ, 'разбоот (*: *разбој), 'ваа, о'даа (одаја), 'ќаа (ќаја), б'луа – б'луаш, 'чуат (чујат), су'диа.*

3.4.5. Согласката /в/ редовно се губи во меѓувокална позиција кај глаголите со суфиксот *-ува-,* сп. *бак'нуа, обл'е'куа,* во консонантските групи *-вск-, -ств-* во суфиксите *-вск(и)* и *-ств(о)* : *'Маркоски, ју'насто,* во почетокот пред /н/ и пред /т/ во примерите *'натре* и *'торник,* и во групата *св-* кај заменките *се, 'секој.*

3.4.6. Во повеќе случаи се загубил и консонантот /д/. Во меѓувокална позиција почесто се губи кај глаголите од типот *'јајме, 'јајте (*: *'јада, 'јаде, 'јадат), 'ојте (одите), г'л'еаш // гл'еш (*: *гл'едам), дајш // 'дадиш, зе // зеде,* во десетичните броеви, на пр. *д'вајсет,* и во други одделни случаи, сп. *бого'ројца (богородица), 'воата (водата), кај (каде).*

3.4.7. Консонантот /т/ се губи редовно во групите *-ст, -шт* на крајот: *л'ис, мос, веш, дош,* во консонантската група *-стј-* : *'л'исје.*

3.5. *Метатеза*

Со извршена метатеза забележани се зборoформите: *ал'тица, в'јава, в'јане.*

## 12. ФУРКА*

ФУРКА, порано општина Гевгелија, денеска Стар Дојран.

Југоисточно наречје, тиквешко-мариовска група говори.

ОЛА 105, МДА 203.

Селото се наоѓа недалеку од патот Нов Дојран – Валандово. Во 1961 год. имало 715 жители, од кои 694 православни Македонци, а 20 Срби. Населението се занимава главно со земјоделство, помалку со височарство. Економски центар е Гевгелија. Во селото има основно училиште од 4 класа.

Населбата прв пат се спомнува во XVI в.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ӑ* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.2. *Консонан̄тизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л’* | *р* | *н* |
| *ј* | | | |

* Коавтор на овој опис е К. Пеев.

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *п̄* | *б* | *ф* | *в* |
| *т̄* | *д* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *ќ* | *ѓ* | | |
| *к* | *г̄* | *х* | |

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите силабеми можат да бидат акцентирани. Неакцентираните вокали се изговараат пократко од акцентираните и подлежат на редукција.

1.3.2. Акцентот е слободен и морфолошки стабилизиран во парадигмата (парадигматски). Како дистинктивен признак се користи кај глаголите во презентот и аористот, сп. *'вăрт̄е* (3 л. едн. през.) : *вăр'т̄е* (3 л. едн. аор.), како и во аористот и имперфектот, сп. *т̄ăр'чах* (1 л. едн. аор.) : *'т̄ăрчах* (1 л. едн. импф.).

1.3.3. Должините добиени со контракција и со компензација не се фонолошки релевантни (в. 2.1.2.).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ во принцип можат да стојат во сите позиции на збороформите – во почетокот, во средината и на крајот, пред и зад сите консонанти.

Вокалот /*ă*/ не може да стои на почетокот и на крајот.

2.1.2. Два исти вокала во непосреден контакт, ако не се на морфемската граница меѓу префикс и коренска морфема или меѓу две лексички морфеми, често се контрахираат во еден фонетски долг вокал, сп. *'ми:ш (мииш < миеш), у'да: (удаа < одаја), 'ру:нт̄о (< руунт̄о < рунут̄о < руној̄о).*

2.1.3. Вокалот /*и*/ зад друг вокал во неакцентиран слог, ако не е на крајот на збороформите во морфемска функција и на морфемската граница меѓу префикс и коренска морфема, се реализира како [*i̯*], при што се образуваат дифтонзи, сп. *г̄'реi̯ш (г̄реиш), т̄'каi̯ше (т̄каише < т̄каеше), душ'маi̯нт̄о (< душма-*

*нит̄о < душманет̄о), с'т̄ои̯т̄е (ст̄оит̄е), п̄у'лои̯ст̄е (< п̄улоизт̄е < п̄улозит̄е), д'руи̯ст̄е (друизт̄е < друзит̄е), у'буи̯ме (убуиме < обуиме).* Сп. уште: *'муи̯т̄е, с'наи̯т̄е,* но: *'муи, с'наи* (на крајот во функција на наставка).

2.1.3.1. Понекогаш /*и*/ > [*и̯*] и во позиција зад /*и*/, сп. *'вии̯ (види), ж'нии̯ш, ќир'мии̯т̄е (< ќирмиит̄е < ќиримидит̄е < ќерамидит̄е).*

2.1.4. Вокалот /*ă*/ во соседство со /*р*/ на почетокот секогаш стои зад /*р*/, сп. *рăш, 'рăнк'и, рă'ѓ̄есăн,* додека во средината /*ă*/ по правило се наоѓа пред /*р*/, до колку не се јават некои фонетски пречки, сп. *'сăрце, т̄ăрну'рес, г̄ăрк'л'ан,* дури и: *'г̄ăрди (г̄рăди), с'т̄ăрг̄а (ст̄рăг̄а), 'т̄ăрба (т̄рăба), бăр'чет̄ (< брачет̄, брат̄учед), вăр'т̄ено (< врет̄ено), п̄ăр'т̄ока (< п̄рот̄ока), п̄рă'живе (< п̄реживе),* но: *'обрăч, г̄рă'јал (г̄рејал).*

2.1.5. Вокалите /*е, а, о*/ во неакцентиран слог, со исклучок на крајот каде што се јавуваат во морфолошка функција, се реализираат како [*ẹ, ạ, ọ*] или пак нивната опозиција се неутрализира спрема /*и, ă, у*/ во корист на последниве. Степенот на редукцијата особено е силен во слоговите непосредно до акцентираниот слог, сп. *мл'ẹ'кар, п̄л'ẹш'кат̄, г̄'ẹр'дан, 'заẹчко, нạ'оѓ̄е, с'т̄ојạм, уздрạ'вее, 'нивạт̄а,* но и: *ди'бело, дит̄и'л'ина, ни'вест̄а, ни'дел'а, п̄и'т̄ел, п̄и'т̄ок, 'месиц, 'девит̄, п̄ă'зар, шă'рен, ку'л'ено, у'да: (одаја), у'деќи, бу'жиќ, 'јаг̄уда, 'лакут̄, 'мозук, 'п̄омуш.*

2.2. *Консонант̄изам*

2.2.1. Сонантите и безвучните опструенти можат да стојат во почетна, во средишна позиција и на крајот. Звучните опструенти не можат да стојат на крајот.

2.2.2. Нема секвенци од безвучен и звучен, одн. од звучен и безвучен опструент, со некои ограничувања на фонемата /*в*/ (в. 2.2.3.3.).

2.2.3. Консонантски групи.

2.2.3.1. Групите *ср, зр, жр* редовно се пополнуваат со соодветен дентален плозив, сп. *ст̄'ребро, ст̄рạ'мот̄а, здрак, жд'ребе.*

2.2.3.2. Фрикативните /*с, ш*/ не можат да стојат пред африкатите /*ц, ч*/ на морфемската граница во вакви случаи: *'мохче (< мосче), 'мехце (месце), уб'рахче* (: *обрас*), *'михче* (: *миш*).

2.2.3.3. Опструентот /*в*/ во секвенците /*св, шв*/ преминува во /*ф*/, сп. *сфат̄, сфој, с'фат̄ăфци, ш'фајсер, ш'фăрка.*

2.2.4. Согласката /*п̄*/ не може да стои на почетокот пред /*ч*/, сп. *'чела, че'ларник, чи'ница.*

2.2.5. Необична е за овој говор и секвенцата /*п̄с*/ (> *п̄ц*), сп. *п̄'цал'е, с'т̄ип̄ца, т̄ип̄'циа.*

2.2.6. Од завршните консонантски групи не се можни *-ст̄* и *-шт̄*, сп. *г̄ăс (г̄уст̄), п̄ăрс, 'радус, п̄риш, веш.*

2.2.7. Консонантски групи од два исти консонанта можни се на морфемската граница и во такви случаи нивната артикулација се слева во еден долг глас, сп. *'нај:ако, 'дет̄:о (дет̄т̄о < дет̄ет̄о), 'вот̄:а (водат̄а), 'п̄ет̄:и, у'д:амна, 'л'ен:о семе (л'енено).*

2.2.8. Одделни консонанти.

2.2.8.1. Сонантот /*j*/ не може да стои пред преден вокал на почетокот и во интервокална позиција.

2.2.8.2. Латералот /*л*/ не може да стои пред преден вокал и пред /*j*/.

2.2.8.3. /*р*/ секогаш стои во група со вокал.

2.2.8.4. Консонантот /*ѕ*/ се јавува во група со /*в*/ и зад сонантите /*н, р*/, многу ретко во друга позиција, сп. *ѕвер, ѕ'виска, 'наѕре, 'мунѕа,* на почетокот пред вокал: *ѕă'г̄ар, ѕăв'г̄ар, 'ѕăмба.*

2.2.8.5. Веларите /*к, г̄*/ пред /*и*/ се реализираат како [*к'*, *г̄'*], сп. *'вак'и, му'т̄ик'и, п̄'л'ешк'и, п̄ăс'т̄ирк'и, 'ог̄'ин, 'т̄ог̄'и (т̄ог̄аш).*

2.2.8.6. Гласот /*х*/ се јавува по правило пред консонант и на крајот на зборoформите, многу ретко во меѓувокална позиција, никогаш не на почетокот, сп. *мох – 'мохт̄а, уг̄лух'нее, уб'рахче, 'ухце, 'задих, ст̄рах, сух, г̄рех,* но: *г̄'реăве, 'суа, 'суо, 'меут̄, 'муа, ст̄'реа.*

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Акцентот може да стои на сите слогови со некои ограничувања на последниот отворен слог, сп. *бу'жиќ, п̄и'сок, ни'вест̄а, си'делко, 'т̄ат̄куфци, 'бивул'ица.*

2.3.1.1. На последниот отворен слог во домашни зборови акцентот се јавува само во 2 и 3 л. едн. на аористот, сп. *ду'ѓде, ка'жа,* во заменските облици: *кăк'ва, т̄ăк'ва, ед'на,* и во неколку одделни лексеми, сп. *ву'ѓна, дăлбучи'на, слубу'да.*

2.3.2. Друга важна карактеристика на акцентот е неговата парадигматичност, сп. *'жена – 'женат̄а // 'жент̄а, 'носум – 'носиш – 'носе, ну'сих – ну'си – ну'симе* итн.

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните вокали во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у* : *бил, син*

< *е* со редукција, сп. *ни'дел’а, п̄и'т̄ок* (в. 2.1.5.)

*е* < **ь̥* : *ден, 'л’еко*

< **ę* : *'п̄еда, 'чедо*

< **ě* : *'вера, ѕ'везда, в'реме*

*ă* < **ǫ* во коренските слогови, сп. *'г̄ăба, 'г̄ăска, 'рăка*

< *ъ₂* секундарно: *'бăдник, 'мăска, 'мăг̄ла, 'цăфт̄е*

< **r̥* во секвенците *ăр – рă*, сп. *рăш, 'рăѓа, 'сăрце, 'п̄ăрст̄и* (в. 2.1.4.)

< **l̥* во секвенците *ăл – лă*, сп. *'вăлна, с'лăнце*

< турското *ı* : *'кăшла, 'кăна*

< *а* со редукција, сп. *зăј'чица, мă'л’ечко* (в. 2.1.5.)

< *е* неакцентирано (со редукција) во соседство со сонант, сп. *вă'јавица, зăј'т̄ин, мăј'л’ем, 'г̄ушт̄ăр, 'девăр, с'т̄ожăр, крă'вет̄, п̄ăр'живе (< п̄реживе), 'кисă-ло, 'орăл, 'п̄еп̄ăл, 'п̄ет̄ăл, у'чит̄ăл, уг̄лă'дало, 'п̄алăц, 'молăц, 'арăн, г̄'нăсăн, 'жедăн, 'женăн, 'камăн, 'канăн, мăт̄ă'ница, вудă'ница, к'л’инăц, 'мамăц, г̄рăж'данăц, 'ма-чăнце, г̄'ребăнци,* и со согласката /*в*/: *г̄увă'дар, ѕăв'г̄ар, 'т̄ег̄ăвăц*

< *о* во неакцентиран слог исто така во соседство со сонант и со /*в*/, сп. *'вујкăфци (вујковци), 'зет̄ăфци, 'т̄ат̄кăфци, рă'г̄ове (рог̄ове), 'л’ебăве, 'кочăве, к'рап̄ăве, 'нег̄ăф, рă'мол’е дош (ромол’е), 'седлăт̄о, 'ост̄рăф, 'п̄инăк (о-п̄инок), сирă'мах, 'дедă-му, 'т̄ат̄кă-му*

*а* < **ǫ* во суфиксни и флексивни морфеми, сп. *п̄ạд'нал, 'викạт̄ (< 'викат̄)*

< **ě* во групата **cě-*, сп. *'цава, 'цап̄ăве, цап̄, 'цал’ина*

*о* < **ъ̥* : *дош, 'вонка, п̄и'сок*

*у* < неакцентирано *о* со редукција, сп. *у'рех, ку'л’ено, 'јаг̄уда, бу'жиќ* (в. 2.1.5.)

3.2. *Консонант̄изам*

Консонантите /*ј, р, м, н, п̄, б, т̄, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, г̄, х*/ потекнуваат од соодветните фонеми во појдовниот систем. Освен тоа:

*ј* < *њ* во група со /*н*/, сп. *којн, 'бајна, 'п̄ејна*

< *и* зад вокал, сп. *г̄'л’еі̯ше (г̄л’едише), 'виі̯т̄е (видит̄е), 'јаі̯ш (јадиш), 'иі̯ш (идиш), с'наі̯чка (снаичка)* (в. 2.1.3.), и пред вокал во членската морфема за м.р. кај придавките, сп. *г̄'лухјо, 'немјо (г̄лухио, немио),* но: *'чуждио* (поради фонетски пречки)

*л* < **l* со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

< **l̥* во група со *ă*, сп. *вăлк, 'вăлна, с'лăнце*

< *l′ во одделни случаи, сп. *п̄ри'јат̄ăл, ру'дит̄ăл*

*л’* < *l′ : *кл’уч, л’ут̄, ни'дел’а*

< *l во позиција пред предните вокали и пред *ј*

*р* < *ŕ

< *r̥ во група со *ă*, сп. *'г̄ăрло, 'рăг̄́а*

*м* < *в* во секвенцата *вн*, сп. *'рамно, у'сăмне*

*н* < *њ* во група со *ј*, сп. *којн, 'бајна* (в. кај *ј*)

*ф* < *хв* : *'фал’е, 'фаќе*

< *в* во случаи како *фнук, ф'нука, ф'л’езе,* и во секвенците *св, шв* : *сфат̄, ш'фăрка* (в. 2.2.3.3.)

< туѓо: *'фуска, 'фурка*

< ономатопејско: *'фуче*

*в* < *w

< *ø* (како протеза) пред континуантот на почетното *ǫ, сп. *'вăт̄ук, 'вăже, 'вăдица, 'вăг̄ăрăц,* и во случаите како *'вујко, вуј'чина*

*т̄* < *t′ во секвенцата *шт̄* во одделни случаи, сп. *'г̄ашт̄и*

< секундарно во групата *ср*, сп. *ст̄'реда, ст̄рạ'мот̄а* (в. 2.2.3.1.)

*д* < *d′ во секвенцата *жд* во одделни случаи, сп. *'нужда*

< секундарно во групите *зр, жр*, сп. *здрак, жд'ребе* (в. 2.2.3.1.)

*ц* < *č во групите *čr̥-, *čvr̥-, *črě-, сп. *'цăрăн, 'цăрп̄е, ц'вăрст̄о, ц'рево, ц'реша*

< *с* во групите *п̄с*, сп. *с'т̄ип̄ица, п̄'цал’е* (в. 2.2.5.), *ск* зад консонант: *'женцки,* и *т̄ск* во случаи како *г̄'рацки, 'соп̄оцки*

*ѕ* < *з* во групите *зв, зр, нз,* во одделни случаи и во други позиции, сп. *ѕ'виска, ѕвер, 'наѕре, 'мунѕа,* или *ѕạ'г̄ар, 'ѕадăн* (в. 2.2.8.4.)

*з* < *ʒ

*ц̦* < туѓо: *ц̦ам, мă'ц̦ун*

< *ж* во групата *жв* : *ц̦'ваке,* и во други одделни случаи, сп. *ц̦и'л’езо, ц̦и'л’ет̄*

*ш* < *t′ во секвенцата *шт̄* во одделни случаи, сп. *'г̄ашт̄и*

*ж* < *d′ во секвенцата *жд* во одделни случаи, сп. *'нужда*

*ќ* < *t′ : *ќе, 'ќерка, п̄'лаќа, 'фаќе, с'фаќа*

< *tъ̑j во *б'раќа* покрај *б'рат̄ќа* и *б'рат̄ја*

< туѓо: *бу'баќ, ќар, ќеф*

< *к* на крајот во одделни случаи, сп. *и'зиќ*

< *кј* во членската форма за м.р. кај придавките од типот *'јаќут̄ (< јак-јут̄ < јакиот̄), 'нискут̄, ви'сокут̄*

*г̄́* < *d′ : *'мег̄́а, 'мег̄́у // 'миг̄́у*

< *dъ̑j во *'л’уг̄́е*

<   туѓо: *ѓол’, ѓон, ѓе̣р'дан*

*х* < *с, ш* пред африкатите /*ц, ч*/ во случаи како: '*мехце,* '*мохче,* '*михче* (в. 2.2.3.2.)

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиле од соодветните безвучни како резултат на регресивна асимилација, а безвучните опструенти од звучните во резултат на регресивна асимилација и на крајот (в. 2.2.1. – 2.2.).

3.3. *Прозодија*

3.3.1. Појдовниот прозодиски систем не претрпел поголеми фонолошки промени, но се извршиле значителни морфолошки промени (в. 2.3.).

3.3.2. Нови фонетски должини настанале со контракција на секвенци од исти вокали (в. 2.1.2.) и со компензација.

3.4. *Губење на одделни гласови*

3.4.1. Неакцентираните вокали во повеќесложните зборoформи често се губат пред членската морфема, сп. '*зорта (зората),* '*ло:сто (лозето),* '*зимта (зимата),* '*уст:а (устата),* '*дет:о (детето),* во други случаи, сп. *би'вол’ца (бивол’ица),* '*јарбица,* '*кијвица,* '*кол’де (кол’еде),* '*матурца, пун'делник, сур'ватка,* '*викше, уд'несме* и др.

3.4.2. Вокалите понекогаш се губат во проклитичките зборови кога следната зборoформа почнува со вокал, сп. *ќ-'одум (ќе-), ќ-'оде, г-у'тепа (го-).*

3.4.3. Вокалот /*о*/ се губи во неакцентиран слог на почетокот во лексемите: '*воа,* '*пашка,* '*пинци.*

3.4.4. Сонантот /*ј*/ се губи редовно на почетокот пред /*е*/, и многу често во интервокална позиција, сп. '*чуам* (: *чу'јал), с'тоам, с'тоат* (: *сту'јал), пу'вое* (: *пу'вој), у'даа.*

3.4.5. Консонантот /*х*/ се губи редовно на почетокот и во интервокална позиција, сп. *л’еп,* '*рана, рен,* '*итăр, с'наа, ст'реа, ст'раут,* '*меут,* '*уо,* '*суа,* '*суо,* а во одделни случаи и пред консонант, сп. '*тула, миј'л’ем,* '*мула,* '*бăла,* во 2 и 3 л. мн. аорист: *ну'симе, ну'сите.*

3.4.6. Во интервокална позиција се губат и други консонанти, а особено се бројни примерите со загубено /*д*/, сп. *к'ланче (кладенче), м'лаі̯чка (младичка),* во глаголите како: *ві̯ (види),* '*ві̯те (видите), г'л’еі̯ше (гл’едаше),* '*доі̯ш (дојдиш),* '*јаі̯ш (јадиш),* '*јаі̯ме (јадиме),* '*иі̯ш (идиш),* '*оі̯ш (одиш),* '*роі̯ш (родиш),* во броевите како *д'вајсе,* '*пеăсе (педесе).* Сп. и: *из'л’еі̯ш (изл’езиш),* '*моі̯ш (можиш),* '*коі̯чка (козечка).*

3.4.7. Консонантот /*т̅*/ редовно се губи во крајните групи *-ст̅, -шт̅* : *л'ис, 'радус, веш* (в. 2.2.6.) и на крајот во броевите од 11–19 и во десетиците, сп. *т̅ри-'најсе, т̅'риј̑се, 'п̅еӑсе.*

3.4.8. Согласката /*п̅*/ се испушта на почетокот во групата *п̅ч-* : *'чела, чи'ничка* (в. 2.2.4.).

3.5. *Мет̅ат̅еза*

Метатеза е извршена:

– во заменскиот корен **wь̑s-* : *с(в)е, с(в)ички,*

– во секвенците *р* + вокал, сп. *кур'мит̅ (крумит̅ < кромит̅), бӑр'чет̅ (бра-чет̅ < брат̅учед), вӑр'т̅ено (врет̅ено), п̅ӑр'т̅ока (п̅рот̅ока), п̅ӑр'живе (п̅реживе), 'г̅ӑрди (г̅рӑди), с'т̅ӑрг̅а (ст̅рӑг̅а), 'т̅ӑрба (т̅рӑба),*

– во бројни случаи пред членските морфеми кај именките и придавките, сп. *'кој̑ст̅е (коизт̅е < козит̅е), 'лој̑ст̅о (лоизт̅о < лозит̅о < лозет̅о).*

## 13. БЛАТЕЦ

БЛАТЕЦ, Кочанско.

Југоисточно наречје, малешевско-пиринска група говори.

МДА 249.

Селото Блатец се наоѓа во Источна Македонија, на југоисток од градот Кочани, на линијата Кочани – Берово. Во 1971 год. селото броело 1.172 жители, сите автохтони Македонци.

Населбата прв пат се спомнува во 1341 год.

Описот е прв пат печатен во *Prace Filologiczne* XXXII, Warszawa 1985.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ă* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.1.1. Функција на силабема врши и /*р̥*/.

1.1.2. За дистрибуцијата на вокалите покрај положбата на јазикот и местото на артикулацијата релевантна е и лабијалноста.

1.2. *Консонантизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л'* | *р* | *н* |
| *ј* | | | *њ* |

1.2.1. Фонемата /*j*/ во позиција зад самогласка се реализира како [*i̯*] : *мoi̯, маi̯.*

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *п* | *б* | *ф* | *в* |
| *т* | *д* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *ќ* | *ѓ* | | |
| *к* | *г* | | *х* |

1.2.2.1. Фонемата /*в*/ зад безвучен спирант се реализира како полузвучен алофон [*в̥*]: *св̥ат, св̥ет.*

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите силабеми можат да бидат акцентирани. Нема фонолошки разлики меѓу самогласки под и надвор од акцентот.

1.3.2. Како дистинктивен признак акцентот се користи кај глаголите во презентот, аористот и имперфектот, сп. *'има* (3 л. през.) : *и'ма* (3 л. аор.), *'рече* (3 л. аор.) : *ре'че* (3 л. през.), *ви'кахме* (1 л. аор.) : *'викахме* (1 л. импф.); спорадично акцентот се користи и за разликување лексеми, сп. *'рана* ‘рана’ : *ра'на* ‘храна’, и др.

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ можат да стојат во сите позиции во зборoформите – на почетокот, во средината и на крајот.

Вокалот /*ă*/ не може да стои на крајот, а на почетокот е забележен само во формите *ăц'нах, ăцка.*

2.1.2. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ во принцип можат да стојат во група секој со сите, со извесни ограничувања на почетокот на зборoформата. Сепак, треба да се подвлече дека во наследениот лексички фонд вокалите создаваат групи само на морфолошките граници меѓу префиксот и коренската морфема, меѓу основата и наставката и меѓу коренските морфеми во сложенките. Во границите на

една морфема секвенците од два вокала се многу ретки. Сп. /ии/: *ко'рии, ра'ќиичка,* /ие/: *йие,* /иа/: *судиа* покрај *судија,* /еи/: *маш'шеи, сш'реи,* /ее/: *мее'л'ем, 'сее,* /еа/: *два ѓ'реа, сш'реа, 'беа,* /ео/: *ѓрео'шта, ѓ'реове, о'рео,* /аи/: *Вла'инка, с'наи,* /ае/: *наед'наш, з'нае,* /аа/: *сна'а, 'шаа, 'сааш, ви'каа,* /ао/: *за'оди, иѓра'орка,* /ау/: *'йаужина, 'йаун,* /ои/: *'воишше, йо'рои,* /ое/: *мое,* /оа/: *йо'айок, оши'доа,* /оо/: *ѓ'ро-ош, црно'ок,* /уи/: *ѓлуи, муи,* /уе/: *о'буе,* /уа/: *му'а, су'ар, ѓлу'арка,* /уо/: *ѓ'луо, 'дуов-ден, суо'дол'ица, йер'дуо.*

2.1.2.1. Во наследениот лексички фонд ретки се секвенци со вокалот /ӑ/: *бӑ'а, 'бӑо, 'бӑи* покрај *'бӑј,* во заемките сп. *ја'ӑр.*

2.1.3. Секвенци од два исти вокала не се контрахираат, сп. /ии/: *шей'ции, ра-'ќиичка,* /ее/: *'вее,* /аа/: *с'наа, ви'каа,* /оо/: *ѓ'роош (< ѓрохош), црно'ок.*

2.1.4. Долгите вокали добиени со компензација по загубата на /х/ пред консонант се расчленуваат на два кратки вокала, сп. *шии'на (< ших'на), мее'л'ем (< мехл'ем), маа'на (< махна), дуу'на (< духна).*

2.1.5. Вокалот /и/ зад самогласка обично се чува, само во ретки случаи се реализира како [į]: *моį, 'моįше, ш'воįше, бӑį* покрај *бӑи* 'болви'.

2.1.6. Секвенци од три вокали се необични.

2.1.7. Силабичното /р̥/ се јавува во групите р̥С-, Ср̥С, сп. *'р̥ѓа, цр̥н.* Во соседство со вокал може да се сретне само во случаи со загубено /х/, сп. *вр̥о, вр̥ове (: вр̥х),* и на морфемска граница со префикс: *'зар̥ѓа.*

2.2. *Консонаншизам*

2.2.1. Фонемата /њ/ во наследениот лексички фонд не може да стои на почетокот ниту на крајот на зборoформата.

2.2.2. /л/ не може да стои пред предните самогласки и пред /ј/; во таа позиција тоа се неутрализира со /л'/: *и'мал'и (: и'мал, и'мала, и'мало), 'бел'и (: бел, бела, бело),* сп. и турската заемка *бел'а – бел'и.*

2.2.3. /ј/ во наследениот лексички фонд не може да стои на почетокот на зборoформата ниту во средината пред предна самогласка, сп. *'езеро, 'есен, 'сееш, 'йиеш, ш'кае, б'рои (: сеја, йијаш, шкајаш, бројаш).* Натаму, /ј/ не може да стои зад /к, ѓ, х; ќ, ѓ; ц, ѕ, џ/ најпосле не се појавува во група со /н, њ/.

2.2.4. Почетната група од два сонанта е можна само кога е прв нејзин член /м/, сп. *м'л'еко, мрас.*

2.2.5. /л'/ и /њ/ не можат да стојат во група со друг сонант.

2.2.6. Во средината на зборoформата /м/ не може да стои зад /н/, ниту /р/ зад /л/.

2.2.7. Ретка е и групата /мн/. На почетокот на зборoформата таа се елиминира со губење на /м/, сп. *ноѓу (< мноѓу),* а во средината со дисимилација на /м/ во /в/: *'шевно, шев'ница, кр̥внак, 'ѓувно, с'шовна.*

2.2.8. Од сонантите на почетокот на збороформата пред опструент може да стои само /р̥/: *р̥беш, р̥ѓа, р̥жи, р̥ка.*

2.2.9. Во нашиот материјал нема група /њ/ + опструент; ретки се и групите /л'/ + опструент, ја забележавме само групата /л'ќ/ добиена од /л'к/ по пат на асимилација, сп. *'зел'ќа (< зел'ка).*

2.2.10. Фонемата /њ/ се појавува главно во граматичките морфеми, редовно пред самогласка, сп. *'бања, 'мăња, 'шиња, ждре'биња, ја'дење, 'шр̥ње, коње – ко'њешо (*: *кон).* Не може да стои на почетокот ниту на крајот на збороформата, а ниту во средината пред консонант (сп. *'коње* : *кон, 'конски, кон'че).*

2.2.11. Фонемата /л/, како што спомнавме (2.2.2.), не може да стои пред предна самогласка. Во група со опструент не се појавува а) на почетокот на збороформата пред друга согласка, б) во наследениот лексички фонд на крајот на збороформата зад согласка. Во средината на зборот не може да стои пред /ј/ (се неутрализира во таа позиција со /л'/), сп. *кол'је (*: *кол).* Не може ни да стои во група со други палатали ниту со /р/.

2.2.12. Фонемата /л'/ во група со друга согласка може да стои само во средината на збороформата.

2.2.13. Најширока дистрибуција во група со опструенти има /р/, во наследениот лексички фонд тоа не се појавува само зад /л, л', њ, ќ, ѓ, х/.

2.2.14. Звучните опструенти не можат да стојат на крајот и пред безвучните согласки, а безвучните не можат да стојат пред звучните. Само /х/ (кое нема звучен корелат) и во некои случаи /в/ (кое чува некои особини на сонант) не подлежат на тоа правило. До асимилација по звучност доаѓа и на граница меѓу префикс и коренската морфема и на зборовните граници во рамките на една акцентска целост, сп. *раз'бере, расшо'вари, йош-'йаш* : *йод-б'реѓо.*

2.2.15. Веларните /к, ѓ/ во наследениот лексички фонд не можат да стојат пред предна самогласка; во таа позиција тие се неутрализираат со /ќ, ѓ/: *'маќи (*: *мака), 'меќи (*: *мека), б'лаѓи (*: *блаѓа), 'лаѓи (*: *лаѓа), 'дăѓи (*: *дăѓо),* сп. и: *маќи* : *маќа < мајка, лаѓи* : *лаѓа.*

2.2.16. /с, ш/ во позиција зад /й/ преминуваат во африкати *(йс > йц, йш > йч)*: *йци, й'цеша, йцува, с'шийца, шей'ција, йче'ница.*

2.2.17. /с, з, ш, ж/ зад /ш, д/ на морфемската граница преминуваат во соодветни африкати, сп. *б'рацќи (< брашски), йреце'дашел (< йредседашел), 'суцќи (< судски), йош'цече (< йошсече), 'йечес (< йешшесш), йош'чие (< йошшие), од'ѕади (< одзади), над'џиви (< надживи).*

2.2.18. /с, з/ на морфолошката граница пред /ш, ж/ најчесто се асимилираат, сп. *бешумен (бешшумен < безшумен), рашие (< разшие), ражаби (< разжаби).*

2.2.19. Не се можни секвенци од два африката, од африкат и спирант, од алвеоларен спирант и африкат и/или дентален спирант.

2.2.20. Во наследениот лексички фонд нема согласнички групи на крајот, со исклучок на *-фт̄* во *нофт̄*. Групите *-ст̄, -шт̄* се упростуваат со паѓањето на оклузивот /т̄/, сп. *л'ис, мас, мос, чис, дош, нош* / *ношт̄, 'п̄омош, п̄риш, чуш (< чужд).*

2.2.21. Геминатите се ретки, се појавуваат на морфолошките граници, најчесто на границата меѓу префикс и коренска морфема или меѓу наставка и членска морфема. Забележани се геминатите /т̄т̄/, /дд/, /jj/, коишто обично се реализираат како долги согласки [т̄:], [д:], [j:], сп. *нај:ак (најјак), о'т̄:ука (от̄т̄ука), о'т̄:ам (от̄т̄ам), п̄о'т̄:а (п̄от̄т̄а).*

2.2.22. Одделни опструенти.

2.2.22.1. /б/ се чува во групата /бн/ во случаите како *'дебне, 'зебне.*

2.2.22.2. /в/ има од сите опструенти најширока дистрибуција, се чува и во позиција пред /н/ во примерите како *'равно, равни'на, ѓ'лавна, п̄'л'евна, о'савне,* покрај *о'самне.* Само во неколку случаи на почетокот на зборформата факултативно алтернира со /ф/ во лексемите *фед'наѓа, ф'нет̄ре* покрај *вед'наѓа, в'нет̄ре.* Сп. и: *'т̄орник,* но *ф'т̄ори, со'фел'ка* / *со'вел'ка.*

2.2.22.3. Добро се чува и /т̄/, сп. на почетокот пред /л/: *т̄л'ее,* пред /к/: *т̄'кае,* сп. и пред /j/: *б'рат̄ја, ц'вет̄је,* пред африкатите /ц, ч/ на морфолошката граница: *'жит̄це, ѓо'вет̄це, с'вет̄ци, ѓ'рат̄че, п̄ат̄че, рит̄'че, п̄ирот̄'чанец.* Добро се чува и во групата /шт̄/, како на почетокот, така и во средината на зборформата, сп. *ш'т̄ет̄а, ш'т̄ира, шт̄о, к'л'ешт̄и,* и во групата /ст̄р/: *ст̄'рана, ст̄'ража, сест̄'ра.*

2.2.22.4. Добро се чува и /д/, може да стои на почетокот пред /н/ и /л/, со исклучок на лексемата *ѓ'л'ет̄о,* се појавува во група со /ж/: *'дождо, 'чужди,* и во групата /здр/: *зд'рави.* Не се менува ни пред /j/: *брод'јанец, охрид'јанец.*

2.2.22.5. /ѕ/ е ретко и позициски ограничено. Се појавува во еден број лексеми на почетокот пред самогласка: *ѕит̄, ѕеѓ'вари,* пред /в/: *ѕвер, ѕвез'да,* исто така во група со сонантите /р, н/: *п̄'роѕре, 'јанѕа.*

2.2.22.6. /с/ има широка дистрибуција, меѓу другото се појавува пред /ц, ч/ на морфолошката граница, сп. *рас'цап̄и, рас'чист̄и, ѕвисче, класче,* но сепак и *мех'це, ѓ'лухци, п̄'рахци.*

2.2.22.7. /ц/ е ретко и дистрибуциски ограничено. Најчесто се појавува во заемки и во ономатопејски лексеми, обично пред самогласка; ако исклучиме неколку случаи на асимилација, во група со согласка може да се појави само на морфолошката граница во суфиксот *-ција.*

2.2.22.8. Ретки се и /ќ, ѓ́/, најчесто стојат до самогласка.

2.2.22.9. За /к, ѓ/ рековме дека пред предна самогласка се неутрализираат со /ќ, ѓ́/. /к/ најчесто преминало во /ќ/ и во позиција по палатални или палатализирани сонанти, сп. *'вуќо (< вујко), 'зел'ќа (< зел'ка).*

2.2.22.10. Меѓу веларите најограничена дистрибуција има /х/ – тоа не може да стои ни на почетокот ни во интервокалната позиција, сп. *ѓ'рео, ѓ'реове* : *ѓрех, л'еӣ, ра'на, 'оца;* се појавува единствено на крајот и во средината пред согласка, сп. *них, бех, мех, о'рех, врах, 'задух, сух, вр̥х, ех'ла, вехӣ, 'бохча, ӣрахци, 'охка, о'рехче.*

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Акцентот е слободен, сп. *же'на, слобо'да, ѓрео'ӣа, равни'на, де'ӣе, вин'це, орас'је, сед'ло, сл'е'ӣец, ӣе'ӣел, до'шел, бр̥'л'ив; 'др̥во, 'ӣол'е; 'јазовец, ис'ӣина, 'јаѓода, 'езеро, 'ӣасишӣе; 'дабовица, 'јаребица; к'расӣавицаӣа, 'ласӣавичќиӣе.*

2.3.2. Од морфолошка гледна точка разликуваме два типа акцент: а) морфолошки стабилизиран, сп. *'баба – 'бабаӣа – 'баби – 'бабиӣе, ви'ках – ви'ка – ви'кахме – ви'каа,* и б) подвижен.

2.3.2.1. Именките покажуваат пет типа на подвижност: а) *же'на – же'наӣа – же'ниӣе* : *'жени; сед'ло – сед'лоӣо – сед'лаӣа* : *'седла; де'ӣе – де'ӣеӣо – де'цаӣа* : *'деца;* б) *ѓ'лава – ѓ'лави* : *ѓла'ваӣа – ѓла'виӣе; 'чело – 'чела* : *че'лоӣо – че'лаӣа;* в) *заӣ – 'заби* : *за'бо* : *за'биӣе; дол – 'долове* : *до'ло* : *доло'веӣо; 'вечер* : *вечер'ӣа; нош* : *нош'ӣа;* г) *маш – 'мажо – 'мажје* : *маж'јеӣо; кон – 'коњо – 'коње* : *ко'њеӣо;* д) *ри'бар – ри'баро* : *риба'ре – риба'реӣо; об'рас – об'разо* : *образ'је – образ'јеӣо; ра'кав – ра'каво* : *рака'ве – рака'веӣо; ос'ӣен – ос'ӣено* : *осӣе'ње – осӣе'њеӣо; ко'вач – ко'вачо* : *ковач'је – ковач'јеӣо.*

2.3.2.2. Глаголите покажуваат два типа на подвижност: а) през. *'ӣија* : *ӣи'еш – ӣи'е – ӣи'еме – ӣи'еӣе – ӣи'јаӣ; 'бера* : *бе'реш – бе'реме – бе'раӣ; 'ѓора* : *ѓо'риш – ѓо'риме – ѓо'раӣ;* б) *'наӣија – на'ӣие – на'ӣијаӣ; 'изѓора* : *из'ѓориш – из'ѓораӣ;* императив: *'земи* : *зе'меӣе, 'рани* : *ра'неӣе,* и: *'нарани* : *нара'неӣе* кај префиксираните глаголи.

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните гласови во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у* : *син, сиӣ*
< *е* во лексемата *шиќер*
< по пат на аналогија во лексемата *ди'боко*
*е* < **ь̥* : *ден, л'есен, до'шел*

< *ě : *брек, 'ветер, 'сенка*

< *ę : *'едер, е'тр̥ва, 'ечи, еч'мичка*

< ъ$_2$ секундарно во примерите: *'бистер, 'ветер, 'едер, 'итер,* пред *м* : *'осем* покрај *'осăм, осемде'се*

< *ǫ во лексемата *у'нетре*

*ă* < *l̥ : *бă'а, вăк, 'гăта, 'пăно*

< ъ$_2$ секундарно во лексемите *'цăфти, цăф'ток*

< *ǫ во лексемите *'гăлăп, гăлă'барник, 'сăшто*

< *ı* во турските заемки: *а'зăр, ба'кăр, ес'тăк, ја'ăр, на'лăни, сан'дăк*

*а* < *ǫ : *'вадица, 'важе, ва'ток, 'гаска, 'заби, пад'нал, 'бера, бе'рат*

< *ę во секвенцата *ję во лексемите: *ја'зик, 'зајак, 'зајачко*

< ъ$_2$ секундарно во *'лага, 'лаже, 'лажичка, 'лажичарник, 'магла, маг'л'иф, 'танок, о'самне,* пред крајното /р/ во лексемите: *'ведар, 'добар, 'одар, 'остар,* пред /м/ во *сам, 'не сам, 'седам, седам'наесе* покрај *'седăм*

< *ě зад /ц/ во примерите: *цал, цана, ца'ни, ца'ни се, 'цал'ина, ца'пец, 'цапи, цапеница, 'цатка, 'цафка*

*у* < *ǫ во лексемите: *'гужва, 'жел'ут, 'куа, му'ток, 'пупка, 'пупче, 'пажина, ру'чок, сут, су'дија, туп, ту'пан, т'руба, 'сумрак, чу'брика*

< *l̥ во лексемите: *'Бугарин, Бу'гарија, чун*

< *wь / *wъ во предлогот *у* (на пр. *у не'дел'а*) и во прилогот *у'нетре*

< во поголем број изолирани лексеми, сп. *гу'л'ем, гул'е'мин* 'јануари', *ду'ри, ку'го, 'некуго, 'никуго, 'матурица, 'доктур, 'бумба, ку'манда, куми'сија,* и во прилози од типот *'ногу, 'малку*

*о* < *ъ̥ : *дош, ру'чок*

< секундарно пред /л/: *'рекол, 'пекол*

< *ǫ во лексемата *клоп'че*

*р̥* < *r̥ примарно и секундарно

3.2. *Консонантизам*

Консонантите /*ј, р, м, н, њ, п, б, т, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, г*/ потекнуваат од соодветните консонанти во појдовниот систем. Освен тоа:

*ј* < *l' епентетско во примерите како *'земја, 'сабја*

< *x пред согласка на пр. во лексемата *нијни*

< како протеза во лексемата *'јатор*

< хијатско во лексемите *ќија (< киха), 'бр̥зијо, 'добријо*

< *и* зад согласка во членската морфема кај придавки од машки род, сп. *'бол'енјо, ши'рокјо*

*л* < *l со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

*л* < *l′ во изолирани примери, на крајот на зброформата, сп. *учител*

*л’* < *l′ : *'л’успа, кл’уч, не'вол’а, 'жал’а, 'мисл’а, за'кол’ат, 'чешел’*

< *lь : *жал’, сол’, 'зел’ка, су'кал’ка*

< *l во позиција пред предните вокали и пред *j*

*р* < *ŕ

*м* < *в* во групата *вн* во лексемите *г'римна, о'дамна*

*н* < *њ* на почетокот пред /*и, е*/: *'нива, 'него,* а во изолирани случаи и во други позиции, сп. *кон, 'коно, 'дуна, 'дина, пе'нуга, сви'нарка*

*њ* < *ń во изолирани примери: *'бања, ба'њач, 'дења*

< *nьj : *ја'дење, ко'рење, сире'ње, 'тр̥ње, ждре'бења*

*ф* < *хв* : *'фал’и, 'фане*

< *в* во изолирани примери пред /*н, л*/, сп. *ф'нетре* покрај *у'нетре, ф'не-се, ф'л’езе,* сп. и: *фед'нага, со'фал’ка*

< *х* во лексемите *к'рефок – к'рефко, с'тафорец, моф*

< *к* во формите *'нофти, ноф'те, нофт*

< во заемки: *фес, 'фира, ка'фе*

< ономатопејско: *фучи, 'фр̥ка*

*в* < *w

< како протеза пред *ǫ : *ва'ток, 'важица, 'вазол’, ва'же, 'вадица, 'вагл’ишта*

< *м* во групата *мн* : *тев'ница, 'тевно, кр̥внак, 'гувно, с'товна*

< *х* во формата *'павни*

*т* < *t′ во групата *шт* : *'гашти, 'л’ешта*

< *ø* во групата *ср* : *ст'реда*

*д* < *d′ во групата *жд* : *граж'данец, п'режда, 'чужди*

< *ø* во групата *жр* : *ждре'бе*

*ц* < *č во групите **čr̥-, *črě-, *čvr̥-,* сп. *цр̥н, ц'ресло, цвр̥сто*

< *с* во групата *пс* : *теп'ција,* и во групата *тс* на морфолошка граница пред суфиксот *-ск(и)* : *брацќи (< братски)*

*ѕ* < *з* во групите *зв* : *ѕвер, ѕвез'да, нз* : *б'ронѕа,* исто така пред вокал ако во наредниот слог има *д* : *ѕаден*

< *д* во лексемата *ѕ'виска*

*с* < аналошко во *'нисок (: 'ниска)*

*з* < *ʒ, сп. *'нозе, 'полози*

*џ* < во заемки: *'баџа, 'манџа, о'џак*

*ш* < *t′ : *'гашник, нош, помош, с'вешник, о'бушје, п'л’ешка,* и во групата *шт* : *'гашти, гаште'рес, 'маштеа, нош'теска, о'буште, с'ношти*

< *с* пред *ч* во изолирани случаи на морфолошка граница, сп. *појашче*

*ж* < **d′* : *меж'ник,* и во групата *жд* : *граж'данец, меж'да* покрај *меѓа, п'режда, 'сажди, 'чуждо*

*ќ* < **t′* : *божиќ* покрај *божик, 'веќе, в'реќа, до'маќин, 'куќа, с'реќа, с'ваќа, 'ќерка*

< **tьj* : *б'раќа*

< *к* зад палатална и/или палатализирана согласка: *'вуќо* покрај *'вујќо, вуј'ќа, 'маќа, 'бел’ќа, 'зел’ќа, 'л’ул’ќа*

< *к* пред *и* : *'вошќи, п'л’ешќи, 'јабăќи, ќија, се'ќира, Гр̥ќинка*

*ѓ* < **d′* : *'меѓу, п'реѓе, 'р̥ѓа* покрај *р̥ж'да*

< **dьj* : *'ѓавол, 'лаѓа*

< *г* пред *и* : *б'лаѓи*

< во заемки: *ѓол’, 'ѓубре, ма'ѓесник*

*г* < во лексемата *г'л’ето*

*х* < *с* во групата *сц* на морфолошка граница, сп. *мех'це, п'рахци*

< *ш* пред *ц* на морфолошка граница, сп. *г'лухци*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиени од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни како резултат на регресивна асимилација.

3.2.2. Безвучните консонанти се добиени од звучните и на крајот.

3.3. *Прозодија*

Појдовниот прозодиски систем не претрпел поголеми фонолошки промени, но се извршиле низа морфолошки измени, т.е. поместувања на местото на акцентот.

3.4. *Губење на одделни гласови*

3.4.1. /*j*/ се губи редовно на почетокот пред предните вокали, сп. *'езеро, 'ел’ен,* во интервокална позиција: *б'роиш, 'сее, т'кае, 'шие,* и на крајот во императивот зад *и,* сп. *'напи се,* и сл., и во морфемата *-ји* зад *ч* во посесивните формации, сп. *'мачи* покрај *'мачќин, 'овчи.*

3.4.2. /*в*/ се губи во групите *вт-* во лексемата *'торник, свр-* во лексемата *ср̥'беш,* пред *д* : *до'вец, до'вица,* и спорадично во интервокална позиција: *'напраа (< направа).*

3.4.3. /*т*/ се губи редовно на крајот на членската морфема за машки род, сп. *чо'веко, 'л’ебо,* во броевите од 11–19 и во десетиците, сп. *два'наесе, осемде'се,* во лексемата *'папра* и во крајните групи *-ст, -шт* : *кр̥с, мас, шес, дош, помош, приш.*

3.4.4. /*х*/ се губи редовно на почетокот и во интервокална позиција, сп. *и'л’а-да, л’еп, 'оџа, бӑ'а, 'вр̥о, 'вр̥ове, г'реове* (: *грех), грео'та, о'рео* (: *о'рех), с'наа, с'наи, 'маштеа, 'реа, ст'реа, Вла'инка* (: *Влах), г'роот, му'а, глу'арка, су'ар, пер'дуо, 'беа, дој'доа.* Во неколку случаи *х* се загубило и во други позиции: *мее'л’ем, дуу'на.*

3.4.5. Во одделни случаи се губат и: /*м*/ на почетокот пред /*н*/: *н'огу;* /*л*/ пред /*к*/ во прилозите *'току, о'ноку;* /*г*/ во *п'ре:ска* покрај *преѓеска.*

## 14. БЕРОВО

БЕРОВО, општина Берово.

Југоисточно наречје, малешевско-пиринска група говори.

ОЛА 104, МДА 261.

Во 1961 год. градот имал 4.289 жители, од кои 3.995 православни Македонци, од другите националности најбројни биле Турците (134). Населението се занимава со земјоделство, сточарство, развиено е занаетчиството. Има економски контакти со Струмица, Радовиш, Штип, Виница и Кочани. Од 1946 год. има осмолетка.

Берово прв пат се спомнува во XVI в.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ă* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.1.1. Функција на силабема врши и /*р̥*/.

1.2. *Консонант̄изам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л'* | *р* | *н* |
| *ј* | | | *њ* |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *п* | *б* | *ф* | *в* |
| *т* | *д* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *ќ* | *ѓ* | | |
| *к* | *г* | *х* | |

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите силабеми можат да бидат акцентирани.

1.3.2. Акцентот е слободен и подвижен, сп. *же'на – же'ната – же'ните* : '*жени.* Како дистинктивен признак акцентот се користи кај глаголите во презентот, имперфектот и аористот, и кај некои именски форми, сп. '*вика* (3 л. едн. през.) : *ви'ка* (3 л. едн. аор.), '*виках* (1 л. едн. имперф.) : *ви'ках* (1 л. едн. аор.), *др̥'варе* (членувана форма) : *др̥ва'ре* (множина).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Сите вокали можат да стојат на почетокот, во средината и на крајот на зборoформите.

Од ова правило се исклучува вокалот /*ӑ*/, кој не може да се јави на апсолутниот крај, а многу е редок и на почетокот.

2.1.2. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ можат да стојат во група секој со сите, освен на почетокот на зборoформите.

2.1.3. Два исти вокала во непосреден контакт по правило не се контрахираат.

2.1.3.1. Има тенденција да се разложуваат и оние вокали што се удолжиле како резултат на компензација по губењето на консонантот /*х*/ во позиција пред консонант, сп. *буу'на (< бу:'на < бух'на), дуу'на, маа'на (< махна), тии'на (< тихна), мее'л'ем (< мехл'ем).*

2.1.4. Вокалот /*и*/ во позиција зад друг вокал по правило се пази неизменет, освен во неколку случаи каде што се реализира како [*i̯*], сп. *с'наi̯ (снаи), моi̯, моi̯те (мои).*

2.1.5. Силабемата /*р̥*/ по правило се јавува во консонантско соседство (*r̥C-*, *Cr̥C*). Во соседство со вокал може да се јави само на морфемска граница во примери од типот *за'р̥жца* или *'вр̥о, 'вр̥ове* (: *вр̥х).*

2.2. *Консонант̄изам*

2.2.1. Сите сонанти можат да стојат во почетна, средишна и крајна позиција, со исклучок на /*њ*/.

2.2.2. Сите опструенти можат да стојат во почетна и средишна позиција.

2.2.3. Звучните опструенти не можат да стојат на апсолутниот крај.

2.2.4. Звучните опструенти не можат да стојат пред безвучните, а безвучните не можат да стојат пред звучните.

2.2.4.1. Претходново правило важи и за меѓузборовна позиција, сп. *п̄ред-в'рат̄а* : *зат̄-'п̄орт̄а.*

2.2.5. Од консонантските групи не се можни: *јк (> ќ),* сп. *'маќа, 'вуќо (мајка, вујко), л’к (> л’ќ)* : *'бол’ќа (бол’ка) п̄'рел’ќа, п̄с (> п̄ц)* : *п̄ци, п̄'цет̄а, п̄'цува, с'т̄ип̄ца* (3.2.), *п̄ш (> п̄ч)* : *п̄ченица* (3.2.), *шт̄, жд (> шч, жџ),* сп. *ш'чица, шчо, 'р̥шча (р̥жт̄а > р̥шт̄а), дож'џе* (3.2.), и крајните *-ст̄, -шч,* сп. *л’ис, кр̥с, п̄риш, дош* (3.4.3.).

2.2.6. Консонантски групи од два исти консонанта во материјалот не се забележани.

2.2.7. Одделни консонанти.

2.2.7.1. /*ј*/ не се јавува пред предните вокали на почетокот. Обично не се јавува пред /*е*, *и*/ и во вокални секвенци, сп. *'заедно, з'нае, 'вее, к'рие, 'мое, 'чуе, б̄роиш, чи'и,* како и на крајот зад /*и*/ во императивот: *сп̄и, ши.*

2.2.7.2. /*л*/ не може да стои пред предните вокали и пред /*ј*/.

2.2.7.3. /*р*/ не се јавува на почетокот пред консонант и во консонантска група.

2.2.7.4. /*н*/ пред консонантите /*к, г̄*/ се реализира како [*ŋ*]: *'маŋг̄ал, г̄'раŋка, 'т̄еŋко.*

2.2.7.5. /*њ*/ не се јавува на почетокот и на крајот на зборофомите. Се среќава, главно, во состав на морфемите *-ње, -ња,* сп. *ја'дење, 'т̄р̥ње, 'камење, 'п̄р̥ст̄ења.*

2.2.7.6. /*ѕ*/ се јавува најчесто во група со /*в, р, н*/, сп. *ѕвез'да, ѕ'виска, наѕ'ре, б̄ронѕа,* поретко во друга позиција, сп. *ѕи'дар, 'ѕевг̄ар.*

2.2.7.7. Консонантите /*к, г̄*/ пред предните вокали се реализираат како [*к’*, *г̄’*], сп. *'к’ит̄а, к’и'не, ра'к’иа, 'јабак’и, г̄’и'не, 'ог̄’ин.*

2.2.7.8. Консонантите /*ќ, ѓ̄*/ се ретки.

2.2.7.9. Фонемата /х/ не може да се јави на почетокот и многу е ретка во меѓувокална позиција, сп. *'сухо, г̄'рохоӣ,* но: *ра'аӣ, маа'ла, со'а.*

2.2.7.10. Пред сонантите /*л, м, н*/ согласката /х/ се изговара како [γ], сп. *буγ'на, ӣиγ'на, 'еγла, 'Меγмеӣ,* покрај *буу'на, ӣии'на.*

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Кај зборовите со парадигма разликуваме два основни акцентски типа: а) парадигми со морфолошки утврден акцент: *'дол – 'доло – 'долове – 'доловеӣо, 'баба – 'баби – 'бабаӣа – 'бабиӣе, 'викам – 'викаш – 'викаме,* и б) парадигми со подвижен акцент.

2.3.1.1. Ги наоѓаме следниве акцентски типови со подвижен акцент:

а) *г̄'лас – г̄'ласове : г̄ла'со – г̄ласо'веӣо*
*в'лас : влас'ӣа*

б) *о'рел – о'рело : 'орл'и : ор'л'иӣе*
*ко'нец – ко'нецо : 'конци : кон'циӣе*

в) *оф'чар – оф'чаре : офча'ре – офча'реӣо*
*об'рас – об'разо : обра'зе – образ'јеӣо*

г) *б'рада – б'ради : бра'даӣа – бра'диӣе*
*'месо – 'меса : ме'соӣо – ме'саӣа*

д) *же'на – же'наӣа – же'ниӣе : 'жени*

ѓ) *реб'ро – реб'роӣо : 'ребра – 'ребраӣа*

Кај придавките: *м'лаӣ – м'лада – м'ладо : мла'дие – мла'даӣа*

Кај глаголите: *'реча : ре'чеш – ре'че – ре'чем(е) – ре'чеӣе; 'др̥жа : др̥'жиш – др̥'жи* итн.

2.3.2. Примери за акцентски целости: а) со именка: *'ӣо-г̄лава, 'за-рака,* но: *ӣо-за'би, врес-'камено;* б) со глагол: *ре'кох-му, дој'де-си, и'зел-си-ме, не-'сам 'јал л'еӣ, не-'си зна'ал за-ӣо'ва.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните силабеми во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у : бик*
*е* < **ь̥ : ден, 'ӣал'ец*
< **ę : г̄'реда, 'месо, 'семе*

< *ě : *м'л'еко – мл'е'кот̄о*

< *а* зад *л'*, *ч* во одделни лексеми: *'чел'ет̄, 'бр̥шл'ен, 'чеша, чер'шаф, че'к'иа*

< секундарниот $ъ_2$ пред крајните *р, м* : *'бист̄ер, 'модер, 'ост̄ер, 'вет̄ер, 'седем, 'осем*

< *о* во членската морфема зад палатален и некогашен палатален консонант, сп. *'коне, к'рае, г̄'роше*

*ă* < *l̥ : вăк, 'вăна, 'дăг̄о, дăжи'на, мă'зе*

< турското *ı* : *п̄ија'лăк, сан'дăк, ка'дăŋка*

*а* < *ǫ во сите позиции: *'кашча, 'г̄аба, 'г̄аска*

< секундарниот $ъ_2$ во почетна позиција: *ла'жица, маг̄'ла, цаф'т̄ок, 'савне*

< *ě зад *ц* : *цал, 'цади, 'цал'ина, 'цап̄и*

< *ę во секвенцата *ję во одделни лексеми, сп. *ја'зик, 'зајак, 'јаг̄ул'а,* но и: *е'чи, е'т̄р̥ва*

*у* < во одделни лексеми: *сут̄, су'диа, 'г̄ужва, ру'чок*

< *о* во соседство со лабијален или веларен консонант во поголем број лексеми: *'викум, 'ничкум* (кај прилозите), *'јаг̄уда, г̄у'л'ем, ку'г̄а, г̄у'вее, п̄уз'дер* (внесени од говорите што ја познаваат редукцијата на неакцентираните вокали)

*о* < *ъ̥ : *дош, сон, ру'чок*

< секундарниот $ъ_2$ пред крајното *л* : *'рекол, 'п̄екол*

*р̥* < *r̥ примарно и секундарно

3.2. *Консонант̄изам*

Консонантите /*ј, р, м, н, п̄, б, т̄, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, г̄, х*/ потекнуваат од соодветните консонанти во појдовниот систем. Освен тоа:

*ј* < *x во одделни лексеми: *'нијно*

< *l′ епентетско: *'земја*

< *и* зад вокал во ограничен број случаи: *п̄'раи̯ (п̄рави), п̄ри'вои̯, 'мои̯*

< протетичко: *'јадица, 'јат̄ор, 'јужина*

*л* < *l′ во одделни примери на крајот: *'вазол, п̄ри'јат̄ел, ро'дит̄ел, у'чит̄ел*

< *l со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

*л'* < *l во позиција пред предните вокали и пред *ј*

*р* < *ŕ

*н* < *њ* : *кон, 'бана, п̄е'нуг̄а*

*њ* < *nь̯j : *ја'дење, 'камење*

*ф* < *хв* : *'фал’и, 'фане*
< *в* во секвенциите со *л’, н* во одделни случаи: *ф'нет̄ри, ф'л’езе, ф'несе*
< *х* во одделни случаи: *'нофт̄ок, 'п̄афт̄а, к'рефко*
< во заемки: *фес, 'фира, ка'фе*

*в* < *w
< како протеза: *'ваг̄л’ен, 'вазол*
< *м* во групата *мн* : *'г̄увно, т̄ев'ница, о'савне, г̄лав'на*
< хијатско во одделни случаи: *'руво, 'п̄азва* (< *'п̄азува*)

*ц* < **č* во групите **čr̥-, *črě-* : *цр̥н, 'цр̥вен, црен, ц'рево*
< *с* во секвенцата *п̄с* : *п̄'цет̄а, п̄цови'са* (2.2.5.)
< секвенцата *т̄с* : *б'рацки*

*ѕ* < *з* во група со *в, р, н* и во одделни случаи пред вокал, сп. *ѕвез'да, наѕ-'ре, б'ронѕа, 'ѕирка*

*з* < **ʒ* : *'нозе, бла'зе*

*ч* < **t′* во секвенцата *шт̄* : *'кашча, 'л’ешча*
< *т̄* во секвенцата *шт̄* : *шчо, 'г̄ушчер, ш'чица*
< *ш* во групата *п̄ш*, сп. *п̄ченица* (2.2.5.)

*џ* < **d′* во секвенцата *жд* : *меж'џа, р̥ж'џа, 'нужџа*
< туѓо: *џам, син'џир, 'манџа*
< *ж* во групата *жг̄* : *џг̄ан*

*ш* < **t′* во секвенцата *шт̄* : *п̄'л’ешчи, свеш'ча*

*ж* < **d′* во секвенцата *жд* : *'вежџа, меж'џа*, или само: *меж'ник*

*ќ* < **t′* во одделни случаи: *'веќе, ќе, бо'жиќ, в'реќа*
< туѓо: *ќеф*
< *јк* во *'маќа*
< *к* зад *л’* : *су'кал’ќа* (2.2.5.)

*ѓ̄* < туѓо: *'ѓ̄убре*
< место **d′* во неколку примери: *'меѓ̄у, п̄'реѓ̄е*
< **dь̥j* во случаите како *'ѓ̄авол, 'лаѓ̄а*

*х* < *с* во групата *сц* на морфемска граница: *п̄'рахци, 'махца, 'мехце*
< *к* во групата *кт̄* во одделни случаи: *'лахт̄и, 'нохт̄и – 'нофт̄и.*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти настанале од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни опструенти како резултат на регресивна асимилација по звучност.

3.2.2. Безвучните опструенти на крајот на зборофомите исто така можеле да се добијат од звучните.

3.3. *Прозодија*

Појдовниот систем не претрпел потемелни фонолошки промени, но се извршени значителни морфолошки промени (в. 2.3.).

3.4. *Губење на одделни гласови*

3.4.1. /*j*/ се губи редовно во почетокот пред /*e*/, многу често во интервокална позиција пред предните вокали, поретко и во соседство со други вокали, сп. *'езеро, е'л'ен, т'рае, пи'е, ко'е, мо'и, чи'и* (2.2.7.1.).

3.4.2. /*в*/ се губи редовно во суфиксот *-вски* : *'бероски,* и во одделни случаи во групите *вд-* : *до'вец, до'вица, вт-* : *'торник,* понекогаш и во интервокална позиција, сп. *п'раа, 'остаа.*

3.4.3. Консонантот /*т*/ се губи во членската форма за машки род, сп. *'л'ебо, бре'го, 'коно,* во броевите од 11–19 и во десетиците, сп. *педе'се, шее'се,* и во крајната група *-ст* : *мас, шес, 'радос.*

3.4.4. Согласката /*х*/ се губи редовно на почетокот на збороформите, сп. *л'еп, 'рана, ан, 'оца,* во интервокална позиција, сп. *му'а, ст'реа, с'наа,* во некои случаи и пред консонант, сп. *му'ла (мухла), 'тула, дуу'на.*

## 15. ЕЛЕШНИЦА

ЕЛЕШНИЦА, Разлошко, Бугарија.

Југоисточно наречје, малешевско-пиринска група говори.

МДА 276а.

Селото Елешница се наоѓа во малата котлина на реката Златарица југоисточно од градот Банско (Пиринска Македонија). Има околу 4.000 жители. Административно е сврзано со Банско, којшто е и пазарен центар за елешничани. Главно занимање на населението е земјоделството и ситното сточарство. Елешничани се прочуени и како вредни ѕидари. Во поново време добар дел од населението е вработено и во рудниците што се наоѓаат во непосредната околина.

Овој опис на денешниот фонолошки и прозодиски систем на елешничкиот говор е направен врз база на материјалот забележан само од едно лице – Ѓорѓи Поп-Атанасов, научен соработник во Институтот за литература при Филолошкиот факултет во Скопје. Ѓорѓи Поп-Атанасов е роден во село Елешница (1940) и таму живеел сè до 1970 година, кога доаѓа во Скопје. Тој беше љубезен да пополни една опширна анкета (со околу 3.000 прашања и лексеми). Тој материјал го имам потоа повторно продискутирано со Поп-Атанасов. За неговата помош срдечно му благодарам. Земен е исто така под внимание и материјалот од овој говор содржан во III том на Бугарскиот дијалектен атлас (*Български диалектен атлас*, III, ИБЕ на БАН, София 1974) во кој с. Елешница се води под бројот 4114.

Населбата прв пат се спомнува во XIV век.

Описот е прв пат печатен во ПрилОЛЛН XII, МАНУ, Скопје 1987.

### I. ИНВЕНТАР НА ФОНЕМИТЕ И ДИСТРИБУЦИЈА

1. *Вокали*

1.1. Инвентар. – Елешничкиот говор има седум (7) вокални фонеми:

*и* *у*

*ă*

*е* *о*

*ä* *а*

Сите овие вокали се реализираат во акцентирана позиција. Во неакцентирани слогови поради неутрализацијата на /*ä*/ со /*е*/ во корист на вторава бројот на вокалите се сведува на шест (6):

*и* *у*

*ă*

*е* *о*

*а*

Вокалните фонеми меѓу себе се диференцираат по дистинктивните признаци што произлегуваат од местото на артикулацијата (предни – задни), од степенот на отворот, т.е. од степенот на издигнувањето на јазикот (широки – тесни, одн. ниски – високи) и учеството на усните (лабијализирани – нелабијализирани). Графички изразени тие ја даваат следнава слика:

| | *и* | *у* | *е* | *ă* | *о* | *ä* | *а* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| заокружени | | | | – | + | | |
| предни | + | – | + | – | – | + | – |
| ниски | | | – | – | – | + | + |
| високи | + | + | – | – | | | |

1.2. Алофони и дистрибуција.

1.2.1. Фонемите /*и, е, у, о, а*/ имаат долги алофони добиени како компензација по загубата на консонантите /*х*/ и /*ж*/: [*и:*] *'т̄и:ме (< т̄ихме), 'ви:жа̣ (< 'вижжа̣ < 'вижда̣),* [*е:*] *је:'ла, ме:'л’ем, 'носе:ме (< јех'ла, мех'л’ем, 'носехме), ме:'жа (< меж'да),* [*у:*] *'чу:ме (< 'чухме), 'чу:жи (< 'чужди),* [*о:*] *'реко̣:ме (< 'реко̣хме), до̣ј'до:ме,* [*а:*] *'ја:не, г̄'л’еда̣:ме ('јахне, г̄'л’еда̣хме), 'да:же, 'ра:жа̣ (< 'дажде, 'ражда̣)* и др.

1.2.2. Општа е појава во нашите источни дијалекти вокалите во неакцентирана позиција да се изговараат нешто пократко од нивните акцентирани алофони. Таа констатација важи и за елешничкиот говор. Според тоа во зависност од местото на акцентот можеме да разликуваме акцентирани и неакцентирани вокални алофони со квантитетска диференцијација.

1.2.3. Фонемата /*а*/ во неакцентирана позиција се реализира нешто повисоко во правец на гласот /*ă*/ – [*а̣*], сп. *ла̣'жица̣, 'ит̄а̣р, м'ладија̣, ца̣ф'т̄и.*

1.2.4. И вокалот /о/ се јавува во два основни алофона – [о] во акцентиран слог, и [о̣] – затворен глас во правец на /у/ во неакцентирана позиција. Во одделни лексеми зависно од оддалеченоста од акцентираниот слог и од карактерот на претходната согласка затворениот алофон се доближува многу до /у/ или пак со него се неутрализира, сп. *'око̣ – о̣к'ото̣, 'нос – но̣'со / ну'со, 'восо̣к / 'восук, в'рао̣ – в'рао̣ве, до̣'ожа̣, 'дојдо̣а̣, ко̣'е.*

1.2.5. По однос на позицијата во зборoформите фонемите /*и, у, е, о, а*/ не покажуваат ограничувања. Тие можат да стојат во иницијална, медијална и финална позиција.

Кај фонемата /*ӓ*/ немаме пример само за иницијална позиција, сп. *брӓк, чо̣'вӓк, прӓј, ба'џӓ, гла̣в'нӓ, се'дӓ.*

Фонемата /*ӑ*/ по правило се јавува во медијална позиција. Во нашиот материјал нема примери со /*ӑ*/ на крајот, а во иницијална позиција констатирана е во лексемата *ӑца (< хл̥ца).*

По однос на акцентот ограничување покажува, како што веќе спомнавме, фонемата /*ӓ*/. Таа се реализира само во акцентиран слог, додека во неакцентирана позиција се неутрализира со /*е*/, сп. *брӓк – бре'го, 'мӓси – ме'сӓте, м'л'ӓко̣ – мл'е'кото̣, 'сӓка̣ – се'чеш, 'сӓно̣ – се'ното̣, 'рӓка̣ – ре'ката̣, 'сӓра̣ – сере'л'ива̣ (вӓна), ц'рӓва̣ – цре'вата̣.*

1.2.6. По однос на вокалното соседство нашиот материјал покажува дека во принцип сите вокали можат да стојат во група со секој, со некои мали ограничувања на вокалите /*ӓ*/ и /*ӑ*/, сп. /*ие*/: *'мие се, 'пие, 'чие,* /*иа*/: *'испиа̣ (: 'пија̣), згре'шиа̣* покрај *згре'шии̯а̣,* /*ио*/: *три'оњ,* /*еи*/: *д'реи, 'машчеи,* /*еа*/: *'машчеа̣, 'неа̣,* /*ео*/: *гре'о,* /*еу*/: *к'реук,* /*ӓи*/: *ст'рӓи, 'л'ӓи,* /*ӓе*/: *с'мӓе се, 'пӓе, 'тӓен,* /*ӓа*/: *'бӓа̣, ст'рӓа̣, 'л'ӓа̣,* /*ӓо*/: *г'рӓо̣ – г'рӓо̣ве,* /*аи*/: *с'наи,* /*ае*/: *'заек, 'паек,* /*аӑ*/: *ка̣'ӑрен* 'тажен', /*ао*/: *в'рао̣, 'зао̣'рок,* /*ау*/: *'пау'жина̣, па̣'уњ,* /*ӑа*/: *к'рӑа̣'вица̣,* /*ӑо*/: *'пӑо̣ – 'пӑо̣ве (: пӑх), в'рӑо̣ве,* /*ои*/: *'мои, 'нӓко̣и, тро̣'ица̣,* /*ое*/: *ра̣з'бое, по̣во̣'е, го̣еж'л'иф, ко̣'е,* /*оа*/: *со̣'а, до̣ј'доа̣,* /*уи*/: *г'луи, 'муи,* /*уе*/: *'чуеш, о̣'буе,* /*уа*/: *'муа̣, су'ар,* /*уо*/: *'буо̣ (: бух), г'луо̣.*

Можни се исто така и групи со идентични вокали, сп. /*ии*/: *з'мии, з'миин,* /*ее*/: *чее'не, 'чее, шее'се,* /*аа*/: *г'л'една̣а̣, с'наа̣, 'јаа̣, ќа̣а'ја, 'таа̣,* /*ӑӑ*/: *к'рӑӑви,* /*оо*/: *'доо̣'рок,* /*уу*/: *бууре'сал.*

1.2.7. По однос на консонантското соседство некои ограничувања покажува вокалот /*а*/. Имено, зад (историски) палаталните консонанти /*а*/ се неутрализира во /*ӓ*/ во акцентиран слог, односно во /*е*/ во неакцентиран, сп. *ва̣'л'ӓвица̣, грӑк'л'ӓн, гла̣в'нӓ, ба̣ш'чӓ, нуш'чӓ (< но̣ш'ча), ел'ешни'чӓне, о̣хри'чӓнец, тоа̣ 'чӓс* 'веднаш', *уф'чӓр, уф'чӓрка̣, 'чӓка̣, ба̣'џӓ, петл'е'џӓн – петл'еџе'не, у'џӓк, фил'и'џӓн, – 'поес, не'дӓл'е, пус'тел'е, 'чел'ет, 'бане (< 'бања̣), 'тине (тиња̣), ве'чере, пу'гаче (< по̣'гача̣), чер'дак, 'чеша̣* (иако под акцент), *ба̣џе'нак, 'кошер,* а во одделни случаи и кога се наоѓа /*а*/ пред /*ј*/, на пример: *к'рӓј – к'рӓишча̣, пук'рӓе,*

*п'рäј (< п'раи < п'рави), 'дäј, уде'ја (< ọдạ'ја).* Но веднаш треба и да истакнеме дека односниов преглас не се врши со полна доследност, повеќе се јавува како лексикализирана појава.

1.3. Вокални промени. – Од актуелните вокални промени веќе беа истакнати редукцијата на неакцентираните /а/ и /о/ и неутрализацијата на /ä/ со /е/ исто така во неакцентирана позиција. Овде сакаме овие две појави да ги илустрираме со побогат материјал.

1.3.1. Неакцентираното /а/ без оглед на неговото потекло подлежи на редукција во сите позиции на фонетските зборови. Меѓутоа степенот на редукцијата е нешто поблаг во споредба со појужните југоисточни македонски дијалекти. Во елешничкиот говор нема примери со неутрализација на неакцентираното /а/ и вокалот /ӑ/. Сп. примери: *б'радạ – брạ'датạ, влạк'но – в'лакнạ, врạ'чар – врạчạ'ре, 'зап – зạ'бо, 'даш – дạ:'же, 'ракạ – рạ'катạ, 'голạп, 'жалạт, 'убạф, дạ'бовицạ, јạ'забицạ, 'јагулạ, кạ'дел'е, лạ'жицạ, 'јабукạ, 'сабутạ, м'ладијạ, вạ'же, клạ'бо, мрạ'вуњạк* и др.

1.3.2. Самогласката /о/ во неакцентиран слог може да се чуе во разни степени на редукција, што зависи од ред околности: од карактерот на соседните консонанти, од близината до акцентираниот слог, од темпото на говорот. Од исто лице можев да чујам варијации од едно затворено [ọ] па до /у/. Не ретко и се укинува корелацијата меѓу неакцентираните /о/ и /у/, сп.: *г'ној – гнуј'та, 'горạ – гу'ратạ, 'кози – ку'зите, 'кори – ку'ра, 'конци – ку'нец, 'котл'и – ку'тел, 'моми – му'мите, 'ногạ – ну'гатạ, п'лош – плуш'та, 'сол' – сул''та, 'офци – уф'ца, 'орл'и – у'рел, 'овни – у'вен, у'б'рас, у'рäх, уф'чäркạ, у'џäк, уде'ја / ọде'ја, 'бивулцкọ, вуд'њак, вду'вец, гу'л'äм – гу'л'äму, гу'рä, гу'реш, 'ѓавул / ѓавọл, 'жалус, ку'е, ку'рап – курạ'бе, ку'л'äну / ку'л'äнọ, к'реук, к'ротук, 'мату'рицạ, 'милус, в'рауве, 'л'äбуве / 'л'äбọве,* и др.

1.3.3. Укинувањето на опозицијата /ä/ ~ /е/ во неакцентиран слог е регуларна појава, сп. *бäс – убес'нелọ, 'вäрạ – ве'ратạ, грäх' – гре'о, г'нäздọ – гнез'до, дäл – де'ло, дäцạ – де'цäтạ, ѕвäр – ѕве'ро, ѕ'вäзди – ѕвез'дите, к'л'äшчи – кл'еш'чок, 'л'äтọ – л'е'тотọ, 'мäси – ме'сил, 'рäкạ – ре'катạ, свäт – све'ти, свäш – свеш'ча, сäнọ – се'нотọ, 'сäкạ – се'чеш, снäк – сне'го,* итн.

2. *Сонанти*

2.1. Инвентар. – Елешничкиот говор има седум сонанти:

| | | | |
|---|---|---|---|
| *м* | *н* | | *њ* |
| | *л* | *л'* | |
| | | *р* | |

*ј*

кои според дистинктивните признаци што произлегуваат од местото и начинот на образувањето ја даваат следнава графичка слика:

| | *м* | *н* | *њ* | *л* | *л'* | *р* | *ј* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| предни | | + | – | + | – | | |
| периферни | + | – | – | | | | |
| латерални | | | | + | + | – | |
| глајдови | | | | – | – | – | + |
| назални | + | + | + | – | – | – | – |

2.2. Алофони и дистрибуција.

2.2.1. Лабијалниот назал /*м*/ се реализира во својот основен алофон [*м*] во сите позиции на збороформите и во соседство на сите вокали. Извесно ограничување тој покажува само во групата /*мн*/ која се разедначува во /*вн*/ и во иницијална позиција и во средината на зборот, сп. *крӑвн'ак, 'п̄овне, с'т̄овна̣, 'т̄евно̣, т̄ев'ница̣* (по аналогија после и во *'т̄евен, ст̄'рӑвен*), *ф'ноḡу (< в'ноḡу < м'ноḡу).* Инаку во иницијална позиција /*м*/ во домашни зборови се јавува во група со сонантите /*л, р, ј*/: *м'лади, мрак, м'јака̣* 'мјаука'.

2.2.2. Дентално-алвеоларното /*н*/ пред веларните консонанти /*к, ḡ*/ се реализира како веларно [*ŋ*], сп. *'сӓŋка̣, ф'раŋḡа̣.*

2.2.3. Палаталниот назал /*њ*/ по правило не се јавува пред предните вокали /*и, е, ӓ*/ како во иницијална, така и во медијална позиција. Во нашиот материјал нема примери со /*њ*/ и пред консонант. Произлегува дека /*њ*/ во овој говор може да стои пред непредните вокали и во финална позиција, сп. *вуд'њак, ви'њок, е'сењо̣ 'жит̄о̣, дењ* (: *дни, де'не), коњ, ко̣'њар* (: *'коне, 'конски), 'оḡ'ињ* (: *'оḡ'ине), сињ, 'сиња̣, 'сињо̣* (: *'сини), т̄рӑ'њак* (: *т̄'рӑне), а̣р'мањ* (: *а̣р'мане* – опр. форма, *а̣рма'не* – множина), *т̄и'ḡањ, фус'т̄ањ* и др. Очигледно е дека пред предните вокали опозицијата /*њ ~ н*/ се укинува. Треба уште да истакнеме дека во финална позиција не само што се пази добро старото /*њ*/, туку во бројни примери, особено во туѓи лексеми, се јавува тоа и на местото на /*н*/, сп. *а̣р'мањ, ка̣'зањ, т̄а̣'бањ, т̄и'ḡањ, фус'т̄ањ, п̄и'роњ, ка̣'ућ, рус'т̄ућ.*

2.2.4. Фонемата /*л*/ во својот основен алофон [*л*] се реализира пред вокалите /*а, ӑ, о, у*/, пред консонант и во финална позиција, сп. *'лажа̣, вол – во̣'лове, 'рекӑл – 'рекла̣ – 'рекло̣, чул – 'чула̣.* Пред предните вокали /*и, е, ӓ*/ и

пред /j/ неговиот изговор се неутрализира во корист на изговорот на /л’/, сп. *цал – 'цала – 'цало* : *'цал’и, 'полски* : *'пол’е, дол* : *'дол’е.*

Освен пред предните вокали, каде што /л/ не може да стои, тоа има значително поограничена употреба во некои други позиции; на пример, зад предните вокали најчесто се реализира како /л’/, се работи за еден вид асимилација, сп. *'вил’а, 'мил’у ми е, пил’ – 'пил’а, но'сил’, бил’ – би'л’а – би'л’о, 'бил’у, во'зил’у, кри'л’о – к'рил’а, 'сел’у – се'л’ото, ду'шел’, му'жел’, на'шел’, ку'тел’, 'пепел’, пе'тел’, сäл’, врäл’ – врäл’у, бäл’ка – бäл’к’и, бäл’чу* (но: *'вазал, ру'кал, вол, кол, чул, 'рекäл).*

2.2.5. Фонемата /л’/ позиционо не е ограничена, сп. *б'л’уваш, л’ут, 'л’уде, кл’уч, 'л’успа* (пред заден вокал), *'жел’ќа, 'мол’ба, ко'шул’ќа* (пред согласка), *жал’, при'јател’, сол’ – сол’'та, у'чител’* (на крајот).

2.2.6. Сонантот /р/ не може да стои меѓу две согласки и во иницијална позиција пред согласка. Тој секогаш има во соседство барем еден вокал. Во одделни лексеми во секвенцата /рă/ плус консонант, /р/ може да биде носител на слоговноста – [р̥ᵊ], сп. *гр̥ᵊп, кр̥ᵊл’еш, кр̥ᵊс, пр̥ᵊс, пр̥ᵊва, тр̥ᵊне, цр̥ᵊн.*

2.2.7. Глајдот /j/ се реализира како [j] и како [i̯] со разни степени на чујност и со факултативни варијации. Таквата слобода на артикулацијата на /j/ условена е од повеќе фактори, пред сè од неговата функционална оптовареност, од карактерот на околните гласови, од неговата позиција по однос на местото на акцентот, па и од емоционалната маркираност и темпото на говорењето. Алофонот [j] повеќе доаѓа до израз во иницијална позиција пред задните вокали, сп. *'јавор, јуз'да,* и во случаи каде што е морфолошки пооптоварен, на пример: *ба'јачка, д'рăвја, 'перја,* или во соседство на консонант, сп. *'зајци, скра'пја, 'гајда.* Како [i̯] се реализира најчесто во позиција зад вокал, сп. *змеи̯, мои̯, стои̯, пиi̯.*

По однос на дистрибуцијата општо можеме да констатираме дека е /j/ најстабилно на почетокот пред задните вокали, сп. *'јабука, 'јагне,* во интервокална позиција меѓу задни вокали, сп. *ба'јачка,* пред консонант, сп. *вуј'на, 'гајда,* во финална позиција: *број, рај, тој,* и во оние случаи каде што е семантички пооптоварен, на пример, во наставките: *мij – 'мijте се, сеј – 'сејте,* во вокативната наставка *-јо* : *'мажјо, чо'вäкјо, з'мијо, 'земјо,* и во збирната *-ја* : *'перја, д'рăвја.* Најслабо /j/ се изговара во интервокална позиција во секвенци во кои првиот член е преден вокал, сп. *зми'i̯а, 'пиi̯а.* Рестрикции на /j/ се јавуваат претежно пред предните вокали и на почетокот и во средината на зборoформите, сп.: *'есен, е'л’ен, 'едар, е'чи, ечеме'ник* (но *је'ла*) (во иницијална позиција пред *е*), *з'миин, з'мииноʼ бил’е, 'мои, 'кои, б'рои, тро'ица, 'мие се, 'пие, чи'е, 'пäе, 'сее, 'заек, ко'е, 'чуеш.* Необични се исто така и секвенците /је/ и /ју/ зад консонант, сп. *'базе, 'бил’е, 'боре, г'робе, 'дабе, д'рăне, 'кол’е, 'лозе, с'ноте, т'рăне.* Не се јавува и пред

палаталното /ќ/: *'маќа̣, 'вӓќа̣, 'т̄еќу, 'уќо̣, 'шаќа̣ (< мајка̣, вӓјка̣, т̄ејко̣, ујко̣, шајка̣)*. По однос на гласовното соседство /*ј*/, како и /*р*/, секогаш стои барем до еден вокал.

2.2.8. Удвоени сонанти (геминати) се јавуваат само на морфемска граница. /*јј*/ е забележано на границата со префиксот *нај-* : *најјак,* и на составот со вокативната наставка *-јо* во случаи како *рај – 'рајјо̣.*

Во еден пример е забележано и двојно /*л'л'*/: *а̣кӑл''л'ија̣.*

### 3. *Оп̄ст̄руенп̄и*

3.1. Инвентар. – Елешничкиот говор има деветнаесет (19) шумни консонанти (опструенти):

| | | | |
|---|---|---|---|
| *б* | *д* | *ѓ̄* | *г̄* |
| *п̄* | *т̄* | *ќ* | *к* |
| | *ѕ* | *џ* | |
| | *ц* | *ч* | |
| *в* | *з* | *ж* | |
| *ф* | *с* | *ш* | *х* |

Како релевантни дистинктивни признаци кај опструентите се јавуваат: звучноста (звучни – безвучни), африкативноста (африкати – експлозивни), проодноста (проодни или континуирани – оклузивни), местото на образувањето (задни – предни) и периферноста (периферни – централни). Во дијаграм тие се претставени на следниов начин:

| | *б* | *п̄* | *в* | *ф* | *г̄* | *к* | *х* | *д* | *т̄* | *ѕ* | *ц* | *з* | *с* | *ѓ̄* | *ќ* | *џ* | *ч* | *ж* | *ш* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| звучни | + | – | + | – | + | – | | + | – | + | – | + | – | + | – | + | – | + | – |
| африкати | | | | | | | | – | – | + | + | | | – | – | + | + | | |
| континуирани | – | – | + | + | – | – | + | – | – | – | – | + | + | – | – | – | – | + | + |
| задни | – | – | – | – | + | + | + | – | – | – | – | – | – | + | + | + | + | + | + |
| периферни | + | + | + | + | + | + | + | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – |

3.2. Алофони и дистрибуција.

3.2.1. Лабиоденталното /*в*/ покрај основниот алофон [*в*] во одделни лексеми се реализира како билабијален фон [*ў*]: *'л'ӑбо̣ўе, 'биўо̣л, мра̣ў'уња̣к, црӑўул'*. Вто-

риов се јавува во интервокална позиција во соседство со лабијализираните вокали.

3.2.2. Согласките /*ж, ш*/, поретко и /*ц, ч*/ се реализираат со лесна палаталност [*ж*', *ш*']: *жар', 'ж'аба̣, 'чу:ж'и, с'нош'ч'и, 'нош'ч'и, 'каш'ч'а̣.*

3.2.3. Групата /*шч*/ понекогаш може да се реализира и како [*ш'ш*']: *нуш''ш'а, ӣл'еш'ш'ес* покрај *нуш''ч'а, ӣ'л'еш'ч'ес.* На оваа појава укажува и Алексиев (*Разлошкияӣ ḡовор*, Македонски преглед, VI, София 1931), според кого процесот уште не е завршен.

Слична тенденција покажува и групата /*жц*/ > [*ж'ж*']: *'нуж'ж'а̣, 'виж'ж'а̣* покрај *'ну:ж'а̣, 'ви:ж'а̣.*

3.2.4. Фонемите /*ǵ, ќ*/ во елешничкиот говор се изговараат со нагласена палаталност и засилена фрикација, а можат да се реализираат и како [*ц*', *ч*'], сп. *бо̣'жич', 'веч'е, ме'ч'ава̣, ч'е, 'неч'е,* покрај *бо̣'жиќ, 'веќе* итн.

3.2.5. Веларните /*к, ḡ*/ пред предните вокали /*и, е, ä*/ се реализираат како палатализирани фонови [*к*', *ḡ*'] или пак се неутрализираат со /*ќ, ǵ*/ во корист на вториве, сп. *м'рафка̣ – м'рафк'и / м'рафќи, 'ḡаска̣ – 'ḡаск'и / 'ḡаскќи, 'ӣушка̣ – 'ӣушк'и / 'ӣушќи, 'ниска̣ – 'ниск'и / 'нискќи, 'ќисне, с'к'ел'е / с'ќел'е; б'лаḡа̣ – б'лаḡ'и / б'лаǵи, 'дăḡа̣ – 'дăǵи, 'оḡ'ин / 'оǵин.*

3.2.6. Фонемата /*х*/ во нашиов материјал се предава во три алофони: "нормално" [*х*], звучно [*γ*] пред /*м*/ во 1 л. мн. на минатото определено време, сп. *'ӣеко̣γме, 'секо̣γме,* покрај *'ӣеко̣:ме, 'секо̣:ме,* и палатализирано [*х*'], сп. *ḡрäх', них', ӣих' – 'ӣих'ӣе, у'рäх', бе'рах', да̣'дох', и'мах';* од БДА (4114): *'меӣо̣х, до̣'несо̣х, ми'нах,* и *в'ръшех'а, 'думах'а, м'ръдах'а.*

3.2.7. По однос на позицијата во зборoформите рестрикциите се однесуваат на звучните опструенти и на /*х*/.

3.2.7.1. Звучните опструенти, како и во другите македонски дијалекти, не можат да стојат на крајот на зборoформите пред пауза. Во таа позиција тие се неутрализираат со безвучните парници, сп. *'забе – заӣ, 'живи – жиф, 'дăḡа̣ – дăк, 'родо̣ – роӣ, 'ноже – нош, базе – бас.*

3.2.7.2. Фонемата /*х*/ не се јавува во иницијална и во интервокална позиција. Тоа значи, таа може да стои во финална позиција и во средината пред консонант, сп. *врăх – в'рăхче (: в'рăо̣ – в'рăо̣ве), вех' – 'вех'ӣи, них', врах (: в'рао̣), ḡрах, мах, ӣрах, ḡрäх' (: ḡре'о, ḡ'рäо̣ве), о̣'рäх' – о̣'рäхче, ḡлух (: ḡ'луа̣, ḡ'луи), 'задух, ку'жух – ку'жухче (: ку'жуо̣), сух, ӣăх (: 'ӣăо̣), к'рехко̣, 'охка̣,* во наставките за аорист и имперфект: *ḡл'е'дах, о̣'бух, у'рах, ӣих – ḡл'е'дахӣе, 'чухӣе, 'ӣихӣе,* но: *'оца̣, 'иӣа̣р, л'äӣ, ḡрео̣'ӣа, сӣ'рäа̣, су'ар, 'муа̣, 'јаа̣, с'наа̣, соа̣,* во одделни лексеми и пред консонант се загубила: *нин, ме:'л'ем, ḡ'л'еда̣:ме.*

3.2.8. По однос на вокалното соседство ограничување покажуваат само /*к, г*/, кои пред предните вокали, видовме, се неутрализираат со /*ќ, ѓ*/: *ви'сок – ви'соќи, јак – 'јаќи, де'ќември, с'ќел’е, б'лага̣ – б'лаѓи* (3.2.5.).

3.2.9. Во консонантско соседство констатирани се следниве рестрикции.

3.2.9.1. Во иницијална позиција во домашни зборови не се можни групи од *сонант + опструент, преградна + фрикативна* согласка од ист локален ред (*бв, дз, пф, тс*), од *африкат + преградна* согласка (*ц+п, т; ѕ+б, д; ч+п, т,* и др.), од *африкат + фрикативен* глас од ист локален ред (*ц+с, ѕ+з, ч+ш, џ+ж*), како ни групи од по два африката (*ц+ч, ѕ+џ, ч+ц, џ+ѕ*).

Во секвенците со /*п*/ + *фрикативна* согласка се врши африкатизација на втората компонента, сп. *(п)че'ница̣, (п)че'ничка̣, п'цал’и.*

Лабиоденталот /*в*/ пред сонантите /*л, н, р*/ се обезвучува во лексемите: *ф'л’äзе, ф'несе, ф'нетре, ф'ногу (< в'ногу < многу), фнук, фрет* ‘сите’.

3.2.9.2. Во финална позиција на рестрикција подлежат групите составени од фрикативните /*с, ш*/ + /*т*/. Тие се упростуваат со испаѓање на преградната компонента (како најслаба по звучност) сп. *гл’ис, л’ис, чис, мос, пос, 'забес, 'бол’ес, 'милос (: 'л’исто̣, 'чиста̣,...), веш, даш, нош, плош, сваш, гу'реш (: 'вешта̣, но̣ш'ча, 'даже < дажде,* итн.).

3.2.9.3. Во медијална позиција има ограничување на групите /*шт, жд*/, на секвенците од *палатален* сонант + /*к*/, на групите од преграден и фрикативен опструент и од експлозивен + африкативен консонант.

Групата /*шт*/ по правило се асимилира во /*шч*/: *к'л’äшчи, 'нишчо̣, 'нäшчо̣, 'ошче, гла'вишче, о̣г'нишче, го̣'решчо̣, 'пешчура̣, п'л’ешчес, 'машчеа̣, о̣'бушча̣,* па и во иницијална позиција: *ш'черка̣, ш'чавја̣к.* Исклучок претставуваат секундарните образувања *'виште, 'јаште (: виш, јаш)* (заповеден начин од ‘види’, ‘јаде’).

Групата /*жд*/ е констатирана само во лексемата *пре'междие* која е, веројатно, примена по литературен пат. Во другите случаи во домашни зборови /*жд*/ > [*жж*] > [*ж:*] и како краен резултат > /*ж*/, сп. *'ви:жа̣, г'ра̣:жа̣'нин, ме:'жа, п'ре:жа̣, 'ну:жа̣, 'да:же,* или пак таа се изменила во /*жѓ*/ во некои придавски образувања, сп. *го̣'вежѓу (месо̣).*

Групите /*с, з, ж + р*/ се одбегнуваат со вметнување на преградните /*т, д*/: *ст'рäда̣, здрак, ждребе.*

Во групите составени од *палатален сонант* + /*к*/ се врши палатална асимилација на /*к*/ во /*ќ*/: *'маќа̣, 'вäќа̣, 'уќу, 'шаќа̣ (< 'мајка̣, 'вäјка̣, 'ујко̣, 'шајка̣), 'бил’ќа̣, 'бол’ќа̣, 'жел’ќа̣, 'л’ул’ќа̣, ру'дил’ќа̣, сту'јал’ќа̣, су'фал’ќа̣,* и редовно така.

Оваа појава би можело да се постави и поинаку: прво да дошло до палатализација на /*к*/ пред /*и*/ во множинските форми, па после тоа да се генерализирало и во еднината, значи: *'мајки > 'ма(ј)ќи > 'маќа̣.* Меѓутоа, против ваквата претпоставка укажуваат другите именки на *-к(а)* во кои во еднинската

форма /к/ се задржало, сп. *'гаскa ~ гаски, 'пушкa ~ 'пушќи, м'рафкa ~ м'рафќи* и др.

Во групата /*п* + *с*/ се врши африкатизација на фрикативната компонента, сп. *теп'ција, с'типца, 'опцидо.*

Во секвенците /*т* + *ц, ч*/ на морфемска граница процесот на испуштањето на оклузивната компонента не е завршен, сп. покрај *г'раче, до'биче, 'обеци, до'бици* (со испуштено *т*) забележани се и форми со слабо *т* : *бра^т че, го'ве^т це, 'жи^т це.*

Групите /*с* + *ц, ч*/ на морфемска граница во овој говор не подлежат на асимилација, сп. *мес'це, ѕвис'че, мас'чица, 'мосче, к'ласче.*

Согласнички групи (на опструенти) од три члена најчесто се јавуваат на морфемска граница меѓу коренска морфема што завршува на согласка, односно согласничка група и суфикс што почнува со опструент (*-к, -ник, -ск, -ств,* или членските наставки), како и на границата меѓу префикс и коренска морфема. Во такви случаи често се врши рестрикција на најслабиот по звучност опструент, сп. *бол'ес'та (< бол'ест-та), нош'ча (< ношт-та), врăс'ник (< врст-ник), с'вăш(т)ник, 'гаш(т)ник, 'пос(т)но, 'радос(т)на,* и др.

Во четиричлената група /*тств*/ на редукција подлежи /*т*/: *брaство* или дури *брaсво.*

Во групата /*тск*/ доаѓа до сливање на /*тс*/ > /*ц*/: *брацки, г'рацки.*

Патем да спомнеме дека и во елешничкиот говор, како впрочем и на сета друга македонска јазична територија, не можат да стојат во непосреден допир опстуренти со различна звучност. Во таква позиција се врши регресивна асимилација по звучност, сп. *'заби – 'запче, 'офца,* итн.

3.2.9.4. Удвоени согласки (геминати) можат да се јават по правило на морфемска граница. Во нашиов материјал констатирани се следниве геминати: /*тт*/: *пот – пот'та,* /*гг*/: *во 'нăгга, 'нигга, 'сегга (< некога, никога, секога).*

3.2.9.5. Од одделните консонанти во елешничкиот говор како покарактеристични ги изделуваме /*ѕ*/ и /*ќ, ѓ*/, првата поради дистрибуцијата, а другите две поради нивната честота и реализација.

Африкатот /*ѕ*/ се јавува пред вокал и тоа обично на почетокот, сп. *'ѕиври, ѕит, 'ѕерѕе'л'ија, 'ѕаден, 'ѕаднишче, ѕу'ница, 'ѕурна, 'ѕурл'и,* во секвенцата /*ѕв*/: *ѕвăр, ѕвез'да, ѕ'виска,* во одделни лексеми и во група со /*н*/: *бен'ѕин, брăнѕа* (претежно во туѓи лексеми).

Фонемите /*ќ, ѓ*/ во елешничкиот говор се значително пофреквентни во однос на другите пирински говори и со поширока дистрибуција, особено /*ќ*/. Тоа доаѓа оттаму што се тие добиени овде на повеќе начини: по фонетски пат од /*к, г*/ пред преден вокал (*пушќи, оѓин*), со палатализација од старите групи **-tь, *-dь* (*зеќ, госпоќ < госпоѓ*), и на групите /*тј дј*/ < **tъj, *dъj* (*браќа, сваќа, треќи,*

*л'иска̣, ѓоске, ѓавул*); /ќ/ е добиено и со прогресивна палатализација од секвенците *палатален сонант* + /к/, на пр. *'маќа̣, 'бол'ќа̣;* и освен тоа во бројни случаи тие се добиени и по аналогија во одделни суфиксни образувања, сп. *вел'икеф пос (: божикеф),* во придавките на *-шки > -шќи* : *'заешќи, 'јаѓнешќи, 'кучешќи, 'тел'ешќи,* а после и *'заешќо̣ (месо̣), 'јаѓнешќо̣, ку'кошќа̣, 'пил'ешќо̣, 'тел'ешќо̣,* – *ѓо̣'вежѓо̣ (месо̣),* или во прилозите од типот *д'неска̣, зи'моска̣, есе'неска̣, 'л'ăтуска̣, ну'шеска̣* и др. Фреквенцијата уште повеќе ја засилуваат и бројните туѓи лексеми со /ќ, ѓ/, сп. *ду'ќан, муста̣'ќе, 'ќора̣ф, уќура̣'вел', ќум'бе, 'анѓел, ѓол, ѓу'веч, ѓуб're* и др.

3.3. Во сумарен преглед актуелните консонантски промени се: регресивната асимилација по звучност (3.2.9.3.), десоноризацијата на звучните согласки на крајот (3.2.7.1.) и палатализацијата на веларните /к, г/ во /ќ, ѓ/ пред предните вокали (3.2.5.) и на /к/ зад палатална согласка (3.2.9.3.). По овој начин се образувани бројни алтернации.

Од интерес се посебно оние алтернации што произлегуваат од согласката /ќ/ добиена со палатализација пред *ь, сп. *зеќ ('зеќо̣ве,* адј. *'зеќо̣во̣) – 'зете, паќ – 'пате,* или во *'ѓоспо̣ќ (< ѓоспо̣ѓ) – 'ѓоспо̣ди.* Пред предните вокали, како што гледаме, имаме иста ситуација како кај фонемата /њ/ која пред предните вокали се неутрализира со нејзиниот тврд парник *(коњ ~ коне, дењ ~ дене).*

## II. ИСТОРИСКИ ОСВРТ ВРЗ ФОНОЛОШКИОТ СИСТЕМ

### 1. *Потекло на фонемите*

#### 1.1. Вокали

*и* < **i* : *'изба̣*
< **y* : *'кисел, 'риба̣, син*
< *е* во неакцентиран слог во лексемите *ѕиѓ'вар, рин'де, ши'ќер*
< ъ$_2$ секундарно во *'оѓин*

*е* < **е* : *'пол'е, 'село̣*
< **ь̥* : *ден', 'бол'ен, до̣'шел', 'пал'ец*
< **ę* : *ечме'ник, е'чи, 'еда̣р, 'заек*
< **ě* во неакцентиран слог: *ѕвез'да, бре'ѓо, се'чеш*
< *а* со преглас зад палаталните консонанти во одделни лексеми, сп. *'поес, ба̣це'нак, 'чеща̣, чер'дак, пу'ѓаче, 'кошер, 'бане, 'тине, не'дăл'е, 'сел'енин, 'чел'ет* (I 1.2.7.)
< ъ$_2$ секундарно пред *м* во *'осем, 'седем*

< ъ$_2$ секундарно пред *р* во *'вӓт̄ер, 'одер*

< *о* со асимилација во *с'т̄ежер*

*ä* < *ě во акцентиран слог, сп. *бӓл, бӓх, дрӓн, г̄'нӓздọ, 'л’ӓбуве, 'мӓси, м'л’ӓку, не'вӓст̄ạ, 'п̄ӓнạ, цӓн*

< *а* во акцентиран слог зад палатални консонанти во одделни лексеми, сп. *'јӓјце, г̄лạв'н’ӓ, г̄рк'л’ӓн, п̄у'л’ӓнạ, е'л’ешни'ч’ӓне, уф'ч’ӓркạ, бạ'ц̣’ӓ, у'ц̣’ӓк* (I 1.2.7.)

< *ę во 3 л. мн. кај глаголите од *и*-група во акцентиран слог, сп. *г̄у'рӓ, др$^{ă}$'жӓ, се'дӓ, чу'ч’ӓ*

*ă* < *l̥ : *бăг̄арин, вăк, г̄ăт̄ạ, 'дăг̄́и, 'жăт̄и, кăк, мă'чи, п̄ăх, сăп̄, 'ăцạ, дă'беш*

< *r̥ во секвенцата /*рă*/: *рă'г̄́а, 'рăжен, 'рăзạ*

< *ǫ во лексемите: *вă'т̄ок, вă'же, дă'г̄а – дă'г̄́и, мăд'рец, 'сăшчу, 'сăшчијạ*

< место турското *ı*, сп. *ạкă'л’ијạ, бạл'дăзạ, бạ'кăр, кạ'дăнче, сạн'дăк*

*а* < *а : *'бабạ*

< *ъ̥ често во коренска морфема, сп. *'вашкạ, даш, мах, 'даскạ,* и редовно во членската морфема за м.р.: *'бӓл’ијạ, ви'соќијạ, де'бел’ијạ, зд'равијạ, с'лабијạ*

< *ǫ : *'г̄абạ, дап̄, 'заби, 'кашчạ, п̄аќ*

< ъ$_2$ секундарно: *'лаг̄ạ, лạ'жичкạ, мạг̄'ла, 'савне, 'т̄анук, цạф'т̄и, цạф'т̄ок*
и пред крајните *р, л, м* во лексемите: *'едạр, 'ит̄ạр, 'мокạр, 'ост̄ạр, 'п̄екạл, 'рекạл, ст̄'риг̄ạл, сам, 'несạм*

< *ě во секвенцата **сě-* : *цал, цạ'лувạ*

< *l̥ во *'баạ* (веројатно преку *бăạ)*

< *ę во лексемите: *јạ'г̄улạ, 'жаден, 'жат̄вạ, 'жалạт̄, шап̄ạ*

< *е* во завршокот *-ал* во: *'анг̄́ạл, 'вазạл, 'ќисạл*

*у* < *u : *г̄лух, муạ*

< *ǫ во примерите: *'п̄аужинạ, п̄рọ'лукạ, 'г̄уц̣вạ, ру'чок, сут̄, суди'ја, су'дил’ишче, ут̄'робạ*

< *l̥ во *'јабукạ*

< *о* во неакцентирана позиција во значителен број лексеми, сп. *'бивулцку, г̄у'л’ем, г̄у'реш, 'г̄́авул, 'жалус, 'п̄омуш,* и др., во неколку случаи и под акцент, сп. *'дури* (I 1.3.2.)

< во неколку примери и од други вокали по фонетски пат, сп. *'куку'вицạ* (со асимилација), *г̄́ур'дан, 'п̄ешчурạ, 'п̄енц̣урạ, т̄ен'ц̣урạ* (со лабијализација на *е*)

*о* < *о : *'очи*

< *ъ̥ редовно во префиксите, суфиксите и членската морфема, и во ограничен број лексеми во коренска морфема, сп. *'золвạ, сон, вọз'вивạм, сọбе'ра, п̄е'т̄ок, к'рот̄ọк* / *к'рот̄ук, зạ'бо, ну'со*

1.2. С о н а н т и

*м* < **m : море, мос*

*н* < **n : нос, 'ног̄ạ*

< *њ* во одделни лексеми, сп. *'бане – 'бани, 'дунạ, 'коне (: коњ),* и редовно на почетокот пред *-и-*, сп. *'нивạ, 'нег̄у*

*њ* < **ń* во одредени позиции, сп. *коњ*

< **nь* во одделни лексеми, сп. *дењ, 'камењ*

< *н* во бројни лексеми, најчесто на крајот на збороформите, сп. *ạр'мањ, кạ'зањ, ку'чањ, т̄ạ'бањ, т̄ạ'п̄ањ, т̄ạ'вањ, т̄у'п̄ањ, т̄у'фањ, фус'т̄ањ, шạр'лањ; врӑбе'њак, вуд'њак, кạме'њак, мрạву'њак, рус'њак, т̄р̥ӑ'њак; Ан'дoњ, дрӑ'мoњ, п̄ạрạ'мoњ, п̄и'роњ, т̄ри'оњ; кạ'уњ, рус'т̄уњ; ви'њок, 'коњуп̄,* и др.

*л* < **l* со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј* : *г̄'лавạ, вол, цал*

< **l′* во одделни позиции и лексеми, сп. *јạ'г̄улạ, ку'шулạ, 'вазạл, ду'илкạ, ру'дилкạ, 'солạ* (1 л. едн. през.)

*л'* < **l′ : бл'уваш, кл'уч, л'ут̄, л'уде, л'усп̄ạ, не'дӑл'е, п̄ус'т̄ел'е, п̄ри'ја-т̄ел', ру'дит̄ел', у'чит̄ел', цр̥ӑ'вул'*

< **l′* епентетско: *д'рӑвл'ạ, 'сабл'ạ, црӑв'л'ак*

< **lь : жал', сол', 'жел'ќạ, брӑ'кал'ќạ*

< **l* во позиција пред предните вокали и пред *ј*

< *л* во бројни случаи зад преден вокал, сп. *ду'шел', ум'рел', ку'т̄ел', п̄еп̄ел', бил', зạбу'рил', нọ'сил' – ну'сил', п̄ил'* (зад преден вокал), *кал' (: кạл'т̄а), ку'л'а, 'вил'ạ, ву'зил'у, 'сел'у – се'л'от̄ọ, к'рил'ọ*

< во туѓи лексеми, сп. *т̄е'мел', фи'т̄ил'*

*р* < **r : 'ракạ, 'ранạ*

< **ŕ : 'море*

< **r̥* во секвенцата */рӑ/*, сп. *врӑх, п̄рӑст̄и*

*ј* < **ј : број, мој, 'јавọр*

< **l′* епентетско во *'земјạ*

< **х* во *ќиј'на, 'п̄ијме, 'ријме* (1 л. мн. имперфект)

< аналошки во вокативната форма кај именките од м.р. на консонант, сп. *'мажјọ, чу'вӑкјọ, п̄ри'јат̄ел'јọ*

< *е* во *'зајци (: заек)*

< *и* во *рạ'ќијцạ*

< хијатско, сп. п̄о̣ст̄о̣'јаа̣, п̄ӓеја̣

### 1.3. Опструенти

б < *b : 'баба̣, брӓк

п̄ < *p : п̄рах

в < *w : 'вода̣

< со протеза пред континуантот на *ǫ : ва̣'т̄ок, 'ваза̣л, 'ваг̄л’ишча̣, ва-'же, 'вадица̣, 'ваг̄л’ен

< м со дисимилација во групата мн : крӑв'нак, с'т̄овна̣, ст̄'рӑвну, 'т̄евни, т̄ев'ница̣, 'п̄овне, и после со аналогија во 'т̄евен, ст̄'рӑвен

ф < хв : 'фани, 'фал’и

< в пред сонантите, сп. фнук, ф'нет̄ре, ф'несе, ф'ног̄у, ф'л’ӓзе, ф'рет̄, поретко и во други позиции во одделни лексеми: фед'наг̄а̣, су'фал’ќа̣, фо / фуф (I 3.2.9.1.)

< х во одделни лексеми, најчесто пред /т̄/: 'нофт̄и, 'нофт̄о̣к, не ф'т̄ӓ, не ф'т̄ӓх, 'офт̄ика̣

д < *d : 'дӓдо̣, дењ

< *d′ во групата жд во п̄ре'междие

< секундарно во групите зр, жр : здрак, ждре'бе (I 3.2.9.3.)

т̄ < *t : 'т̄ел’е, 'дӓт̄е

< секундарно во групата ср : ст̄'рӓда̣ (I 3.2.9.3.)

ѕ < з во одреден број лексеми пред вокал, сп. 'ѕаден, 'ѕаднишче, ѕит̄, 'ѕиври, ѕу'ница̣, 'ѕурна̣, 'ѕурл’и, во група со в (ѕв) : ѕвӓр, ѕвез'да, ѕ'виска̣, и со сонантите /н, р/: б̄'рӑнѕа̣, 'минѕи'вар, бен'ѕин, ѕерѕе'л’ија̣ (I 3.2.9.5.)

ц < *c : цал, цал’ина̣

< *č во старите групи *čr̥-, *črě-, сп. црӑн, цврӑс, ц'рӑвл’а̣к, ц'рӑп̄а̣, ц'рӓво̣

< с во групата п̄с во одделни лексеми, сп. т̄еп̄'ција̣, и во неколку примери во групата ск, сп. 'биво̣лцки

з < *z : 'земја̣, 'зима̣

< *ʒ : к'незо̣

с < *s : 'сӓно̣, син

< к со асимилација во мл’ес'це (< мл’ек'це)

г̄́ < *d′ во: 'муг̄́и ('муг̄́и нас), 'рӑг̄́а̣, рӑ'г̄́еса̣н, и во група со ж во г̄о̣'вежг̄́о̣ (г̄о̣'вежг̄́о̣ 'месо̣)

< *dь̯j во 'г̄́авул

< *-dь во 'г̄осп̄уг̄́ > 'г̄осп̄уќ

< г̄ пред предните вокали: б̄лаг̄́и, 'дӑг̄́и, 'ог̄́ин, г̄́еч

< туѓо: *'анѓел, ѓол, ѓу'бре, ѓу'веч* и др.

*ќ* < **t′* во лексемите: *бọ'жиќ, божи'ќеф пос, ме'ќавạ, 'веќе, ќе, 'ќеше, ќӓх*

< **tьj* : *б'раќạ, с'ваќạ, т'реќи, 'госќе, 'л'исќе*

< **-tь* : *зеќ, 'комạќ, 'лакọќ, 'нокọќ, паќ*

< *к* пред предните вокали, сп. *ви'соќи, 'јаќи, 'нисќијạ, 'танќи, 'ќијạ, 'ќисне, 'ќисạл, ќи'пи, к'рехќи, с'ќел'е, де'ќември* (I 3.2.8.)

< *к* зад *ј, л'* : *'вӓќạ (< вӓјкạ), 'маќạ (мајкạ), 'теќу, 'уќу, 'шаќạ, 'жел'ќạ, пи'рал'ќạ* (I 3.2.9.3.)

< туѓо: *ду'ќан, мустạ'ќе, ќум'бе, ќу'ше, 'ќорạф, уќурạ'вел'*

< по аналогија во примерите од типот *'јагнешќọ, кọ'кошќạ (чорбạ), 'заешќọ, 'пил'ешќọ, 'тел'ешќọ* (: *јагнешќи < јагнешки)*

*џ* < туѓо: *џам, 'џезве, џạ'мијạ, бạ'џе, 'оџạ, 'пенџер, син'џир, фил'и'џӓн, у'џӓк*

< *ж* во одделни лексеми, сп. *'гуџвạ (гужвạ), уџạс, 'кол'еџеф, 'тол'еџеф*

< *ѓ* во одделни случаи: *'оџ'ин, џ'ак*

*ч* < **č* : *'чедọ, 'череп, че'решạ*

< *ќ* во *'повече*

< **t′* во секвенцата *шч* : *'гашчи, 'кашчạ, л'ешчạ, с'ношчạ*

< *т* во група со *ш* место *шт,* сп. *'нишчọ, 'ошче, глạ'вишче, 'сӑшчọ*

< *ш* во секвенцата *пш* во *че'ницạ, че'ничкạ (< пченицạ < пшеницạ)*

< *ќ* во одделни позиции: *зеч', пач', 'лакọч', 'нокọч'*

*ж* < **ž* : *'жабạ, женạ*

< **d′* : *г'ра:жạ'нин, ме:'жа, 'са:жи, п'ре:жạ, 'ра:жạ,* и во групите *жѓ* : *говежѓọ* и *жд* : *пре'междие*

*ш* < **š* : *душạ, наш*

< **t′* во групата *шч* : *в'рашчạ, гọ'решчи, 'кашчạ, 'л'ешчạ, ọ'бушчạ,* или само, сп. *нош, гọ'реш, свӓш, с'вӓшник, 'помọш* и др.

< *с* со асимилација во *шу'жук (< су'жук < су'џук)*

< *ж* аналошко во *'тешọк* (: *'тешкạ, -ọ, -и)*

*г* < **g* : *'госќе, гол*

*к* < **k* : *кој, коњ*

*х* < **x* : *врӑх, мӓх, сух*

1.3.1. Освен тоа звучните опструенти се добиени од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни како резултат на регресивна асимилација.

Безвучните се добиени од звучните опструенти и на крајот на збороформите.

2. *Испуштање на одделни гласови*

2.1. Вокали

Вокалите имаат доста стабилна позиција во зборoформите. Во анкетираниот материјал од овој говор можевме да ги констатираме следниве случаи. Општа е појава во нашите дијалекти да се испуштаат вокалите во проклитичките зборови кога следната зборoформа почнува со вокал. Во елешничкиот говор најчесто се испушта вокалот во партикулата *ќе,* сп. *ќ-'иде, ќ-'иеш.*

Доста е честа појава да се испуштаат во некои зборoформи цели слогови, сп. *ст̄и (свет̄и) Ил'ија̣, ст̄а (свет̄а̣) Недел'е, се (сеѓа), ка-си (како си), ке-е (како е), ш-ќе (шт̄о ќе).*

2.2. Консонанти

Од консонантите најчесто се испушта /х/. Овој глас редовно се испушта во интервокална позиција, сп. *'ба̣а – 'баи, 'бух – 'буọ, в'рах – в'рауве, ѓре'о – ѓ'рäуве, ѓреу'т̄а, ѓлух' – ѓ'луа̣ – ѓ'луи, 'доọжа̣, 'заọт̄, 'ја̣а, к'реук, 'л'äа̣, 'машчеа̣, 'муа̣ – 'муи, у'рäу (ọ'рäọ), п̄äх – 'п̄äуве, с'на̣а – с'наи, ст̄'рäа̣ – ст̄'рäи, 'саен – 'саене, 'соа̣, 'суа̣, суа̣р,* потоа на почетокот на зборoформите, сп. *'оца̣, л'äп̄,* поретко во средината пред консонант, сп. *мее'л'ем / ме:'л'ем, јее'ла / је:'ла, 'ја̣ане / 'ја:не, нин, т̄аен, 'п̄ииме, 'чууме / 'п̄и:ме, 'чу:ме,* а на крајот е констатиран само во лексемата *Вла (бäше Вла и Влаинка̣).*

Полувокалот /ј/ се испушта во интервокална позиција кога вториот член на групата е преден вокал, сп. *з'миин (: змија̣), з'меуве (: змеј), 'рае* (мн. од *рај*) и др. Од морфемските позиции /ј/ отсуствува во збирните форми кај именките од типот *'базе, 'боре, 'дабе, д'рене, ѓ'робе, к'ласе, 'лозе, т̄'рäне,* и во посесивните придавски образувања од типот *бọ'жа (кравица̣), л'е'сичи, 'офчи* и сл.

Во интервокална позиција покрај /х/ и /ј/ во еден број лексеми се испуштаат и:

– /в/ во: *'ост̄а̣а, 'ост̄еј, 'нап̄реј,*

– /д/ во: *ѓу'веа̣, ѓу'веа̣т̄а̣ (: ѓọ'ведọ), ọѓ'раа̣т̄а̣, ọѓ'раит̄е (: ọѓ'рада̣), ќ-'иа̣ (ќе 'ида̣), д-'иа̣ (да 'ида̣),* во броевите: *д'ваесе, два̣'наесе,*

– /ж/ во: *'лаеш (лажеш), 'каеш (кажеш), 'моеш (можеш),*

– /ѓ/ во: *л'у'вае (л'иваѓе),* и топ. *Л'у'вае,*

– /м/ во: *'иа̣м (има̣м), 'зиа̣м (зима̣м),*

– /ѓ/ во: *'сеа̣ (сеѓа̣),*

– /к/ во: *ка си (како си).*

Во консонантски групи редовно се испушта *-т̄* во крајните групи *-ст̄, -шт̄,* сп. *'бол'ес, 'милọс / 'милус, ѓрä'бес, цврäс, чис, даш, мош, свäш, ѓу'реш,* и во секвенците *шт̄н* во средината, сп. *с'вäшник, 'ѓашник, ст̄н : 'радọсни.*

Исто така редовно /*т*/ се испушта на крајот зад вокал во десетичните броеви сп. *два̣'наесе, д'ваесе, т'риесе, педе'се,* во лексемата *'папра̣,* како и во некои граматички наставки, на пример во членската наставка за м.р. *гра̣'до,* и во 3 л. мн. на сегашното време: *'има̣а̣, бе'ра.*

Порано беше нотирано и испуштањето на /*п*/ во лексемата *че'ница̣,* и на /*в*/ во лексемата *срӑ'беш.*

3. *Епентеза* – е констатирана во групите /*стр, здр, ждр*/ во примери од типот *ст'рӓда̣, здрак, ждре'бе.*

4. *Метатеза* – е забележана во лексемите: *ѕиг'вар (< ѕев'гар), га̣р'дина̣, кра̣'пус – кра̣'пузо̣ (ка̣р'пус), кур'мит (< кро̣'мит), кур'шум.* Како што покажуваат примерите, најчесто на промена подлежат групи со сонантот /*р*/.

## III. ПРОЗОДИЈА

### 1. *Квантитет*

Новите должини што настанале како компензација по загубата на консонантите /*х, д, ц*/ немаат фонолошка вредност. Долгите вокали добиени по овој начин се изговараат со континуирана артикулација кога не се на морфемска граница, сп. [*и:*]: *'ви:жа̣ (вижца̣),* [*е:*]: *ме:'жа (межца), пре:жа̣ (прежца̣), је:'ла (јелха), ме:'л'ем (мехл'ем),* [*а:*]: *да:же (дажце), 'са:жи (сажци), 'ра:жа̣ (ражца̣), 'ја:не (јахне), ја̣:'нија̣,* [*о:*]: *за̣'о:жа̣,* [*у:*]: *'чу:жи (чужци).*

На морфемската граница, како што е случајот во 1 л. мн. во имперфектот кога се испушта /*х*/ во наставката *-хме,* удолжениот вокал се разбива на два кратки сегмента така што морфемската граница поминува меѓу нив, сп. *'вика̣хме > 'вика̣:ме > 'вика̣а̣ме, 'носехме > 'носе:ме > 'носееме* (како наставка се оформила секвенцата *-аме,* односно *-еме*).

### 2. *Акцент*

2.1. Ф о н е т с к и  к а р а к т е р и с т и к и  н а  а к ц е н т о т. – Акцентот во елешничкиот говор е д и н а м и ч е н, како впрочем во сите дијалекти на македонскиот јазичен ареал. Негови основни карактеристики се: зголемената сила на гласот (интензитетот), подолгиот изговор на акцентираниот вокал, респ. слог, и повишениот тон во споредба со неакцентираните вокали. Според тоа во ортотоничните лексеми се јавува на фонетски план опозиција на акцентираните и

неакцентираните вокали како во поглед на интензитетот, така и во врска со времето на траењето и висината на тонот. Неакцентираните вокали во споредба со акцентираните се изговараат за некој степен пократко и поради намалениот интензитет тие се подложени и на разни степени на квалитативна редукција.

2.2. Функционална карактеристика на акцентот. – Акцентот во елешничкиот говор исполнува две функции – кулминациска и семантичка. И двете функции се реализираат во рамките на одделни лексеми.

Кулминациската функција се реализира на ниво на лексемите по тој начин што акцентираниот слог претставува артикулационен врв кон кој се присоединуваат неакцентираните слогови во дадената збороформа. Во зборoформите со два акцента, за кои ќе стане збор подоцна, ситуацијата во овој поглед е нешто поинаква.

Семантичката функција на акцентот се реализира преку неговото место во омонимни лексеми (зборoформи).

На лексичко ниво тој може да се јави како фактор за разликување на значењето на одделни омонимни лексеми, сп. *'раная̣* (на тело) ~ *ра̣'на* (храна).

Неговата граматичка функција се изразува во разликувањето на омонимни зборoформи од различни граматички групи, како, на пример, во формите *'ведро̣* (придавка во среден род) ~ *вед'ро* (именка од среден род), и во диференцирањето на различни граматички категории, на пр.: *ра̣з'бое* (членувана форма од *разбој*) ~ *ра̣збо̣'е* (множинска неопределена форма); исто и во: *ри'баре* (член. ф.) ~ *риба̣'ре* (мн. ф.), *са̣'п̄уне* ~ *са̣п̄у'не* и др.

Таква функција акцентот исполнува и кај глаголите; кај некои глаголи од *е*-група акцентот се користи за разликување на 1 л. едн. и 3 л. мн. на сег. време, сп. *(ќе, да) 'бода̣, к'рада̣, п̄'реда̣, 'ора̣, 'п̄ера̣, с'нова̣, 'кова̣, ст̄'риг̄а̣, 'п̄ека̣, 'река̣, 'сака̣, 'т̄ека̣* (1 л. едн.) – *бо̣'да, кра̣'да, п̄ре'да, о̣'ра, п̄е'ра, ко̣'ва, сно̣'ва, ст̄ри'г̄а, п̄е'ка, ре'ка, се'ка, т̄е'ка* (3 л. мн.), потоа за диференцирање на формите за 3 л. едн. на сег. време и 3. л. едн. на аористот кај глаголите од типот *до̣ј'де, ја̣'де, ре'че* (сег. време) – *'дојде, 'јаде, 'рече* (аорист), или *зг̄ре'ши* (3 л. сег. време) – *зг̄'реши* (3 л. аорист), како и за разликување на формите за 1 л. едн. на имперфектот од 1 л. едн. на аористот кај глаголите од *а*-раздел, сп. *'вика̣х, 'има̣х* (имперфект) – *ви'ках, и'мах* (аорист).

2.3. Дистрибуција на акцентот.

2.3.1. По однос на местото во зборoформите акцентот во елешничкиот говор во принцип е слободен, со што се подразбира дека тој може да се јави на секој слог во фонетскиот збор – и на почетен, и на краен (отворен и затворен), и на секој средишен. Значи, на фонетски план нема ограничување на акцентското место. Во ред случаи и во одредени фонетски позиции во овој говор се

јавуваат два акцента – покрај примарниот, кој е основен, се јавува и еден секундарен акцент (в. 2.3.2.).

На отворена ултима во домашните зборови може да се јави акцентот кај една група именки од женски и среден род во неопределените форми и во еднината и во множината, сп. *бра̣'на – бра̣'ни, зми'ја – зми'и, ла̣м'ја – ла̣м'ји, се'ло – се'ла, ру'но – ру'на,* кај една група двосложни и повеќесложни именки исто така од женски и од среден род само во еднинската неопределена форма, сп. *же'на, о̣ф'ца, весел'ба, сра̣мо̣'та̄, сла̣би'на* (: мн. *'жени, 'офци...*), *вла̣к'но, је'це, гре'бе, о̣ра̣'не, пра̣'не* (: мн. *в'лакна, 'јајца̣...*), во членските морфеми за м. и ж.р. кај именките од акцентскиот тип *г'ра̄т – гра̣'до, 'вечер – вечер'та̄, 'сол' – со̣л''та̄,* во множинските неопределени форми кај именките од м.р. што образуваат множина со наставката *-е,* сп. *по̣во̣'е, риба̣'ре, реме'не, ра̣ка̣'ве,* кај еден број заменки во формите за ж. и с. род, сп. *та̣'ва, ка̣к'ва – ка̣к'во – ка̣к'ви, ко̣'ја – ко̣'е, му'е, тву'е,* и во истите форми кај неколку придавки, сп. *до̣б'ра, бо̣'жа (бо̣'жа кравица̣),* кај глаголите: во 3 л. едн. и мн. на сег. време кај акцентскиот модел *'јада̣ ~ ја̣'деш, дрӑжа – дрӑ'жиш,* сп. *ја̣'де – ја̣'да, ре'че – ре'ча, дрӑ'жи – дрӑ'жӓ, се'ди – се'дӓ,* во 2 и 3 л. едн. кај една група глаголи во аористот, сп. *ви'ка, и'ма, по̣сто̣'ја,* во морфемите за ж. и с. род и во множинската форма на *л*-партиципот од неколку глаголи, сп. *би'ла – би'ло – би'л'и, рек'ла – рек'ло – рек'л'и, зе'ла – зе'ло, до̣ш'ла – до̣ш'л'и, со̣тиш'л'и, кла̣'ла,* и кај некои прилошки образувања, сп. *ко̣'га, то̣'га, пре'ди, ла̣'ни, де'не, на̣ш'че* и др.

Значително е поголем бројот на примерите со акцент на затворена ултима. Таков акцент имаат голем број именки и придавки од машки род. Некои суфикси готово редовно го привлекуваат акцентот врз себе, како што се, на пример, именските суфикси *-ар, -ач, -ак,* сп. *во̣'дар, во̣ло̣'вар, го̣ве'дар, дрӑ'вар, мл'е'кар; ба̣'јач, бе'рач, го̣т'вач; брӑ'зак, во̣д'њак, го̣ди'њак, гро̣з'дак, дре'бак,* или кај придавските на *-ав, -л'ив, -ат,* сп. *бо̣л'наф, жӑту'наф; бӑрбо̣р'л'иф, го̣еш'л'иф, го̣рч'(л')иф, дрем'л'иф, ка̣мен'л'иф, ра̣бо̣т'л'иф; бо̣'гат, бӑр'зат, о̣'кат, ра̣'кат,* или на *-ит* : *ветро̣'вит, ја̣до̣'вит, ја̣сте'л'ит, л'еко̣'вит, ра̣сте'л'ит,* потоа значителен број именски образувања со суфиксите *-ок, -чок, -еж* и др., сп. *ба̣ба̣'рок, кла̣'пок, ме'шок, пл'е'шок, ме'чок, ра̣'чок, вра̣п'чок; ба̣'веш, ги'неш, гни'л'еш, гра̣'деш, де'л'еш, л'у'теш, пип'неш,* и др.; кај глаголите редовно окситонен акцент имаат прилошките образувања од типот *вика̣ш'ком, но̣сеш'ком.*

Најголем број лексеми имаат акцент на пенултима. Огромното мнозинство со пароксишонен акцент го сочинуваат именки од женски и среден род (двосложни и повеќесложни), потоа придавки и глаголи. Нешто е поограничен бројот на именките од машки род. Сп.: *б'рада̣, г'лава̣, ко̣'силба̣, вӑ'чица̣, бра̣'дица̣, тур'к'ина̣; б'лато̣, 'небо̣, с'рӑце, 'име, 'пил'е, но̣с'л'енце, е'зиче,* итн.

Бројот на лексемите со акцент на антепенултима во именската флексија, ако се исклучат флексивните наставки, е доста ограничен. Во елешничкиот говор, и воопшто во банското и разлошкото говорно подрачје, за стеснувањето на овој акцентски тип придонесол и фактот што кај именките и кај придавките кои завршуваат на консонант и со стариот пропарокситонен акцент добиваат секундарен акцент на ултима (в. 2.3.2.). Така со пропарокситонеза остануваат само лексеми што завршуваат на вокал.

Кај именките со акцент на антепенултима превладуваат образувања со суфиксите *-(...)ица,* сп. *'болница̣, ва̣'л’евица̣, 'вӑшчица̣, 'вил’ица̣, га̣'саница̣, гл’и'бавица̣, 'гӑрл’ица̣, да̣'бовица̣, за̣'забица̣, ја̣'сеница̣, 'кашл’ица̣, ќи'јавица̣, 'кошница̣, ла̣'павица̣, ма̣'гарица̣, 'мел’ица̣, 'мостица̣, но̣'гавица̣, о̣г'лавница̣, па̣'дарница̣, 'патица̣, пи'јавица̣, 'подница̣, по̣д'газница̣, п'рӑдница̣, 'рал’ица̣, 'сӑница̣, си'навица̣, с'тапица̣, 'тумбица̣, фе'ругл’ица̣,* и др.; еден број именки на *-ина*, сп. *'барчина̣, 'борина̣, г'рашина̣, 'живина̣, 'кочина̣, 'нистина̣, 'новина̣, п'ланина̣, п'ладнина̣, п'равина̣, п'рӑснина̣, 'пушчина̣, 'рудина̣, 'тевнина̣, 'ужина̣, 'ширина̣,* бројни изведенки со суфиксот *-ичка* од именки со неподвижен акцент, како на пример: *'бабичка̣, 'кожичка̣,* префиксираните именки од типот *'зао̣ди, 'напла̣тка̣, 'подно̣га̣ 'поминка̣, 'попа̣ска̣, п'рова̣ла̣, п'риса̣тка̣, п'ротега̣,* и уште еден број други именки, меѓу кои како потипични ги приведуваме: *'јабука̣*, *'јаго̣да̣, 'котура̣, 'лобо̣да̣, 'машчеа̣, 'ништел’ќи, 'нафо̣ра̣, 'офтика̣, 'орто̣ма̣, 'пел’ена̣, 'пенцура̣, 'пешчура̣, 'пастрӑма̣, 'рогуша̣, 'сабо̣та̣, 'тенцура̣,* итн.; од среден род: *'варивọ, 'кол’иво̣, 'мативо̣, 'пал’иво̣, п'редиво̣* (со суф. *-иво*), *'ал’ишче, в'ратишче, о̣г'равишче, 'сӑчишче, 'судишче, су'дил’ишче* (на *-ишче*), *'рапа̣ло̣, 'ол’ево̣, 'оло̣во̣, 'езеро̣, 'сирене* и др. Кај глаголите пропарокситонен акцент имаат во презентската форма (1 л. едн.) сите трисложни префиксирани глаголи, сп. *(да) 'зако̣ла̣, 'изл’еза̣, 'испека̣, 'накупе, 'оздра̣ви, 'обл’ека̣, 'разрежа̣,* како и суфиксните на *-ув(а)*, сп. *за̣'минува̣, ра̣с'питува̣,* итн.

2.3.2. Д в о е н   а к ц е н т. – До колку во зборoформите со повеќе од три слога акцентот ќе се најде понапред од антепенултима, тогаш на пенултима, поретко на антепенултима, се јавува вторичен акцент и зборoформата се здобива со два акцента. Ова правило во елешничкиот говор е спроведено доследно и во мера како што е тоа во целото разлошко-банско говорно подрачје. Од ова произлегува заклучок дека во односниов говор може да се зборува за *слободен* акцент само до колку се однесува на последните три слога. Сп. примери: *'биво̣ˌл’ица̣, 'биво̣ˌл’ица̣та̣, 'буко̣ˌвица̣, 'вӑрза̣ˌница̣, 'гал’еˌница̣, 'гушчеˌрица̣, 'игра̣ˌница̣, 'јареˌбица̣, 'катеˌрица̣, 'корешˌница̣, к'раста̣ˌвица̣, к'рӑва̣ˌвица̣, 'кукуˌвица̣, 'л’ӑсто̣ˌвица̣, 'матуˌрица̣, 'мора̣ˌвица̣, п'рӑпеˌрица̣, 'потеˌсица̣, пепе'лашко̣ˌвица̣, 'пумпа̣ˌл’ица̣, с'л’иво̣ˌвица̣, 'рӑжеˌница̣, 'тига̣ˌница̣, ш'л’ака̣ˌница̣; 'дӑдо̣ˌвина̣, 'дӑтеˌл’ина̣, 'мауˌшина̣, 'месеˌчина̣, п'рӑгна̣ˌтина̣, 'цареˌвина̣, 'пауˌжина̣, 'перуˌшина̣, 'чука̣ˌнина̣; 'бања̣ˌџи-*

*ја, 'ѕерѕе͵л'ија, 'мајчи͵нија, 'тети͵нија; 'бол'ес͵тишче, п'риви͵дишче, 'уро͵вишче; 'каме͵ниче, 'јаву͵рово, 'осе͵нови.* Сите лексеми со пропарокситонен акцент во членуваните зборoформи автоматски добиваат двоен акцент, сп. *'бабица – 'баби͵цата, б'радница – б'радни͵цата, 'патица – 'пати͵цата, 'јабука – 'јабу͵ката, 'патишка – 'патиш͵ката, 'живина – 'живи͵ната, 'борина – 'бори͵ната, п'ланина – п'лани͵ната, 'јагода – 'јаго͵дата, 'вариво – 'вари͵вото, 'кучета – 'куче͵тата, 'гиздава – 'гизда͵вата, 'носени – 'носе͵ните,* во множинските форми со наставката *-ове* : *'носове – 'носо͵вето, -овци* : *'дädофци – 'дädоф͵ците, -ишча* : *'ѕидишча – 'ѕидиш͵чата, г'робиш͵чата,* кај придавките: *'убава – 'уба͵вата, к'растаф – к'раста͵вија, 'мајчин – 'мајчи͵нија,* кај префиксираните глаголи: *'расто͵вари – 'расто͵вариме, 'испечи – 'испе͵чäте, 'набери – 'набе͵рäте,* итн.

Двојното акцентирање се однесува на цели фонетски зборови, што подразбира вклучување и на енклитичките зборови, сп. *'одмори – 'одмо͵ри-се, г'раба͵л'и-се, 'иску͵би-се, 'затво͵ри-ме, 'помог͵ни-му, 'дадо͵а-ми, с'вадба͵та-му, 'уба͵ва-е, 'кол'еч͵ки-са, 'земи-͵си-го,* и др.

Секундарен акцент се јавува освен тоа и во трисложни зборoформи со акцент на антепенултима ако е крајниот слог затворен, сп. *'башче͵нин* (жител на Банско), *'Цига͵нин, 'куте͵л'ец, 'наше͵нец* (но: *'нашенци* – со отворена ултима), *'доо͵рок, 'заврä͵зок, 'зао͵рок, 'заме͵сок, 'нагре͵бок, 'нара͵мок, 'поа͵пок, п'риту͵рок, 'чепе͵рок, 'петив͵ник, 'тикве͵ник, 'помош͵ник, 'разго͵вор, с'лобо͵ден, 'мал'ен͵цаф, 'изе͵ден,* кај глаголите на *-ува* во 1 л. едн. през.: *'зину͵вам* (: *'зинува), 'навра͵тувам, 'поси͵нувам* и др.

Два акцента можат да се јават и кај некои сложени зборови, сп. *с'рäт͵нош, че'тирис͵тотин,* и редовно во зборoформите со частичките за степенување *по-, нај-, пре-,* сп. *де'бел – 'поде͵бел – 'најде͵бел, 'поде͵бел'ија, 'најде͵бел'ија, 'најзд͵равата.*

2.3.3. Од морфолошки аспект елешничкиот акцент е *подвижен,* како што е тоа и во другите источни македонски дијалекти коишто се наоѓаат источно од Крива Паланка – Кочани – Радовиш – Кукуш – Солун. Тој може да го менува и слогот во рамките на една иста морфема и да се пренесува од една на друга морфема во рамките на еден ист ортотоничен збор. Меѓутоа, ортотоничниот збор го задржува акцентот независно од неговата позиција во синтагмата. Тоа значи дека промените што стануваат во местото на акцентот не излегуваат надвор од рамките на лексема, односно зборoформа. Акцентот може да преминува од коренска морфема на префикс, сп. *на'береш* ~ *'набера, пре'сечеш* ~ *п'ресеча,* од коренска на флексивна морфема, сп. *'зап* ~ *за'бо* (на членската морфема) ~ *за'бите* (на множинската наставка), *'бера* ~ *бе'реш* (на основниот вокал), или разместувањето да станува меѓу суфикси и флексивните морфеми, сп. *ри'бар* ~ *риба'ре.* Според тоа на морфолошки план во разгледуваниов говор

можеме да изделиме два основни акцентски модела: 1. модел со морфолошки фиксиран (стабилизиран, парадигматски) акцент – кога тој не го менува слогот во парадигмата, сп. *д'вор – два д'вора̣ – д'воро̣ве – (д'воро̣ˌвеш̅о̣), 'баба̣ – 'бабо̣ – 'баби – 'баба̣ш̅а̣ – 'бабиш̅е, 'има̣м – 'има̣ш – 'има̣ – има̣ме – има̣ш̅е – 'има̣а̣,* и 2. модел со подвижен (нестабилизиран, непарадигматичен) акцент, кога акцентот го менува местото (слогот) во формите на парадигмата, сп. *'син – 'сино̣ве ~ си'но, ри'бар – ри'баре* (членувана форма) *~ риба̣'ре* (множинска форма), *'село̣ ~ се'лош̅о̣, 'бера̣ ~ бе'реш,* итн.

2.4. Морфонолошки карактеристики на акцентот. – Полн преглед во врска со дистрибуцијата на акцентот може да се добие преку неговата морфолошка дистрибуција. Ќе се обидеме да ги прикажеме во сумарен преглед акцентските алтернации, иако сме свесни дека тоа излегува од рамките на еден фонолошки опис на даден дијалект.

2.4.1. Именки од машки род. – Кај едносложните именки од машки род акцентот алтернира меѓу неопределената и определената форма. Во неопределената форма тој стои на коренската морфема, а во определената се пренесува во еднината на членската морфема, во множината на множинската морфема, сп. *'зап̅ – 'заби ~ за̣'бо ~ за̣'биш̅е, 'даш – 'дажо̣ве ~ да̣'же* (: *'дажо̣ˌвеш̅о̣).*

Кај една група именки од м.р. (двосложни и повеќесложни) акцентот алтернира меѓу еднинската и множинската форма. Во еднинската форма (определената и неопределената) тој паѓа на основата, додека во множинската преминува на флексивната наставка, сп. *ра̣з'бој – ра̣з'бое ~ ра̣збо̣'е – ра̣збо̣'еш̅о̣, ри'бар – ри'баре ~ риба̣'ре – риба̣'реш̅о̣.* Вака се акцентираат сите именки кои имаат членска наставка *-е* и само неколку именки со членската наставка *-о.*

Посебен акцентски модел чинат именките на *-ец, -ел, -ен* во кои суфиксниот вокал алтернира со нула (*е – ø*). Кај нив во еднината акцентот стои на суфиксот, во множинските форми тој паѓа на коренската морфема, сп. *ко̣'ш̅ел – ко̣'ш̅ело̣ ~ 'кош̅л'и, о̣'вен – о̣'вено̣ ~ 'овни, вра̣'бец – вра̣'бецо̣ ~ в'рап̅ци.* Во друга група од овој тип образувања во множината акцентот се пренесува на множинската наставка, сп. *ма̣д'рец – ма̣д'рецо̣ ~ ма̣дре'ци – ма̣дре'циш̅е.*

Исклучок претставува именката *'коњ – 'коне* (членска форма) – *'коње* (множина) ~ *ко̣'њеш̅о̣.*

2.4.2. Именки од женски род. – Кај именките од женски род се изделуваат три вида акцентски алтернации.

Кај именките на консонант акцентот алтернира меѓу неопределената и определената форма. Во определената тој паѓа на членската морфема, сп. *'нош – 'ношчи ~ но̣ш'ча ~ но̣ш'чиш̅е, 'есен ~ есен'ш̅а, 'радо̣с ~ ра̣до̣с'ш̅а.*

Кај една група именки на *-а* акцентот алтернира меѓу множинската неопределена форма, на која акцентот паѓа врз коренот, и другите форми во кои тој стои на флексивните наставки, сп. *же'на – же'ната̣ – же'ните ~ 'жени.*

Кај помала група именки акцентот алтернира меѓу неопределените и определените форми; во неопределените тој паѓа на коренскиот слог, а во определените на флексивните наставки, сп. *г'лаваַ – г'лави ~ гла̣'вата̣ – гла̣'вите, п'ланина̣ – п'ланини ~ пла̣ни'ната̣ – пла̣ни'ните.*

2.4.3. Кај именките од среден род се изделуваат исто така три акцентски алтернации.

Најбројна е онаа група именки каде што акцентот алтернира меѓу неопределените и определените форми од типот: *'село̣ – 'села̣ ~ се'лото̣ – се'лата̣, 'око̣ – 'очи ~ о̣'кото̣ – о̣'чите.*

Во моделот *цре'во – цре'вото̣ – цре'вата̣ ~ ц'рева̣, де'те – де'тето̣ – де'цата̣ ~ 'деца̣* акцентот алтернира меѓу множинската неопределена форма, каде што акцентот паѓа на коренската морфема, и другите форми во кои акцентот стои на наставките од неопределените форми.

Мала група именки имаат акцент на коренската морфема во еднината на неопределената форма, а во множината на неопределената форма и во членуваните форми акцентот паѓа на флексивните наставки, сп. *'л'ице ~ л'и'ца – л'и'цето̣ – л'и'цата̣, дᵊрво̣ ~ дᵊр̥'ва – дᵊр̥'вото̣ – дᵊр̥'вата̣.*

Кај именките што образуваат множина со двосложните наставки *-ета* и *-ена* акцентот алтернира меѓу еднинската неопределена форма, каде што тој паѓа на коренот, и другите форми каде што акцентот стои на флексивната наставка, сп. *'пол'е ~ по̣'л'ето̣ – по̣'л'ета – по̣'л'етата̣,* или *в'реме ~ време'на.*

2.4.4. Кај придавските зборови, кај броевите и кај заменките акцентот е, главно, морфолошки стабилизиран. Старите алтернации се задржале во неколку случаи, сп.: *до̣'бар ~ до̣б'ра – до̣б'ро – до̣б'рија̣; е'ден ~ ед'на – ед'но – ед'ни; та̣'коф ~ та̣к'ва – та̣к'во; 'кој ~ ко̣'ја – ко̣'е, 'чиј ~ чи'ја – чи'е.*

2.4.5. Во областа на глаголската флексија акцентски алтернации се јавуваат кај некои глаголи во презентот, во императивот и во неколку случаи кај глаголскиот *л*-партицип.

Во презентската парадигма акцентот алтернира меѓу 1 л. едн. и другите лица, сп. *'бера̣ ~ бе'реш – бе'ре – бе'рем(е) – бе'рете – бе'ра, 'гора̣ ~ го̣'риш – го̣'ри – го̣'рим(е) – го̣'рите – го̣'рä.*

Во префиксираните глаголски облици односот во алтернациите се задржува со таа разлика што во 1 л. едн. акцентот паѓа врз префиксот, а во другите лица тој стои на коренската морфема, сп. *'испеча̣ ~ ис'печеш – ис'пече, 'зако̣л'а̣ ~ за̣'кол'еш – за̣'кол'е, 'изго̣ра̣ ~ из'гориш.*

Во императивот во 2 л. едн. акцентот паѓа на почетниот слог – на коренот, односно на префиксот ако е глаголот префиксиран, а во множината тој стои на наставката, сп. *'бери ~ бе'реше, 'набери ~ наѕе'реше, 'седи ~ се'деше, 'поседи ~ посе'деше.*

Во глаголската *л*-форма алтернации се констатирани кај неколку глаголи и акцентот алтернира меѓу еднинската форма за м.р. и другите форми, сп. *'бил ~ би'ла – би'ло – би'л'и, 'рекал ~ рек'ла – рек'ло – рек'л'и,* но и *и'шел ~ иш'ла – иш'ло – иш'л'и, до'шел ~ дош'ла* итн.

## 16. ТРЕМНО

ТРЕМНО (Καρδια), Кајларско, Грција.

Југоисточно наречје, солунско-воденски (долновардарски) говори.

ОЛА 110, МДА 348.

Селото Тремно е оддалечено помалку од 4 километри од патот што води од Кожани за Кајлари, на неговата источна страна. До 1948 год. селото имало околу 400 жители, сите биле православни Македонци. Населението се занимавало со земјоделство и сточарство. Во селото имало грчко основно училиште. Економски центар е Кајлари.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ӑ* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.2. *Консонан̅т̅изам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л'* | *р* | *н* |
| *ј* | | | |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *ӣ* | *б* | *ф* | *в* |
| *ш̄* | *д* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *к'* | *ḡ'* | | |
| *к* | *ḡ* | | |

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите вокали можат да бидат акцентирани. Неакцентираните вокали се изговараат пократко од акцентираните и се подложни на квалитативна редукција.

1.3.2. Акцентот е ограничено слободен (в. 2.3.). Како дистинктивен признак се користи во презентот и имперфектот кај некои глаголи, сп. *'вика* (3 л. едн. през.) : *ви'ка* (1 л. едн. имперф.).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ можат да стојат во сите позиции на зборoформите. Вокалот /*ă*/ не се среќава на почетокот и на крајот на зборoформите.

2.1.2. Вокалите /*и, ă, у*/ се јавуваат и во акцентиран, и во неакцентиран слог, сп. *'език, и'зици, 'обăрч – о'бăрчи, рă'жено, лă'жица, бу'нишче, 'уши.*

Вокалите /*е, а, о*/ во неакцентиран слог во почетокот и во средината на зборoформите се изговараат позатворено [*ẹ, ạ, ọ*] или пак нивната опозиција се неутрализира со /*и, ă, у*/ во корист на последниве. Степенот на редукцијата е посилен во слоговите што се наоѓаат непосредно до акцентираниот слог.

На апсолутниот крај, каде што споменативе вокали се јавуваат во функција на флексивна морфема, тие не подлежат на квалитативна редукција, сп. *и'зиче, у'шенце, 'сăрце, ḡ'рее, лă'жичка, 'мăска, з'миа, 'ḡăрло, ку'л'ено, 'ḡуст̄о, с'нао* (вок.).

2.1.2.1. Вокалот /*е*/ во неакцентиран слог се реализира како [*ẹ*] или преминува во /*и*/, сп. *ḡусẹ'ница, л'ẹку'вит̄а (вода), 'ел'ẹн, 'девẹт̄, 'десẹт̄, – ди'војка, ди'т̄енце, жи'л'езо, и'л'ени, ни'дел'а, т̄и'л'енце, чи'реша.*

Пред сонантите /*л, р, н*/ на крајот во завршоците *-ел, -ер, -ен,* и во некои случаи во завршокот *-ец,* редукцијата на /*е*/ оди накај /*ă*/ и се неутрализира опозицијата /*ă*/ : /*е*/, сп. *'виш̄ăл, 'орăл, 'ӣеш̄ăл, 'веш̄ăр (: ви'ш̄ери), 'ḡабăр (: ḡạ'бери), с'ш̄ежăр (: сш̄и'жери), ḡ'ладăн, ḡ'нусăн, 'есăн, 'корăн, 'осш̄ăн, к'л'инăц, 'месăц, 'ш̄анăц,* но и: *ḡ'луфиц,* и редовно во кратките заменски форми: *мă-'вика, ш̄ă-'чеше, сă-с'мее.*

2.1.2.2. Неакцентираното /*а*/ се реализира како [*ạ*], сп. *сфạ'ш̄ои, слạ'нинш̄а,* или се неутрализира неговата опозиција со /*ă*/, сп. *зă'ӣул'е, кă'л'еша, крă'вичка, мă'ḡаре, нă'ӣасе, ӣăрă'браш̄, 'ӣајăк, ӣă'јаци, рă'бош̄а, ш̄уӣă'ница, ӣрă'шина, 'ӣăндạр.*

2.1.2.3. Вокалот /*о*/ во неакцентиран слог најчесто се изедначува со /*у*/, сп. *'биул (бивол), ву'лоị, ḡу'ведо, ḡу'л'емо, уḡ'нишче, у'ӣаше, 'вăш̄ук, 'добриуш̄, 'ручук, 'секуј, 'ребруш̄о (: 'ребро),* и во акцентски групи: *'ш̄аш̄ку-му (: ш̄аш̄ко), уд-ид'но в'реме,* поретко се реализира како [*ọ*]: *ӣọ'јашче, чọ'раӣи, чọ'вече (: 'чоек),* покрај *ӣу'јашче, чу'раӣи.*

2.1.3. Во непосредна врска со редукцијата на неакцентираните вокали стои елизијата на вокалите (в. 3.4.1.) и метатезата (в. 3.5.).

2.1.4. Сите вокали можат да стојат во група со секој, сп. *ми'еше, ӣи'ено, 'виа, ни'ол'ш̄а (невол'аш̄а), 'биул, 'добриуш̄, сш̄'реи, сш̄'реа, мăш'чеа, с'меạш̄, л'ẹ'оŋка, л'ẹу'нарче, 'баируш̄, ӣ'рае, ш̄'кае, с'нао, рăз'бое, 'чоẹк, ш̄'рăе, сă'ир, врă'ови, в'рауш̄,* и др.

2.1.5. Секвенци од два исти вокала не се ретки; најчесто се јавуваат на морфемската граница, сп. *з'мии, 'сее, с'наа, цăрнọ'ок.*

2.1.5.1. Поретко секвенци од два исти вокали се реализираат како еден долг вокал, сп. *с'на:,* покрај *с'наа, 'чи: (чии).*

2.1.6. Вокалот /*и*/ во секвенци зад друг вокал во неакцентиран слог се реализира како [*ị*], освен на морфемската граница меѓу префикс и коренска морфема. По овој начин се образуваат дифтонзите [*иị, еị, ăị, аị, оị, уị*]. Како компензација од девокализацијата на /*и*/ вокалната компонента во дифтонзите се изговара нешто подолго, така што целиот дифтонг ги задржува двете мори. Сп. *чи'ки:ị, 'ӣи:ịш, ḡ'ре:ịш, сш̄'ре:ị, 'са:ị,* покрај *'саи, бу'ко:ị, к'ро:ịш,* и др.

2.1.7. Вокалот /*ă*/ во група со /*р*/ во почетокот на зборoформата секогаш стои зад сонантот, сп. *рăш, 'рăже, рă'жено, рăжи'ница, 'рăш̄е.* Во средината на зборoформите ако зад /*р*/ има група од два или повеќе консонанти, исто така /*ă*/ редовно се наоѓа зад /*р*/, сп. *ш̄рăн'л'иво, ш̄'рăска, ц'рăŋка,* но: *ш̄ăрн, 'вăрба, 'сăрце.*

2.2. *Консонанш̄изам*

2.2.1. Сонантите и безвучните опструенти можат да стојат во сите позиции на зБороформите (на почетокот, во средината и на крајот).

2.2.2. Звучните опструенти не можат да стојат на крајот.

2.2.3. Нема секвенци од звучен и безвучен консонант, вклучувајќи ја тука и фонемата /*в*/, сп. '*офца,* '*цефка,* или: *кфас, сфаш̄, ш̄фој* (со прогресивна асимилација).

2.2.4. Консонантски групи.

2.2.4.1. Почетна група од два сонанта е можна кога е прв нејзин член /*м*/: *мрас, м'л'еко.*

2.2.4.2. Сонантите на почетокот на зБороформите не се јавуваат во група со опструент.

2.2.4.3. Од другите консонантски групи релевантни во дијалектната диференцијација на македонските дијалекти ги одбележуваме следните:

а) не се можни во овој говор:

– *ср, зр, жр (> сш̄р, здр, ждр)* : *сш̄рам, сш̄'реда, сш̄'ребро, здрак, здрел, жд'ребе;*

– *шш̄, жд (> шч, жџ)* : *ū'л'ешчи, бу'нишче, 'нишчо, ш'чица, к'л'ешчи, дǫж'џови;*

– *ск (> цк)* зад преграден консонант: *вǫ'денцко, 'женцки, с'ш̄арцки, с'коūцки, 'морцко;*

– *зв (> ѕв)* : *ѕвер, ѕ'везда, ѕ'виска, ѕ'воне.*

б) Позиционо или на одделни примери се ограничени групите:

– *мн- (> øн)* : *'ноḡу,*

– *бн, вн (> мн)* во: *'демне, ḡ'ламна, 'ḡомно, 'рамно, мнук,*

– *ūс (> ūц > øц)* : *ци (ūци), цу'виса,*

– *ūш (> ūч > øч)* : *'ченка, чинич'кено,*

– *ш̄с (> ц)* на морфемската граница: *ḡу'вецко (месо), бу'ḡацво,*

– *сч (> шч)* на морфемската граница со суфиксот *-че* : *ūǫ'јашче, 'фешче, 'мошче.*

2.2.4.4. Поради метатезата и елизијата на неакцентираните вокали пред членската морфема и во други случаи овде се чести случаи со геминатата *-ш̄ш̄-*, сп. *'ūеш̄ш̄о, 'деш̄ш̄о (деш̄еш̄о), 'во:ш̄ш̄а (водаш̄а), уш̄'ш̄ука, уш̄'ш̄амо.* Има по некој пример и со удвоено /*д*/: *уд'дека, уддẹ'л'ил сă.*

2.5.5. Одделни консонанти.

2.2.5.1. По однос на вокалите ограничување во дистрибуцијата покажува глајдот /*ј*/. Тој не може да стои пред предните вокали на почетокот и во интервокална позиција, сп. *'ел'ẹн, 'едно, б'рое, 'сее, з'нае, 'шие;* пред /*е*/ дури и во суфиксот *-је* : *зд'раве, с'ноūе.*

2.2.5.2. Сонантот /л/ не може да стои пред предните вокали и пред /j/. Во таа позиција се неутрализира опозицијата со /л’/ во корист на вторава фонема, сп. *'бел’и (: бел, бела, бело)* ~ *'бел’и* (мн. од именката *бел’а* ‘беда, пакост’).

2.2.5.3. Назалот /н/ пред веларните /*к, г̄*/ се реализира како [*ŋ*] : *'сеŋка, ф'раŋг̄а.*

2.5.4. Сонантот /р/ секогаш се јавува во соседство со вокал, сп. *рӑш, 'рӑт̄е, 'сӑрце, п̄рӑс.*

2.2.5. Фонемите /*к*’, *г̄*’/ се ретки и имаат многу ограничена дистрибуција. Во група со други консонанти не се јавуваат, освен со /j/, сп. *'кујк’а, 'л’ујг̄’а,* покрај *'л’уг̄’а.*

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Кај парадигматските зборови акцентот не се јавува на последниот отворен слог, освен во 1 л. едн. на имперфектот, каде што тој врши морфолошка функција (в. 1.3.) и во случаи како *сиру'ма (< сиромах),* каде што се загубило /*х*/.

2.3.2. Кај двосложните именки акцентот по правило паѓа на пенултима. На ултима (во затворен слог) тој се задржал кај еден број повеќесложни именки (на *-ар, -чан*) и во сложенките, сп. *вудини'чар, л’ип̄и'чан, брат̄у'чет̄, л’ист̄у'п̄ат̄,* и др. Кај придавските суфиксни образувања бројот на случаите со акцент на ултима е значително поголем, сп. *кашл’и'чаф, п̄исук'л’иф, п̄и'јан, ви'сок,* итн.

2.3.3. По однос на местото на акцентот во парадигмата овој говор познава два модела: а) со парадигматски (морфолошки утврден) акцент, сп. *ви'сок – ви'сока – ви'соки – ви'сокит̄е, 'носам – 'носиш – 'носе – 'носиме – 'носа̣т̄,* и б) со стабилизиран акцент на пенултима во неопределената форма кај именските зборови и во некои глаголски форми. Стабилизиран двосложен акцент имаат, главно, именките што во основната форма се акцентираат на претпоследниот слог, сп. *'п̄ет̄ук – п̄и'т̄оци, п̄'разник – п̄раз'ници, 'вет̄ӑр – ви'т̄ери, 'мајст̄о̣р – ма̣јс'т̄ори, 'рӑкаф – рӑ'каи,* потоа во множинските форми на *-ови* од еднесложните именки, сп. *зе'т̄о(в)и, к’ур'кови,* а кај глаголите во парадигмата на аористот, сп. *в'л’ег̄у – вл’е'г̄оме – вл’е'г̄от̄е – вл’е'г̄оа.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните вокали во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у* : *син*
< *е* со редукција во неакцентиран слог: *ди'бел, жи'л’езо, и'л’ени*
*е* < **ь̥* : *ден*
< **ę* : *'език, 'педа,* во неколку примери и во група со назалот /*н*/: *'ендро*
< **ě* во сите позиции: *цел, 'цедиш*
< ъ$_2$ секундарно пред /*р*/: *ви'тери*
< *а* во: *'чеша, 'чешка, пу'л’енка (пол’јанка)*
< секундарно во групата *чере-* : *чи'реша // чẹ'реша*
*ă* < **ǫ* во коренска морфема: *'зăби, пăт, 'рăка,* и во неколку случаи пред звучните оклузиви во група со назал, сп. *крăŋк, 'пăндăр, 'гăмба, т'рăмба*
< ъ$_2$ секундарно во случаи како: *'бăдник, 'лăже, лă'жица, 'мăска, 'мăŋгла* (со секундарно *н*)
< **r̥* во секвенцата /*ăр*/, одн. /*рă*/: *'дăрво, тăрн, трăн'л’иво*
< **l̥* во група со /*л*/: *вăлк, 'жăлто, 'сăлза*
< *а* со редукција: *слă'бина, мă'гаре* (в. 2.1.2.2.)
< *е* во неакцентиран слог во случаи како: *'петăл, 'ветăр, 'остăн* (в. 2.1.2.1.)
< место турското *ı* : *'зăмба, 'сăкăс, 'кăна*
*а* < **ǫ* во суфиксни и флексивни морфеми: *'барем, 'берат, па̣д'нат, са* (3 л. мн. през. од ‘сум’)
< ъ$_2$ секундарно во *'оган*
*у* < **w* во случаите: *'цуте, у'суне*
< **ǫ* во: *'кујк’а, сут, су'диа*
< ъ$_2$ секундарно во: *'седум, 'осум, сум*
< *о* во неакцентиран слог: *гу'л’ем, ку'л’ено* (в. 2.1.2.3.)
*о* < **ъ̥* : *дош, сон*

3.2. *Консонантизам*

Консонантите /*ј, р, м, н, п, б, т, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, г*/ потекнуваат од соодветните гласови во појдовниот систем. Освен тоа:

*м* < *в* во групата *вн* : *'рамно, уг'ламник* (в. 2.2.4.3.)
< *б* во групата *бн* : *'симне* (в. 2.2.4.3.)
< **ǫ* во група со /*ă*/ пред звучен лабијал во одделни лексеми: *'гăмбаф, т'рăмба,* и во група со /*о*/ во *к'ломко*
*н* < *њ* : *'бана, 'л’уна* и во група со /*ј*/: *којн, 'дејне*
< **ǫ* во група со /*ă*/ во одделни случаи: *крăŋк, 'пăндăр, жẹ'лăндрẹк*

< *ę во група со /е/ во *'ендро,* и во група со /а/ во *ạŋ'г̄ул'а*

*л* < *l* со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

< *l̥* во група со /ă/: *вăлк, 'п̄ăлно* (в. 3.1.)

*л'* < *l′* : *кл'уч, ни'дел'а*

< *lь* : *сол', 'жал'ба*

< *l* во позиција пред предните вокали и пред *ј*

*р* < *ŕ* : *'море*

< *r̥* во група со /ă/: *'сăрце, т̄ăрн, т̄рăн'л'иф*

*ј* < *и* зад вокал: *г̄'реи̯ш, 'п̄еи̯ш, п̄'реи̯т̄е (п̄редит̄е)*

< *и* пред членската морфема кај придавките во м.р.: *'бел'јут̄, зд'равјут̄*

< *е* кај броевите од 11–19 и во десетиците, сп. *два'најсет̄, д'вајсет̄*

< *ń* со декомпозиција: *којн, вăг̄'л'ејна, си'рејне*

< *x* пред консонант во одделни лексеми, сп. *'нијно, 'чејл'и*

< секундарно во група со /к'/ и со /џ/ во одделни случаи, сп. *в'рејк'а, 'вејџа*

< секундарно во 3 л. мн. аор.-имперф.: *ви'каја, у'раја*

*ф* < *хв* : *'фане, 'фашча*

< *x* на крајот и пред консонант во одделни лексеми, сп. *меф, моф, 'ореф, буф, 'лоп̄уф, 'очуф, 'п̄ердуф – п̄ер'дуфи, 'нофт̄и, п̄иф'т̄иа*

< туѓо: *фес, 'фурна*

< ономатопејско: *'фăрка*

*в* < *ø* (како протеза) пред континуантот на иницијалното *ǫ : *'вăт̄ук, 'вăг̄л'ин,* и во: *'вујко, 'вујна, 'воса*

< хијатско во вокални секвенци зад /у/: *'мува, 'суво*

*т̄* < секундарно во групата *ср* : *ст̄'ребро, ст̄'реда, ст̄'рек'а* (в. 2.2.4.3.)

*д* < секундарно во групата *зд* : *здрак, здрел,* и во *жд* : *жд'ребе* (в. 2.2.4.3.)

*ц* < *č* во групите *čr̥-, *čvr̥-, *črě- : *цăрн, ц'вăрст̄о, ц'рево*

< *с* во групата *п̄с* : *п̄'цала, т̄ип̄'циа* (в. 2.2.4.3.)

< *с* во суфиксот *-ск(и)* зад консонант, сп. *'волцко, вọ'денцки, вил'иг̄-'денцки (п̄ост̄и), 'морцко* (в. 2.2.4.3.)

*ѕ* < *ʒ : *'ноѕи, п̄у'лоѕи*

< *з* во секвенците *лз, нз, дз, зв,* сп. *'мăлѕе, 'сăлѕа, сă-'г̄ăнѕа, уд'ѕади, ѕ'виска, ѕвер,* и во одделни случаи пред вокал, сп. *'ѕег̄вар, ѕăр'цала, 'буѕа* и др.

*ч* < *t′* во гупа со *ш* : *'л'ешча, 'г̄ашчи, 'ношча, п̄'ешча, с'фешча, сфиш'чел-ник, с'ношчи, 'фашча, ви'кашчем*

< *т̄* во групата *шт̄* : *шчо, к'л'ешчи, 'нишчо, ш'чица*

*џ* < *d′* во група со /ј/ во одделни лексеми, сп. *'вејџа, 'мејџа, 'сајџи, 'чујџо, чуј'џина, 'бијџа (бидува), 'вијџа, 'ројџа*

< *д* во групата *жд* : *дọж'ѕови* // *дọј'ѕовно (време)*

< место *ж* во одделни случаи, сп. *дăр'ѕава, дăр'ѕал'е, 'дăрѕе, ду'вајѕа* (< *доважа), дăл'ѕина, п̄у'лоѕе*

< туѓо: *ѕам, 'оѕа*

*ш* < **t′* во групата *шт̄* : *п̄'лашча, 'фашча, п̄'л'ешчи* (в. кај *ч*), или без *ч* : *'г̄ашник, 'мошне, нош, 'ношка, 'ношфи, 'п̄ешник, 'п̄омуш*

< *с* пред *ч* во случаи како: *к'лашче, 'л'ишче, 'мошче* (в. 2.2.4.3.)

*к'* < **t′* во одделни лексеми, сп. *к'е // к'и, 'нејк'иш, в'рек'е, 'п̄ојк'е, 'кујк'а, 'к'ерка, с'фајк'а // с'фак'а*

< *к* во одделни лексеми, сп. *'мајк'а* (зад *ј*), *'јак'ут̄ (јакјот̄), ви'сок'ут̄*

< туѓо: *'к'оше, 'к'урк, 'шек'ер, 'к'ерал*

*г̄'* < **d′* во одделни случаи, сп. *'рăг̄'а, рăг̄'ọ'сано*

< **dьj* во одделни случаи: *'л'уг̄'а // 'л'ујг̄'а*

< туѓо: *'г̄'озмо, 'г̄'убре*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиени од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни како резултат на регресивна асимилација.

3.2.2. Безвучните опструенти се добиени од звучните и на крајот на збороформите.

3.3. *Прозодија*

Појдовниот прозодиски систем не претрпел поголеми фонолошки промени, но се извршиле значителни морфолошки промени (в. 2.3.).

3.4. *Губење на одделни г̄ласови*

3.4.1. Неакцентираните вокали во повеќесложните зборoформи често се испуштаат, особено пред членските морфеми кај именските зборови, сп. *'жент̄е, ми'сурт̄е, 'бел'т̄е, 'п̄ул'ме (п̄ул'име), 'де:т̄т̄о, 'кол'да (кол'еда), 'г̄умт̄о (г̄умнот̄о), 'п̄ил'т̄о (п̄ил'ет̄о), 'п̄ол'т̄о, 'семт̄о, ѕ'рефт̄о (ѕревот̄о), кă'дијт̄а (кадијат̄а), му'т̄икт̄а, ни'ол'т̄а (неол'ат̄а), 'рăкт̄а, 'чуп̄т̄а, буг̄ур'дица (бог̄ородица), 'оклу (околу).*

3.4.2. Елизијата на неакцентираните вокали се врши и во проклитичките зборови кога следната зборoформа почнува со вокал, сп. *к'-'ојме (ќе одиме), д-из'мие (ми'сурт̄е).*

3.4.3. Неакцентираното /*о*/ се губи во почетокот во примерите: *во, ва: (оваа), 'п̄ашка, п̄инѕи.*

3.4.4. Фонемата /*ј*/ редовно се испушта пред предните вокали, сп. *'език, 'п̄ее, 'лозе, зд'раве* и др. (в. 2.2.5.1.).

3.4.5. Фонемата /*х*/ наполно се загубила на почетокот и во интервокална позиција, а во ред случаи и во други позиции на зборoформите (на крајот, пред консонант), сп. *'арно, 'оро, л'еп̄, 'рана, с'на:, ст̄'реа, мăш'чеа, вла'инка, ḡрę'от̄а, 'меут̄, вра, сиру'ма, ст̄ра, ḡре, ни, ви'ка* (1 л. едн. имперф.), *ст̄и'ду (свет̄и дух), 'бăла, 'ма:не, 'ме:л'ем.*

3.4.6. Од другите опструенти во повеќе примери се загубиле /*в, д, т̄*/.

Согласката /*в*/ најчесто се испушта во множинската наставка *-ови* кај именките, сп. *сфа'т̄ои, ру'ḡои,* и во неколку други лексеми во интервокална позиција, сп. *'биул, д'јаул (ḡ́авол), рă'каи (ракави), 'чоęк,* а во консонантско соседство во групите *вч- ('чера), вс-* во заменските облици *'секуј, 'сăт̄о* и др.

Плозивот /*д*/ во бројни случаи се загубил во интервокална позиција кај глаголите (и тоа по правило се губи во 2 л. едн. и 1 и 2 л. мн. през.), сп. *вијш (видиш), јајш (: јадат̄), сејш, 'сејме, 'сејт̄е (: седат̄), п̄'рејт̄е (: п̄реди), ḡ'рејме (: ḡреде), 'ојме (: оде), п̄'рејт̄е (: п̄редат̄),* како и во десетичните броеви: *д'вајсęт̄, 'п̄ејсęт̄* и др. Во консонантски групи, сп. *и'но (едно), с'фăрл'е (свăрдл'е).*

Согласката /*т̄*/ почесто се испушта на крајот во групите *-ст̄, -шт̄,* одн. *-шч,* сп. *буѕа'рес (чоек), 'радọс, т̄ес, шес, чуш (: чужцо, чујцо),* но и: *ḡост̄, л'ист̄;* редовно се губи во групите *-шт̄н-, -шт̄к-, -шт̄в, -слн-,* сп. *'п̄ешни, 'нoшфи, 'радусно.*

Во почетна позиција се губи и: /*м*/ во *'ноḡу,* /*н*/ пред африкатите /*ц, ч*/: *ци (п̄ци), цу'виса, 'ченка, чин'кено.*

3.5. *Мет̄ат̄еза*

Метатезата е честа појава во секвенците од *р* + вокал, како во: *бăрдă'вица (брадавица), ḡăр'шина, 'ḡăрди (ḡрăди), ọ'бăрчи, п̄ăрт̄, с'т̄ăрḡа, вăр'т̄ено (врет̄ено), п̄ăр'дено (п̄редено), п̄ур'дава (п̄родава),* во повеќесложните именски образувања, сп. *'во:т̄т̄а (< воадт̄а < водат̄а), 'мă:јт̄т̄е (мăжит̄е), 'де:т̄т̄о (дет̄ет̄о),* и во други одделни лексеми, сп. *'ѕеḡвар (ѕевḡар), 'п̄ојур (п̄орој), нăркă'вица (нарăк'вица).*

## 17. ЕМБОРЕ

ЕМБОРЕ (Εμπωριον), Кајларско, Грција.

Југоисточно наречје, солунско-воденски (долновардарски) говори.

МДА 349.

Селото Емборе се наоѓа на дваесетина километри северозападно од градот Кајлар. Според К’нчов, во 1900 год. тоа броело 1.520 жители, од кои 1.320 Македонци христијани и 200 Турци (Васил Кънчов, *Избрани произведения*, т. II, София, 1970). Подоцна турското население е заменето со грчко, преселено од Мала Азија. Според статистиката од 1940 год., во таа година Емборе имало 1.175 жители, од кои две третини биле Македонци.

Добар дел од македонското население по револуцијата 1949 год. емигрирало во Југославија и во другите социјалистички земји во Европа, а нешто малку и во Канада, Австралија и Соединетите Американски Држави.

Населбата прв пат се спомнува во XIV век.

Описот е прв пат печатен во *Zbornik radova povodom 70-godišnjice života akademika Jovana Vukoviča*, ANU BiH, Sarajevo 1977.

### 1. ИНВЕНТАР НА ФОНЕМИТЕ

1.1. *Вокализам*

Вокалниот систем го сочинуваат шест вокални фонеми:

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ă* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

од кои се:



1.2. *Консонантизам*

1.2.1. Сонанти

*м* *н*

*л* *л'*

*р*

*ј*

од кои се:

назални +

континуирани +

периферни +

латерални +

предни +




1.2.2. Шумни консонанти:

1.2.2.1. Периферни:

*б* *г̄*

*п̄* *к*

*в*

*ф*

од кои се:

континуирани -

предни +

звучни +



1.2.2.2. Централни:

| | |
|---|---|
| *д* | *ѓ* |
| *т̄* | *ќ* |
| *ѕ* | *џ* |
| *ц* | *ч* |
| *з* | *ж* |
| *с* | *ш* |

од кои се:




1.3. *Прозодија*

Динамичниот акцент е ограничено слободен. Најчесто паѓа на двата последни слога. Не може да стои подалеку од антипенултима.

Нема квантитативни разлики фонолошки релевантни.

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Дистрибуцијата на вокалните фонеми е главно слободна пред и зад поодделни консонанти.

2.1.2. Сите вокали можат да стојат во група со секој, со исклучок на /*и*/ во некои позиции (2.1.6.).

2.1.3. Два исти вокала во непосреден контакт се контрахираат.

2.1.4. Хијатот во групите со /у/ како прва компонента обично се отклонува со вметнување на /в/: '*сува*, '*мува, йа'зува.*

2.1.5. Ниските вокали /е/, /а/, /о/ во неакцентиран слог се редуцираат во соодветни затворени гласови [ẹ], [ạ], [ọ] или преминуваат во соодветните високи корелати: /е/ > /и/, /а/ > /ӑ/, /о/ > /у/. Ова не важи во позицијата на апсолутниот крај на зборот, каде што тие вршат и морфолошка функција.

2.1.5.1. /е/ (>) /и/ нерегуларно: *ди'бел (дебел), ѓӑси'ница (ѓӑсеница), л'иви'чар (л'евичар), чи'реша (череша).*

2.1.5.2. /е/ (>) /ӑ/ пред сонант, поретко пред друг консонант, нерегуларно: '*анѓӑл (анѓел), ѓ'л'езӑн (ѓл'езен), 'осйӑн (осйен), 'ѓабӑр (ѓӑ'бери).*

2.1.5.3. /а/ (>) [ạ]: '*кайạк – кạ'йаци.*

2.1.5.4. /а/ (>) [ӑ]: '*л'ишӑј, слӑ'бина.*

2.1.5.5. /о/ (>) [ọ]: *нọ'жови.*

2.1.5.6. /о/ (>) /у/: *ну'сови (: нос), 'мозук – му'зоци, ѓу'л'ем, ку'л'ено.*

2.1.6. /и/ > [i̯] зад вокал ако не е на составот меѓу префикс и коренска морфема: *смеиш > смеi̯ш, о'реи > о'реi̯, снаи > снаi̯, сйоиш > сйоi̯ш, чуиш > чуi̯ш.*

2.1.6.1. /и/ > /ј/ пред вокалите /о/, /у/ кај придавките во членските форми за машки род: *бел'иой > бел'јой > бел'јуй.*

2.1.7. /е/ (>) [i̯] во неакцентиран слог зад друг вокал кај броевите од 11–19 и во десетиците: *иди'наi̯сей, два'наi̯сей, д'ваi̯сей, 'йеi̯сей.*

2.1.7.1. /е/ > /ј/ во глаголскиот прилог: *ви'кајке, ну'сејке.*

2.1.7.2. /е/ (>) ø во неакцентиран слог во одделни лексеми: '*кол'да (кол'еда).*

2.1.8. /о/ (>) ø во неакцентиран слог во повеќесложни зборови, во одделни лексеми: *буѓур'дица (боѓородица).*

2.1.9. /ӑ/ – не може да стои на апсолутниот почеток и на апсолутниот крај на зборот.

2.2.0. /ӑ/ – не може да стои зад /р/; старата група *рӑ > ӑр* : *йӑрй, йӑрчка, дӑрк, сйӑрѓа (< йрӑй, сйрӑѓа).*

2.2. *Консонанйизам*

2.2.1. Сонанти

2.2.1.1. /л/ не може да стои пред предните вокали и пред /ј/. Во таа позиција се неутрализира опозицијата со /л'/ во корист на вторава фонема, сп. '*бел'и (: бел, бела, бело)* ~ '*бел'и* (мн. од именката *бел'а* 'беда, пакост').

2.2.1.2. /ј/ – не може да стои пред /и/, /е/: '*божи (божји), 'едно, зд'раве, 'лозе.*

2.2.2. Шумни консонанти.

2.2.2.1. Корелацијата по звучност врши дистинктивна функција само во позиција пред вокал.

2.2.2.2. Звучните пред безвучните консонанти не можат да стојат: *'л'еӣче, 'офца.*

2.2.2.3. Безвучните пред звучните консонанти се озвучуваат.

2.2.2.4. Звучните консонанти на апсолутниот крај се обезвучуваат: *л'еӣ (л'еб), риӣ (рид), 'обрăс (: уб'рази), нош (два ножа), брек (бреѓ).*

2.2.2.5. /*в*/ > /*ф*/ зад /*с*/: *сфаӣ (сваӣ), сфој, с'фешча, с'фекур.*

2.2.2.6. /*в*/ (>) *ø* во множинската наставка *-ови (-еви),* нерегуларно: *ӣă'ӣој (ӣаӣови), у'реј (ореви).*

2.2.2.7. /*ӣ*/ – не може да стои во група со /*ш*/; во такви случаи *шӣ* > *шч* : *'л'ешча, с'фешча, шчица, шчо.*

2.2.2.8. /*д*/ – не може да стои во група со /*ж*/; *жд* > *ж* : *'дожоӣ (дождоӣ), ду'жарка (дождарка), ѓл'у'жој (ѓл'уждови).*

2.3. *Прозодија*

Акцентот не може да стои на последниот отворен слог, освен во неколку одделни лексеми *(ца'де, сиру'ма)* и во 1 л. едн. на имперфектот, каде што тој врши морфолошка дистинкција: *у'ра – у'раше, жни'е – жни'еше.* Има тенденција да се повлече и од последниот затворен слог и да се стабилизира на претпоследниот. Тоа е доста постигнато кај именките, сп. *чир – чи'рови, 'ӣаӣко – ӣаӣ'кови, 'кожуф – ко'жуфи, 'бивул – би'вол'и, 'име – и'мина.* Ограничен е бројот на примерите со акцент на антепенултима (сп. *'оснува, 'ужина*). Членските морфеми не влијаат врз местото на акцентот (сп. *'мачур* : *'мачуруӣ, ма'чори* : *ма'чориӣе*).

Можат да се сретнат и случаи со секундарен акцент: *'несу͵л'ено, 'ӣоӣи͵јан.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

3.1. *Вокализам*

*и* < **i*
< **y*
< **jь*
< *у* во одделни лексеми: *л'иби'ница (лубеница).*

*е* < **е*
< **ę* : *'чедо*
< **ь* : *ден*
< **ě* : *бел, 'л'еӣо, цел, 'цефка*
< *а* со преглас: *'чеша (чаша)*
< секундарно во групата *чере* : *че'реша* > *чи'реша.*

*ă* < *ǫ во коренска морфема: *păка, пăт*

или во група со /*м*/, /*н*/: *крăнк, пăн'дар, трăмба*

< ъ$_2$ во коренска морфема: *бăдник, лă'жичка*

< *r̥ во група со /*р*/: *пăрсти, сăрце*

< *l̥ во група со /*л*/: *вăлк, пăлно*

< во туѓи зборови: *зăмба, сăкăс.*

*а* < **а*

< *ǫ во суфиксни и флексивни морфеми: *пад'нал, 'берам, 'берат.*

*у* < **u*

< **w* во случаите: *'цуте, у'суне (осуне)*

< *о* во одделни лексеми: *'седум, 'осум.*

*о* < **о*

< *ъ̥ : *дош, сон.*

3.2. *Консонантизам*

3.2.1. Сонанти.

*м* < **m* : *мајка*

< **n* пред лаби(одент)ал.

*н* < **n*

< **ń* само или во група со /*ј*/: *којн*

< **nь̯ј* само или во група со /*ј*/: *ја'дејне*

< **ǫ, *ę* со декомпозиција во одделни лексеми: *крăнк, 'ендро, ăн'гура*

< секундарно: *мăнгла.*

*л* < **l* со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

< *l̥ во група со /*ă*/: *пăлно*.

*л'* < **l′* : *л'ут, кл'уч.*

< **l* во позиција пред предните вокали и пред *ј*

*р* < **r*

< **ŕ* : *море*

< *r̥ во група со /*ă*/: *сăрце*.

*ј* < **ј*

< **ń* со антиципација: *којн, си'рејне*

< секундарно во група со /*ќ*/, /*ц*/ во одделни лексеми: *в'рејќа, 'вејца, 'мејца*

< хијатско

< *е* во глаголскиот прилог: *ви'кајке,* и кај некои броеви: *'пејсет (педесет)*

< *х* во одделни лексеми: *'чејл'и.*

3.2.2. Шумни консонанти.

п < *p.

б < *b.

ф < хв : 'фане

< х на крајот на зборот во одделни лексеми: моф, ореф, глуф, и пред безвучен консонант: 'офтика, 'нофти, г'луфци

< ономатопејско: фăрка

< туѓо: фес, 'фурна, 'софра.

в < *w

< хијатско: 'мува, сув

< како протеза пред континуантот на иницијалното *ǫ : вăгл’ен, вăтук, вăзул’; и во одделни лексеми пред иницијалното /о/: 'воса (оса).

т < *t

< секундарно во групата ср : ст'реда.

д < *d

< секундарно во групите зд, жд : здрак, жд'ребе.

ц < *c : цел

< *č во *črě- / *čr̥- : ц'рево, цăрн

< с во суфиксот -ск(и) : би'волцки, 'женцки.

ѕ < *ʒ на почетокот на зборот во одделни лексеми: 'ѕегвăр, 'ѕиври, ѕăр'ѕала, и во групите з + в, н, р : ѕвер, ѕвезда.

с < *s

< ш во одделни лексеми: л’ешка (л’еска).

з < *z

< *ʒ.

ч < *č

< т во група со ш : п'л’ешчи, 'гушчер.

џ < во група со ј место *t′ во одделни лексеми: 'вејџа, 'мејџа, рăјџа, или во група со ж : чужџо, 'вижџа

< во туѓи зборови: џам, 'синџир.

ш < *š

< *t′ во група со ч : п'л’ешчи, п'лашча

< с пред ч со асимилација: пу'јашче (појасче).

ж < *ž

< *d′ во група со џ : чужџо.

ќ < место *t′ во одделни лексеми: 'ќерка, ќе, или во група со ј : 'ќујка, в'рејќа

< *tьj во одделни лексеми: цвеќе

< к во групата јк во членската форма за м.р. кај придавките на -к : 'јаќут, ви'соќут (јакиот > јакјот)

< во туѓи зборови: *ќерăл, ќоше, ќаја.*

*г̄́* < **dь̭j* : *л’уг̄́а*

< во туѓи зборови: *'анг̄́ел*, *'г̄́озмо.*

*к* < **k.*

*г̄* < **g.*

## 18. ЧЕГАН

ЧЕГАН (“*Αγιος ’Αθανάσιος*), Воденско, Грција.

Југоисточно наречје, солунско-воденски (долновардарски) говори.

МДА 341.

Селото Чеган се наоѓа во Воденска околија. Расположено е во северните падини на планината Кајмакчалан. Во 1930 год. имало 1.395 жители, сите Македонци. Во времето на граѓанската војна поголем број фамилии го напуштиле селото и преминале во Југославија и во други социјалистички земји. Во 1971 година во селото имало 703 жители (Тодор Симовски, *Населените места во Егејска Македонија,* I, Скопје 1978).

Селото прв пат се спомнува во 1481 година.

Описот е прв пат објавен во *Македонски јазик* XXIX, Скопје 1978/79.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

Вокалниот систем го сочинуваат шест фонеми, од кои се:




1.2. *Консонантизам*

Консонантскиот систем е составен од 24 фонеми, од кои 6 се сонанти и 18 опструенти (шумни).

1.2.1. Сонанти се:




1.2.2. Опструенти се:




1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите вокали можат да бидат акцентирани.

Неакцентираните вокали фонетски се пократки од акцентираните и се подложни на редукција.

1.3.2. Должините добиени со компензација и со контракција не се фонолошки релевантни (в. 2.1.5.).

1.3.3. Акцентот е ограничено слободен (2.3.). Како дистинктивен признак се користи само кај глаголите во 1 л. мн. на презентот за диференцирање од 1 л. мн. на имперфектот кај некои глаголи, сп. *'викаме, 'викате* (през.) : *ви'каме, ви'кате* (имперф.).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

### 2.1. *Вокализам*

2.1.1. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ можат да стојат во сите позиции на зборoформите – во почетокот, во средината и на крајот.

Вокалот /*ӑ*/ не може да стои на крајот, а во почетна позиција се јавува само во група со сонантите /*р, л*/, сп. *ӑрбе, ӑрт̄, ӑлцна.*

2.1.2. Вокалите /*и, ӑ, у*/ можат да се јават и во акцентиран, и во неакцентиран слог, сп. *'име, и'мијна, 'език, г̄ӑба, кӑ'п̄ина, 'уче, у'чиме.*

2.1.3. Вокалите /*е, а, о*/ во своите основни алофони во неакцентиран слог можат да се јават само на крајот на зборoформите, каде што исполнуваат функција на граматички морфеми, сп. *'име, 'п̄ол'е, си'рејне, зд'раве, 'мое, 'мене, 'шејсе, 'бере, 'беше, и'мал'е, 'ут̄ре; 'мест̄о, 'босо, 'дошло, 'селт̄о; 'жена, 'добра, 'дошла, ку'л'ип̄т̄а.*

Во другите позиции на зборoформите неакцентираните /*е, а, о*/ се изговараат позатворено и даваат алофони [*е̣, а̣, о̣*], или пак нивната опозиција се неутрализира спрема /*и, ӑ, у*/ во корист на последниве. Степенот на редукцијата особено е силен во слоговите што се наоѓаат непосредно пред и зад акцентираниот слог. Сп. /*е*/ > [*е̣*] > /*и*/: *п̄е̣'нушка, ве̣'л'иг̄ден, л'е̣сну'т̄ија, се̣'г̄ашин,* или: *'ел'ин – и'л'ени, и'зици* (: *'език), с'т̄ежир – ст̄и'жери, 'зел'ин – зи'л'ени, 'вечир, 'г̄ушт̄ир, 'камин, 'вениц, изми'л'ал', т̄ин'ц̣ере, т̄инц̣и'ријна.* Пред сонантот /*л*/, а во одделни случаи и пред /*р*/, затворениот изговор на неакцентираното /*е*/ клони кон /*ӑ*/, или пак се неутрализира во негова корист, сп. *'вит̄е̣л, 'кот̄е̣л,* или *'вит̄ӑл, 'кот̄ӑл, 'орӑл, 'п̄ет̄ӑл, свӑрдӑл, 'п̄еп̄ӑл,* сп. и *г̄ӑзӑр;* /*о*/ > [*о̣*] > /*у*/: *бо̣ја'ц̣ија, о̣г̄л'и'дало,* и *бру'јови* (: *број), у'рачи ~ 'орач, 'бивул ~ би'вол'и, 'какуф, 'ручук, ви'сочук, г̄у'дина, ду'бит̄ук, ку'л'ено, ку'била, у'даја.* На редукција вокалот /*о*/ подлежи и на крајот доколку не се јавува во функција на морфема за род, како што е случајот во определената форма за машки род: *'волу, д'вору, 'кону, 'мoју, зи'л'еніу, 'лошіу* (< *воло, мојо* итн.), и во 1 л. едн. во аористот: *'реку, ис'п̄еку, 'дојду;* /*а*/ > [*а̣*] > /*ӑ*/: *а̣ра̣'мија, а̣'болко, ка̣ра̣'ница, ма̣'г̄арка, на̣рӑк'вица, на̣ма̣ч'кано, на̣п̄а̣д'нал'е, ла̣ду'винт̄а,* или *рӑ'бот̄а, рӑ'кија, јӑлу'вица.*

2.1.4. Во непосредна врска со редукцијата на вокалите стојат уште две појави – елизијата (в. 3.4.1.) и метатезата на вокалите (в. 3.5.).

2.1.5. Неакцентираното /*и*/ во позиција зад друг вокал, кога не е на морфемската граница со префикс, често се реализира како [*і̯*] образувајќи при тоа дифтонг, сп. *з'ми:і̯ (змии), ку'ри:і̯ (кории), су'ди:і̯ (судии), 'ло:і̯ст̄о* (< *лоизт̄о* <

*лозит̄о < лозет̄о), г̄'ро:i̯ст̄о (г̄розет̄о : г̄розде), ву'ло:i̯т̄е (волоит̄е < воловит̄е), 'во:i̯т̄е (водит̄е), 'ко:i̯ст̄е (козит̄е), 'за:i̯дно (< заидно < заедно), м'ла:i̯т̄е (< млаит̄е < младит̄е), б̆'ра:i̯т̄е (брадит̄е), 'п̄е:i̯се, 'ше:i̯се (п̄едесе, шеесе), д̆'ру:i̯ст̄е (друист̄е < друзит̄е).*

2.1.5.1. Како компензација од девокализацијата на /*и*/ дошло до удолжување на вокалната компонента на дифтонгот, така што целиот дифтонг ги задржува двете мори, што наоѓа потврда и во задржувањето на акцентот во случаите како *ку'ри:i̯, су'ди:i̯ (< ку'рии, су'дии).*

2.1.5.2. Неакцентираното /*и*/ > [*i̯*] и во секвенцата *-иу- (< ио)* во членската форма кај придавките од машки род, но без компензација на квантитетот: *'бел'i̯у (бел'иу < бел'ио), зи'л'енi̯у, г̄у'л'емi̯у, с'т̄арi̯у, с'лабi̯у, з̆аб̆'л'есi̯у, 'вашi̯у (вашио).*

2.1.6. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ по правило можат да стојат во група сите со секој. Вокалните секвенци се реализираат најчесто на морфемската граница меѓу префикс и коренска морфема, односно меѓу флексивните морфеми и основата на зборот. Во иста морфема вокални секвенци се јавуваат, главно, во случаите каде што се загубило /*х*/. Сп. /*ии*/: *п̄риима, чи'и,* /*ие*/: *'п̄ие, 'чие,* /*иа*/: *да п̄ри'аине, з'миа* (покрај *змија*), /*иу*/: *п̄ри'уче, 'добриу* // *'добрi̯у* (ретко), /*ио*/: *п̄ри'одва, г̄ри'от̄а,* /*еи*/: *'сеиш,* /*ее*/: *'вее, 'сее,* /*еа*/: *'беа, ст̄'реа, ну'сеа;* /*аи*/: *за'иг̄ра, 'заим (заем),* /*ае*/: *з'нае, т̄'кае,* /*аа*/: *за'арни, 'раат̄,* /*ау*/: *з̣а'уче,* /*ао*/: *з̣а'оде (< за'оде), с'нао;* /*уи*/: *'чуиш* // *'чу:i̯ш,* /*уе*/: *'чуе,* /*уу*/: *п̄у'уче (п̄оуче), 'чуут̄о (чудут̄о < чудот̄о),* /*уо*/: *ду'ора (доора);* /*ои*/: *'бои, 'мои* // *мо:i̯,* /*ое*/: *'кое, 'мое,* /*оа*/: *дуј'доа, ри'коа, 'воат̄а (водат̄а).*

2.1.7. Доста се ретки примери со контракција на секвенци од два исти вокала.

2.2. *Консонант̄изам*

2.2.1. Од консонантите само звучните опструенти имаат ограничена дистрибуција: тие не можат да стојат на крајот на зборoформите.

2.2.2. Нема секвенци од звучен и безвучен, како и од безвучен и звучен опструент, со некои исклучоци на фонемата /*в*/.

2.2.3. Консонантски групи.

2.2.3.1. Почетна група од два соната е можна само кога е прв нејзин член /*м*/, сп. *м'л'еко, м'равја.*

2.2.3.2. Сонантите на почетокот не се јавуваат во група со опструент.

2.2.3.3. Од другите консонантски групи не се можни:

– *мн (> øн)* на почетокот во *'ног̄у;*

*– бн, вн (> мн)*: *'демне, ѓ'римна, ѓ'ламна, 'земне, п'л'емна, 'рамно, у'амна, ќи усăмне,* но: *фнук, ф'нука;*

*– пс (> пц)*: *п'цуе, пцала, (п)цу'виса, с'типца, тип'ција;*

*– пч (> øч)*: *'ченка, чи'ница, 'чел'а;*

*– тс (> ц)*: *б'рацки, уцп'реди, да у'цече (отсече);*

*– ск* зад консонант *(> цк)*: *'волцки, 'полцки, 'селцки, и'сенцко жито, 'ланцки, з'мијцки, с'копцки;*

*– зв (> ѕв)*: *ѕ'везда, ѕвер, ѕ'виска, ѕ'вонче;*

*– жб, жв (> џб, џв)* во одделни случаи: *џ'бара, џ'вака;*

*– -ст, -шт (> -с, -ш)* на крајот: *грос, прос, л'ис, чес, шес, 'бол'ęс, 'радус, дош, приш.*

Групите *ср, зр, жр* редовно се пополнуваат со плозивите /*т, д*/, сп. *страм, ст'реда, ст'ребро, здрак, здрел, жд'ребе.*

2.2.3.4. Консонантски секвенци од два исти консонанти по правило се јавуваат на морфемска граница. Најчести геминати се *-тт-* и *-вв-;* првата се јавува на морфемската граница со членските наставки, сп. *в'ратта (> врат:а) (*: *врата), рӑ'ботта (работата) ~ рӑ'бота* (нечленувана), *ку'питто ~ ку'пито* (нечленувано), *смӑртта, 'детто (детето),* или *'гостте (гостите) ~ 'госте* (глагол), *'устта (устата); /вв/* се јавува кај изведените глаголи со суфиксот *-ва* од основи што завршуваат на *-в,* сп. *заб'равва (*: *забрави), нап'равва (*: *направи), рас'правва (*: *расправи).* По еден пример имам забележано и за удвоени /*м*/ и /*j*/, сп. *'имма (имаме), 'најјак.*

2.2.3.5. Поради елизијата на вокалите пред членските морфеми овде се јавуваат консонантски групи од по три консонанти кои се необични во говорите што не ја познаваат редукцијата на неакцентираните вокали. Еве неколку примери: *'мајкта (мајката), вуј'ковцте (вујковците), 'којнте (којните), вӑлцте (вӑлците), к'ротткто (кроткото), 'петл'те (петл'ите)* покрај *'петӑлте.*

2.2.4. Одделни консонанти.

2.2.4.1. Сонантот /*j*/ не може да стои пред преден вокал во почетокот и во меѓувокална позиција, сп. *еш, 'есин, 'пие, 'пее, з'нае, 'чии.* Исто така пред /*е*/ не се јавува ни во суфиксот *-је,* сп. *'зел'е (зел'је), 'ил'е (ил'је), зд'раве, с'нопе, тӑрне,* но и *с'нопја, тӑрнја.* Во групата *-иа-* се јавува факултативно, сп. *з'ми(ј)а, су'ди(ј)а.*

2.2.4.2. Сонантот /*л*/ не може да стои пред преден вокал и пред /*j*/: *'бил'е (*: *бил, била, било), 'сил'ен (*: *силна), 'кол'и (*: *кола), 'орл'и (*: *орӑл), 'кол'ја (*: *кол).* Во оваа позиција артикулацијата на /*л*/ се неутрализира со изговорот на /*л'*/, сп. *ни'дел'а – ни'дел'и, 'бел'а – 'бел'и.*

2.2.4.3. Вибрантот /*р*/ не може да се јави во позициите *rC-* и *CrC.*

2.2.4.4. Консонантот /ѕ/ е доста редок. Редовно се јавува само во групата *ѕв* : *ѕ'везда, ѕ'виска* (в. 2.2.3.3.), во некои примери и во соседство со сонантите /*р, н*/: '*манѕер,* пред вокал на почетокот: '*ѕадин,* '*ѕевг̄ар,* и пред множинската наставка *-и* во случаите од типот '*ноѕи, би'л'еѕи, п̄у'лоѕи* (: *ног̄а, бел'ег̄, п̄олог̄),* или во *б̄'лаѕи* (: *благ̄).*

2.2.4.5. Фонемата /*ц̣*/ е исто така ретка. Освен во туѓи зборови и суфиксот *-ц̣ија,* може да се јави уште само во групите *жв-* и *жб-,* сп. *ц̣'бара, ц̣'вака* (2.2.3.3.).

2.2.4.6. Фонемите /*ќ, г̄́*/ се ретки по бројот на примерите и најчесто се јавуваат во група со /*ј*/, сп. *б̄'рајќа, в'рејќа – в'рејќи,* '*кујќа,* '*нејќе, с'фајќа, ст̄'рејќа, нест̄'рејќа, ц̣'вејќе,* '*л'ујг̄́а,* поретко без /*ј*/, сп. *ќи (ќе),* '*ќерка,* '*ќут̄,* '*г̄́авул* (на почетокот), *виќе,* '*мег̄́у, рӑг̄́а, рӑ'г̄́еса, лаг̄́а,* покрај '*лајг̄́а.*

## 2.3. *Прозодија*

2.3.1. Спомнавме дека е акцентот ограничено слободен. Тој не може да стои на последниот отворен слог воопшто. Ретки се и случаите со акцент на последниот затворен слог. Тие се еден број повеќесложни именки на *-ар* : *вудини'чар, г̄уви'дар, изми'ќар,* повеќесложни придавки на *-ав, -л'ив, -ит̄, -ес(т̄),* сп. *зил'ин'каф, г̄ури'лаф, кашл'и'чаф, ка̣минл'иф, жа̣лу'вит̄, бра'дес,* и некои сложенки од типот *белуг̄'лаф, билу'л'ик, г̄луву'нем, цӑрну'ок.*

Не се бројни ни случаите со акцент на третиот слог. Тие се претежно зборови што не влегуваат во парадигма (заменски и прилошки зборови) или членувани зборoформи, сп. '*нека̣куф,* '*сека̣куф,* '*ника̣кво,* '*некуја, д'вап̄ӑт̄и,* '*есинт̄а* и сл.

2.3.2. Овде силно е изразена тенденцијата акцентот да се стабилизира на пенултима и во голема мера таа тенденција е реализирана во зборовните групи со парадигма. Кај именските зборови во неопределената форма, со исклучок на погоре споменатите образувања, второсложното акцентирање е веќе регуларна појава. Сп. *кл'уч – кл'у'чови, л'еп̄ – л'е̣'бови, рит̄ – ри'дишча,* '*рибар – ри'бари, с'т̄ежир – ст̄и'жери,* '*ора̣ч – у'рачи,* '*бивул – би'вол'и,* '*камин – ка̣'мејна;* '*г̄ол'им – г̄у'л'ема – г̄у'л'емо – г̄у'л'еми,* '*висук – ви'соки,* '*зел'ин – зи'л'ена.* Членските морфеми по правило не влијаат врз акцентското место. Меѓутоа, во определените форми тенденцијата за второсложното акцентирање се постигнува преку скратувањето на зборoформите што се врши најчесто со елизија на вокалот непосредно пред членската морфема, или по некој друг фонетски начин, како, на пример, десилабизацијата на /*и*/, образување на дифтонзи, преку метатеза и контракција. Сп. '*мозук –* '*моску (< мозуку < мозоко),* '*език –* '*еску (езику),* '*човик –* '*чофку (< човику), п̄ӑт̄иц̣ – п̄ӑт̄ц̣у,*

*'разбуј – 'разбју (< разбују), ку'мови – ку'мофте, 'облак – уб'лаци – уб'лаците, мӑжи – мӑште* или *мӑ:і̯ште (мӑжите), 'жена – 'жента (жената), 'жени – 'женте (жените)* или *'же:і̯нте (< жеинте < жените), вит'ришта – вит'ришт:а (ветриштата), 'место – 'мест:о (местото), б'рада – б'ра:та // б'рат:а (брадата), б'ради – б'ра:і̯те (брадите), 'котл’и – 'котл’те // 'котӑлте, 'ребро – 'ребӑрто, в'лакно – в'лакнто // в'лакӑнто; 'зел’ин – зи'л’ені̯у (< зил’ениу), ду'машин – ду'машні̯у.* Во глаголската парадигма исто така се врши по различни патишта скратување на зборoформите, сп. *'ја:і̯ме (јадиме), 'да:і̯те, с'тојме (стоиме),* или *'викма, 'викта (викаме, викате), плачме, п'лачте (плачиме, плачите).*

2.3.3. По ист начин – со елизија – второсложното акцентирање се постигнува и во акцентските групи составени од именка и кратка заменска форма од типот *'вујкти (вујко ти), 'мајкми (мајками), 'сестӑрти (сестра ти), 'тетти (тета ти).*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

3.1. *Вокализам*

*и* < **і*
< **јь, *ьј*
< **у*
< *е* со редукција во неакцентиран слог: *'ел’ин, 'есин* (в. 2.1.3.)
*е* < **е*
< **ь̥* : *ден, л’ен*
< **ě* : *бел, цена*
< **ę* : *'месо, пет*
< *а* со преглас во одделни случаи, сп. *'чеша (чаша)*
*ӑ* < **ǫ* во коренска морфема: *вӑгл’ин, вӑзел’, гӑба, гӑска, дӑбја, зӑби,* или во група со назал: *трӑмба, гӑнг'л’иф, гӑн'гало*
< секундарниот $ъ_2$ : *бӑдник, лӑже, лӑ'жица, мӑгла, мӑска, а̣гӑнца, пасӑмце*
< **r̥* во група со /р/: *дӑрво, сӑрп, рӑш*
< **l̥* во група со /л/: *бӑла, вӑлна, мӑлчиш, пӑлн, пӑлжук* (‘полжав’), *сӑлза,* или *слӑнце*
< *а* пред *м* во одделни случаи: *та̣мӑм*
< *а* неакцентирано со редукција, сп. *рӑ'бота, рӑ'кија*

< *е* во неакцентиран слог со редукција пред /*л*/: *'витăл, 'петăл, свăрдăл*

< турското *ı* : *зăмба*

*а* < _*а_

< _*ǫ_ во суфиксни и флексивни морфеми и во неколку случаи во основата, сп. *'паднал, 'берат, бе'реа, 'неа, са* (3 л. мн. од ‘сум’), *'обрач, 'попрак, 'јатук*

< секундарниот ъ$_2$ пред *н* и пред *л* : *'оган (> огạн), 'рекал, 'текал (> 'текạл)*

< _*ę_ во секвенцата _*ję_ во: *'зајак, 'пајак, паја'жина, јатăрва, ан'гул’а* (‘јагула’)

*у* < _*u_

< _*ǫ_ во: *'кујќа, сут, су'диа, пу'нуда,* и во дублетите *'густо, 'пупка, кус, у'ружве (< оружје)*

< ъ$_2$ секундарно пред *м* во: *'седум, 'осум*

< _*w_ во *цут, 'цуте, сă у'суна*

< *о* во неакцентиран слог со редукција, сп. *гу'дина, ку'била*

*о* < _*о_

< _*ъ̥_ : *дош, сон*

< _*ǫ_ во *к'лопче*

3.2. *Консонантизам*

*м* < _*m_

< *б* во секвенцата *бн* : *'демне, 'земне*

< *в* во секвенцата *вн* : *г'ламна, п'л’емна, 'рамно, уг'ламник* (в. 2.2.3.3.)

< _*ǫ_ во група со вокал во одделни случаи, сп. *трăмба*

*н* < _*n_

< _*ń_ : *'него,* и во група со /*ј*/: *којн, 'бајна, пус'тијна, кạ'мејна, у'рајне, ди'чијна*

< _*ǫ_ во *ан'гул’а*

*л* < _*l_ со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

< _*l̥_ во група со /*ă*/: *вăлк, мăлчиш, пăлн, сăлза, слăнце*

*л’* < _*l′_ : *'мол’ат, кл’уч, 'л’уте*

< _*lь_ : *'бол’ка, жал’, сол’*

< _*l_ пред преден вокал и пред /*ј*/: *'бил’е (: бил, била), 'пол’и (: пола), 'кол’ја (: кол)*

*р* < _*r_

< _*ŕ_ : *'море*

< _*r̥_ во група со /*ă*/: *гăркл’ин, пăрсти, рăш*

*ј* < _*ј_

< *l′ епентетско: *'земја, 'сабја*

< *и* зад вокал: *змиј (< змии), 'ко:ịсте (< коизте < козите)* (в. 2.1.5.), и од *и* пред *у (< о)* во членската морфема за машки род, сп. *'бел'ју, ви'сокју, зи'л'енју*

< *е* зад вокал во глаголскиот прилог: *ви'кајќи, си'дејќи*

< **ń* со декомпозиција на палаталноста: *којн, 'бајна, 'дејна*

< *ќ, ѓ* со антиципација во секвенците *јќ, јѓ* : *'кујќа, 'нејќе, ц'вејќе, 'л'ујѓа*

*в* < **w*

< *ø* (како протеза) пред континуантот на почетното **ǫ-* : *вăгл'ин, вăтук* ('јаглен, јаток'), пред /у/ во: *'вујко, 'вујна,* и пред /о/ во *'воса* ('оса')

< **х* пред консонант во одделни случаи: *уг'лувна (оглувна)*

< *у* кај глаголските образувања од типот: *'купваш, 'кажваш, с'танва*

< хијатско во вокални секвенци со /у/: *г'луво, 'суво, г'рува, 'мува, па'зува, 'руво, г'ровут (< грохот), 'мевур*

*ф* < *хв* : *'фати, се 'фал'е, фăрл'и*

< **х* на крајот и пред консонант во одделни случаи: *'пафка, 'пафна, 'мафна, 'пофти, к'рефко, пиф'тија, 'нофти, ку'жуфче, пир'дуфче, 'мафца, 'мефце, п'рафци, г'рофче, п'рафче, 'л'ифче, 'мофче, буф, глуф, 'кожуф – ку'жуфи, меф, моф*

< *в* во групата *св* : *сфет, с'фајќа,* и во случаи како *фнук, ф'нука, ф'л'езе*

< ономатопејско: *'фуче, фăрка*

< во туѓи зборови: *фес, фира, 'фурна*

*б* < **b*

*п* < **p*

*з* < **z*

< **ʒ*

*с* < **s*

< *з* по аналогија кај придавките од типот *'нисук (: ниска)*

*д* < **d*

< секундарно во групите *зр, жр* : *здрак, здрел, жд'ребе*

< **d′* во група со /ж/: *'вежда, 'межда, п'режда, 'сажди, 'вижда, 'рожда, 'чужди*

*т* < **t*

< секундарно во групата *ср* : *страм, ст'реда, ст'ребро, ст'рејќа*

< **t′* во група со /ш/: *'гашти, 'л'ешта, маш'теа, п'лашта, с'фешта, 'фашта*

< *д* по аналогија во случаи од типот *'ретук, с'латук (редок, сладок : ретки, слатки)*

ѕ < *ʒ : 'ноѕи, блаѕи, пу'лоѕи

< з во групите зв : ѕ'везда, ѕвер, ѕвонци, зр : 'наѕре, нѕ : манѕер, и пред вокал во одделни примери: 'ѕадин, 'ѕегвар, 'ѕафир

ц < *c

< *č во групите *čr̥- и *črě- : цăрн, цăрвиц, цăрпе, ц'рево, ц'репна, цвăрсто

< с во секвенците: пс, сп. 'вапца, с'типца, тип'ција, ск : гра̣д'јанцки, 'женцки, 'волцко, тс : у'цече (отсече), уцп'реди (отспреди), брацки (братски)

ж < *ž

< *d′ во група со /д/: 'вежда, 'межда (види кај д)

ш < *š

< *t′ во група со /т/: 'гашти, 'л’ешта, п'рашта (види кај т), или само: 'гашник, п'л’ешка, нош, 'нoшен, 'полнуш, сăнуш, 'мошни (мошне), 'ношви, 'помуш, пу'мошник, пеш

< с во групата -сч- на морфемска граница: (да) иш'чисте, иш'чеша

< по аналогија во случаи како 'тешук, 'жешук (тежок, жежок)

џ < туѓо: 'манџа, џа'миа

< ж во групите жб, жв : џ'бара, џ'бура, џ'вака

ч < *č

< *t′ (со асимилација) во 'чуждо, чуж'дина

ѓ < *d′ во одделни случаи: 'меѓу / миѓу, рăѓа, рă'ѓосан

< *dьj во 'ѓавул, лаѓа, 'л’ујѓа // 'луѓа

< туѓо: ѓол’, ѓак, 'ѓакун

ќ < *t′ : 'божиќ / 'божик, 'виќе, ќи (ќе), 'ќерка, ду'маќин, ќут, и во група со /j/: в'рејќа, 'кујќа, 'појќе, 'нејќе, стрејќа, ви'кајќи

< *tьj секогаш во група со /j/: брајќа, с'фајќа, ц'вејќе

< туѓо: ќеф, 'ќел’аф

г < *g

к < *k

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиле од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни како резултат на регресивна асимилација по звучност.

3.2.2. Безвучните опструенти на крајот се добиле од соодветните звучни опструенти, сп. л’еп (: л’ебу), грат (: гра'дови), мрас (мра'зови), мăш (: мăжи), брек (: бре'гови).

3.3. *Прозодија*

Појдовниот прозодиски систем претрпел значителни морфолошки промени (в. 2.3.).

### 3.4. *Губење на одделни гласови*

3.4.1. Неакцентираните вокали често се губат наполно, особено во повеќесложните зборови, а готово и регуларно пред членските морфеми. Сп. (пред членските морфеми) *'еску (езико), 'моску (< мозуку < мозоко), 'појсу (појасу), пăтцу (пăтецу), 'чофку (< човику < човеко), 'кујќта ('кујќата), 'жента (жената), г'лафта (главата), 'коста (косата), 'мајкта ('макатa), гу'динта, пла̣'нинта, 'пол'то (пол'ето), 'пил'то (пил'ето), 'орто (орото), зи'л'енто (зил'еното), пăлнто // пăлăнто (полното), вит'ришт:а (ветриштата), бри'гофте (бреговите),* кај придавките: *'царва нивис'тул'ка, бла'гунво дăрво, ја̣'сенво, см'рекво* или *'Маркви (Маркови), Бу'жинви, Ни'колви (Николови);* во 1 и 2 л. мн. на презентот: *'викма, 'викта (< 'викама, 'виката), 'берме, 'берте (береме, берете),* и во други случаи: *вудин'чар (воденичар), вăр'тена (вретена), вал''вица (вал'авица), буг'роi̯ца (богородица), сувду'л'ица (суводол'ица), 'Петривца (Петревица), 'Савни (Савини), 'Радни (Радини), па̣ј'жина (пајажина), тур'печи (турипечи), на'пијтца (напијте са).*

3.4.2. Редовно се губи /*о*/ на почетокот на зборовите: *'пашка (опашка), 'пинци (опинци), вој (овој).*

3.4.3. Сонантот /*ј*/ се губи редовно пред /*е*/ на почетокот: *еш, ел'ин,* во интервокална позиција пред предните вокали: *з'нае, вее, вие, 'кое, 'чуе, 'мои, с'тои, 'чии.* Меѓу вокалите се губи и во други случаи: *'ваа, 'таа;* потоа во суфиксот *-је* : *'зел'е (зел'је), зд'раве, 'лозе.* Во одделни случаи се губи и на почетокот пред /*а*/: *а̣бăлко.*

3.4.4. Консонантот /*х*/ се загубил наполно на почетокот и во интервокална позиција, сп. *'ајде, 'арно, 'оди, 'итăр, 'ладно, л'еп, 'рани, с'наа, гри'ота, ст'реа,* а во ред случаи и на крајот, па и пред консонант, сп. *Вла, вра, стра, вăр, гре, си'рома, 'буна, 'дуна, из'дина, 'мана, му'л'осан, 'беме, ре'коме,* како и: *бăла* (болва), *пăл* (полв).

3.4.5. Во интервокална позиција освен /*ј*/ и /*х*/ во бројни случаи се губи и /*д*/, сп. *'ви:i̯те (видите), 'јаi̯ме (јадиме), 'да:i̯те (дадите), да:i̯ш (: да'диш), г'ре:i̯ш, г'ре:i̯ме, г'ре:i̯те (: греде), ќи 'ро:i̯те (: родат), 'оi̯ме (одиме), 'сеi̯те (седите), п'ре:i̯ме (предиме), 'пејсе, ди'вејсе (деведесе), ст'реата (средата), 'деуто (дедото), 'воа̣та (водата), б'ра:та (брадата).*

3.4.6. Во консонантски групи се губат во одделни случаи:

– /*п*/ во групата *пч* : *чи'ница, 'ченка, 'чела (пчела), чи'ларник (пчеларник),* и *пц* во одделни случаи: *цу'исан (псовисан);*

– /м/ во *'ного (много);*

– /в/ пред почетното /н/ во *нăтре (внатре),* во групата *цăрвл'-* : *цăр'л'иво,* и во групата *св* во заменките: *се, 'секуј;*

– /т/ се губи на крајот во групите *-ст, -шт,* сп. *л'ис, шес, 'радус, веш, дош, 'помуш, пеш,* во групите *стн, штн* : *'радусно, 'ношви, -ств-* : *б'расво, 'царсво, пријa'тел'сво,* и освен тоа на крајот во членската морфема за машки род: *г'ласу, 'којну, мăжу, вудин'чару, 'ојку.*

3.5. *Метатеза*

Метатезата во овој говор засегнува цела серија зборoформи во врска со редукцијата на неакцентираните вокали. Сп. *б'ра:та (< браата < брадата), 'воа̯т:а (< воатта < водата), 'коа̯ста (< козата), 'коа̯шта (кожата), 'лоа̯ста (лозата), б'ра:ј̯т:е (< браите < брадите), 'ко:ј̯сте (козите), 'ло:ј̯сто (лозето), 'но:ј̯сте (нозите),* или *'игăлта (иглата), 'икăрта (икрата), 'метăлта (метлата), 'ѓубăрто (< ѓубрето), 'сесăрта (сестрата), 'јагăнто (јагнето), к'росăнто (красното),* кај глаголите: *'купăфта (купвата), с'танăфта (станавта < станавте), уб'л'екăвма (< убл'еквама < обл'еквама = обл'екваме).*

На метатезата често подлежи групата *-ра-* во неакцентиран слог во повеќесложни зборoформи, сп. *бăрдă'вица (брадавица), кăрстă'вица (краставица), гăр'шина (грашина), бăр'чеди (брачеди), мăр'ванка (мраванка* 'мравка'*), вăр'тено (вретено).*

Метатеза редовно се врши кај глаголите: *зве, 'зева* (зема), во формите на глаголот *в'јаа // в'јава, в'јани,* како и во лексемата *'ѕегвар (ѕевгар).*

## 19. КРОНЦЕЛЕВО*

КРОНЦЕЛЕВО (Κερασεαι), Воденско, Грција.

Југоисточно наречје, солунско-воденски (долновардарски) говори.

ОЛА 111.

До 1948 год. селото имало околу 500 жители, повеќето од нив биле православни Македонци, триесетина Грци се доселиле во 1922 год. од Мала Азија. До 1923 год. во селото живееле голем број Турци коишто се отселиле во Турција. Населението се занимавало со земјоделство. Во селото имало грчко основно училиште.

Кронцелево прв пат се спомнува кон крајот на XV в.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ӑ* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.2. *Консонан̄тизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л'* | *р* | *н* |
| *ј* | | | |

---

* Коавтор на овој опис е К. Пеев.

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *п̄* | *б* | *ф* | *в* |
| *т̄* | *д* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *ќ* | *г̄́* | | |
| *к* | *г̄* | *х* | |

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите вокали можат да бидат акцентирани. Неакцентираните вокали фонетски се пократки од акцентираните и се подложни на редукција.

1.3.2. Должините добиени со контракција и со компензација не се фонолошки релевантни.

1.3.3. Акцентот е слободен и морфолошки стабилизиран во парадигмата. Како дистинктивен признак се користи кај глаголите во аористот и имперфектот, сп. *иг̄'рах* (1 л. едн. аор.) : *'иг̄рạх* (1 л. едн. имперфект).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ можат да стојат во сите позиции на зборoформите – и на почетокот, и во средината, и на крајот. Вокалот /*ă*/ не се јавува на крајот, а на почетокот е редок.

2.1.2. Вокалите /*и, ă, у*/ се јавуваат и во акцентиран, и во неакцентиран слог. Вокалите /*е, а, о*/ во неакцентиран слог, со некои ограничувања на /*е*/, се изговараат позатворено [*ẹ, ạ, ọ*] или пак нивната опозиција се неутрализира спрема /*и, ă, у*/ во корист на последниве. Степенот на редукцијата особено е силен во слоговите што се наоѓаат непосредно пред и зад акцентираниот слог.

2.1.2.1. Вокалот /*е*/ во неакцентиран слог се реализира како [*ẹ*] > /*и*/, освен на крајот каде што се јавува во морфолошка функција, сп. *вẹрви'рицạ, ẹрим'бицạ*, или: *и'зиќ, ичи'мен (ечмен), ив'довиц (< евдовец < вдовец), г̄ăси'ницạ, ди'бел’и, ждри'бак, п̄и'нушкạ, си'делу (седело), – 'јарим, 'вăг̄л’ин (јаг̄л’ен),*

*г̄'розин, 'јасин, 'г̄абир, 'г̄ушчир, 'девир, л'и'г̄авиц* (‘гол полжав’), *'цăрвиц, 'дивич (< дивеч* ‘дивјач’).

Пред сонантот /*л*/, во одделни случаи и пред /*р*/, затворениот изговор на /*е*/ клони кон /*ă*/ или се неутрализира со изговорот на /*ă*/, сп. *'вăзăў (< вăзел* ‘јазол’), *'деш̄ăў* ‘клукајдрвец’, *'кош̄ăў, 'орăў, 'п̄еш̄ăў, у'чиш̄ăў, 'чешăў, 'вечăр,* и редовно во кратките заменски форми *мă, ш̄ă, сă,* како и во партикулата *нă,* сп. *мă-'канăш̄, сă-с'ме(ј)е, нă-му'жах.*

На крајот /*е*/ не подлежи на редукција, сп. *в'реме, 'име, 'јаг̄не, 'п̄ол'е, 'семе, 'којнче, ку'ченце, 'п̄ерце, з'драве, 'л'исш̄е* ‘лисје’, *'зăбе, 'рăце, 'ла(ј)е, 'п̄е(ј)е, 'бил'е, 'носиме.*

2.1.2.2. Вокалот /*а*/ во неакцентиран слог се редуцира во сите позиции, со тоа што е степенот на редукцијата најслаб на крајот, сп. *'вода̧, вă'дица̧, 'кујќа̧, ку'била̧, мă'л'ина̧,* но: *ăрă'мија̧, зă'ојг̄а̧, лă'п̄уј, 'назăш̄, 'сакăш̄, 'секăў.*

2.1.2.3. Неакцентираното /*о*/ исто така во сите позиции се редуцира и се изедначува со /*у*/, сп. *у'лову (< о'лово), у'рех, ву'лови, ку'била̧, ку'жух, п̄у'л'ија̧ (< п̄о'л'ија̧ : 'п̄ол'е), 'восук, 'ш̄онук (ш̄анок), 'мачур, 'јалуф, 'медуш̄, 'сокулуш̄, г̄'л'еш̄у, ку'п̄иш̄у, 'п̄еру, 'сиш̄у, 'ралш̄у (ралош̄о), 'доўг̄у (долг̄о), 'суу (суо), см'рекуву 'дăрву.*

2.1.3. Во непосредна врска со редукцијата на неакцентираните вокали стои елизијата на вокалите (в. 3.4.1.) и метатезата (в. 3.5.).

2.1.4. Сите вокали можат да стојат во група со секој.

2.1.5. Секвенци од два исти вокала најчесто се јавуваат на морфемската граница, сп. *з'мии, сă-с'мее, с'наа > с'на̧а, 'суу (< суо), 'лууш̄у (лудош̄о), слăбу'умну (слабоумно).*

2.1.6. Вокалот /*и*/ зад друг вокал во неакцентиран слог се реализира како [*i̯*], освен на морфемската граница меѓу префикс и коренска морфема. На тој начин се образува цела серија надолни дифтонзи [*иi̯, еi̯, ăi̯, аi̯, оi̯, уi̯*]. Како компензација од девокализацијата на /*и*/, вокалната компонента од дифтонгот нешто малку се удолжува, така што целиот дифтонг ги задржува двете мори. Сп. *'ви:i̯ш (< виш < видиш), сш̄'ри:i̯ш (< сш̄риш < сш̄рижиш), у'ре:i̯ (< уреи < ореви), 'ве:i̯ш (веиш), из'л'е:i̯ш (< изл'еиш < изл'ежиш), 'л'е:i̯ш (л'ежиш), 'п̄е:i̯ш (п̄еиш < п̄ееш), 'се:i̯ш (< сеиш < сееш),* или *'се:i̯ш (< седиш), з'нă:i̯ш (знаиш), д'ва:i̯сиш̄ (дваесеш̄), 'за:i̯ц (заец), с'на:i̯ (< снаи), б̄'ла:i̯ш (блажиш), 'да:i̯ш (дадиш), из'ва:i̯ш (извадиш), 'ја:i̯ш (јадиш), 'за:i̯дну (< заидну < заедно), п̄'ра:i̯сш̄у (п̄раисш̄у < п̄расеш̄о), 'му:i̯ (муи < муви), 'мо:i̯ш̄е, 'мо:i̯ш̄у (моеш̄о), 'ло:i̯сш̄у (лоисш̄у < лозеш̄о), 'ко:i̯сш̄е (< коизш̄е < козиш̄е), 'о:i̯ш (одиш).*

2.1.6.1. Исто така /*и*/ > [*i̯*] и пред /*о*/ во членската форма за машки род кај придавките, но без компензациона должина на вокалната компонента, сп. *'бел'i̯уш̄ (< бел'иош̄), зи'л'енi̯уш̄ (< зел'ениош̄), 'лошi̯уш̄ (лошиош̄).*

2.1.7. Вокалот /ӑ/ во група со /р/ во почетокот на зборoформите секогаш стои зад сонантот, сп. *рӑш, 'рӑжин, рӑжи'ница̣, 'рӑјѓа̣.* Во средишна позиција ако зад /р/ има група од два или повеќе консонанти, /ӑ/ стои зад /р/, сп. *к'рӑмнӑк, п̄'рӑст̄ин, п̄'рӑшче, т̄'рӑска̣.* Така се јавила групата *рӑ* и во *г̄рӑс (< г̄рӑст̄), п̄рӑс (< п̄рӑст̄).* Во другите случаи /ӑ/ се јавува пред сонантот, сп. *вӑрф, т̄ӑрн, сӑрп̄, 'дӑрву, 'зӑрну,* па дури и *г̄ӑр'дина̣ (< г̄рӑ'дина̣), с'т̄ӑрг̄а̣ (< ст̄рӑг̄а̣), п̄ӑрт̄ (< п̄рӑт̄).*

2.2. *Консонант̄изам*

2.2.1. Сонантите и безвучните опструенти можат да стојат на почетокот, во средината и на крајот на зборoформите.

2.2.2. Звучните опструенти не можат да стојат на крајот.

2.2.3. Нема секвенци од звучен и безвучен консонант, со некои ограничувања на фонемата /в/.

2.2.4. Консонантски групи.

2.2.4.1. Почетна група од два сонанти е можна само кога е прв нејзин член /м/: *м'лаку (млако), м'рава̣.*

2.2.4.2. Сонантите на почетокот на зборoформите не се јавуваат во група со опструент.

2.2.4.3. Од другите консонантски групи не се можни воопшто или само во некои позиции во зборoформите:

– *мн (> øн)* на почетокот во *'ног̄у (мног̄у);*

– *бн, вн (> мн)*: *'демне, 'земне, г̄'римна̣, г̄'ламна̣, 'г̄омну, п̄'л'емна̣, 'рамну, уг̄-'ламник, усӑм'на,* но: *фнук, ф'нука̣;*

– *ср, зр, жр (> ст̄р, здр, ждр)*: *ст̄'ребру, ст̄рам, ст̄'редну, здрак, зд'ре(ј)е, здреў, жд'ребе, жд'ребна̣ ку'била̣, ждри'бак;*

– *шт̄, жд (> шч, жц)*: *'г̄ушчир, г̄уриш'чина̣, к'л'ешчи, 'п̄ушчиш, ш'чица̣, 'нашче (< нашт̄е < нашит̄е),* но: *'чешт̄е (< чешит̄е* ‘чашите’*),* каде што асимилацијата е запрена поради почетното /ч/, *дуж'цови;*

– *п̄с (> п̄ц)*: *п̄'цује, 'вап̄ца̣, с'т̄ип̄ца̣, т̄ип̄'ција̣,* но *цу'виса̣ (п̄совиса);*

– *п̄ш (> п̄ч > øч)*: *чи'ница̣, чи'ничка̣;*

– *т̄с (> ц)* на морфемската граница: *у'цече (от̄сече), уц'крије (от̄скрије), уцп̄'реди (от̄сп̄реди), г̄у'вецку (г̄оведско), б'рацки (брат̄ски);*

– *нс (> нц)* во одделни случаи: *'донци-г̄у (донси г̄у < донеси г̄о), зӑн'цех (< зансех < занесех);*

– *ск (> цк)* зад преграден консонант, сп. *'ѓуп̄цки (< ѓуп̄ски), с'коп̄цки (скоп̄-ски), 'зимцки, 'денцки, 'женцки, 'којнцки, 'ланцки, с'т̄арцки;*

– *зв (> ѕв)*: *ѕвер, ѕ'виска̣, ѕ'вонче,* но *ра̣з'вије* (на морфемската граница), *-дз (> дѕ)* на морфемската граница, сп. *удѕа̣'ран (одзаран), уд'ѕат (одзад), дă сă уд'ѕеме, ќи пуд'ѕине;*

– *-ст, -шт (> -с, -ш)* на крајот: *мос, прăс, чис, 'радус, 'бол'ес, веш, дош (мост, бол'ест, вешт, дожд).*

2.2.4.4. Се забележува тенденција за ограничување на дистрибуцијата на /*ј*/ во однос на консонантите. Се одбегнуваат консонантски групи со /*ј*/ како втор член, сп. *и'л'ада̣, с'ноnе (снопје), зд'раве (здравје), жи'нејте (жинетје), пăд'најте, 'сијнут (< синјут < синиут), 'нејнут (< нејнјут < нејниут).*

2.2.4..5. Од друга страна, поради елизијата на неакцентираните вокали пред членските морфеми, овде се создале ред консонантски групи кои во другите македонски говори во таа позиција не се обични, сп. *ст'рејќта̣, 'нојќте, 'коскте, 'нејнте (нојќите, коските, нејните).*

2.2.4.6. Елизијата на неакцентираните вокали придонесла и да се зголеми бројот на случаите со удвоен консонант, особено на примерите со удвоено /*т*/, сп. *в'ратта̣ > в'рат:а̣, 'детто (детето), 'л'етто > 'л'ет:о (л'етото), ут'тăде, ут'тăдин, 'имме (имаме), 'зимме (зимаме), 'нај'ја̣к.*

2.2.5. Одделни консонанти.

2.2.5.1. Сонантот /*ј*/ не може да стои пред преден вокал во почетокот на зборoформите, сп. *еш, 'един, 'есин.* Во меѓувокална позиција пред /*е*/ се јавува факултативно, сп. *'би(ј)е, 'чи(ј)е, зд'ре(ј)е, 'пе(ј)е, 'ла(ј)е, з'на(ј)е, 'чу(ј)е,* но и: *у'мее.* Факултативно /*ј*/ се јавува и во групите *-иă-, -иа-, -еа- (-еă),* сп. *з'ми(ј)а̣, ку'ри(ј)а̣, пуш'чи(ј)а̣, 'ми(ј)ăм, 'не(ј)а̣.* Има тенденција да се јавува и зад консонант (и во таа позиција доколку не се губи, тоа се метатезира): *жи'нејте (< женетје), ста̣'најте (станатје), 'лошут* покрај *'лошјут.*

2.2.5.2. Латералот /*л*/ не може да се јави пред преден вокал и пред /*ј*/, сп. *ви'кал'е (: викаў, викала, викало), 'кол'и (: кола).* Во споменатава позиција тоа се неутрализира со /*л'*/, сп. *'бел'и (: беў, бела) ~ 'бел'и (: бел'а* 'пакост'*).*

2.2.5.2.1. На крајот на зборoформите и пред консонант /*л*/ се реализира како [*ў*], сп. *доў (: ду'лови), даў (: дала, дало), 'воўна̣, к'риўце (: крило).*

2.2.5.3. Назалот /*н*/ пред веларните /*к, г*/ се реализира како [*ŋ*]: *'баŋка̣, 'сеŋка̣, ф'раŋга̣, 'маŋга̣р.*

2.2.5.4. /*р*/ не може да се јави меѓу два консонанта и на почетокот пред консонант.

2.2.5.5. Опструентите /*т, д*/ не можат да стојат во група со /*ш, ж*/, сп. *к'л'ешчи, уг'нишче, дуж'џови.*

2.2.5.6. Консонантот /*ѕ*/ има доста ограничена дистрибуција. Се јавува редовно во група пред /*в*/, *ѕвер, ѕ'вонче,* и зад /*н*/: *'енѕа̣.*

2.2.5.7. Ограничена дистрибуција имаат и опструентите /ќ, ѓ/. Најчесто тие се јавуваат во група со /ј/, сп. *'кујќạ, нојќ, 'нојќни, 'нојќви, п̄'л'ејќи, с'фејќạ, 'вејѓạ, зă'ојѓạ, из'вајѓạ, 'мејѓạ, 'рăјѓạ, 'сајѓи,* но: *ќи, 'ќеркạ, ѓол', 'ѓубре* (во почетна позиција) или *и'зиќ (< език), друќ (< друк < друг)* (в. 3.2.).

2.2.5.8. Консонантите /к, г/ пред вокалот /и/ се реализираат како [к', г']: *'к'ит̄кạ, рă'к'ијạ.*

2.2.5.9. Гласот /х/ не се јавува на почетокот и во интервокална позиција, сп. *'арну, 'ору (оро), л'еп̄, 'ранạ, с'наạ – с'на:ị, ст̄'реạ, 'муạ* (в. 3.4.4.).

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Акцентот по местото е слободен со следните ограничувања: не може да стои на последниот отворен слог со исклучок во 2 и 3 л. едн. на аористот, каде што се јавува со морфолошка функција, сп. *п̄л'и'т̄е, но'си,* и во некои одделни заменски зборoформи, сп. *кăк'ви, т̄ăк'ва, ăд'но,* можеби и уште во некој прилошки збор. Сп. *ју'нак, чу'век, и'зиќ, ви'сок, уф'чар, зи'л'ен, – 'п̄есук, 'ăндăр, 'корин, 'разум, уг'ламник, – 'бабичкạ, 'мајчини, 'секујạ, 'секăде, 'викăме, 'учит̄е.*

2.3.2. Друга особина на акцентот е неговата парадигматичност (морфолошка стабилизираност), сп. *'жен-а, 'жен-и, 'жен-т̄а, 'жен-т̄е; ви'сок-ø, ви'сок-а, ви'сок-у, ви'сок-и, ви'сок-ј-ут̄, ви'сок-т̄е; п̄'л'ет̄-ăм, п̄'л'ет̄-иш, п̄'л'ет̄-е, п̄'л'ет̄-ме, п̄'л'ет̄-т̄е, п̄'л'ет̄-ăт̄; п̄л'и'т̄ех, п̄л'и'т̄е, п̄л'и'т̄е, п̄л'и'т̄еме, п̄л'и'т̄ет̄е, п̄л'и'т̄еạ.*

2.3.2.1. Од претходново правило отстапуваат следниве зборoформи: (кај именките) множинските форми со двосложните наставки *-ови, -ишча, -ијна,* сп. *ст̄у'лови, ру'гови, ри'дови, ри'дишчạ, п̄ă'т̄ишчạ, т̄ẹ'л'ијнạ, п̄и'л'ијнạ.* Во членските форми акцентот го задржува местото од неопределените облици, сп. *'п̄ăт̄ут̄ : п̄ăт̄, п̄ă'т̄ишчăт̄ạ : п̄ă'т̄ишчạ, 'селт̄о : 'село, т̄и'л'ијнт̄ạ : т̄и'л'ијнạ;* (кај глаголите) императивот, сп. *'кажи : кă'жејт̄е, 'носи – ну'сејт̄е,* и со префикс: *'раскạжи – рăскă'жејт̄е.*

2.3.3. Акцентски целости образуваат именките со предлозите и бројот 'еден' во функција на неопределен член, сп. *нă-'рăкạ, п̄уд-'мишкạ, кăт̄у-ку'кошкạ, ăднạ-'женạ, ăдну-чу'век,* и акцентот секогаш паѓа врз именката. Исто така акцентот се задржува на глаголскиот дел и во акцентските целости со глагол од типот *мă-'носе, сă-ут̄ки'на, дă-'викạ, ќи-'носе,* дури и во целости со партикулата 'не': *нă-му'жа,* и така е најчесто, и многу ретко со пренесен акцент врз негацијата: *'не-знăм, 'не-п̄ра:ị,* покрај: *нă-з'нăм, нă-п̄'рам.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните вокали во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у* : *бик, син*

< *е* со редукција во неакцентиран слог: *и'л'ен, ди'беў, ри'мен, ни'вестạ, 'јасин* (в. 2.1.2.1.)

*е* < **ь̥* : *ден, пен*

< **ę* : *г̄'редạ, 'педạ,* и во група со /*н*/ во одделни случаи: *'енѕạ, 'ендăр*

< **ě* : *'л'ету, 'сеқкạ*

*ă* < **ǫ* во коренските слогови: : *'г̄ăскạ, г̄ă'лăп, 'г̄ăбạ,* и во група со /*н*/ во одделни случаи: *б'лăнди, г̄ăнг̄'л'иф, 'г̄ăнг̄ăм, жă'лăндрук* (желудец), *'мăндăр,* или со /*м*/ пред лабијален плозив во *т'рăмбạ* (траба платно)

< секундарниот *ъ₂* во сите позиции, сп. *'лăг̄ạ, 'лăже, лă'жицạ, 'мăг̄лạ, 'мăскạ, 'цăфте, 'ветăр, 'итăр, 'ог̄ăн*

< **r̥* во групите *ăр* // *рă* : *'дăрву, 'зăрну, крăф, прăс, рăш, т'рăскạ*

< **l̥* во групите *ăл* // *лă* во одделни случаи, сп. *'бăлạ, 'кăўне, пăў'шок, 'тăўче, с'лăнце*

< турското *ı* : *'кăнạ* (т. *kına*)

< *а* со редукција во неакцентиран слог, сп. *лă'пуј* (*лопух*), *мă'л'инạ, 'наѕăт* (в. 2.1.2.2.)

< *е* со редукција во неакцентиран слог во фонетските услови опишани во 2.1.2.1., сп. *сă с'мее, нă му'жах, 'орăў (орел), 'вечăр*

*а* < **ǫ* во суфиксите, флексивните морфеми и во други одделни случаи, сп. *пạд'наў, 'берат (> берăт), са* (3 л. едн.)

< **ě* зад **с* во одделни случаи: *цаў – 'цалạ, 'цапе, 'цавạ, ца'л'инạ (> цă-'л'ина)*

*о* < **ъ̥* : *дош, пи'ток*

< **l̥* во група со /*л*/ во одделни случаи, сп. *'воўнạ, 'г̄оўтạ, 'доўг̄у, жоўт, 'соўзạ*

*у* < **ǫ* во одделни случаи, сп. *'кујќạ, сут, су'дијạ, пу'нудạ*

< *о* со редукција во неакцентиран слог: *у'рех, ву'лови, ку'жух, 'восук, 'медут, 'селту (селото), 'честу (често)*

3.2. *Консонантизам*

Консонантите /*ј, р, м, н, п, б, т, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, г̄, х*/ потекнуваат од соодветните консонанти во појдовниот македонски систем. Освен тоа:

*ј* < **ń* со декомпозиција на мекоста, сп. *којн*, *'бајна̣*

< *х* во одделни зборови: *'нијни*, *'чејл'и*, *лă'пуј*

< во група со *ќ*, *ѓ* (со антиципација на мекоста), сп. *'кујќа̣*, *с'фејќа̣*, *'меј-ѓа̣*, *'рăјѓа̣*

< *и* зад друг вокал, сп. *заи̯ц*, *'мои̯ште*, *'му:и̯*, *с'на:и̯*, *у'ре:и̯* (в. 2.1.6.), и кога се наоѓа /*и*/ пред вокалот /*у*/ во членската форма за м.р.: *'бел'јут* (в. 2.1.6.1.)

*л* < **l* со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

< **l̥* во група со /*ă*/ или со /*о*/, сп. *'кăўне* 'колне', *пăў'шок* 'полжав', *'тăў-че*, *с'лăнце*, *коўк*, *'моўче*, *'соўза̣*

< **l′* во одделни случаи: *'вăзăў (јазел)*, *у'читăў*, *'чешăў*, *ăн'гула̣ (јагула)*

*л'* < **l′* : *'л'ути*, *кл'уч*, *ни'дел'а̣*

< **lь* : *сол'*, *жал'*, *'жал'ба̣*

< **l* во позиција пред предните вокали и пред *ј*

*р* < **ŕ* : *'море*

< **r̥* во група со /*ă*/: *сăрп*, *рăш*

*м* < *в* во групата *вн* : *'симне*, *г'римна̣*, *уг'ламник*, *'рамни*, *усăм'на* (в. 2.2.4.3.)

< **ǫ* пред лабијален опструент во група со /*ă*/ во *т'рăмба̣* и изведенките

*н* < **ń* : *пен*, и во група со /*ј*/: *којн*, *'бајна̣*

< **ǫ* во група со /*ă*/ во одделни случаи, сп. *б'лăнди*, *'гăнгăм*, *гăнг'л'иф*, *жă'лăндрук*, *'мăндăр*

< **ę* во група со /*е*, *ă*/ во одделни случаи: *'енѕа̣*, *'ендăр*, *ăн'гула̣*

*ф* < *хв* : *'фајќа̣м*, *сă'фал'е*

< *в* во случаите *фнук*, *ф'л'езе*

< *х* на крајот на зборoформите и пред консонант во одделни случаи, сп. *'бафча̣*, *'пафка̣*, *'нофтук*, *вăрф*, *'очуф*

< туѓо *f* : *'фута̣*, *'фурна̣*, *фес*

< ономатопејско: *'фăрче*, *'фуче*

*в* < *ø* пред континуантот на почетното **ǫ-* : *вă'дица̣ (јадица)*, *'вăзăў (ја-зел)*, пред *у* : *'вујку*, *'вујна̣*, и пред *о* во *'воса̣ (оса)*

*т* < секундарно во групата *ср* : *страм*, *ст'ребру* (в. 2.2.4.3.)

*д* < секундарно во секвенците *зр*, *жр* : *здрак*, *зд'реје*, *здреў*, *жд'ребе*, *ждри'бак* (в. 2.2.4.3.)

*ц* < **č* во групите **čr̥-* и **črě-* : *'цăрвин*, *ц'реву*

< *с* во групите *пс*, *нс*, *тс*, *ск*, сп. *'вапца̣*, *зăн'цех (< зăн'сех < зани'сех)*, *б'рацки*, *'женцки*, *'ланцки* (в. 2.2.4.3.)

*ѕ* < *з* редовно во групата *зв* : *ѕвер*, *ѕ'везда̣*, зад *н* : *'енѕа̣*, и во ред одделни случаи во други позиции, сп. *'ѕаcтра̣*, *удѕа̣'ран*, *'наѕăт*, *'ѕиври*, *'ѕăнгăм* (в. 2.2.4.3.)

*з* < **ʒ*

*ч* < *т* во групата *шт* : *к'л'ешчи, уг'нишче, 'нашче (< нашт́е < наште)*

*ц̣* < туѓо: *ц̣ам, ц̣ạ'мијạ*

< *ж* во групите *жб, жв,* сп. *ц̣'бар̣ạ, ц̣'вакạ*

*ш* < **t′* во група со *ч,* сп. *'гашчи,* или само: *'гашник, 'нoшну в'реме, 'мошне, п'л'ешки, пумуш'ниц̣ạ, с'фешник*

< *с* во групата *сч* на морфемската граница, сп. *к'вашче* (: *квас), 'мӑшче* (: *мӑска)*

*ж* < **d′* во група со *д* или *ц̣,* сп. *'чужди* // *'чужц̣и,* дури и *'чузди*

*ќ* < **t′* : *ќе* / *ќи, 'ќеркạ,* и во група со *ј* : *'кујќạ, мӑј'ќеạ, нојќ, 'нојќни, п'л'еј-ќи, 'помујќ, ст'рејќạ, с'фејќạ, 'фајќạ*

< **tь̭j* во група со *т* : *б'ратќạ*

< *к* на крајот во одделни случаи, сп. *друќ* / *друјќ* 'друг', *и'зиќ (< изик* 'јазик'*)*

*ѓ* < **d′* : *миѓу, п'реѓе,* и во група со *ј* : *'вејѓạ, 'мејѓạ, 'рӑјѓạ, 'сајѓи, из'вајѓạ, зӑ'ојѓạ*

< туѓо: *ѓол', 'ѓубре*

*к* < *х* во 1 л. едн. аор.-имперф.: *чи'так, ви'дек, бек*

*г* < *д* во *г'л'ету*

*х* < *с, ш* пред африкатите *ц, ч* во одделни случаи, сп. *'нохче* (: *нос), уб'рахче* (: *образ).*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиле од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни опструенти како резултат на регресивна асимилација по звучност.

3.2.2. Безвучните опструенти на крајот се добиле од соодветните звучни опструенти.

3.3. *Прозодија*

3.3.1. Појдовниот прозодиски систем не претрпел поголеми фонолошки промени, но се извршиле значителни морфолошки промени (в. 2.3.).

3.4. *Губење на одделни гласови*

3.4.1. Неакцентираните вокали во повеќесложните зборoформи често се губат, особено пред членските морфеми, сп. *грӑ'динтạ (градината), ку'шул'тạ (кошулата), 'нашчạ (нашата), 'нифтạ (нивата), ст'рантạ (странатa), в'ремту (времето), 'имту (името), 'пил'ту (пил'ето), 'рӑц̣те (рӑц̣ете), 'ралту*

*(ралото), 'арнту (арното), 'лошту (лошото), 'женте (жените), зи'л'енте (зел'ените),* или *'пескут (песокот).*

3.4.1.1. Елизијата на неакцентираните вокали се врши и во проклитичките зборови кога следниот збор почнува со вокал, сп. *з-'арну (за арно), нӑ-д'нӑш (на еднаш), д-уф'чарут (ду уф'чарут < до офчарот).*

3.4.2. Неакцентираното /*о*/ се губи на почетокот во примерите: *'пашка̣ (опашка), 'пинци (опинци), вој, 'ваа̣ (овој, оваа).*

3.4.3. Сонантот /*ј*/ се губи на почетокот пред /*е*/: *еш, 'есин* (в. 2.2.5.1.), во суфиксот *-је* во зборовите како *г'розде, 'лозе, 'л'исте, ц'вете, зд'раве,* и во неколку случаи во почетокот пред /*а*/ во повеќесложни зброформи: *ӑ'боўку (јаболко), ӑ'гӑнца̣ (јаганца) : 'јагне.*

3.4.4. Од опструентите во повеќе позиции се губи фонемата /*х*/. Наполно се загубила на почетокот и во интервокална позиција, сп. *'арну, 'ору, л'еп, 'рана̣, с'наа̣, ст'реа̣, 'буӑў (бухал), 'муа̣, 'суа̣,* и во ред одделни случаи и во други фонетски позиции, сп. *'бӑла̣, 'беме (бехме), у'чиме (учихме)* (в. 2.2.5.9.).

3.4.5. Од другите консонанти во ред случаи се загубиле /*в, ж, з, д*/. Најчесто тие се губат во интервокална позиција, сп. /*в*/: *в'л'еӑм (вл'евам), 'даӑм (давам), 'зе:м (зевам), к'реӑм (кревам), п'ра:м (правам);* /*ж*/: *б́ла:і̯ш (блажиш), 'ка:і̯ш (кажиш), 'л'е:і̯ш (л'ежиш), 'мо:і̯ш (можиш), 'ни:і̯ш (нижиш), ст'риі̯ш (стрижиш);* /*з*/: *'ве:і̯ш (везиш), в'л'е:і̯ш (вл'езиш), из'л'е:і̯ш (изл'езиш);* /*д*/: *б́раӑта̣ (брадата), л'и'ваӑта̣ (л'ивадата), и'л'аӑта̣ (ил'адата), 'воӑта̣ (водата), г'реӑт:а̣ (гредата), г'раут (градут), 'л'еут // 'л'едут (л'едот), гу'веут:у (говедото), 'деут:о (дедото), 'л'уі̯ту (л'удето), м'лауту (младото), д'ваі̯сит (дваесет),* и особено често кај глаголите: *'ви:і̯ш (видиш), 'да:і̯ш (дадиш), из'ва:і̯ш (извадиш), 'ја:і̯ш (јадиш), 'ја:і̯ме (јадиме), 'јаӑт (јадат), о:м (одам), 'о:і̯ме (одиме), 'оӑт (одат), 'ре:і̯ш (редиш), 'се:і̯ш (седиш).*

3.4.6. Во консонантски групи редовно се губи /*т*/ во групите *-ст, -шт* на крајот: *мос, л'ис, мас, чис, 'радус, чуш (: чужцо),* потоа во групите *-штн-, -штк-, -стн-,* сп. *с'фешник, с'ношни, п'л'ешки, 'радусни;* а во одделни случаи се губат и /*в*/ во групите *вт- : 'торник, вч- : 'чера̣, св-* : кај заменките *'секуј, 'секуја̣, сӑт, -а, -е,* и во други образувања од коренот **sъw-*, сп. *'сӑнојќ;* /*п*/ се загубило во некои случаи во групите *пч- : чи'ничка̣ (пченичка), пц- : цу'виса̣ (пцовиса),* и /*м*/ во групата *мн-* во *'ногу (многу).*

3.5. *Метатеза*

Метатезата во овој говор е честа појава. Најчесто таа се јавува во повеќесложните членувани именски образувања, сп. *'ло:і̯сту (< лоизету), 'но:і̯сте (< ноизте < нозите* 'нозете'*), п'ра:і̯сту (< праисту < праситу* = 'прасето'*),* во

секвенци од *р* + вокал: *г̄ăр'дина̣ (г̄радина), 'п̄ăрчка̣ (п̄рăчка), п̄ирп̄и'л’ица̣ (< п̄ри-п̄ил’ица < п̄реп̄ел’ица), т̄ри'зија̣ (< т̄ирзија < т̄ерзија).* Освен тоа со метатеза редовно се јавуваат образувањата со коренот **јах-(> јав-)*: *вјăј'на,* во зборот *ѕег̄'вар (< ѕевг̄ар),* во *е̣јну'ари (јануари,* со преглас на *ја > је).*

## 20. ВИСОКА

ВИСОКА (Oσσα), Солунско, Грција.

Југоисточно наречје, серско-лагадински говори.

Лагадинско-богдански говор.

ОЛА 112, МДА 306.

Во 1933 год. селото имало околу 2.000 жители, од кои 113 Грци доселени во 1922 год. од Мала Азија, останатите православни Македонци. Населението се занимавало со земјоделство и сточарство. Во селото имало грчко училиште. Материјалот е ексцерпиран од работите на M. Małecki *Dwie gwary macedońskie. Sucho i Wysoka w Sołuńskiem*: I. Teksty, Kraków 1934, II. Słownik, Kraków 1936.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

1.1.1. Во акцентирана позиција

| | | |
|---|---|---|
| *и* | | *у* |
| *е* | *ă* | *о* |
| *ä* | *а* | |

1.1.2. Во неакцентирана позиција

| | | |
|---|---|---|
| *и* | | *у* |
| | *ă* | |

1.1.2.1. Вокалот /*ă*/ во неакцентирана позиција се изговара пониско од акцентираното /*ă*/, како среден глас меѓу /*а*/ и /*ă*/, но поблиску до /*а*/ – [*а̩*].

1.2. *Консонантизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | | | *м’* |
| | *л* | *р* | *н* |
| | *л’* | *р’* | *н’* |
| *ј* | | | |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *п* | *б* | *φ* | *ω* |
| *п’* | *б’* | *φ’* | *ω’* |
| *т* | *д* | | |
| *т’* | *д’* | | |
| *ц* | *s* | *с* | *з* |
| *ц’* | *s’* | *с’* | *з’* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *к* | *г* | *х* | |
| *к’* | *г’* | | |

1.2.2.1. Се чува билабијалниот изговор на /*ω, ω’*/.

1.2.2.2. Фонемите /*ч, џ, ш, ж*/ фонетски се палатализирани [*ч’, џ’, ш’, ж’*].

1.2.2.3. Немаме потврда за палатализирано /*х’*/; [*х’*] се јавува како алофон на /*х*/ пред /*и*/.

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Акцентот е слободен и подвижен, сп. *глас – гла̣'сот, б'рада̣ – бра̣'дата̣, 'б’ера̣ – б’и'реш.*

1.3.2. Како дистинктивен признак акцентот се користи, главно, кај глаголите за разликување на несвршените и свршените форми од типот *пру'м’ина̣* (несвршен) : *п'ром’ина̣* (свршен), потоа за разликување на аористот и имперфектот и аористот и презентот кај некои глаголи, сп. *суб’и'рах* (1 л. едн. аор.) :

*су'б'ирах* (1 л. едн. имперф.), *суб'и'ра, пум'и'на* (3 л. едн. аор.) : *су'б'ира, пу'м'ина* (3 л. едн. през.).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

### 2.1. *Вокализам*

2.1.1. Сите вокали во неакцентирана позиција подлежат на квантитетска редукција; тие се изговараат нешто пократко во споредба со соодветните акцентирани вокали, а понекогаш во средните слогови пред консонант и наполно се губат (сп. 3.4.1.).

2.1.2. Вокалите /*е, о*/ во неакцентиран слог во сите позиции на зборoформите подлежат и на квалитетска редукција и по правило преминуваат во соодветните високи корелати. По тој начин се елиминира опозицијата *е* : *и* и *о* : *у*. Сп. *'мор'и* : *му'р'ету, 'пол'и* : *пу'л'ету, чин'да* : *'ченду, 'д'еw'ир* : *д'иw'и'рот, 'д'ера* : *д'и'р'еш, 'габ'ир, г'р'еб'ин, г'р'енда* : *гр'ин'дата, бу'јот* : *бој, ду'лот* : *дол, ку'зата* : *'коза, куј'нар'ин* : *кон', уда'ја, угл'ин'далу, ду'б'итук, лу'з'е, 'мозук, 'с'елу.*

2.1.3. Неакцентираните /*ä, а, ă*/ се реализираат како среден глас меѓу /*ă*/ и /*а*/, но поблизок до вториов [*а*]. Тоа значи во неакцентиран слог се изедначил изговорот на споменативе три фонеми и се укинува опозицијата меѓу /*а*/ и /*ă*/, одн. меѓу /*ä*/ и /*ă*/. Сп. *а'рап, бах'ча, ба'рата* (: *'бара), ман'цот* : *мăнч* 'маж', *бан'ѕот* : *бăнц, лан'цица* 'лажица', *даж'дот* : *дăш, раш'та* : *рăш, дас'ката* : *'дăска, чар'w'ен, даж'д'и, 'јабла'ката; – ц'а'д'иш* : *'ц'äд'а, м'а'са* : *'м'äсу, р'а'ката* : *'р'äка, с'а'чеш* : *'с'ача, сф'аш'та* : *сф'äш, сф'а'тот* : *сф'äт, сн'а'гот* : *сн'äк, шл'а'зот* : *шл'äш, л'а'та* : *'л'äту.*

2.1.4. Од погоре кажаното произлегува следното:

– фонемите /*и, у*/ можат да стојат и во акцентиран и во неакцентиран слог;

– фонемата /*ă*/ во основниот алофон се реализира во акцентиран слог, додека во неакцентирана позиција таа има алофон [*а*];

– фонемите /*е, о*/ во неакцентиран слог се неутрализираат со /*и, у*/; во одделни случаи можат да се сретнат и затворени алофони [*е, о*] и тоа претежно во туѓи зборoформи, сп. *б'ер'б'ер'ин, д'е'м'ек, п'ер'д'е* покрај *п'ир'д'е, ток'мак;*

– фонемата /*ä*/ се реализира само под акцент, а во неакцентиран слог има алофон [*а*] со различни степени на редукција;

– фонемата /*а*/ исто така во својот основен алофон се јавува само под акцент, а во неакцентиран слог се реализира нешто повисоко, позатворено [*а*].

2.1.5. По однос на консонантите поограничена дистрибуција покажуваат само фонемите /*ä*/ и /*ă*/. Првата и со двата свои алофони [*ä, а*] го палатализира претходниот консонант и се јавува само зад палатализиран консонант, сп. *б'äл, 'w'äра, д'äл, з'äш, 'ноз'а, 'л'äту, 'н'äшту, 'п'äн, 'р'äпа, 'с'äнка, сф'äт.*

Фонемата /*ă*/ по правило се јавува само зад тврд консонант.

2.1.5.1. Во група со ликвидите /*р, л*/ вокалот /*ă*/ на почетокот редовно стои зад ликвидот, сп. *'лăскạ, рạ'жи, рăш, 'рăждạ.* Во средните слогови може да стои и зад и пред ликвидите, зависно од бројот на консонантите и карактерот на консонантската група, сп. *'ḡăрлу, 'кăрл'иш, 'зăрну – ḡрạн'чар'ин, т̄рăн, ω'рăбạ,* или: *'п̄ăл'ин, 'ωăлнạ – д'лăŋḡу, с'лăнц'е, с'лăбạ.*

2.1.6. Групи од два вокала не се многу чести, и тие што ги најдовме во материјалот се претежно во туѓи лексеми, а во домашните само во случаи каде што се загубил некој консонант во интервокална позиција и на морфемската граница со предлог, сп. *'п̄ар'ẹạ, 'н'еук, 'баиш, 'заинц, зạи'нош, нạи'нош* 'наеднаш', *п̄'ра-иш* 'правиш', *нạ'окул, нạ'оп̄ạку, нạ'ос̄т̄р'ин, чạ'ушин, 'ḡ'аур, п̄'рау* 'право', *јạ'урт̄* 'јогурт', *м'ạ'укạ, 'ноу* 'ново', *бру'иш, п̄уи'д'ин, т̄ру'ицạ, з'ăиш // з'ăш, бу'ас* 'богаз'.

2.1.7. Групи од два исти вокала се исто така ретки. Во материјалот најдовме само неколку примери, сп. *кạбạ'ат̄.*

2.1.8. Групи од по три вокали во материјалот не се потврдени.

2.1.9. Ретки се случаите со извршена контракција на два вокала. Ги најдовме само следниве примери. *'са:т̄* покрај *'сахạт̄, л'ен' (< л'еен < л'еḡен), ω'ăш (ω'ăеш), зăш* покрај *з'ăиш, п̄'ăш (п̄'ăеш), п̄л'ăш, т̄каш (т̄каеш), шиш (шиеш).*

2.2. *Консонант̄изам*

2.2.1. По однос на позицијата во зборoформите само звучните опструенти се ограничени; тие не можат да стојат на крајот. Сонантите и безвучните опструенти можат да стојат во сите позиции.

2.2.2. Нема секвенци од звучен и безвучен опструент. Звучните опструенти не можат да стојат пред безвучните, а безвучните не можат да стојат пред звучните.

2.2.3. Консонантите /*ч, ц, ш, ж*/ без оглед на позицијата по однос на вокалите се изговараат лесно палатализирани.

2.2.4. Пред предните вокали /*и, е, ä*/, вклучувајќи ги сите нивни алофони, се изговараат палатализирани консонанти.

2.2.5. Пред задните вокали /*а, о, у*/ можат да стојат и палатализираните и "тврдите" (непалатализираните) консонанти. Опозицијата по признакот палатализираност заправо се реализира во односнава позиција. Сп. *'лам'ạ, 'м'аŋкạ, 'ум'ạ (: умиш), ст̄'ран'ạ, -иш (: ст̄'ранạ – ст̄рạ'нат̄ạ), и'н'а, -иш (: и'на* 'една'*), д'и'н'а, д'ит̄'и'н'а, н'у'р'ијạ* 'бразда', *'кол'ạ, -еш (: колạ), 'б'ăл'ạ, -иш (: б'ăлạ), б̄л'уду, кл'уч, 'д'ер'ạ – д'и'р'еш, 'м'ăр'ạ, -иш (: 'м'ăрạ), 'с'ип̄'ạ, -иш, 'п̄'ăсук, ḡ'ра-*

*б'а̣, -иш, 'д'иѡ'а̣к, м'раѡ'а̣, 'рабут̄'а̣, -иш (: 'рабут̄а̣), б̄рат̄'а̣, т̄'а, т̄'у'т̄'ун', 'р'енд'а̣, -иш, и'д'уп̄ка̣, 'кос'а̣, -иш (: коса̣), 'м'ас'а̣, -иш, 'с'ара̣, п̄'рос'а̣к, с'ур'т̄ук, 'л'аз'а̣, -иш, к'у'ше, 'ḡ'аур, ḡ'ол, ḡ'ум.*

2.2.6. Мекоста може да биде дистинктивна и на крајот, сп. *з'ент̄* 'земен': *з'ент̄'* 'зет', *кат̄* : *кат̄', л'ен* : *л'ен'* 'леген'. Меѓутоа, во ред случаи мекоста е факултативна со тенденција да се загуби, сп. *ду'лап̄* : *ду'лап̄'ут̄, п̄а̣'зар* : *п̄а̣'за-р'ут̄,* или: *бу'нар // бу'нар'.*

2.2.7. Пред консонантите од палатализираните фонеми може да се јави само /*л'*/ и тоа доста ретко: *'л'ул'ка̣.* Кај другите консонанти опозицијата тврди – меки се неутрализира во корист на првите, сп. *с'φ'ин'а̣* : *с'φ'инск'и, кон'* : *'конск'и, сол'* : *сул'т̄а.*

2.2.8. Консонантски групи.

2.2.8.1. Од сонантските групи на почетокот се јавуваат само *мл-, мл'-* и *мр-* : *м'лад'и, м'л'ăку, мрас.*

Групата *мн-* не е можна (> *мл, øн*), сп. *м'лоḡу, млук* покрај *нук.*

Почетна група од сонант + опструент нема.

2.2.8.2. Од секвенците на опструенти во почетокот на зборoформата се одбегнуваат: *ѡн- (>øн)* : *нук, 'нуц'и, 'нăт̄р'а̣, п̄ч- (> п̄ш)* : *п̄'шела̣* (додека групата *п̄с-* се пази: *п̄'соѡа̣н'и, п̄салт̄, п̄'сала̣ш*).

2.2.8.3. Ретки се на крајот групите *-ст̄, -шт̄,* сп. *крăс, 'радус, шес, дăш, п̄'еш* покрај *мост̄, п̄ост̄.*

2.2.8.4. Од другите консонантски групи не се можни уште *ср, зр, жр (> ст̄р, здр, ждр),* сп. *ст̄'р'ăда̣, ст̄рам, ст̄'р'ăдну, ст̄р'иб̄ра, ст̄'р'ăшт̄а̣, ст̄'р'ăт̄'иш,* дури и *ст̄ра̣'п̄от̄* 'српот', *здр'ăл, ст̄'рăц'и* 'срце', *зд'р'ăп̄ча̣.*

2.2.8.5. Во најголем број случаи се одбегнува и внатрешната група *ѡн (> мн)* : *п̄'рăмна̣, у'сăмнуѡа̣, 'рамну, ḡум'но (ḡоѡно), п̄'л'ăмна̣т̄а̣.*

2.2.8.6. Има тенденција и за елиминирање на групата *дн,* сп. *'п̄ана̣ (п̄адна), п̄'лајна̣ (п̄ладнина), п̄уј'но (п̄о едно), п̄уи'нош (п̄о еднош), 'с'ејну (седно),* како и групите *дѡ, т̄ѡ* : *на̣'јаѡа̣м (најадѡам), на̣'р'еѡа̣м (наредѡам), ст̄р'ăѡа̣м (ст̄рет̄ѡам), 'т̄ојут̄ (т̄ѡојот̄).*

2.2.8.7. Групи од два исти консонанта не се констатирани.

2.2.9. Одделни консонанти.

2.2.9.1. Фонемата /*ј*/ поограничена дистрибуција има на почетокот на зборoформите. Во таа позиција не може да стои пред предните вокали, сп. *и'ц'е (јај-це), и'д'ен'и (јадење), 'ел'ин, 'ендру, 'ент̄ра̣ѡа̣.* Меѓутоа, во интервокална позиција пред истиве вокали /*ј*/ по правило се јавува, сп. *з'м'ијит̄, 'чији, ба̣'јир, ка̣'јиш, у'дајичка̣, ду'јиш, п̄и'јеш, 'неје̣н.*

По однос на консонантите /j/ не се јавува зад палатализирана согласка, сп. *'з'ем'ạ, д'и'ω'ạк, л'и'л'ак, х'и'л'адạ, 'б̆ал'и* (*билје*), *'з'ел'и* (*зелје*), *зд''раω'и* (*здраωје*), *с'ноп̄'и – с'ноп̄'ит̄у* (*сноп̄је*), *лу'з'е* (*лозје*), *дạм'б'е* (*д̆абје*).

2.2.9.2. Фонемата /л/ на крајот и пред консонант факултативно се јавува во алофонот [ў] : *жаў, 'доўну.*

2.2.9.3. Фонемата /л'/ се јавува без ограничувања, сп. *с'и'л'ан'и, 'л'ел'ạ, л'ут̄, 'л'ул'ạ, 'л'ул'кạ, сол'.*

2.2.9.4. Назалот /н/ пред веларните /к, ḡ/ се реализира како [ŋ] : *фраŋк, 'п̄ајạŋк, 'м'аŋкạ, аŋ'ḡар'ијạ.*

2.2.9.5. Сонантот /р/ никогаш не се јавува во групите *rC-* и *CrC*.

2.2.9.6. Консонантот /ω/ пред лабијализираните вокали на почетокот и во интервокална позиција се изговара многу слабо, а често и наполно се губи, сп. *'ωодạ, п̄'раωу, жи'ωот̄,* покрај *'ода, ол* (*ωол*), *'осук* (*ωосок*) (в. 3.4.3.).

По однос на консонантското соседство /ω/ не може да стои зад безвучен опструент, сп. *с'φ'ăшт̄ạ, с'φ'инску, с'φ'ир'ạ, 'т̄'икφạ, 'жент̄φạ, 'б̆ăнчφạ.*

2.2.9.7. Фонемата /ѕ/, која е доста ретка, има и доста ограничена дистрибуција. Најчесто се јавува во група со /н/ : *ωạнѕ'и'л'иφ, 'ωăнѕ'ил', ин'ѕ'ик, 'п̄ајạнѕ'и, п̄ạ'л'анѕạ,* во одделни случаи и пред вокал: *'бyѕạ, ц'и'ѕалн'ик* 'цедало', *уду'ѕат̄, у'ѕат̄', 'ѕадну, 'ѕ'идạм, ѕ'им'б'ил', ѕ'ин'ḡ'ијạ* 'узенгија'.

2.2.9.8. Фонемата /ц/ до колку се јавува во домашни зборови секогаш стои во група со /н/: *'ωăнци* 'јаже', *лạн'ца, лạн'цицạ, лạн'циφ, 'лăнциш, п̄ạјин'цинạ, рạн'ци* 'ржи' (за коњ).

2.2.9.9. Фонемите /к', ḡ'/ се многу ретки. Се јавуваат во туѓи зборови и можат да стојат пред сите вокали и на крајот, сп. *б'ир'и'к'ат̄, к'еφ, к'уφ'т̄'е, к'у'т̄'ек, дју'шејк', и'л'ејк', ил''м'ек', ḡ'ол', ḡ'уб'р'е, ḡ'ум* (3.2.).

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Кај парадигматските зборови разликуваме два основни акцентски типа: парадигма со морфолошки утврден акцент, сп. *'бабạ – 'бабạт̄ạ – 'баб'и – 'баб'ит̄'е, 'ω'икạм – 'ω'икạш – 'ω'икạм'е – 'ω'икạт̄,* и парадигма со подвижен акцент. Подвижноста на акцентот се изразува кај следниве морфолошки типови: а) кај именките: 1. *б'рада – б'рад'и : брạ'дат̄а – брạ'д'ит̄е,* 2. *ḡлас – ḡ'ласуω'и : ḡлạ'сот̄,* 3. *п̄'еш : п̄'иш'т̄а,* 4. *'ченду – 'чендут̄у : чин'да – чин'дат̄ạ,* 5. *к'р'илу : кр'и'лот̄у – кр'и'ла – кр'и'лат̄ạ;* б) кај глаголите: *'б'ерạ : б'и'р'еш – б'и'р'е, ḡ'рад'ạ : ḡрạ'д'иш.*

2.3.2. Во зборoформите со четири и повеќе слогови, ако акцентот треба да падне на четвртиот слог од крајот, тогаш се јавува на претпоследниот слог втор акцент, кој е по јачина еднаков со првиот, сп. *'цар'ицạ : 'цар'и'цат̄ạ,*

*'кожуω'и* : *'кожу'ω'ет̄у, 'јаг̄н'и'чант̄ạ, 'кош'н'и'цат̄ạ, 'лобу'дат̄ạ, 'н'ег̄у'ωăјут̄, г̄'ласу'ω'ет̄у, 'кажу'ωахạ.* Ако е првичниот акцент на крајните слогови (последниот или претпоследниот), тогаш вторичниот акцент се јавува за два слога напред, сп. *кạφ'е'н'е* : *'кạφ'е'н'ет̄у.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

### 3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните вокали во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < *е* во неакцентиран слог: *и'л'ен, сφ'ин'т̄'ец* (2.1.2.)

*е* < *ь̥ : *д'ен'*

< *ę : *'м'есу,* а најчесто во група со назал /*н, м*/ : *г̄'р'ендạ, к'л'ент̄φạ, 'м'еŋкạ, нạ'р'ендуωạм, 'п̄'ент̄ạ, п̄'ент̄', 'п̄'ент̄ук, 'ендру, 'р'енд'ạ, 'жент̄φạ, 'ченду, ирим'б'ицạ (< ерем'бица)*

< *ě во одделни лексеми во акцентиран слог, сп. *'ω'едру, 'т̄'ерạ*

< секундарно во групата *чер-* : *'черω'ạ* 'црви', *чẹр'ωа* 'опинци', *чẹ'р'ăшạ*

*ä* < *ě во акцентиран слог: *бр'äк, ω'äк, 'д'äду, 'д'äт̄'ạ, л'äп̄, 'л'äт̄у, 'с'äмạ, 'с'äŋкạ, чу'ω'äк*

< *ę во одделни случаи најчесто во група со /*н*/: *'м'äŋкạ, 'м'äјạнц, ку'чäнт̄ạ,* во неакцентиран слог: *'јạг̄н'ạнт̄ạ, 'јаг̄н'ạ, ω'р'äм'ạ*

< *а* зад /*ч, ш*/ во одделни случаи, сп. *'чäјут̄, 'чäшạ, 'шäјкạ, 'шäркạ* (секогаш под акцент)

*ă* < *ъ̥ во коренски слог: *дăш, дăх, 'дăну* 'дно', *с'нăхạ, сăн, 'дăскạ, 'мăкн'ạ, 'сăхнуωạм*

< *у во сите позиции, сп. *бăл, 'ωăм'ạ, 'кăсạлу, 'кăт̄кạ, 'мăшкạ* (*мишка*), *'п̄ăт̄ạм* (*п̄ит̄ам*), *п̄'лăт̄ку* (*п̄лит̄ко*), *сăн, сăт̄, ст̄р'ạ'хăт̄'ạ (< *strěxytě), б'лăхạ (< *blъ̥xy), 'н'ег̄у'ωăт̄'ạ (< *ńegovytě).*

< *ǫ во коренска морфема: *'г̄ăскạ, 'кăшт̄ạ, 'мăт̄ну, 'рăкạ,* и во група со /*м*/ пред лабијален консонант: *'г̄ăмбạ, дăмп̄, рăмп̄, 'рăмб'иш, скăмп̄, 'сăмбут̄ạ,* и со /*н*/: *'ωăнѕ'ил', 'ωăŋг̄'ил', 'ωăнци, 'ωăнт̄ур'и, ωạŋг̄л'и'нар'ин, г̄'рăнд'ạ, 'кăнду, кăнт̄, 'кăŋкул', лăŋк, мăнч* 'маж', *'мăндру, 'мăŋкạ, сă 'мăнчиш, 'п̄ајạŋк, п̄рăнт̄', п̄'рăнчкạ, 'рăŋкạ, рạŋ'каφ, рạн'чицạ, 'с'äкạнд'ạ, сăŋк, 'сăндуω'и, 'сăнд'иш*

< секундарниот $ъ_2$ : *лạн'ца* 'лажа', *лạн'цицạ, лạн'циφ, 'мăŋг̄лạ, 'ω'ат̄'ạр, 'мокрạ*

< *r̥ во група со *р* : *'г̄ăрлу, 'кăрл'иш, 'зăрну, б̄рăшнил, г̄р̣ан'чарин, т̄рăн, ω'рăб̣а, х'рăскạм*

< *l̥ : *жăлт̄, 'п̄ăл'ин, 'ωăлнạ, д'лăŋг̄у, ωлăк, с'лăнц'и, с'лăзạ, 'јаблạкạ*

< *а, ă* со редукција во неакцентиран слог (2.1.3.)

*а* < **ě* во одделни лексеми: *л'ап̄, 'л'ат̄ạ* ‘лета’, *'п̄'асук, цал*

< **ǫ* во суфиксни и флексивни морфеми, сп. *'д'иг̄нạл, 'д'иг̄нạхạ, 'п̄'ерạ, п̄'и'рат̄*

*у* < *о* со редукција во неакцентиран слог: *'мозук, 'с'елу, удạ'ја* (2.1.2.)

< *и* со лабијализација зад *ч, ш, ж,* нерегуларно: *чу'бук, чуφ'чијạ, чу-'м'ен', чу'ω'ијạ, чуω'р'е, чум'б'ер, шур'б'ет̄, жуφ*

< *ă* во соседство со лабијален консонант во одделни лексеми, сп. *п̄умп̄* – *'п̄умп̄уω'и* ‘папук’, *'п̄умкạ* ‘пупка’, *'мушкạ рубạ, нạ'п̄улн'уωạм*

*о* < **ъ̥* во афиксни морфеми, сп. *г̄ạр'нок, ω'ạ'кот̄, д'ен'д'и'н'от̄*

3.2. *Консонант̄изам*

Консонантите /*ј, л, р, м, н, ω, п̄, б, т̄, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, г̄, х*/ потекнуваат од соодветните консонанти во појдовниот систем со исклучок на позицијата пред предните вокали и во некои другите случаи (сп. подолу), каде што тие преминале во палатализирани консонанти. Палатализираните консонанти /*м', н', л', р', п̄', б', φ', ω', т̄', д', ц', ѕ', с', з'*/ се добиени од соодветните тврди консонанти пред предните вокали /*и, е, ä*/ (в. 2.2.4.). Повеќето од нив ја континуираат старата палатализираност и палаталност и во други позиции на зборoформите: пред вокалот /*а*/ во 1 л. едн. и 3 л. мн. на презентот кај глаголите од *и*-група, сп. *'ум'ạ, 'ум'ạт̄* – *'ум'иш, ст̄'ран'ạ, -иш, 'б'ăл'ạ, -иш, сă 'бор'ạ, -иш, 'с'ип̄'ạ, -иш, г̄'раб'ạ, -иш, 'рабут̄'ạ, -иш, г̄'рад'ạ, -иш, 'кос'ạ, -иш,* на крајот пред "малиот" *ь*, сп. *д'ен', сол', д'еω'ит̄', п̄ăнт̄', п̄'ент̄'*. Во ред случаи палатализираните консонанти се добиени и по аналогија, морфолошки, како, на пример, во 1 л. едн. през. кај глаголите од типот: *'кăлн'ạ – кạл'н'еш, 'м'ет̄'ạ – м'и'т̄'еш, 'раст̄'ạ – рạс'т̄'еш, п̄'р'енд'ạ – п̄р'ин'д'еш, 'п̄ас'ạ – п̄ạ'с'еш, 'д'ер'ạ – ди'р'еш, п̄'лаω'ạ – п̄лạ'ω'еш* (тематскиот консонант се изедначил во сите лица).

Освен тоа:

*ј* < *и* зад друг вокал во одделни случаи, сп. *п̄уј'на (< п̄оина < п̄о една), п̄'лајнạ (п̄ладнина)*

< *е* кај броевите, сп. *ид'и'најст̄'и, дωạ'најст̄'и, д'ωајст̄'и, т̄'р'ијст̄'и*

< хијатско во случаи како: *п̄'рајạ (п̄раω'а), 'ост̄ạјạ (ост̄аωа), ус'т̄ајạм, 'хубạјạ, к'лајạнц (кладенец), 'цăјạ (цеда)*

< во група со _к’ (јк’)_ на крајот во туѓи лексеми, сп. _и'л’ејк’, л’у'л’ајк’, ку'најк’, цу'рајк’_

_л_ < *l̥ во група со /_ă_/: _'ωăлна̣, с'лăза̣_

< *l′ на крајот во одделни случаи, сп. _жал, 'ωăнѕ’ил, 'кăŋкул_

_л’_ < *lь : _сол’_

< _лј_ : _хи'л’ада̣, 'л’ил’а̣к_

_р_ < *r̥ во група со /_ă_/: _'зăрну, ω'рăба̣_

_м_ < *ę во секвенцата _ем_ > _им_ пред лабијален преграден консонант, сп. _ир’им'б’ица̣_

< *ǫ во секвенцата _ăм_ пред лабијален преграден консонант, сп. _'г̄ăмба̣, дăмп̄, дла̣м'бок, 'рăмб’иш, скăмп̄, 'сăмбут̄а̣_

< _ω_ во секвенцата _ωн_ : _п̄'рăмну, си у'сăмна̣_ (2.2.8.5.)

_м’_ < *m пред _ј_ : _'з’ем’а̣, 'лам’а̣_

_н_ < *ę во секвенците _ен, äн,_ пред преграден нелабијален консонант, сп. _з’ент̄’, 'ендру, 'м’еŋка̣, п̄’ент̄’, п̄у'л’äнт̄а̣, 'м’äја̣нц,_ односно _ин (< ен)_ : _г̄уω’ин'да-р’ин, сφ’ин'т̄’ец_

< *ǫ во група со /_ă_/ исто така пред нелабијален консонант, сп. _'ωăн-ѕ’ил’, 'ωăŋг̄’ил’, г̄'рăнда̣, г̄а̣н'ѕот̄, дрăŋк, 'кăнду, 'кăŋкул, 'мăндру, мăнч, 'рăŋка̣_ (в. 3.1.)

< секундарно во извесен број случаи во секвенцата _ăн_ : _бăнц_ ‘боз’, _'бăнчφа̣_ ‘бочва’, _д'лăнук, ла̣н'ца, ла̣н'цица̣_ ‘лажица’, _'мăŋг̄ла̣, 'рăнци, с'т̄ăŋг̄лу_ ‘стакло’, и во _п̄’ин'т̄’ел_ ‘петел’, _'п̄’ент̄ук_

_н’_ < *nь : _д’ен’, 'кам’ен’_

< _н_ по аналогија на крајот во одделни случаи, сп. _јур'г̄ан’, су'мун’,_ во 1 л. едн. през. кај глаголите од типот _'кăлн’а̣_

_φ_ < _хω_ : _'φалба̣, 'φашт̄а̣, φа̣р'л’оωа̣м_

< _х_ во одделни случаи: _ку'жуφ – ку'жуφут̄, 'н’äφт̄у_ ‘некој’, _п̄ра̣φ'чулча̣_ (прасенце)

< _ω_ зад безвучна согласка, сп. _'жент̄φа̣, к'л’ент̄φа̣, с'мокφа̣, 'т̄’икφа̣, 'бăнчφа̣, сφат̄, сφ’äт̄, с'φар’а̣_

< аналошко во некои случаи, сп. _'лоφут̄_

< ономатопејско: _'φучи_

< туѓо: _φа̣ј'да, φа̣'нар_

_ω_ < _ø_ (како протеза) пред континуантот на почетното *ǫ : _'ωăнт̄ур’и, 'ωăнци, 'ωăнѕ’ил, 'ωăŋг̄л’и'нар’ин_

_ω’_ < *vј : _'д’иω’а̣к, м'раω’а̣, зд'раω’и (здраωје)_

_т̄_ < *t′ во секвенцата _шт̄_: _'кăшт̄а̣, 'дăшт̄’ира̣, п̄'лашт̄а̣м_

< секундарно во групата _ср_ : _ст̄рам, ст̄'р’ебру_ (2.2.8.4.)

_т̄’_ < *tь : _'д’ес’ит̄’, з’ент̄’,_ но _'з’ент̄уφц’и, п̄’ент̄’, п̄ăнт̄’ – 'п̄ăнт̄’ут̄_

< *tъ̑j : *б'рат̄'ạ, сφ'и'т̄'е* 'цвеќе'

< *т̄* аналошки во одделни случаи, сп. *п̄ạ'лат̄', из'м'ет̄'*

*д* < *d'* во секвенцата *жд* : *'ω'ӓждạ, 'м'ижду, 'саждạ*

*ц'* < *s'* во *'ц'ӓјạ* 'сејам'

< *t'* во *'ц'ӓст̄у* 'тесто'

*ѕ* < *з* редовно во групата *нз* : *бạн'ѕот̄, 'ωӑнѕ'ил, г̄ạн'ѕот̄, 'п̄ајạнѕ'и, мун-'ѕурạ, ин'ѕ'ик,* во одделни случаи и пред вокал, сп. *'буѕạ, 'ѕаднạ, нạ'ѕат̄*

< *д* во *'ѕ'иг̄ạш (< диг̄аш)*

*с'* < *сј* : *п̄'рос'ạк*

*з* < *ʒ : з'ω'ӓздạ*

*ч* < *š* во секвенцата *нш* во *мӑнч (< мӑнш < мӑнж)*

< *t'* во: *'чӓст̄у (< т̄'ӓст̄у), чи'че (< т̄'иче),* сп. *чи'че ωодạ*

< *ц* во *'черкφạ*

*џ* < *ж* во секвенцата *нж,* сп. *лạн'џа* 'лажа', *лạн'џицạ, лạнџи'чарн'ик, мạн-'џот̄ (: мӑнч), рạн'џи* 'ржи', *п̄ạјин'џинạ, ωạн'џа* (*ǫže), *т̄ạн'џиш* (*tǫž-)

< туѓо: *ạбạн'џијạ, б'ил'џуг̄ạ, џам, џạ'м'ијạ*

*ш* < *t'* : *нош, п̄'л'ешкạ,* и во секвенцата *шт̄* : *нуш'т̄а, 'г̄ашт̄'ạ, ω'р'ешт̄ạ, 'кӑшт̄ạ, п̄'лашт̄ạм*

< *ч* во секвенцата *п̄ч* : *п̄'шелạ, п̄ши'т̄о* (2.2.8.2.)

< *с* во одделни случаи, сп. *шл'ӑс, ш'т̄'ернạ, л'и'шицạ*

*ж* < *d'* во секвенцата *жд* : *'ω'ӓждạ, 'мижду, п̄у'м'ижду, 'сажди, нạ'хождạ, 'п̄аждạм*

*к'* < туѓо: *к'у'ше, к'у'т̄'ек', к'у'л'е*

< *к* на крајот во туѓи лексеми: *к'урк', кạ'п̄ајк' – кạ'п̄ац'и, и'л'ејк' – и'л'ец'и*

*г̄'* < туѓо: *г̄'ол, г̄'ạ'ур, г̄'ем, г̄'уб'р'е*

*к* < *г̄* по аналогија, сп. *б'р'ӑкут̄ : бр'ӑк (брег̄), п̄'лукуω'и : п̄лук (п̄луг̄), лạŋ'кот̄ : лӑŋк (лӑнг̄)*

*х* < *с* во секвенцата *сч* во одделни случаи, сп. *к'рӑхчạ (: крӑс)*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиени од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни како резултат на регресивна асимилација по звучност.

3.2.2. Безвучните опструенти од звучните се добиени и на крајот.

3.3. *Прозодија*

3.3.1. Појдовниот прозодиски систем не претрпел понатамошни фонолошки промени, но се извршени значителни морфолошки промени (2.3.).

3.4. *Губење на одделни г̄ласови*

3.4.1. Неакцентираните вокали поради квантитетската редукција во бројни случаи во повеќесложните зборoформи често се губат, сп. *йун'д'ӑлн'ик, ш'φој-шӑ, 'л'иц'иншӑ, 'нашшӑ, б'иω'л'ицӑ.*

3.4.2. Вокалот /о/ редовно се губи на почетокот во примерите: *'йашкӑ, 'й'инц'и.*

3.4.3. Фонемата /ω/ се губи во ред случаи во интервокална позиција, сп. *'ноу (ноωо), й'раиш – й'рајӑш (йраωаш), 'осшӑјӑ (осшаωа), 'хубӑјӑ (хубаωа), ус'шајӑм (осшаωам), й'рау (йраωо), д'р'ӑу (др'ӑωу),* на почетокот пред лабијален вокал, сп. *'од'ӑ – 'од'иш (ωодиш), 'одӑ (ωода), ол (ωол), 'он'ӑ (ωон'а), 'осук (ωосук), у'н'ешш, уш'ш'инӑ, уд'и'н'ицӑ (ωоденица), 'ујку (ωујко),* и во консонантските групи: *ωн-,* сп. *нук, 'нуц'и, 'нӑшр'ӑ, шω : 'шојуш, 'шојшӑ, у'шор'и (ошωори), чиш'рӑшӑк (чешωрӑшок),* потоа во заменките: *се (сωе), 'с'ӑкуј, 'с'ӑкушр'и.*

3.4.4. Согласката /ш/ често се губи во крајните групи *-сш, -шш,* сп. *шес, йос, мас, 'м'илус, дӑш, нош – нуш'ша, й'еш – й'иш'ша,* но и *чис$^{ш}$, чус$^{ш}$ (: чузда)* (2.2.8.3.).

3.4.5. Гласот /д/ се губи во повеќе случаи во интервокална позиција, сп. *к'лајӑнц (кладенец), дӑ-ω'ијм'и (ωидиме), зωај (зωади), 'ц'ӑјӑ – ц'ӑш (цеда – цедиш), й'лајнӑ (йладнина),* во изведените глаголи од 'иде': *йој (йојди), за-'йојм'и (йојдеме),* како и во групата *дн* : *йуј'но, йуј'на, нӑи'нош (йо едно, наеднош), 'йанӑ (йадна).*

3.4.6. Фонемата /х/ се загубила во неколку одделни случаи, сп. *л'ай, мо'унӑ (мохуна).*

3.4.7. Во одделни случаи се губи и /м/: *'ијӑм (имам).*

3.5. *Мешашеза*

Извршена метатеза наоѓаме во примерите: *'ωӑŋг'ил (< ωӑгл'ин), 'гарωӑн, бӑрдӑ'ω'ицӑ (брадаωица), ӑω'јар (ајωар).*

## 21. НЕГОВАН

НЕГОВАН (Ξυλόπολις) Солунско, Грција.

Југоисточно наречје, серско-лагадински говори.

Лагадинско-богдански говор.

МДА 307.

Селото Негован (*Неīованци* – според месниот назив) се наоѓа северно од градот Лагадина на главната комуникација Солун – Серез, во пазувите на Богданската Планина на 540 м. надморска височина. Во почетокот на овој век селото броело 2.240 жители, 1.960 православни Словени и 280 муслимани (Васил Кънчов, *Избрани ӣроизведения*, т. II, София, 1970). Бројот на жителите значително опаднал по Балканската и Првата светска војна, бидејќи турското население се иселило во Турција, а дел од македонските жители емигрирале во Бугарија. Според податоците што ги дава Тодор Симовски (*Населениӣе месӣа во Еīејска Македонија*, I, Скопје 1978), во 1928 год. во Негован имало 914 жители, во 1940 – 1.091, во 1951 – 1.150, во 1961 – 1.258, во 1971 – 998. Населението е мешано, покрај Македонците има значителен број Грци, главно преселници од Мала Азија. Главно занимање на населението е земјоделството и ситното сточарство. Своите производи жителите ги продаваат во градот Лагадина, кој е главен центар во областа. Како што е познато, македонското население е двојазично, бидејќи службен јазик е грчкиот.

Населбата прв пат се спомнува во 1481 година.

Описот е прв пат печатен во ПрилОЛЛН МАНУ XVI, Скопје 1991.

### I. ИНВЕНТАР НА ФОНЕМИТЕ

1. *Вокализам*

1.1. Негованскиот говор познава шест вокални фонеми:

| | | |
|---|---|---|
| *и* | | *у* |
| | *ӑ* | |
| *е* | | *о* |

*а*

Тие се диференцираат меѓу себе по степенот на отворот и по т.н. модални признаци. Нивните корелативни односи произлегуваат од следниот дијаграм:

| | *и* | *у* | *е* | *о* | *ӑ* | *а* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| заокружени | – | + | – | + | – | – |
| предни | + | – | + | – | – | – |
| ниски | – | – | – | – | – | + |
| високи | + | + | – | – | + | – |

1.2. Реализацијата на самогласките во голема мера е условена од акцентската позиција. Во своите главни алофони тие се реализираат во акцентирани слогови. Во неакцентирана позиција сите самогласки подлежат на квантитативна редукција – се изговараат за нијанси пократко од акцентираните алофони, а во одредени услови и наполно се губат (в. т. 1.4.1.). Сп. *'бил, 'син, с*$^{ш}$*рак, 'жен*$^{и}$*, 'бел'*$^{и}$*, 'сел*$^{у}$*, 'дӑш, 'рӑк*$^{а}$*, с'кӑп̄*$^{и}$*, 'ух*$^{у}$*, 'оч*$^{и}$*, м*$^{у}$*'т̄ик*$^{а}$*, к*$^{у}$*'л'ен*$^{у}$*, к*$^{у}$*'л'ен*$^{а}$.

1.2.1. Невисоките самогласки /*е, о, а*/ во неакцентирани слогови подлежат и на квалитативната редукција. Според посматрањата на Малецки: неакцентираното /*е*/ се реализира како звук многу близок до /*и*/, кое според чувството на говорителите е еднакво со /*и*/; /*о*/ се изговара многу блиску до /*у*/, кое говорителите го чувствуваат како /*о*/, а неакцентираното /*а*/ нешто малку се разликува од /*а*/ под акцент, кое говорителите го восприемаат како затворено [*ạ*] (Mieczysław Małecki, *O zróżnicowaniu gwar Bogdańska w pd.-wschodniej Macedonji*, Lud słowiański, A III, Kraków 1933). Од ова произлегува дека /*е*/ во неакцентирани слогови има затворен алофон [*ẹ*] или се неутрализира со /*и*/; /*о*/ има алофон [*ọ*] или се неутрализира со /*у*/, додека /*а*/ се реализира само како алофон [*ạ*].

Неакцентираното /*ӑ*/ Малецки го опишува како фон близок до неакцентираното /*а*/, што значи дека /*ӑ*/ и /*а*/ во неакцентирани слогови се неутрализираат во [*ạ*], сп. *'рӑкạ* : *рạ'каф, 'дӑш* : *дạж'ди*.

Според тоа во неакцентирана позиција шесточлениот вокален систем се сведува на три алофона:

[*и*]　　　　[*у*]

[*ạ*]

Примери:

/*е*/ > /*и*/ – во сите позиции на зборoформите: *'бол’ин, 'сил’ин, 'ωет̄ир, на̣-г̄уи-'дару* (*г̄оωедаро*), *у'лоит̄у* (*ωолоωет̄о*), *'п̄оωичку, л’иг̄'нах, сид'нах, са̣-ст̄им'н’и, жд'реби – ждри'бин’а̣, д'ωајси, 'сет̄н’и, 'ошт̄и, м'л’екци, 'н’еби, 'ωӑжи, ма̣'г̄ари, 'т̄ел’и, на̣-'мен’и* (*мене*), *а̣с-'т̄еби, ќи-'п̄адн’и* (*ќе*) (од текстовите на Малецки), *би'л’ек, ди'бел, г̄́ир'дан, и'зик, ир'г̄́ен’ин, ќиси'л’ина̣, л’и'ωак, ми'рак, ми'хур, н’и'ωест̄а̣, т̄и'п̄е* (пред акцентиран слог), *'ωӑг̄л’ин, 'камин, 'деωир, 'мӑшчиха̣, г̄'ладин, г̄'нусин, 'жедин, б̄'радис, 'ωинци, 'н’еп̄ци, б̄'рат̄чи, 'коп̄чи, 'дет̄инци, ја̣'ден’и, уг̄'н’ишт̄и, зд'раωи,* и во наставките кај глаголите: *'бериш, 'бери, 'берими, 'берит̄и, 'бериши, 'берихми, 'берихт̄и.* Само во неколку примери место неакцентираното /*е*/ има [*а̣*]: *'г̄ушт̄а̣р, 'п̄еп̄а̣л;*

/*о*/ > /*у*/: *'ол – у'лоит̄у* (*ωолоωет̄о*), *у'рах, у'т̄идух, ут̄-'ωет̄иру, ду'бици, на̣-г̄уи'дару, си-на̣'јадух, из'л’ег̄ух, а̣с-му'т̄ика̣т̄а̣, на̣-'рабут̄а̣, п̄у'п̄асих, с'лат̄ук, т̄у-'г̄а, т̄у'чилка̣, чу'ωек;* во финална позиција: *б̄'л’уду, 'деду, г̄'н’езду, к'лӑбу, к'росну, 'л’ет̄у, ωра̣'шилу, на̣бра̣'дилу, 'рану;* член: *а̣φ-'кошу, п̄у-'реду, 'л’ет̄ут̄у, на̣-'н’ебит̄у, ид'нот̄у* (Małecki), *уб̄'рас, уг̄л’и'далу, у'ωезин, уг̄'н’ишт̄и, бу'г̄ат̄, г̄у'л’ем, г̄у'дина̣, доj'дох, ду'илка̣, ку'рем, ку'л’ену, п̄у'г̄ача̣, п̄ук'роφ, су'л’ен, су'буи, ху'дилу;*

/*а*/ > [*а̣*] – исто така во сите позиции на зборoформите: *г̄ра̣м'нуωа̣, ωра̣'т̄илу, да̣-'јада̣т̄, д'руг̄а̣т̄а̣, за̣п̄'рех, ја̣'дет̄и, ка̣'зах, ка̣'т̄у, ма̣'г̄арит̄у, на̣-'н’иωа̣, на̣-'река̣-т̄а̣, на̣ј'дох, са̣-на̣'п̄их, 'обла̣ци, п̄ла̣'т̄их, ра̣з'бој, ра̣бут̄'н’ица̣, 'сека̣кφи, φа̣'т̄их, ха̣п̄'нат̄* (Małecki), *ба̣к'нуωа̣, ба̣'јач, ωра̣'т̄ичка̣, дума̣'ќин, за̣'хожда̣, ја̣'п̄иа̣, ка̣н-'дилу, ка̣'п̄ак, на̣с'т̄ина̣, ра̣бут̄'л’иφ, ра̣'солн’ица̣* (пред акцентиран слог), *'кока̣л, 'коп̄а̣н, 'п̄оп̄а̣ра̣, г̄'лаωа̣т̄а̣, 'мишка̣т̄а̣, г̄'рӑба̣φ, 'хуба̣φ, г̄'л’еда̣м – г̄'л’еда̣ш, 'жена̣, 'коса̣, л’и'ωада̣,* и др.;

/*ӑ*/ > [*а̣*]: *са̣-ωа̣р'нах, ωра̣'зах, ωра̣'шилу, г̄а̣'зер, 'дӑш – да̣ж'ѕи, 'јаг̄а̣нца̣, ка̣'де, 'лӑжиш – ла̣ж'л’иφ, 'бӑрду – на̣бра̣'дилу, 'рӑка̣ – ра̣'каφ, ра̣'чица̣, 'рӑжѕа̣ – ра̣ж-'ѕеса̣, т̄ра̣'калу, т̄'рӑг̄н’и – т̄ра̣г̄'нах, ца̣р'ωен, ца̣'рул* (Małecki), *бла̣н'деја̣, ут̄ка̣'де, ка̣р'т̄ичина̣, п̄а̣р'хуќ* и др.

1.3. По однос на позицијата во зборoформите ограничување покажува само фонемата /*ӑ*/; таа не се јавува во финална позиција. Другите самогласки можат да се јават во сите позиции, сп. *'има̣, 'иг̄ла̣, 'мисл’и, 'обла̣ци, 'еφт̄ин, 'деца̣, ка̣'ωе, 'кажи, ка̣'за, 'оφца̣, ску'л’о, т̄а̣к'ωо, 'уху, г̄́уб̄'ре.*

Сите самогласки во принцип можат да стојат во група со секоја. Вокални секвенци од по два члена се јавуваат по правило во средината и на крајот на морфемска граница, сп. *'п̄ии, 'миа̣, 'биул, 'л’еи, 'заиц, 'ножуи, 'н’еа̣, 'деут̄у* и др.

1.4. Од актуелните промени на вокалите од дијалектен аспект треба да се нотираат: елизијата, редукцијата на /*и*/ во [*i̯*] во одредени случаи, прегласот на /*а*/ во /*е*/ зад меките согласки и во ограничени случаи лабијализацијата на самогласката /*и*/.

1.4.1. Елизија. – На елизија подлежат, како што истакнав порано, само неакцентираните самогласки. Најчесто тие се испуштаат пред членските морфеми кај именските зборови, бидејќи граматичката функција ја презема во целост членот, сп.: *'баба̣ – 'ба:бт̄а̣, б'рада̣ – б'ра:т̄а̣, 'буза̣ – 'бу:зт̄а̣, 'жена̣ – 'же:нт̄а̣, 'зи:мт̄а̣, 'зо:рт̄а̣, 'коса̣ – 'ко:ст̄а, 'коза̣ – 'ко:зт̄а̣, ку'шу:л'т̄а̣, 'но:г̄т̄а̣, 'оснуωа – 'оснуωт̄а̣, – 'жен'и – 'же:нт̄и; – 'ωину – 'ωи:нт̄у, ω'реми – ω'ре:мт̄у, 'дет̄и – 'де:т̄т̄у, 'деду – 'деут̄у, 'лози – 'ло:зт̄у / 'лојзт̄у, 'п̄ол'и – 'п̄о:л'т̄у, – 'бабина – 'бабинт̄а̣, 'бабин'и – 'бабинт̄и, 'ωујкуωу – 'ωујкуωт̄у, 'дедуφ – 'дедуωт̄у, ди'белу – ди'белт̄у, ди'бел'и – ди'бел'т̄и, м'лада̣ – м'ла:т̄а̣;* кај глаголите: *'носа̣ – 'носми, 'бери – 'берт̄и, ис'п̄ери – ис'п̄ерт̄и;* и др.

Поретко вокалите се елидираат и во други позиции, и тоа, главно, во повеќесложни зборoформи, сп. *'банца̣* и *'бајнца̣, 'борна* (*борина*), *'кол'ди* (*кол'еде*), *'п̄ел'на̣* (*п̄ел'ена*), *п̄ун'делн'ик, п̄'редну* (*п̄редено*), *на̣'оп̄ку* (*наоп̄аку*), *'сирн'и* (*сирење*). Во сите овие случаи самогласката испаѓа во слогот што се наоѓа непосредно зад акцентот.

Елизијата на неакцентираните вокали пред членските наставки (*-т̄а, -т̄о, -т̄и*) се врши само во услови кога не доаѓа до образување на консонантски секвенци со повеќе од два члена. Во случаите каде што би дошло до образување на групи со три согласки, по правило не се врши елизија, сп. *'мет̄ла̣ – 'мет̄ла̣т̄а̣, 'мăг̄ла̣ – 'мăг̄ла̣т̄а̣, 'седлу – 'седлут̄у, 'сест̄ра̣ – 'сест̄ра̣т̄а̣, н'и'ωест̄а̣т̄а̣, с'лăнци – с'лăнцит̄у, уг̄'н'ишт̄и – уг̄'н'ишт̄ит̄у.*

1.4.2. Неакцентираното /*и*/ како втор член во вокалните секвенци и пред согласка често се десилабизира во [*и̯*], сп. *'баи̯нца̣ (< баинца < баница), за'сеи̯на̣ 'н'иωа̣ (< за'сеина < засеена), к'лаи̯нц* (*кладенец*), *'п̄еи̯си (< п̄еиси < п̄едесе),* кај глаголите во 2 л. едн. и 1-2 л. мн.: *'сеи̯ш, 'сеи̯ми, 'сеи̯т̄и (< 'сеиш < 'сееш), 'мии̯ш, 'мии̯ми, 'мии̯т̄и (: 'миа), у'буи̯ш, у'буи̯ми, у'буи̯т̄и (: у'буи),* во имперфектот: *'сеи̯ш ('сеиши – 'сееше), 'мии̯ши (миеше).*

1.4.3. Прегласот на /*а*/ во /*е*/ најчесто се врши зад согласките /*ч, ц, ш, ж*/ и во акцентирани слогови, сп. *'чеша̣, чес, ба̣х'че, бит̄ул'чен'иц, п̄рил'ип̄'чен'иц, брут̄'чен'и, ωра̣п̄'чен, нух'чер (нох'чар), п̄а̣н'цек, т̄у'цери, куку'шерн'ик, п̄и'шек (п̄ешак), т̄а̣'шек – т̄а̣'шеци, ωил'и'шен'иц, 'жеба̣ – 'жеби, 'жеп̄чи, 'жер – 'жеруωи, 'жерт̄а̣;* во одделни лексеми и зад /*ј, л'*/: *лиј'л'ек* (*лил'јак*), *п̄у'ет̄а̣* (*п̄ојат̄а*), *си'л'ен'ин* (*селанин*), *хрис'т̄ен'ин;* во неакцентирана позиција прегласот е констатиран во примерите: *г̄ри'шина̣, мучи'ришт̄и* (*мочаришт̄е*), *ши'миа̣ (ше'миа < ша'миа), 'п̄оис (п̄оес < 'п̄ојас), п̄ии'ωица̣ (п̄ијаωица), ду'елка̣ (дојалка).*

1.4.4. Лабијализацијата на /*и*/ во /*у*/ е забележана во примерите: *чу'реп̄ (чи'реп̄ < че'реп̄), чу'рен (че'рен), чу'реша̣ (чи'реша < че'реша), чу'решуωу 'дăрωу, чу'реωа̣, учу'мен', душу'ме, шу'шарка̣, 'п̄енцура̣ (п̄енцера), 'п̄ешт̄ура̣.*

2. *Консонант̄изам*

Консонантскиот систем се состои од 26 фонеми, од кои шест се сонанти, еден глајд и деветнаесет шумни согласки (опструенти).

2.1. Сонанти се:

| | *м* | *н* | *н’* | *л* | *л’* | *р* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| предни | (+) | + | – | + | – | |
| периферни | + | – | – | – | – | – |
| латерални | | | | + | + | – |
| назални | + | + | + | – | – | – |

2.2. Глајд: /*j*/

2.3. Шумни консонанти (опструенти) се:

| | *б* | *п̄* | *ω* | *φ* | *г̄* | *к* | *х* | *д* | *т̄* | *ѕ* | *ц* | *з* | *с* | *г̄́* | *ќ* | *џ* | *ч* | *ж* | *ш* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| звучни | + | – | + | – | + | – | | + | – | + | – | + | – | + | – | + | – | + | – |
| континуирани | – | – | + | + | – | – | + | – | – | – | – | + | + | – | – | – | – | + | + |
| африкати | | | | | | | | – | – | + | + | | | | | + | + | – | – |
| предни | + | + | + | + | – | – | – | + | + | + | + | + | + | – | – | – | – | – | – |
| периферни | + | + | + | + | + | + | + | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – |

2.4. Дистрибуција и алофони

/*м*/ – во сите позиции се јавува во неговиот основен алофон [*м*]: '*мест̄у, ми, мăш,* '*мори,* '*мухạ.*

/*н*/ – пред веларните /*г̄, к*/ се реализира како веларен фон [*ŋ*]: '*зуŋкạ,* '*ωăŋкạ,* '*сеŋкạ,* '*т̄еŋку, φ*'*раŋг̄ạ;* не се јавува пред предните вокали.

/*н’*/ – фонолошки се реализира пред задните вокали и во финална позиција, додека пред предните вокали нема опонент, сп. '*бан’ạ* – '*бан’и,* '*кон’* – '*кон’у* : '*кон’и, дрạ*'*мон’* – *дрạ*'*мон’и, п̄и*'*п̄он’* – *п̄и*'*п̄он’и, т̄и*'*г̄ан’* – *т̄и*'*г̄ан’и, φус*'*т̄ан’* – *φус*'*т̄ан’и, јун’,* '*ден’ạ* (адв.), *ωạ*'*жин’ạ, ждри*'*бин’ạ, мạ*'*чин’ạ, мạг̄ạ*'*рин’ạ.*

/*л*/ – во својот основен алофон [*л*] се реализира пред задните вокали, пред консонант (но не и пред /*j*/) и во финална позиција, сп. '*лакуќ,* '*селу,* '*селạ, б̄лăхạ, бел,* '*селцќи..*

/л'/ – позиционо не е ограничен, сп. *ку'шул'ạ – ку'шул'и, 'кашл'ạ, ѓạрк'л'ан, 'зăбл'у, кл'уч, 'л'ул'кạ, сол' – 'сол'тạ – 'сол'и, 'чешил', 'пел'нạ (пел'ена), 'пол'ту (пол'ето), н'и'дел'тạ, 'бел'и, 'рекл'и.*

/р/ – секогаш има во соседство вокал: *'раму, 'рăш, 'рăжцạ, 'пăрωи, 'сăрци, 'ωетир, трăн.*

/ј/ – во финална позиција зад вокал се реализира како [i̯]: *мoi̯, стoi̯, маi̯.* Во интервокална позиција во соседство со преден вокал се јавува факултативно и со различен интензитет, сп. *јạбạн'ции̯ạ, ќи 'сеі̯ạт, сạ 'ωиі̯ạт* и *'ωиạт* : *'јади, 'дајти.* Не се констатирани примери со /ј/ во иницијална позиција пред /и, е/, *и'дин, 'изик', 'едạр, 'есин,* и во интервокална позиција пред /и/: *'л'еи, 'чуи, с'тоих, 'поис, 'мои (: мојте).*

/ω/ – во сите позиции се реализира како билабијален фон, сп. *сạ 'ωиі̯ạт, 'поωичку, 'н'иωа, 'лафуωи – 'лафу$^{ω}$и, 'ωетир, д'ωе, чу'ωек, д'ωајси, Н'иѓу'ωан, т'реωạтạ, 'н'еѓуωу, д'рăωтạ.* Во интервокална позиција, особено пред лабијалните вокали, неговата артикулација се редуцира до едно слабо [$^{ω}$], кое често и наполно се губи, сп. *'би$^{ω}$ул – 'биул, чу'$^{ω}$ек – чу'ек, у'ло$^{ω}$и – у'лои.*

/φ/ – има неограничена дистрибуција, сп. *φес, 'φаштạ, 'φăрл'ạ, суφ'ра, 'еφтин.* Неговата честота се зголемува со обезвучувањето на /ω/, сп. *φтор, 'бочφạ, с'φатјạ, φ'нăтри, φ'н'еси, φ'л'ези, 'хубạφ.*

Задновенечните /д–т, ѕ–ц, з–с/ не покажуваат некои посебности како на алофонско ниво, така и во поглед на дистрибуцијата, сп. *бел, 'биши, 'теби, ти, 'зимạ, 'земјạ, 'силạ, 'сену, цел.* Нешто поограничена дистрибуција има африкатот /ѕ/; се јавува претежно во туѓи лексеми, сп. *ѕạрѕạ'л'иạ, ѕạрѕạ'ωаќ, ѕиω'ѓар,* а во домашни, главно, во група со /ω/ и пред вокал во одделни лексеми, сп. *ѕит, ѕ'ωискạ.*

Согласките /ч–џ, ш–ж/ во сите позиции се палатализирани.

/ќ–ѓ/ – претежно се јавуваат во туѓи лексеми и позиционо не се ограничени, освен /ѓ/ кое не може да стои во финална позиција, како и другите звучни согласки. Во своите основни алофони тие се реализираат пред задните вокали и на крајот, додека пред предните вокали превладува палатализираната нијанса [к'–г'], сп. *ду'ќан, ќор, ќу'ше, ќạ'ја, Бу'жиќ* : *к'и, 'поωик'и, дума'к'ин, 'н'ек'иш, ну'сејк'и, 'к'еркạ, – ѓол', 'меѓу, ѓуб're, 'ѓаул* : *г'ир'дан, мạ'г'ешн'ик, тạкуг'и're* (в. т. II. 1.3.).

/к–г/ – во основните алофони [к, г] се реализираат пред задните вокали, пред консонанти, /к/ и во финална позиција. Пред предните вокали, особено пред /и/ тие се палатализираат и нивниот изговор се неутрализира со изговорот на /ќ, ѓ/ во таа позиција, сп. *кạ'де, ку'га, к'н'игạ,* но: *'кайк'и, зạ'к'инуωа, к'и'риі̯ạ, г'и, 'ог'ин, зạ'г'инạ.*

/х/ – е стабилна фонема и има слободна дистрибуција, сп. *'хиӣар, хи'л'ада, хич, 'хаӣиш, 'харкума, 'хазна, ха'деӣ, хам'бар, 'халка, хас'ӣар, 'ходи, 'хојна, 'хорӣума, 'хоца, 'хору, ху'дилу, ху'л'ера, хур'ӣуна, ху'моќ, 'хурка, хуруѓ'л'ица, х'лăцка, хран'и, хриӣ, хрис'ӣен'ин, х'рăчи, х'рăскаωиц, а'хăр, бу'хар, 'буху, ω'јаха, ωла'хинка, ω'рăхуωи, ѓ'луху, 'к'иха, л'и'хуса, ми'хур, 'мăшӣиха, 'муха, 'н'ихин, ӣра'хуќ, ра'хаӣ, сӣ'реха, Су'ха, су'хар, ӣ'роха, 'уху,* во наставката *-ха ('беха, дуј'доха), 'дăхчи, 'ехчи, 'к'ихн'ица, 'мехчина, мех'л'ем, 'михчи (миш), 'мохчи (мосӣ), 'охка, 'ӣахка, 'ухци, 'φехчи,* во наставките *-хми, -хӣи ('бехми, 'бехӣи), – ωлах, ωрах, ѓрех, ѓлух, мох, н'их, сиру'мах, сӣрах, сух, у'рех,* во наставката *-х (бех, ωиках).*

Во врска со дистрибуцијата на консонантите заслужуваат внимание од дијалектен аспект и следниве појави.

2.5. Поради елизија на вокалите се јавиле цела серија нови консонантски секвенци, сп. *с'ламӣа (сламаӣа), 'морӣу (мореӣо), 'ӣол'ӣу (ӣол'еӣо), 'н'иωӣа (ниωаӣа), 'имми (имаме), 'земӣи (земеӣе), 'ӣел'на (ӣел'ена)* и др.

2.6. На овој начин се зголемил бројот на примерите со геминати, особено со /ӣӣ/, сп. *'деӣӣу (деӣеӣо), 'жиӣӣу (жиӣоӣо), ра'боӣӣа, са'боӣӣа, бу'ѓаӣӣи (боѓаӣиӣе), ӣ'лаӣӣи (ӣлаӣиӣе), 'имми (имаме).*

2.7. Како компензација за елидираните вокали акцентираниот слог уште повеќе се удолжил, така што разликата во квантитетот меѓу акцентираните и неакцентираните слогови, респ. вокали, е доста изразена, сп. *б'рада – б'ра:ӣа (брадаӣа), 'кожа – 'ко:жӣа, 'кози – 'ко:зӣи, 'зел'и – 'зе:л'ӣо (зел'еӣо).* На овој начин се добил нов фонетски квантитет.

2.8. Последица на елизијата на самогласките е и зголемувањето на бројот на консонантските секвенци од звучни и безвучни консонанти. Во новите јунктури звучните согласки не подлежат на полна асимилација, што значи дека во чувството на говорителите слевањето на артикулацијата на членовите во секвенците не е извршено наполно (!), сп. *'ба:бӣа, 'н'и:ωӣа, л'и'ωа:дӣа, 'ко:зӣа, 'ко:жӣа, 'но:ѓӣа.*

2.8.1. Во врска со асимилацијата по звучност во негованскиот говор, како и во сушко-височкиот, /ω/ се обезвучува во сите позиции во група со безвучна согласка, сп. *'бочφа, буч'φар, 'ношφи, 'секакφи, сφи'ӣилуӣу, 'ӣикφа, с'мокφа, с'φаӣја, с'φăрдл'и,* како и: *'оφца, м'раφка.* Освен тоа /ω/ > /φ/ во функција на префикс и пред сонантите /л, н, р/ во лексемите: *φ'нук, φ'нука, φ'нăӣри, φ'реӣ, φ'л'ези.*

2.8.2. По однос на обезвучувањето на звучните согласки во финална позиција овој говор не покажува посебност, како и во врска со регресивната асимилација по звучност, сп. *л'еӣ, крăφ, ѓраӣ, брек.*

2.9. Од другите промени на согласките што имаат значење за дијалектната диференцијација ги истакнувам:

2.9.1. пополнувањето на групите *ср, зр, жр* со /*т, д*/, сп. *страм, са стра'мушо, ст'реда, стриди-'нош, ст'ребру, страп – ст'рапуи, здрел, жд'реби – ждри'бин'а,* и по тој начин тие се изедначиле со етимолошките секвенци *стр, здр* : *'бистру, ст'реха, ст'рина, зд'рашо;*

2.9.2. африкатизацијата на спирантите /*с, ш*/ во групите *пш* > *пч* : *пчи'н'ица, пс* > *пц* : *с'типца, тип'ци'а;*

2.9.3 и на /*с*/ во /*ц*/ во секвенцата *-ск-* во суфиксот *-ск(и)* : *'битулцки, 'женцки, с'копцки, у'релцки, з'мијцки* / *з'мицки, 'олцку 'месу (шолско).*

2.9.4. Согласките /*с, ш*/ пред африкатите /*ц, ч*/ на морфемската граница се дисимилираат во /*х*/, сп. *'месу – 'мехци, мас – 'махчи, мос – 'мохчи, 'поис – 'поихчи, уб'рас – уб'рахчи, фес – 'фехчи, даш – 'дахчи, еш – 'ехчи, миш – 'михчи,* – и редовно така во оваа позиција.

2.9.5. Од асимилационите појави ги земаме како релевантни промените на групите *бн* и *шн* во *мн*, сп. *грам'нуша, уг'ламн'ик, 'рамну,* и *жд* во *зд* во лексемите од основата *чужд-* : *'чузди, 'чузду, чуз'дина.*

2.9.6. Дисимилација е констатирана на групата *мн* > *мл* во лексемата *м'логу.*

2.9.7. Метатеза најчесто се јавува во групите /*р* + вокал/: *барда'шица (брадашица), шар'тену (шретено), гар'дина (градина), кур'миќ (кромит),* сп. уште: *'бајнца (баница), б'решнал' (б'решл'ан), ш'јахна, 'елфа (ефла), 'којл'а (кол'ја), п'решн'ил (прешл'ен).*

## II. ИСТОРИСКИ ОСВРТ ВРЗ ФОНОЛОШКИОТ СИСТЕМ

### 1. *Потекло на фонемите*

1.1. Вокали. – Вокалите /*и, е, а, у, о*/ ги континуираат истите гласови во старомакедонскиот систем, сп. *л'ис, 'л'ици; 'селу, 'бери; г'лаша; 'уши; 'очи.* Освен тоа:

*и* < **у* : *'риба, син*

< *е* со редукција: *ид'но, пчи'н'ица, 'зел'и, 'семи* (т. I. 1.2.1.)

< *ъ₂* (секундарно) во *'ог'ин*

< *у* со делабијализација во лексемите: *ди'ќан, л'иби'н'ица, цим'биш*

*е* < **ь* (во сите позиции): *ден, 'бол'ен (> 'бол'ин), пи'тел*

< **ę* : *зеќ, 'месу, пет*

< **ě* : *бел, 'дети, л'еп, цел*

< *а* со преглас зад меките согласки во одделни лексеми: *бах'че, шрап'чен, чес, 'чеша, пан'цек, ту'цери, 'жеби, жер, л'и'л'ек, си'л'ен'ин* (т. 1.1.4.3.)

< ъ$_2$ (секундарно) пред финалните /*р, м*/: *'едер (> 'еда̣р); 'мӑндер (> 'мӑнда̣р); 'осем, 'седем (> 'осим, 'седим)*

*ӑ* < *ъ̥ во коренски морфеми: *'ωӑнка̣, 'дӑска̣, 'дӑха̣м, 'дӑш*

< *ǫ во коренски морфеми: *'ωӑт̄ук, 'г̄ӑба̣, 'г̄ӑска̣, 'зӑби, ка̣'де, ка̣'дел'а̣, 'мӑт̄и*

< ъ$_2$ (секундарно) во коренски морфеми: *'лӑжи, ла̣'жица̣, 'мӑг̄ла̣* и пред финалното *л* : *'река̣л, 'сека̣л*

< *l̥ во секвенците /*ӑл–лӑ*/: *б'лӑхи, ωлӑк, с'лӑнци, 'ωӑлн'ин, жӑлт̄*

< *r̥ во секвенците /*ӑр–рӑ*/: *ка̣рт̄и'чина̣, 'сӑрци, рӑш, д'рӑωу, п̄рӑс*

< *е* во неакцентирана позиција пред /*р, л*/ во одреден број лексеми: *'бист̄а̣р, 'ост̄а̣р; 'киса̣л, 'п̄еп̄а̣л*

< *а* зад назал во одделни лексеми: *'мӑшт̄иха, с'нӑг̄а̣*

< место турското *ı* во заемки: *за̣м'ба, за̣'бӑн, ка̣ш'ла*

*а* < *ǫ во суфиксот *-на-* (*-*nǫ*-): *п̄а̣д'нал, л'иг̄'нал,* во наставките за 1 л. едн. и 3 л. мн. на сег. време и во 3 л. мн. на имперфектот, сп. *'бера̣ – 'бера̣т̄, 'ωика̣ха̣,* во заменките *'н'еа̣, г̄а̣*

*у* < *о* со редукција: *г̄уи'дар (г̄оωедар), чу'ωек, 'биωул, уφ'чар, 'селу* (т. I. 1.2.1.)

< со лабијализација на /*и*/ во одделни лексеми, сп. *буч'киа̣, 'п̄ешт̄ура̣, 'п̄енцура̣, учу'мен, чу'реша̣, чу'реп̄, чу'рен, шу'шарка̣* (т. I. 1.4.4.)

< стари дублети со *ǫ во: *г̄'нусин / г̄'нуса̣н, 'п̄онуда̣, т̄'рудна̣, хуруг̄'л'ица̣, ху'моќ*

*о* < *ъ̥ во суфиксите, во членската наставка за машки род и во еден број примери во коренски морфеми, сп. *'бочφа̣, мох, сон, 'ωӑт̄ук, 'п̄ет̄ук, 'т̄енук, 'нокуќ, брек – б'рег̄у, ωи'соќу*

1.2. С о н а н т и. – Сите сонанти од старомакедонскиот систем се задржале, сп. /*м*/: *мос, 'мори,* /*н*/ само пред задните вокали: *нос, 'ног̄а̣,* /*н'*/: *'бан'а̣, кон',* /*л*/ само пред задните вокали: *г̄'лаωа, 'лакуќ,* /*л'*/: *кл'уч, 'л'ут̄и,* /*р*/: *'риба̣, 'роса̣,* /*ј*/: *број, мој.* Во историскиот развој на говорот се добиле уште:

*м* < *ω* во секвенцата *-ωн-* со асимилација: *'рамну, уг̄'ламн'ик,* и од /*б*/ во групата *-бн-* во *г̄ра̣м'нуωа̣*

*н'* < *н* пред предните вокали, сп. *'н'ег̄у, 'бан'и, 'кон'и, и'ман'и, ја̣'ден'и*

< **nьј (> нј)*: *жи'бин'а̣, ра̣'мин'а̣, ух'цин'а̣*

< *н* по аналогија во финална позиција во еден број примери: *ка̣т̄'ран', дра̣'мон', п̄и'п̄он', т̄и'г̄ан', т̄у'т̄ун', учу'мен'*

*л* < *l̥ во секвенците /*ӑл, лӑ*/: *а̣'бӑлку, ωӑлк, с'лӑза̣, д'лӑг̄у*

< **l'* во неколку примери, сп. *п̄ри'јат̄ил, ду'илка*

< *н* во секвенцата *мн* > *мл* со дисимилација во лексемите со коренот *мног̄-* : *м'лог̄у, млу'зина̣*

*л’* < *l во позиција пред предните вокали и пред *j*

*р* < **r̥* во секвенците /*ăр–рă*/: '*сăрци, крăф, п̄'рăст̄и*

< * *ŕ* : '*мори*

*j* < **l′* епентетско во '*земја̣*

< *и* зад вокал во определени позиции, сп. *Буг̄у'ројца̣, к'лајнц (кладенец), с'т̄ојш, с'т̄ојми, с'т̄ојт̄и, 'мијши, за̣'сејна̣ (засеина < засеена)*

1.3. О п с т р у е н т и: Лабијалите /*б–п̄, ω*/ ги континуираат соодветните гласови од старомакедонскиот систем: '*баба̣, 'п̄ăрст̄и, 'ωину;* ново /*ω*/ е добиено:

< со протеза пред рефлексот на **ǫ* во иницијална позиција, сп. *ωа̣'дица̣, 'ωăт̄ук, 'ωăг̄л’ин*

< *х* во неколку лексеми, сп. *ку'жуωи*

*φ* < *хω* : '*φашт̄а̣, 'φăрл’а̣*

< *х* во лексемите: '*оφт̄ика̣, 'елφа, к'реφук, ку'жуφ*

< *ω* со асимилација: '*оφца̣, сφет̄, 'бочφа̣, крăφ,* и во иницијална позиција пред сонантите /*н, л, р*/: *φ'нăт̄ри, φ'л’ези, φрет̄,* и по аналогија во еден број примери, сп. '*кăдра̣φ – 'кăдра̣φиу, 'дедуφ – 'дедуφиу, 'хуба̣φиу*

< ономатопејско: *φучи, оφ*

< во значителен број туѓи лексеми: *φес, φи'н’ер, ка̣'φе*

Сите дентално-алвеоларни консонанти имаат свои соодветства во старомакедонскиот систем: '*дет̄и, т̄и, цел, 'земја̣, син.* Освен тоа добиени се и на следниот начин:

*д* < вметнато во групите -*зр*-, -*жр*-, сп. *здрел, жд'реби*

*т̄* < секундарно во групата -*ср*- : *ст̄'ребру, ст̄'реда̣, ст̄рăп̄, ст̄рам, ст̄ри'т̄ел* (т. I. 2.9.1.)

< како континуант на **tj* во групата /*шт̄*/: '*г̄ашт̄и, 'кăшт̄а̣, 'мăшт̄иха̣, 'φашт̄а̣*

*ѕ* < *з* во групата /*зω*/: *ѕ'ωезда, ѕ'ωиска̣,* во иницијална позиција пред вокал (претежно во туѓи лекеми): *ѕиω'г̄ар, ѕа̣рѕа̣'ωаќ*

*ц* < *с* во групата -*ск* : *г̄усп̄у'диндку, 'есинцку 'жит̄у, 'олцка̣ а̣ра̣'ба, п̄ри'л’еп̄цки, с'коп̄цки, у'релцки* (т. I. 2.9.3.), и во групата /*п̄с*/: *а̣п̄ца̣'на, с'т̄ип̄ца̣, т̄ип̄'циа̣* (т. I. 2.9.2.)

*з* < *ж* со дисимилација во групата /*жд*/ во лексемите од коренот *чужд* : '*чузди, чуз'дина̣*

Палаталните /*ќ–г̄́*/ се релативно нови гласови. Добиени се:

*г̄́* < во бројни случаи во туѓи лексеми, сп. *г̄́ир'дан, г̄́ол’, г̄́уб'ре, ма̣'г̄́ешн’ик*

< *г̄* пред предните вокали, сп. '*ог̄’ин, д'лăг̄’и, б'лаг̄’и*

<   *дj* во '*г̄́аул*

<   *д* во секвенцата **dь* во '*г̄оcп̄уг̄́* > *г̄оcп̄уќ*

*ќ*   <   во туѓи лексеми, сп. *ќạ'jа, 'ќел'ạф, к'и'л'им, 'ќорạф, ќу'ше*

<   *к* пред предните вокали: '*кап̄к'и, 'к'ин'и, 'к'исн'и, ωи'сок'и*

<   *кj* во членските форми од типот: '*ωет̄ќу, ωи'соќу, 'jаќу, к'рефќу, 'н'ис-ќу (< 'нискио > 'нискjу)*

<   **tь* во лексемите: '*зеќ (< *zętь), 'лакуќ, 'нокуќ, п̄ăќ, 'п̄ăрхуќ, ху'моќ* и по аналогија: *sạpsạ'ωаќ, кạс'меќ, кур'миќ (кромит̄), нạ'уќ (наут̄)*

<   *к* во туѓи лексеми во финална позиција, сп. *бу'баќ, кạ'п̄аќ (кап̄ак), кăр'л'иќ, мил'ќ*

<   место **tj* во лексемите: *Бу'жиќ, бужи'ќоωу 'п̄ос, 'ωик'и, 'п̄оωик'и, ду-мạ'к'ин, думạ'к'иᶇкạ, 'н'еќу – 'н'ек'иш, 'ќеркạ,* во наставката *-jќи* : *ωи'ка(j)к'и, ну'се(j)к'и*

Африкатот /* џ*/ освен во туѓи лексеми, сп. *џам, аџạ'миџ, г̄ул'им'џиџạ, чурбạ-'џиџạ* и др., се јавува и место **dj* во групата /*жџ*/, сп. '*рожџạ, 'ражџạ, рạж'џесạ, 'сажџạ*, како и место /*д*/ во секвенцата /*жд*/ > /*жџ*/: '*дăжџу, 'дăжџи*

*ч*   <   *ш* во секвенцата /*п̄ш*/, сп. *п̄чи'н'иџạ*

Бројот на примерите со /*ж*/ е зголемен преку рефлексацијата на прасловенската група **dj* во /*жд*/, одн. /*жџ*/, сп. '*ωежџи, 'сажџи, 'п̄ажџạ, 'рожџа* и др.

*ш*   –   исто така се добило со рефлексација на прасловенските групи **tj, *kt′* : *ω'решт̄ạ, 'г̄ашт̄и, 'л'ешт̄ạ, п̄'рашт̄ạ.*

Старите велари /*г̄–к*/ се стабилни: '*ног̄ạ, 'рăкạ.*

Добро се пази и старото /*х*/: *г̄лух, 'хит̄ạр, бех – 'бехми;* ново /*х*/ е добиено од /*с*/ и /*ш*/ во секвенци со африкатите /*џ, ч*/, сп. '*мехџи (: месо), к'ωахчи (: кωас), 'дăхчи (: 'дăш)* (т. I. 2.9.4.).

Општа е појава и во овој говор како резултат на регресивна асимилација звучните согласки да преминуваат во безвучни, а безвучните во звучни.

Безвучните согласки се добиени од звучните и во финална позиција (*л'еп̄ – 'л'ебу, брек – б'рег̄у, хрит̄ – х'риду, 'г̄осп̄уќ, нош – 'ножу, брăс – б'рăзи,* и др.).

2. *Исп̄ушт̄ање на одделни г̄ласови*

2.1. В о к а л и

Испуштањето на неакцентираните вокали пред членските наставки, видовме, е општа појава во негованскиот говор, сп. '*рубạ – 'ру:бт̄ạ, 'жен'и – 'же:нт̄и, 'п̄ол'и – 'п̄о:л'т̄у, 'селу – 'се:л'т̄у;* поретко во други позиции, сп. '*борнạ, 'кол'ди, 'п̄ел'на* (в. т. 1.4.1.).

2.2. К о н с о н а н т и

Од консонантите најчесто се испушта /ѡ/:

– во иницијална позиција пред лабијалните вокали, поретко пред /и, е/, сп. *ол (ѡол), у'лоиӣу (ѡолоѡеӣо), 'осук (ѡосок), уш'ӣинạ, улу'ѡар, уди'н'ицạ (ѡоденица), 'ими (ѡиме), ḡу 'одạ (ѡода),*

– во средината меѓу самогласки: *'биул, биу'л'ицạ, 'биулцки, ḡуи'дар, мрạ'ул-н'ик, у'лоиӣу, 'л'ебуиӣу, ӣ'раḡуиӣу (ӣраḡоѡеӣо), 'Лазуицạ (Лазоѡица), 'Миӣ-руицạ, 'Пеӣруицạ, 'н'еḡуу 'син (неḡоѡо),*

– во средината зад согласка и пред /о/: *дор (дѡор), 'изур (изѡор), зạ'ӣору-ѡạӣ 'очи (заӣѡоруѡаӣ), зạ'ӣори, у'ӣори,* и пред /у/ во *цạ'рул' – цạ'рул'и (цăрѡул'и).*

Согласката /д/ се испушта во ред случаи во интервокална позиција кај глаголите, сп. *'сеиш* (: *'седа), ḡ'раи (ḡради), 'јаиш – 'јаи* (: *'јада), 'јаạӣ (јадаӣ), сạ 'чу-иш* (: *'чуда), ӣ'реиш, ӣ'реи, ӣ'реạӣ* (: *ӣ'реда), к'и 'ѡаạӣ ('ѡадаӣ);* сп. и во други случаи: *Буḡу'ројцạ (Боḡородица), к'лаинц* / *к'лајнц (кладенец), 'деуӣу (дедоӣо), 'ӣејси (ӣедесеӣ).*

Глајдот /ј/ се испушта во интервокална позиција пред предните вокали, сп. *мој – 'мои, 'сејạ – 'сеиш, 'ӣијạ – 'ӣииш ('ӣијш), ӣии'ѡицạ (ӣијаѡица), 'ӣоис (ӣојас)* и др. Во иницијална позиција се испушта во лексемата *ạ'бăлкạ,* и во слогот *ја-* во *ḡу'ридạ (јаḡу'рида).*

Во консонантски групи најчесто се испушта /ӣ/ – редовно во финалните групи *-сӣ, -шӣ,* сп. *брес, л'ис, ӣос* (: *'ӣосӣу, 'л'исӣу), дăш* (: *'дăжџу).* Освен тоа /ӣ/ се загубило во членската наставка за машки род, сп. *б'реḡу, чу'ѡеку,* и во десетичните броеви: *иди'најси, дѡạ'најси, 'ӣејси (ӣедесеӣ), диѡиди'се,* итн.

Со загубено /х/ констатиравме само еден пример: *л'еӣ – 'л'ебуи.*

## III. ПРОЗОДИЈА

1. *Квантиӣеӣ.* – Во негованскиот говор фонетски долги вокали се среќаваат само во случаите каде што се извршила елизија на неакцентираните гласови пред членските наставки, т.н. компензациона должина, сп. *б'ра:ӣạ (брадаӣа), м'ла:ӣạ (младаӣа), 'ра:мӣу (рамоӣо), 'ӣо:л'ӣу (ӣол'еӣо), ку'л'е:нӣу (кол'еноӣо), 'н'и:ѡӣạ (ниѡаӣа).*

2. *Акценӣ.* – Акцентскиот систем во негованскиот говор е идентичен со системот во долновардарските говори (кукушкиот, солунскиот, воденскиот) со некои мали отстапувања; тој е слободен – може да стои на секој слог во фонетскиот збор и на секаков вид морфеми, со некои ограничувања кај парадигматските зборови на отворена ултима, сп. *улу'ѡар (ѡолоѡар), ḡуи'дар, дума'ќин,*

*шка'јач, изду'ѡец, ку'жуф, сиру'мах, краѡ'н'ак, мача'рок, га'лап, учу'мен, уб'рас; ѡи'сок, ди'бел, дла'бок, малч'л'иф; л'иг'наш, жи'н'еш, ра'н'еш* (на затворена ултима), *'бол'ис, зд'раѡи, 'задух, 'деѡир, ѡ'рăшн'ик, 'ѡăшук; и'шăрѡа, л'и'хуса, ду'илка, ху'л'ера, ла'жица; ѡар'шену, ху'дилу, шра'кала, бу'н'ишши, ја'ден'и, ја'рин'а; ѡди'нуѡа, ра'шиѡа; 'бол'ин, 'хишар* (на пенултима); *к'расшафиц, 'офшика, 'попара, 'мехчина, 'ноѡина, 'оснуѡа, 'посшил'а, 'понуда, 'кашл'ица, 'кихн'ица, 'жăлшица, 'подн'ица, 'мăшчиха, 'ѡариѡу, 'бабичка, 'кăшчичка; 'јагн'ишку* (на антепенултима). Бројот на примерите со акцент на четвртиот слог (од крајот), е значително ограничен. Таков акцент имаат, главно, членуваните форми кај именските зборови од типот: *'јагушкаша* (: *'јагушка), 'кочинаша* (: *'кочина), ѡ'рăбичкаша* (: *ѡ'рăбичка), г'ран'ицаша* (: *г'раница), 'биулцкиши, к'расшафиу (красшаѡиош), 'најдинаша* (: *'најдина), 'пашишшаша, 'шашкуфцииши* (: *'шашкуфци)* – сите лексеми што имаат акцент во основната форма на антепенултима. Кај зборовите со четири и повеќе слогови (во основната форма) што имаат примарен акцент на четвртиот слог или уште понапред се јавува на пенултима секундарен акцент, така што тој вид зборoформи имаат двоен акцент, сп. *'бăрдаˌѡица, 'ѡерѡеˌрица, 'гăсиˌн'ица, 'ириˌбица, к'расшаˌѡица – к'расшаˌѡицаша / к'расшаˌѡицша, 'л'ишчˌиѡица, 'пиц,ѡица – 'пицˌѡицша, 'цăрѡиˌн'ица, 'кăршиˌчина, 'хишрушˌшина, 'кукумˌјафка, 'н'еѡисˌшул'ка, 'кăркаˌрацка, 'шимјаˌнушка, 'јабанˌџиа, 'гајдаˌџиа, 'фурнаˌџиа,* кај личните имиња на *-ица* од типот *'Лазуˌица, 'Мишруˌица, 'Пешруˌица,* во сложенките: *ѡ'рăшисˌлăнци, 'цăрнуˌмурин, г'лухуˌн'ем,* и др. Ваков двоен акцент познаваат соседните лагадински (сушко-височкиот, болевичкиот) и серско-драмски говори, само што во нив акцентското правило за појавата на секундарниот акцент е спроведено консеквентно во сите зборoформи, па дури и во акцентските синтагми. Во негованскиот говор, како што покажуваат приведените примери, двојното акцентирање е ограничено на една категорија лексеми. Друго ограничување се однесува на акцентот на отворена ултима кај именските зборови. Во сите "домашни" лексеми на *-а* со старата окситонеза акцентот се поместил на вториот слог, сп. *г'лаѡа, 'жена, 'сесшра, 'река, 'ребру, 'ѡедру* и др. На последниот отворен слог акцентот се задржал во туѓите лексеми, сп. *апца'на, ара'ба, дал'га, зам'ба, ја'ка, каш'ла, нашшра'ба, па'ча, су'фа, суф'ра, су'ха, ша]'фа, фа]'да, га]'л'е, ди'ре, душу'ме, ѓуб'ре, ка'ѡе, л'уба'де, ши'пе, ќу'ше, џа'де, ципа'н'е, чи]'н'е.* Стариот акцент на отворена ултима се задржал уште кај заменските облици за ж. и с. род од типот *как'ѡа – как'ѡо, шак'ѡа – шак'ѡо, ид'на – ид'но.* Во 2-3 л. едн. аорист диктираат други услови, сп. *зи'мах* : *зи'ма.* Во непарадигматските зборови постојат други законитости, сп. *ку'га, са'га, ка'де, шакуг'и'ре* и др.

2.1. На морфолошки план акцентот е парадигматски (морфолошки фиксиран), па и во тој поглед негованскиот говор оди заедно со кукушкиот и другите

долновардарски говори, сп. (кај именките) *'баба̣ – 'баби – 'бабу – 'баба̣та̣ – 'бабити, 'река̣ – 'рек'и – 'река̣та̣ – 'рек'ити, 'сӑбута̣ – 'сӑбути – 'сӑбута̣та̣ – 'сӑбутити; 'селу – 'села̣ – 'селуту / 'селту – 'села̣та̣ / 'селта̣; 'дешир – 'дешири – 'деширу – 'деширити.* Множинската наставка *-ин'а* кај именките од с.р. на *-е* во акцентски поглед се однесува како суфикс и акцентот редовно паѓа на пенултима, сп. *'јари – ја'рин'а̣, 'мачи – ма̣'чин'а̣, ма̣'гари – ма̣га̣'рин'а̣, 'ухци – ух'цин'а;* (придавки) *'оста̣р – 'остриу – 'остра̣ – 'остра̣та̣ – 'остру – 'оструту – 'остри – 'острити;* во степенуваните форми се акцентираат и префиксот и придавката: *'по'оста̣р, 'нај'оста̣р, 'по'остра̣, 'нај'остри;* (кај глаголите) сег. време: *'јада̣ – 'јадиш – 'јади – 'јадими / 'јадми – 'јадити / 'јајти, – 'ја(д)а̣т,* имперфект: *'јадих – 'јадиши / 'јајши – 'јадихми,* аорист: *ја̣'дох – ја̣'де – ја̣'дохми – ја̣'дохти – ја̣'доха̣.*

2.2. Граматичката функција на акцентот се изразува во разликувањето на 3 л. едн. на сег. време и аористот, сп. *'шика, 'носи* (сег. вр.) : *ши'ка, ну'си* (аор.) и 1 л. едн. и 1-3 л. мн. на аор. и импф. кај глаголите од типот *шика, има,* сп. (имперф.) *'шика̣х, 'шика̣хми, 'шика̣хти, 'шика̣ха̣* : (аор.) *ши'ках, ши'кахми, ши'кахти, ши'каха̣.*

## 22. СЕКАВЕЦ

СЕКАВЕЦ (Λιβαδοχωριον), Серско, Грција.

Југоисточно наречје, серско-лагадински говори.

ОЛА 113, МДА 304.

Селото Секавец (диј. *С'акавиц*) се наоѓа недалеку од градот Серез, 18 километри северозападно од Нигрита во непосредна близина на десниот ракав на реката Струма. Неговото население до 1924 год. било чисто македонско. Во 1920 год. има 327 жители, а во 1940 - 561 жител (Тодор Симовски, *Населените места во Егејска Македонија*, I, Скопје 1978). Населението се занимавало со земјоделство. Во селото имало грчко училиште. Дијалектниот материјал е собран од емигрантите кои сега живеат во Република Македонија.

Варијанта на овој опис е објавена во IJSLP XXV-XXVI, Columbus, OH 1982.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ӑ* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.2. *Консонантизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | | | *м'* |
| | *л* | *р* | *н* |
| | *л'* | *р'* | *н'* |
| *ј* | | | |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *ӣ* | *б* | *ф* | *в* |
| *ӣ'* | *б'* | | *в'* |
| *ш̄* | *д* | | |
| *ш̄'* | *д'* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ц'* | | *с'* | *з'* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *к* | *ḡ* | *х* | |
| *к'* | *ḡ'* | | |

1.2.2.1. Нема потврда за постоење на фонемите /*ф*', *ѕ*', *х*'/; [*ф*', *ѕ*', *х*'] се јавуваат како алофони на / *ф*, *ѕ*, *х*/ пред /*и*/.

1.2.2.2. Фонемите /*ч, џ, ш, ж*/ фонетски се палатализирани [*ч*', *џ*', *ш*', *ж*'].

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите вокали можат да бидат акцентирани. Неакцентираните вокали се изговараат нешто пократко од акцентираните.

1.3.2. Акцентот е слободен и подвижен (в. 2.3.). Како дистинктивен признак тој се користи кај глаголите за разликување на аористот и имперфектот и аористот и презентот кај некои глаголи, сп. '*вика* (3 л. едн. през.) : *ви*'*ка* (3 л. едн. аор.).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Дистрибуцијата на вокалите е релативно слободна. Тие можат да стојат на почетокот, во средината и на крајот.

2.1.2. Сите вокали можат да стојат во група со секој, со некои ограничувања на фонемата /*ă*/.

2.1.2.1. Вокалот /*ă*/ не може да стои на почетокот и на крајот на зборoформите. Во група со сонантите /*р, л*/ а пред консонант на почетокот на зборoформите /*ă*/ редовно се јавува зад сонантот, сп. *рăш*, '*рăждạ*. Во средината на зборо-

формите во група со /*р, л*/ меѓу консонанти местото на /*ӑ*/ во однос на сонантот зависи најчесто од бројот на консонантите што следат, од бројот на слоговите во збороформата, понекогаш и од карактерот на соседниот консонант, сп. *кӑр'т̄’ичина̣, ш'т̄ӑркăл, 'зӑрну, цӑр'в’ен, 'фӑрл’и, дӑр'вар, жӑлт̄, п̄ӑлн,* но: *п̄рӑч, к'рӑмн’ик, ц'рӑƞка̣, т̄'рӑс’и, п̄'рӑст̄’ин, б̓лӑха̣, г̄'лӑт̄н’и, длӑк, з'лӑчка̣, с̓лӑза̣, с̓лӑнц’е̣.*

2.1.2.2. Вокалите во група со /*р*/ доста често се распоредуваат (со метатеза) како во претходниот параграф, сп. *вӑр'т̄’ену (< врет̄ено), кур'м’ит̄, п̄ур'дава (п̄родава).*

2.1.3. Секвенци од два исти вокала по правило во овој говор не се контрахираат, сп. *кум'шии, т̄'р’ииси (т̄риесе), 'саат̄’.*

2.1.4. Неакцентираните /*е, а, о*/ во сите позиции на збороформите се реализираат како [*е̣, а̣, о̣*] или се неутрализира нивната опозиција спрема /*и, ӑ, у*/ во корист на последниве, сп. *п̄е̣'т̄’ел, 'н’еп̄ц’е̣т̄о, 'ухц’е̣, п̄а̣'ун, п̄а̣т̄а̣'рок, 'јало̣в’и, до̣ма̣'з’ет̄’, чо̣'в’аче̣,* или: *з’и'л’ен, жит̄'вар, 'јајц’и, 'п̄ар’ит̄’и, г̄ув’е̣'дар, п̄у'рој, 'извур, 'с’елу, п̄рӑ'с’инца̣, рӑм'н’ица̣, г̄у'л’ам’и, 'м’еи̯ц (месец).*

2.1.5. Вокалот /*и*/ во позиција зад друг вокал се реализира како [*и̯*], сп. *б̓л’еи̯ (< бл’еи < бл’ее), 'лаи̯ (лаи < лае), 'м’еи̯ц (меиц < месиц < месец),* но и: *два̣'ица̣.*

2.1.6. Вокалот /*о*/ под акцент на почетокот се реализира како [*ᵘо*]: *'ᵘоко̣.*

2.2. *Консонант̄изам*

2.2.1. По однос на позицијата во збороформите само звучните опструенти се ограничени; тие не можат да стојат на крајот. Сонантите и безвучните опструенти можат да стојат во сите позиции.

2.2.2. Нема секвенци од звучен и безвучен опструент. Звучните не можат да стојат пред безвучните, а безвучните не можат да стојат пред звучните опструенти.

2.2.3. Палатализираноста е дистинктивна по правило пред вокалите, и тоа пред /*а*/ како континуант на **ě* во акцентиран слог, како и во случаи каде што меѓу консонантот и вокалот порано имало /*j*/, сп. *'м’ара̣, 'л’ат̄о̣, н’ам, 'р’ака̣, 'п̄’ана̣, б’ал, 'в’ара̣, 'т̄’асну, 'д’аду, 'ц’ана̣, 'с’ану; 'з’ем’а̣, з'рав’е̣, б̓рат̄’а̣, л’и'л’ак, 'з’ел’е̣, 'коз’и.* Консонантите /*л’, н’, т̄’*/ можат да се јават и пред другите задни вокали, пред консонантите и на крајот на збороформите, сп. *кл’уч, 'з’ел’ка̣, сол’, 'сол’ца̣, 'бан’а̣, д’ен’, з’ет̄’.*

Фонемите /*к’, г̄’*/ исто така не се позиционо ограничени, сп. *'к’ерка̣, т̄ӑр'чајк’и, 'к’ел’аф, г̄’и'м’иа̣, г̄’ол’.*

2.2.5. Непалатализираните опструенти не се јавуваат пред предните вокали.

2.2.6. Консонантски групи.

2.2.6.1. Од консонантските групи на почетокот не можат да стојат секвенците од *п̄ + ц, ч,* како и групата *вн,* сп. *чи'н'ица̣, 'чела̣, че̣'ларн'ик (п̄еница, п̄чела), нук, 'нӑт̄ре̣ (внук, внӑт̄ре).*

2.2.6.2. На крајот не можат да стојат групите *-ст̄, -шт̄* : *мос, п̄лош* (3.4.6.).

2.2.6.3. Исто така на крајот се необични групите од *р, л + н,* сп. *'цӑрӑн (цӑрн), 'п̄ӑл'ӑн (п̄ӑлн).*

2.2.6.4. Од другите консонантски групи треба да се истакнат како необични секвенците *ст̄р, здр, ждр,* сп. *'б̄'исро̣, 'оср'и, 'с'есра̣, с'ројн'ик, з'рав'и, ж'р'аб̄'и (сест̄ра, здравје, ждребе), т̄ск* : *б̄рацк'и, г̄у'в'ецк'и, ст̄н* : *'радо̣сн'и, шч* : *'ехчи (< ешче : еж), 'нохчи (нохче < ношче : нож), 'п̄ӑрхчи (< п̄ӑрхче < п̄ӑрсче : п̄ӑрст̄).* Меѓутоа, групата *т̄ч* овде е можна, сп. *б̄рат̄че̣, г̄у'в'ет̄че̣ (: брат̄, г̄у'ведо).*

2.2.6.5. Секвенци од два еднакви консонанта се ретки. Имаме по два-три примера само за /*ј*/ и /*т̄*/, сп. *'нај̄јак, 'п̄'ет̄т̄'и, д'е̣'в'ет̄т̄'и.*

2.2.7. Одделни консонанти.

2.2.7.1. Фонемата /*ј*/ не може да стои пред предните вокали во иницијална позиција. Во интервокална позиција во соседство со предните вокали се јавува факултативно, а најчесто и наполно се губи, сп. *з'м'ии, ку'р'и(ј)а̣.*

2.2.7.2. Сонантот /*н*/ пред тврдите велари се реализира како [*ŋ*]: *'с'аŋка̣, 'маŋг̄о̣.*

2.2.7.3. Фонемата /*в*/ пред лабијалните вокали се реализира како [*ў*]: *'ўода̣, ўол, мра̣'ўуп̄н'ик,* а често и сосема се губи (в. 3.4.5.).

2.2.7.4. Фонемите /*к'*, *г̄'*/ се многу ретки; се јавуваат, главно, во туѓи зборови (в. 3.2.).

2.2.7.5. Африкатите /*ѕ, џ*/ исто така се ретки. /*џ*/ се јавува претежно во туѓи зборови и морфеми (в. 3.2.). /*ѕ*/ има ограничена дистрибуција; се јавува, главно, во групата *ѕв* : *ѕ'в'иска̣, ѕ'в'азда̣,* поретко и на почетокот пред вокали, сп. *'ѕ'ира̣.*

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Кај парадигматските зборови разликуваме два основни акцентски типа: парадигма со морфолошки утврден акцент, сп. *'баба – 'баб'и – 'бабат̄а – 'баб'ит̄'е, 'имам – 'имаш – 'има – 'имам'е – 'имат̄'е – 'имат̄,* и парадигма со подвижен акцент: (кај именките) а) *'г̄рат̄ – г̄'радо̣в'е : г̄ра̣'до – г̄'ра̣до̣'в'ет̄о̣, 'зӑп̄ – 'зӑб̄'и : зӑ'бо – зӑ'б̄'ит̄'е̣, б̄'рада̣ – б̄'рад'и : бра̣'дат̄а̣ – бра̣'д'ит̄'е̣, 'кӑрф : кӑрф'т̄а, 'чело̣ – 'чела̣ : че̣'лот̄о̣ – че̣'лат̄а̣;* б) *к'р'ило : кр'и'лот̄о̣ – кр'и'л'а – кр'и'л'ат̄а̣;* (кај глаголите) а) *п̄'л'ет̄а̣ : п̄л'е̣'т̄'еш – п̄л'е̣'т̄'е – п̄л'е̣'т̄'ем'е̣ – п̄л'е̣'т̄'ет̄'е̣ – п̄л'е̣'т̄ат̄* (презент).

2.3.2. Во збороформите со четири и повеќе слогови, ако акцентот треба да падне на четвртиот слог од крајот, тогаш се јавува на претпоследниот слог втор акцент, кој е по јачина еднаков со првичниот, сп. *'јар'и'б'ица, к'раста'в'ица, 'б'ишин'ц'ета, 'мачин'ц'ета, 'сăбо'тата (: 'сăбота), г'радо'в'ето.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

### 3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните вокали во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у* : *'д'ира, 'р'иба, с'ин*

< *е* со редукција: *'пол'и (пол'е), пп'и'руга, сф'и'тул'ка, и'з'ик* (2.1.4.)

< *и* со делабијализација во одделни лексеми, сп. *и'н'ица (< јуница)*

*е* < **ь* : *д'ен', у'ц'ет'*

< **ę* : *г'р'еда, 'чедо*

< **ě* во неакцентиран слог: *р'ę'каша (: 'р'ака), п'ęсок'л'иво 'м'асто (: 'п'асук)*

< секундарниот *ъ₂* пред крајното /*р*/: *'в'ат'ęр*

< секундарно во примерите од типот *'черво, 'цăр'ęн, 'пăл'ęн* покрај *'пăл'ăн*

*ă* < **ъ* во коренски слог: *'бăчва, дăш, мăх, сăн*

< **ǫ* во коренска морфема: *'гăба, 'гăска, 'кăшта, пăт', п'рăчка*

< секундарно: *лă'жица, 'мăгла, 'цăфт'и*

< **r̥* во група со /*р*/: *'гăрло, врăх, ц'рăква*

< **l̥* во група со /*л*/: *б'лăха, г'лăтн'и, жăлт*

< *е* во неакцентирани слогови (со редукција, најчесто пред сонантите *р, л, н*): *'вечăр, 'габăр, 'осăр, 'х'итăр, 'вăнѕăл, 'к'исăл, ш'тăркăл, 'арăн, 'жедăн, 'кожăн, 'с'итăн*

< *ı* во турски зборови: *а'хăр, 'ајгăр, кăс'м'ет'*

*а* < **ǫ* во афикси: *пад'нал, б'ę'рат*

< **ě* во акцентирани слогови: *'д'адо, ѕ'в'азда, жи'л'азу, м'л'аку, н'ам, 'т'асту, 'ц'ап'и, чу'в'ак*

*о* < **ъ* во афиксни морфеми: *плă'жок, ру'чок, 'носо (< носот)*

*у* < *о* во неакцентирани слогови (со редукција): *гу'л'ам, 'госпут', 'д'аду, 'д'енуви, лув'циа, 'нокут', ку'л'ива* (в. 2.1.4.)

< *и* со лабијализација во одделни случаи, сп. *чу'р'еша, чу'в'иа*

### 3.2. *Консонантизам*

Консонантите /*j, л, р, м, н, п, б, т, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, г, х*/ потекнуваат од соодветните консонанти во појдовниот систем, со исклучок на позициите пред предните вокали каде што се добиле /*м’, н’, л’, р’, п’, б’, в’, т’, д’, ц’, с’, з’*/ (в. 2.2.3.).

Освен тоа:

*j* < *и* зад друг вокал во одделни случаи, сп. *в'р’и̯ (< врии < врие), 'м’еи̯ц (< меиц < месиц)* (в. 2.1.5.)

*л* < *l′ во одделни случаи: *пр’и'јат’е̣л, ду'илка̣, ц’и'д’илка̣,* и др.

< *l̥ во група со /*ă*/: *вăлк, жăлт, д'лăго̣, с'лăза̣*

*л’* < *l′ : *кл’уч, кă'д’ел’а̣*

< *lь : *сол’, 'зел’ка̣*

*н* < *ń во одделни позиции и случаи, сп. *и'м’ина̣, 'с’ирăн’и (< сирење)*

*н’* < *ń : *бан’а̣, кон’*

< *nь : *д’ен’*

< *н* аналошки во одделни примери, сп. *ба̣л'кан’*

*р* < *ŕ

< *r̥ во група со /*ă*/: *сăрп, 'сăрц’е̣, трăн, рăш*

*ф* < *хв* : *'фојна̣, 'фал’а̣м*

< *х* во поодделни лексеми, сп. *'елфа̣, 'лопуф, суф*

< туѓо: *фес, 'фурна̣*

< ономатопејско: *оф, 'фучи*

*в* < *w

< *ø* (како протеза) пред континуантот на иницијалното *ǫ, сп. *'вăгл’ин (< вăгл’ен), 'вăтук*

*т* < *t′ во група со *ш* : *'кăшта̣, п'л’ешт’и*

*т’* < *-tь : *з’ет’, 'лакут’, пăт’*

< *tь̯j : *б'рат’и, ц'в’ет’е̣*

< аналошки на крајот, сп. *а'јат’, 'саат’, су'фат’, у'ц’ет’*

*д* < *d′ во група со *ж* : *'в’ажд’и, 'м’ежда̣*

*д’* < *-dь : *'госпуд’ > 'госпут’*

*ц* < *č во групата *čr̥- : *'цăрăн*

< *с* во групата *пс* : *'вапца̣*

*ѕ* < *з* во групата *зв* : *ѕ'в’иска̣, ѕв’ар,* и на почетокот пред вокал во поодделни лексеми: *ѕе̣в'гар, 'ѕ’ира̣*

*з* < *ʒ

*ч* < *ш* во групата *пш* : *чи'ница̣ (< пченица < пшеница)*

*ц̣* < во туѓи зборови и морфеми, сп. *ц̣еп, лув'ц̣иа̣*

< *ж* во одделни случаи, сп. *ну'ц̣иӈка̣* (дем. од *нога*)

*ш* < *t′ во група со *т* : '*кашта, с'в'ашта, 'фашта*

*ж* < *d′ во група со *д* : '*в'ажд'и, 'м'ежду*

*к'* < *t′ во неколку лексеми и во морфемата *-јк'и,* сп. *дома'к'ин, 'к'ера, (к'е), тар'чајк'и*

*г'* < во туѓи зборови, сп. *г'ол', г'он, г'и'м'иа*

*х* < *ш* во групата *шч* во: '*нохчи (< носче* : *нос), 'ехчи (< ешче* : *еж)*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиени од безвучните, а безвучните од звучните како резултат на регресивна асимилација по звучност.

3.2.2. Безвучните опструенти на крајот се добиени и од соодветните звучни парници.

3.3. *Прозодија*

Појдовниот систем не претрпел понатамошни фонолошки прозодиски промени, но се извршени значителни морфолошки промени (сп. 2.3.).

3.4. *Губење на поодделни гласови*

3.4.1. Неакцентираните вокали поради квалитетската редукција во повеќесложните зборoформи често се губат, особено пред членските морфеми, сп. '*јарб'ица* покрај '*јар'и'б'ица, ба'б'инта (бабината), сла'б'инта (слабината), сп'л'инта (спл'ината).*

3.4.2. Вокалот /*о*/ редовно се губи на почетокот во: '*пашка (опашка), 'п'инц'и (опинци).*

3.4.3. Сонантот /*ј*/ се губи пред предните вокали, сп. *е'л'ен, 'ес'ин.*

3.4.4. Опструентот /*п*/ се губи во почетната група *пч* : *чи'н'ица (пченица)* (в. 2.2.6.1.).

3.4.5. Согласката /*в*/ често се губи пред лабијалните вокали, сп. '*ода (вода), 'осук (восук), улу'вар (воловар), у'дар (водар), уд'и'н'ица (воденица), 'б'иул (бивол), б'иу'л'ица (бивол'ица), п'рау (право), 'ујко (вујко).*

Исто така се губи /*в*/ и во секвенцата *вн* на почетокот: *нук, 'нука (внук), 'натре (внатре)* (в. 2.2.6.1.), и во заменките '*с'ек'и, 'с'ите.*

3.4.6. Консонантот /*т*/ редовно се губи во групата *стр* : '*с'есра, срах, с'р'аха* 'стреа', во крајните групи *-ст, -шт* : *пос, 'пăрс, дăш, плош,* на крајот кај броевите од типот *д'вајс'и, п'ид'и'с'е (дваесет, педесет).*

3.4.7. Гласот /*д*/ редовно се губи во групата *здр* : *зраф.*

3.4.8. Консонантот /*х*/ се загубил во групата *хл,* сп. *л'ап, 'ладно.*

3.5. *Метатеза*

Извршена метатеза наоѓаме во заменските форми изведени од *wь̑s-, сп. *с’ак, 'с’ак’и, 'с’ек’и, 'с’ичк’и, 'с’иш̄’ẹ.*

## 23. ПЛЕВНА

ПЛЕВНА (Πετρουσσα), Серско, Грција.

Југоисточно наречје, серско-лагадински говори.

Драмски говор.

ОЛА 113а, МДА 299.

Селото Плевна се наоѓа нешто малку позападно од градот Драма. До 1944 год. во селото имало околу 1.000 семејства, од кои само десетина грчки, доселени во 1922 год. од Мала Азија. Во 1944 год. голем дел од македонското население се раселило. Околу 600 семејства емигрирале во Бугарија и во Југославија. Населението се занимавало со земјоделство. Во селото имало грчко основно училиште од 4 класа.

Описот е прв пат објавен во ГЗбФ-лФ 4, Скопје 1978.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ӑ* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.2. *Консонантизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | | | *м'* |
| | *л* | *р* | *н* |
| | *л'* | *р'* | *н'* |
| *ј* | | | |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *п* | *б* | *ф* | *в* |
| *п*’ | *б*’ | *ф*’ | *в*’ |
| *т* | *д* | | |
| *т*’ | *д*’ | | |
| *ц* | | *с* | *з* |
| *ц*’ | | *с*’ | *з*’ |
| *ч* | | *ш* | *ж* |
| *к* | *г* | *х* | |
| *к*’ | *г*’ | | |

1.2.2.1. Нема потврда за постоење на фонемата /*х*’/; [*х*’] е алофон на /*х*/ пред /*и*/.

1.2.2.2. Фонемите /*ч, ш, ж*/ фонетски се палатализирани [*ч*’, *ш*’, *ж*’].

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите вокали можат да бидат акцентирани. Акцентираните вокали се изговараат малку нешто подолго од неакцентираните.

1.3.2. Акцентот е слободен и подвижен (в. 2.3.). Како дистинктивен признак тој се користи кај глаголите во презентот и аористот кај некои глаголски типови, сп. '*игра̣,* '*нос*’*и* (3 л. едн. през.) : *иг*'*ра, но*'*с*’*и* (3 л. едн. аор.).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Сите вокали можат да стојат на почетокот, во средината и на крајот на збороформите.

2.1.2. Во принцип сите вокали можат да стојат во група со секој.

2.1.3. Исто така е слободна дистрибуцијата на вокалите и во однос на консонантите.

2.1.4. Секвенци од два исти вокала не се чести, но во принцип се можни. Само во неколку случаи е констатирана контракција, сп. '*ма:ла̣ (< маала < махала),* '*са:т (саат).*

2.1.5. Вокалите /*е, а, о*/ во неакцентиран слог во сите позиции на зборофор-мите подлежат на редукција и имаат алофони [*ẹ, ạ, ọ*], сп. *ẹ'з'ик, 'кам'ẹн', в'р'а-м'ẹ, 'йол'ẹ, 'з'ел'ẹ, 'вадạ, кạ'кăф, нạу'чил, слạ'в'еј, 'в'инọ, с'шарọ, 'дојдọх,* или се не-утрализира нивната опозиција спрема /*и, ă, у*/ во корист на последниве, сп. *й'и'ра, й'и'ш'ел, ѓлạ'в'инạ, слạ'н'инạ, ду'бăр, ѓу'л'ам, су'как, 'лобудạ, 'радус, у'р'ел, у'ц'еш'.*

2.1.6. Фонемата /*ă*/ во неакцентиран слог се изговара нешто поотворено од нормалното акцентирано /*ă*/, поблиску до /*а*/. Во оваа позиција тоа се изедначи-ло фонетски со редуцираното неакцентирано /*а*/ и имаме алофон [*ạ*], сп. *ѓạс'ẹ-'н'ицạ (ѓăсеница), кạ'д'е, сạ'б'ирạ, к'рошạк, 'й'ешạк.*

2.1.7. Вокалот /*ă*/ зад палатализирана согласка во членската морфема за м.р. во неакцентиран слог се изговара нешто понапред и позатворено, сп. *'кон'ẹ, 'йăш'ẹ.*

2.1.8. Вокалот /*о*/ под акцент се реализира како [*ᵘо*], сп. *'ᵘоблạк, 'ᵘобрạс, 'ᵘоѓạн', 'ᵘочи, ѓᵘол, кᵘон', 'мᵘол'бạ.*

## 2.2. *Консонаншизам*

2.2.1. Сонантите и безвучните опструенти можат да стојат во сите позиции на зборoформите – на почетокот, во средината и на крајот.

Звучните опструенти не можат да се јават на крајот.

2.2.2. Нема секвенци од звучен и безвучен, како и од безвучен и звучен, вклучувајќи ја и фонемата /*в*/, само со тоа ограничување што /*в*/ зад безвучен опструент подлежи на прогресивна асимилација, сп. *сфаш, шфој.*

2.2.3. Сите консонанти пред предните вокали се палатализирани.

2.2.4. Палатализираноста е дистинктивна пред /*а*/, пред консонант и на кра-јот, сп. *'м'арạ, 'н'акуј, д'ен', 'л'ашọ, 'л'уд'и, 'бол'кạ, 'з'ел'кạ, сол', ѓр'ах, цар', б'ал, 'й'анạ, 'в'арạ (*: *'варạ* – глагол*), дв'а, 'д'адọ (*: *'даде), д'ал (*: *дал* – глагол*), 'ш'алọ, з'еш', й'еш', йăш', ц'ал, 'с'ам'и (< с'ам'е* : *'сами).*

Фонемите /*к', ѓ'*/ не се позиционо ограничени, сп. *к'еф, к'ар, к'ор, к'умк, 'к'ишкạ, ѓ'ол', ѓ'ум, 'ѓ'ер'ис.*

2.2.5. Фонемата /*ј*/ не се јавува во иницијална позиција пред /*е*/, а во интер-вокална позиција пред /*е*/ се среќава ретко, а најчесто наполно се губи.

2.2.6. Фонемата /*л*/ се јавува пред задните вокали, на крајот на зборoформи-те и пред консонант, сп. *ѓ'лавạ, ѓ'лувọ, лој, дал*; пред предните вокали и пред консонантите /*к, ц, ч*/ се јавува само /*л'*/, сп. *'йол'ẹ, л'ис, вăл'к, 'йал'ц'и, й'и-'ш'ел'че (*: *йи'шел).*

2.2.7. Пред веларните /*к, ѓ*/ сонантот /*н*/ има алофон [*ŋ*], сп. *'ѓраŋкạ, ф'раŋѓạ,* а пред палатализираното /*к'*/ се реализира како /*н'*/, сп. *ѓ'ран'к'и, 'ш'ен'к'и.*

2.2.8. Согласката /*в*/ на почетокот пред заден вокал, а особено пред лабијалните /*о, у*/ се реализира како [ў], сп. *ўар, 'ўăрбạ, 'ўујкọ, 'ўуол* покрај *уол.*

2.2.9. Фонемите /*к', ѓ'*/ се многу ретки; се јавуваат претежно во туѓи зборови.

2.2.10. Секвенци од два еднакви консонанта се ретки; во материјалот ги најдовме само геминатите *дд* : *нạд'давạм,* и *нн* во примери како *'паннạ (падна), 'с'еннạ (седна), 'еннọ (едно).*

2.3. *Прозодија*

2.2.5.6. Фонемите /к', ѓ'/ исто така се многу ретки. И тие се јавуваат, главно, во туѓи зброформи, сп. *к'ар* (т. *kâr*), *'к'едер* (т. *keder*), *к'еф* (т. *keyif*), *'к'ера* (алб. *qerre*), *'к'ил'им* (т. *kilim*), *кек'* (алб. *keq*); *ѓ'окс* (т. *qöğüs*), алб. *qjoks*), *ѓ'ол* (т. *göl*), *ѓ'ум* (т. *gügüm, güüm*), *ѓ'ал* (алб. *gjallë*), *ме'руѓ'ја* (гр. *μυρωδια*). Само во неколку случаи /к'/ се среќава во словенски зборови, сп. *'век'е, ӣо'век'е, б'рак'ја, с'вак'ја, ӣ'рек'ја, ӣрек''јаӣа, ӣ'рек'и* (в. 2.2.5.4.).

2.2.5.7. Фонемите /к, ѓ/ не можат да се јават пред вокалите /и, е/ и во таа позиција нивниот изговор се неутрализира со изговорот на /к', ѓ'/, сп. *к'исе'л'ина, 'к'иска, 'к'исни, би'ӣолцк'и, с'к'ела, с'к'еӣар, ш'черк'е, ви'сок'е; 'ѓ'имни, из'ѓ'имни.*

2.2.5.8. Фонемата /х/ е ретка. Се јавува, главно, во туѓи зборови на почетокот, поретко во друга позиција на зборот, сп. *'хаир, 'халал, 'хоџа, ах'чија, их'ӣибар, сӣа'хија, с'ӣомах,* и само во два словенски примера е забележана: *хр'ӓн, дух.*

2.3. *Продозија*

2.3.1. Акцентот е фиксиран на вториот слог од крајот (пенултима) во двосложните и во повеќесложните зборови, сп. *'камен – ка'мено – ка'мен'ја – камен''јаӣа, 'ӣол'е – ӣол'е'нишча, си'рома – сиро'маси – сирома'сиӣи.*

2.3.2. Клитичките зборови со акцентираните образуваат акцентски целости, во кои акцентот исто така доследно стои на пенултима, сп. *б'раӣ-ми, мај'ка-ми, му-'рекој, де'ду-ми, курӣул'и'сај-ме, до'ма-е, варни'ӣе-се, ни'кој-ӣаӣ, 'кој 'не-зне 'за-ниј.* Во негираните синтагми со глагол и кратка заменска форма

во препозиција редовно се акцентира и партикулата за негација, сп. *'не-му пуш'чиме к'нига, 'не-јо 'бије, 'не-се гри'жејте, 'не-ни го-п'росви.*

Во контрахираните зборoформи местото на акцентот не се менува, сп. *ус'там (< уставем), за'веш (< заведиш).*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

### 3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните вокали во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у* : *син, сит*

*е* < **ь̥* : *ден, с'тарец, т*$^{i̯}$*äсен*

< **ě* во неакцентиран слог, сп. *'човек, ве'рата, ре'ката, гре'ови, 'орej* (в. 2.1.6.)

< **ę* во неакцентиран слог: *'девет, вр*$^{i̯}$*äме,* или во група со /*м*/ (пред лабијална преградна согласка): *че̨мб'рица,* и со /*н*/ (пред дентална и веларна согласка): *бра'тучент, ен'дарва, л’ен'дина, пен'десе, ен'гул’а, угл’ен'дало* (в. 2.1.6.)

< *а* зад палатален консонант во неакцентиран слог: *је'ремче, 'појес, 'чел’ет, бе'л’ичеф, 'кочен*

< секундарно во групата **čer-* : *чер*$^{i̯}$*äсло, чер*$^{i̯}$*äво, чер*$^{i̯}$*äшна*

*ä* < *а* во позиција по /*ј, ж*/ во акцентиран слог: *'јäгне, 'јäјце, јäс, 'јäскај, 'јäстје, јäшл’и, ж*$^{i̯}$*äба, ж*$^{i̯}$*äл’ен, ж*$^{i}$*äр*

< **ě* во акцентиран слог: *б*$^{i}$*äл, д*$^{i}$*äл, р*$^{i}$*äч, н*$^{i̯}$*äшчо, н*$^{i̯}$*äкој, т*$^{i̯}$*äмен* ‘нивни’, *вид*$^{i̯}$*äно, им*$^{i̯}$*äше, б*$^{i}$*äј, жл’*$^{i}$*ä, жен*$^{i̯}$*äтуј* (дат. едн.), *себ*$^{i̯}$*äси, дв*$^{i}$*ä, дв*$^{i̯}$*äсте, вид*$^{i̯}$*äјте*

< **ę* во акцентиран слог: *јäзик, ж*$^{i̯}$*äтва, ч*$^{i̯}$*äсто, т*$^{i}$*äшк,* или во група со /*н*/ (пред нелабијален преграден консонант): *'јäндро, р*$^{i}$*äнт, гр*$^{i̯}$*äндел, гр*$^{i̯}$*äнда, п*$^{i̯}$*äнда, з*$^{i}$*äнт*

*ӥ* < во туѓи зборови: *'дӥк’ан, 'дӥл’бер, дӥ'шеме* (в. 2.1.7.)

< со контракција: *да т-ӥ-с'пера (да ти јо испера), да т-ӥ-'суша (да ти јо исуша), 'јäскај 'ј-ӥ-та ('јаскај јо ита)* (в. 3.4.1.)

*ă* < во туѓи зборови: *'азăр* (т. *hazır*), *'кăсмет* (т. *kısmet*) (в. 2.1.8.)

*а* < **ǫ* : *гасе'ница, г'насен, ка'пина, 'кашча, 'мака, маш, 'рака, 'вагл’ен, в'натри,* и во група со /*м*/ (пред преградна лабијална согласка): *'гамба, 'дамбо,*

*'замби, сам'бот̄а, г̄о'ламби, г̄'ламбок,* и со /*н*/: *(жа) 'банди* ‘ќе биде’, *г̄'ранди, кан'дел’а, 'мандар, 'п̄анди, 'санди, 'сандач, же'ланди, 'канкол’, к'ранг̄о, ван'г̄орец*

< секундарниот *ъ*$_2$ во сите позиции, сп. *'манг̄ла* (со секундарно *н*), *'ог̄ан, 'седам, 'осам, в*$^{i}$*ӓт̄ар, 'ост̄ар*

< **r̥* во група со *р* : *'барг̄уј, 'дарво, 'г̄арми, сарп̄, 'чарно*

< **l̥* во група со *л* : *ал'ц̦ица* ‘лажица’, *'бала* ‘болва’, *'далг̄о, калк, 'п̄ално, 'салѕа, 'салце* ‘сонце’, *'малчи, 'малѕи, жалт̄*

*у* < **wь* во случаи како: *'цут̄и, да у'суни*

< *о* во неакцентирана позиција во одделни случаи, сп. *уб*$^{i}$*ӓсви, (да) убл’*$^{i}$*ӓчи, (да) у'буви, (да) п̄уг̄л’*$^{i}$*ӓнда, у'п̄инци, у'п̄ут̄а, убу'вејне, у'п̄аши, у'бет̄к’е, ку'шул’а, уг̄л’ен'дало, п̄у'л’ица, су'вел’ка, 'кунуп̄* ‘коноп’, *уб'рази* (после и: *'убрас*)

*о* < **ъ̥* : *сон, дошч, п̄*$^{i}$*ӓсок, п̄*$^{i}$*ӓт̄ок*

3.2. *Консонант̄изам*

Консонантите /*ј, р, м, н, п̄, б, т̄, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, г̄*/ потекнуваат од соодветните консонанти во појдовниот систем. Освен тоа:

*ј* < *и* зад друг вокал во одделни случаи: *'дојди, ој (оди), мој (можи), г̄р*$^{i}$*ӓј (г̄р*$^{i}$*ӓди)*

< *е* зад вокал кај броевите од 11–19 и во десетиците: *иди'најсе, д'вајсе (< дваесет̄)*

< *њ* со декомпозиција на мекоста: *ку'п̄ејне, п̄е'ајне*

< **х* на крајот и пред консонант во одделни случаи и во наставките за аорист и имперфект: *'ореј, кај'т̄ица, г̄'лујци, 'рекој, ре'којме, ре'којт̄е*

< хијатско: *кла*$^{i}$*ӓнец, 'л’ијот̄ (л’ивот̄), ви'каје, дој'доје*

< аналошко: *'барг̄уј* (*брг̄о*), *'т̄искај* (*т̄и*)

*л* < **l* со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

< **l̥* во група со *а* : *валк, 'вална, 'п̄ално* (в. 3.1.)

*л’* < **l′* : *л’ут̄, кл’уч*

< **l* во позиција пред предните вокали и пред *ј*

*р* < **ŕ*

< **r̥* во група со *а* : *'п̄арст̄и, 'сарце, вар* ‘врв’

*м* < **ę* во група со /*е*/ пред лабијална согласка: *чęмб'рица*

< **ǫ* во група со /*а*/ пред лабијална согласка: *'замби, 'г̄амба, сам'бот̄а*

< *б* во групата *бн* : *г̄'ремни* (*г̄ребни*), *д'ремно* (*дребно*), *из'г̄имна* (*изг̄ибна*)

< *в* во групата *вн* : *'рамно*

< со епентеза пред *н* во одделни случаи: *да п̄'римни, да с*$^{i}$*ӓмни*

*н* < **ń* : *кон*

< *ę во група со /е/ и /ä/ пред нелабијална преградна согласка: *бра'ту-чент – братуч$^{i̯}$äнди, л'ен'дина, девен'десе, ч$^{i̯}$äндо – чен'дото, пр$^{i̯}$äнди, прен'дено, з$^{i̯}$äнт – зен'тови*

< *ǫ во група со /а/ пред нелабијална преградна согласка: *г'ранди, 'сан-ди, же'ланди, дранк, 'канкол, кранк, ланк, ван'горец*

*б* < секундарно во групата *мб + р, л* во одделни случаи, сп. *мб'ладо, мб'рамор, мб'равја, м'борје, 'умбри, умбр$^{i̯}$äн'је,* покрај: *младо, мрамор, мравја, умри*

*ф* < *хв* : *'фарла, 'фашча, (да) 'фати, 'foja*

< *в* во групата *св (> сф)* : *с'фето, сфој, с'фите* (в. 2.2.4.6.)

< *пв* во случаи како: *'куфа (< купва), ра'сифа* (*расипва,* в. 2.2.4.4.)

< ономатопејско: *'фучи*

< во туѓи зборови: *'фајда, фам'брика, фа'рисеј*

*в* < *w

< како протеза: *'вагл'ен, ван'горец*

< хијатско: *'мува, па'зува, 'сувар, 'уво* (в. 2.1.3.)

< *у* кај глаголите во примери од типот *'купви (> куфи), со'берви*

*т* < секундарно во групата *ср (> стр)* : *страм, стр$^{i̯}$äда, стр$^{i̯}$äбро* (в. 2.2.4.10.)

*д* < секундарно во групите *зр, жр (> здр, ждр)* : *здрак, ждр$^{i̯}$äбе* (в. 2.2.4.10.)

*ϑ* < во туѓи лексеми, сп. *'ϑарос* (*ϑαρρος*), *ϑи'риа* (*ϑηριον*)

*ð* < во туѓи зборови: *ðас'кала, ðиас'тима*

< *д* во неколку зборови: *'варðи, 'марðа* (*варди, марда*)

*ц* < *с* во групите *ск* : *не'бецки, 'царцк'и* (в. 2.2.4.6.), *пс* (> *пц,* в. 2.2.4.4.), *тс* : *(да) оц'вије, о'цамо (отсамо)*

*ѕ* < *ʒ : *б'лаѕе, 'ноѕе*

< *з* во групите *зв, лз, рз, нз,* и во одделни случаи пред вокал, сп. *'малѕи, 'салѕа, 'варѕом* (в. 2.2.4.7.), *'ѕирка, 'ѕевгар*

*з* < *ʒ

*ч* < *ш* во групата *пш* : *пче'ница* (в. 2.2.4.4.)

< *t′ во група со *ш* : *'гашче, 'кашча, л'$^{i̯}$äшча, маш'чеја, ношч, 'овошч, 'пешча, п'лашча, п'л'ешчи, св$^{i̯}$äшча, вр$^{i̯}$äшче, 'горешч, ш'черка*

< *t′ во секвенцата *шт,* сп. *ог'нишче, к'л'ешчи, ш'чипа*

*џ* < во туѓи зборови и морфеми, сп. *џам, џе'латин, 'хоџа, бостан'џија* (т. *bostancı*)

< *d′ во група со *ж,* сп. *в$^{i̯}$äжџа, 'межџа, на'межџу, 'сажџа, чуж'џинец*

< *d′ во секвенцата *жд* : *'дожџо, дож'џови*

< *ж* зад *л, р* : *'далџи, ал'џица, 'дарџи* (в. 2.2.4.7.)

*ш* < *t′ во група со *ч* : *'гашче, 'кашча, п'л'ешчи* (в. други примери кај *ч*)

    < *с* во групата *сл,* сп. *'јашл'и, 'мишл'и, шл'*$^{i}$*ǟп, маш'л'ина* (в. 2.2.4.6.)
*ж* < **d′* во група со *џ* : *'межџа, 'сажџа, 'чужџо* (в. кај *џ*)
    < *з* пред *л* : *ижл'*$^{i}$*ǟзи, жл'*$^{i}$*ä* (в. 2.2.4.6.)
*к'* < во туѓи зборови: *'бек'ар, к'ар, 'дйк'ан* (в. 2.2.5.6.)
    < место **t′* во неколку одделни лексеми: *ӣо'век'е, с'вак'ја*
    < **tьj* во некои случаи, сп. *б̄'рак'ја, т̄'рек'и* (в. 2.2.5.6.)
*ḡ'* < во туѓи зборови: *ḡ'ол, ḡ'ум*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиле од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни како резултат на регресивна асимилација по звучност.

3.2.2. Безвучните опструенти на крајот на зборoформите се добиле и од соодветните звучни опструенти.

3.3. *Прозодија*

Дистинктивната функција на акцентот е отклонета со фиксирањето на акцентот опишано во 2.3.

3.4. *Губење на одделни гласови*

3.4.1. Вокалите често се испуштаат во проклитичките зборови ако следните зборoформи почнуваат со вокал, сп. *ж-'ода (жа-), д-'ода (да-), н-'ести (не-), н-утри'ната (на-), м-'изе (ме-), г-у'пита (го-), ј-у'пита (јо-), да т-й-с'пера (да ти јо испера).* Поретко и во други комбинации, сп. *најд-ена ста'рица, да т-й-'суша (да ти јо исуша), 'јäскај 'ј-й-та (јäскај јо 'ита).*

3.4.2. Назалот /*н*/ се губи во групата *лнц,* сп. *'салце (салнце).*

3.4.3. Фонемата /*в*/ се губи во одделни случаи во интервокална позиција, сп. *'л'ијот (л'иот < л'ивот), клам (клавам), не т-ус'там (оставам), пл'*$^{i}$*ä (пл'ева)* и во групата *нтв* : *жв*$^{i}$*äнтар* (*жетвар*).

3.4.4. Опструентот /*в*/ редовно се губи во членската морфема за машки род, сп. *'дено, чов*$^{i}$*äко,* на апсолутниот крај и во броевите од 11–19 и во десетиците, сп. *два'најсе, д'вајсе, четир'јесе, пен'десе,* како и во примерите *'госпо, 'напре,* во одделни случаи на крајот во групата *-ст* : *'радос, 'жалос,* потоа во групите *тн* (*'сени < сетне*) и *тк* (*'окам < откам*).

3.4.5. Фонемата /*д*/ во ред случаи се загубила во интервокална позиција, сп. *гос'поин (господин), г'ран'ја (градина), за'веш (заведиш), ако го 'виш (видиш), да ош (одиш), гр*$^{i}$*äј (гр*$^{i}$*äди), кла*$^{i}$*äнец* (*кладенец*), *три'јесе (тридесет),* и во групата *дн* : *'ена, 'ени (едни), 'енаш (еднаш), да 'пани (падни), с*$^{i}$*äна* (*седна*), *'нови (днови)* (в. 2.2.4.4.).

3.4.6. Фонемата /*х*/ се загубила во ред случаи на почетокот на збороформите, сп. *л’$^{i}$ӓп̄, 'оди,* регуларно во интервокална позиција, сп. *дуо'вит̄и, г̄'рот̄а (г̄реот̄а), 'реат̄* (алб. *rehat*), *маш'чеја (машчеха),* и многу често на крајот на збороформите и пред консонант, сп. *г̄ра, г̄р$^{i}$ӓ* (*г̄рев*), *м$^{i}$ӓ* (*мев*), *п̄ра, 'уп̄ла, 'ит̄и* (< *ихт̄и* ‘сака’), *'дуни* и др.

3.5. *Мет̄ат̄еза*

Метатеза е извршена: во заменскиот корен **wь̭s*-, сп. *све, с'вечко, свеч'каво,* во глаголот ‘јава’, сп. *в$^{i}$ӓн’јu, вје'јина,* како и во зборовите *'ларо (рало), 'лурче (рулче), зве, 'сана (снаа), ал'т̄ица (лат̄ица), 'ѕег̄вар (ѕевг̄ар).*

## 26. ВАМБЕЛ

ВАМБЕЛ (Μοσχοχωριον), Костурско, Грција.

Југоисточно наречје, костурско-корчански говори.

Костурско-корешчански говор.

ОЛА 107, МДА 377.

До 1949 год. селото имало околу 700 жители, сите православни Македонци. Имало доста доселеници од околните села. Во селото имало грчко основно училиште со 4 класа. Постарите жители знаеле албански, помладите и грчки. Порано економски центар била Корча, подоцна Костур и Лерин. Денеска селото е напуштено, летно време доаѓаат овде Власи да ги пасат овците.

Постои предание дека селото пред 200–300 години било влашко. Го опустошила некоја епидемија, а подоцна се населиле Македонци.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ă* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.2. *Консонантизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л’* | *р* | *н* |
| *ј* | | | |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *ӣ* | *б* | *ф* | *в* |
| *ш̄* | *д* | | |
| *ц* | | *с* | *з* |
| *ч* | | *ш* | *ж* |
| *ќ* | *ѓ̄* | | |
| *к* | *ḡ* | | |

1.2.2.1. Консонантите /*ч, ш, ж*/ се изговараат помеко отколку во литературниот јазик.

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите вокали можат да бидат акцентирани. Акцентираните вокали по правило се изговараат нешто подолго од неакцентираните.

1.3.2. Должините добиени со контракција (в. 2.1.4.) и со компензација (в. 2.1.5.) не се фонолошки релевантни.

1.3.3. Акцентот е ограничено слободен (в. 2.3.).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Дистрибуцијата на вокалите е релативно слободна, со некои ограничувања на фонемата /*ă*/. Фонемите /*и, е, а, о, у*/ можат да стојат на почетокот, во средината и на крајот на зброформите, пред и зад поодделни консонанти.

2.1.2. Фонемата /*ă*/ не може да стои на апсолутниот крај на зброформите, а во почетокот се јавува само пред консонантската група со /*р*/, сп. '*ăржа, ăрш.* И секвенцата *рă* > *ăр,* сп. '*ӣăрчка, кăрсш̄а'вица (< ӣрăчка, крăсш̄авица),* освен кога е во група со назал: *крăнк, ḡрăнди.*

2.1.3. Сите вокали можат да стојат во група со секој освен на почетокот и со некои ограничувања на вокалот /*ă*/.

2.1.4. Два исти вокала во непосреден контакт, ако не се на составот меѓу префикс и коренска морфема, во одделни случаи се контрахираат.

2.1.5. Вокалот /*и*/ во неакцентиран слог зад друг вокал се реализира често како [*i̯*], при што претходниот вокал нешто малку се удолжува, сп. '*мо·i̯ш̄е.*

2.1.6. Во вокалните групи со /у/ како прва компонента зевот често се отклонува со вметнување на /в/, сп. *'мува, йер'дуви, йа'зува.*

2.2. *Консонанйизам*

2.2.1. Сите сонанти можат да стојат во почетна, средишна и крајна позиција.

2.2.2. Безвучните опструенти исто така можат да стојат во сите позиции на зборот.

2.2.3. Звучните опструенти не можат да се јават на апсолутниот крај.

2.2.4. Нема консонантски групи во кои би се нашле и звучен и безвучен опструент, со исклучок на фонемата /в/ во некои случаи.

2.2.5. Консонантски групи.

2.2.5.1. Денталните плозиви /*й*, *д*/ не можат да стојат пред африкатите, сп. *'жице, 'риче (жийце, рийче).*

2.2.5.2. Исто така /*й*, *д*/ не можат да стојат во група со /*ш*, *ж*/, сп. *'нешчо, ш'чица, до'жови, ѓл'у'жови* (: *дош, ѓл'уш).*

2.2.5.3. Консонантот /*с*/ не може да стои во група со /*ч*/, сп. *йо'јашче* (: *йојас).*

2.2.5.4. Не се трпат ни групите -*ск*- (во суфиксот -*ски*) и -*йск*-, сп. *'косйурцки, 'ланцки, 'орицки.*

2.2.5.5. Групите *ср, зр* секогаш се пополнуваат со соодветен дентален плозив, сп. *сй'рам, сй'реда, зд'рак.*

2.2.5.6. Крајните групи -*сй*, -*шч* најчесто се пазат неизменети, но не се непознати и примери со загубен краен глас: *мосй, чисй, 'ѓорешч,* но и *'радос, 'бол'ес.*

2.2.5.7. Групи од два исти консонанти се ретки. Имаме примери за удвоени /*ј*/ и /*л'*/, сп. *'најјак, 'кал'л'иф* // *'кал':иф.*

2.2.6. Одделни консонанти.

2.2.6.1. Фонемата /*ј*/ не може да стои: пред /*и*/ во сите позиции на зборoформите, зад /*и*/ на крајот, и пред /*е*/ на почетокот. Во интервокална позиција во соседство со преден вокал се јавува факултативно, а не ретко и наполно се губи (в. 3.4.2.), сп. *з'ми:, йи (йиј), 'език, еш, ерем'бица, 'йеје* // *йее.*

2.2.6.2. /*л*/ не може да стои пред преден вокал и пред /*ј*/.

2.2.6.3. /*р*/ не се јавува во групите *rC-, CrC.*

2.2.6.4. Консонантот /*в*/ не може да стои во групата *св,* сп. *с'файја, с'фекор.*

2.2.6.5. Консонантите /*ќ, ѓ*/ се многу ретки; се јавуваат, главно, во туѓи зборови.

2.2.6.6. Согласката /*к*/ пред /*и*/ се реализира како [*к'*], сп. *'к'ийка, 'к'исел.*

2.3. *Продозија*

2.3.1. Зборовниот акцент има тенденција да се стабилизира на вториот слог, односно на втората мора од крајот, сп. *брек – бре'г̄ови, 'девер – де'вери, 'ел’ен – е'л’ени, 'зел’ен – зе'л’ена – зе'л’ени, ви'кашчем, же'нет̄је.* Од ова правило се исклучуваат членските морфеми, сп. *'деверо, бре'г̄овит̄е, зе'л’енат̄а.* Поограничен е бројот на случаите со акцент на третиот и на четвртиот слог. Редовно таков акцент имаат деминутивните именки на *-ичка,* сп. *'бабичка, 'бабичкат̄а,* десетичните броеви, сп. *'п̄ендесе, де'вендесе,* презентските и имперфектните облици: *'иг̄раме, 'иг̄рат̄е,* и некои одделни лексеми. Ограничен е исто така и бројот на случаите со акцент на последниот слог. Тие се, главно, некои сложенки и повеќесложни суфиксни образувања од типот *аст̄е'л’ит̄, п̄есно'п̄ој* и др.

2.3.2. Акцентски целости се образуваат во рамките на акцентскиот закон за второсложниот акцент, сп. *'на-ни.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните вокали во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < *у : *син*

*е* < *ь̥ : *ден, 'венец, 'овес*

< *ę : *'език, 'ечмен,* или во група со *м* (пред лабијален консонант), сп. *ерем'бица,* или со *н* : *г̄о'вендо, 'чендо*

< *ě : *'л’ет̄о*

< *а* зад палатален консонант во одделни случаи, сп. *'чеша, 'кăшеј, дăр'жел’је, 'есен* ‘јасен’, *чел’ет̄, е'зовец*

< секундарно во групата *чере-* : *че'рево, че'решна*

*ă* < *ǫ : *'кăшча, 'рăка,* или во група со *м* (пред лабијален консонант) и со *н,* сп. *дăмп̄, г̄ă'лăмби, 'г̄ăмба, крăнк, кăн'дел’а*

< секундарниот $ъ_2$, сп. *'мăнг̄ла*

< *l̥ во група со *л* : *вăлк, 'жăлт̄о*

< *r̥ во група со *р* : *'п̄ăрст̄и, 'сăрце*

< *а* во соседство со назален сонант, сп. *з'нăе, 'сăна*

< турското *ı* : *'кăна, 'азăр*

*а* < **ǫ* во флексивни морфеми и во одделни лексеми во други позиции само или во група со назален сонант, сп. *'обрач, 'йойрак*

< секундарниот $ъ_2$ пред сонантите *л, н, р,* сп. *'шойал, 'оīан, 'вешар, ве-'шарче, 'ишар*

*у* < **w* во случаи како *'цуши, ќе-'осуни*

< *о* најчесто со редукција во одделни лексеми, сп. *куко'шарник, куку-'вица, 'оi̯ду, йре'секу* (1 л. едн. аорист)

*о* < **ъ̥* : *дош, сон*

< секундарниот $ъ_2$ пред *м* : *'седом, 'осом*

< **ǫ* во одделни лексеми: *'оīл'ен, во'жица, 'йойок, 'йошец* и со *м* : *к'лом-ко*

3.2. *Консонаншизам*

Консонантите /*ј, р, м, н, й, б, ш, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, ī*/ потекнуваат од соодветните консонанти во појдовниот систем. Освен тоа:

*ј* < *њ* со декомпозиција на палаталниот елемент, сп. *са'дејне*

< *х* на крајот зад преден вокал во одделни лексеми, сп. *меј, змеј, 'ореј*

*л* < **l* со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

< **l̥* во група со *ă* : *вăлк, 'йăлно*

*л'* < **l'* : *л'уш*

< **lь* : *сол'*

< **l* во позиција пред предните вокали и пред *ј*

*р* < **ŕ*

< **r̥* во група со *ă* : *'чăрвец, 'чăрйи, сăрй*

*м* < **ǫ* пред преграден лабијален консонант: *'īăмба, 'дăмбја*

< **ę* во група со *е* пред преграден лабијален консонант, сп. *ерем'бица*

< *в* во секвенцата *вн* : *мнук, оī'ламник*

*н* < **ń* : *кон, 'неīо, 'бана*

< **ǫ* во група со *ă* пред нелабијален преграден опструент: *крăнк, кăн'дел'а*

< **ę* пред нелабијален преграден опструент, исто така во група со вокал *(ен),* сп. *л'ен'дина, 'чендо*

*ф* < *хв* : *'фала, 'фашва*

< *х* во одделни лексеми: *'нофши, ī'рофши, ī'луфци,* па после и во *ī'луфец*

< туѓо: *'фасул', фес*

*в* < **w*

< како протеза пред рефлексот на почетното **ǫ* во одделни случаи: *'вăшок, во'жица* (но: *'оīл'ен)*

< хијатско: *'мува, па'зува, пер'дуви*

< *х* во одделни лексеми: *'бăлва*

*т* < секундарно во групата *ср* : *ст'реа*

*д* < секундарно во групата *зр* : *здрак*

*ц* < *с* во групите *ск(и)* и *пс* : *'ланцки, 'вапца*

*ч* < *ш* во групата *пш,* сп. *пче'ница*

< *т* во секвенцата *шт* сп. *ог'нишче*

< **t′* во група со *ш,* сп. *'кăшча, пл'ешчи, ш'черка*

*ш* < **t′* во група со *ч,* сп. *'л'ешча,* или само: *'ношви*

*ж* < **d′,* сп. *'межа, 'вежа, 'ăржа*

< групата *жд* : *до'жови*

< туѓо, сп. *жам, жеп, 'ожак*

*ќ* < туѓо, сп. *ќош, ќор, 'ќел'аф*

< внесено во партикулата *ќе*

*ѓ* < туѓо: *ѓон, ѓол', 'ѓерис*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиени од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни консонанти како резултат на регресивна асимилација по звучност.

3.2.2. Безвучните опструенти на крајот на зборoформите се добиени од соодветните звучни опструенти.

3.3. *Прозодија*

3.3.1. Во однос на појдовниот прозодиски систем извршени се значителни морфолошки промени (в. 2.3.).

3.3.2. Нови фонетски должини настанале со контракција и со компензација (в. 2.1.4., 2.1.5.).

3.4. *Губење на одделни гласови*

3.4.1. Вокалите поретко се испуштаат во проклитичките зборови, ако следната зборoформа почнува со вокал, сп. *ќ-'ои̯ме (ќе одиме).*

3.4.2. /*ј*/ се губи пред почетното /*е*/ и во вокални групи, сп. *еш, 'ела, з'миа,* на крајот зад /*и*/ во императивот: *спи (спиј),* понекогаш и на почетокот пред /*а*/: *'асл'и, асте'л'ит,* дури и во одделни случаи и во некои завршоци, сп. *'зема (земја), 'лозе, зд'раве.*

3.4.3. Консонантот /*т*/ редовно се губи во членската морфема за машки род, сп. *'човеко, 'мојо син,* во броевите од 11–19 и во десетиците, сп. *два'наи̯се,* во

групите *ст̄н, ст̄ј,* сп. *'радосни, 'л'исја,* во одделни случаи и во групата *-ст̄* : *'радос,* и во одделни лексеми во разни позиции, сп. *'оі̯ди-си (от̄иди).*

3.4.4. /*д*/ се губи често пред *н,* сп. *'ена жена, 'п̄ана (п̄адна), ќе-'сене (седне),* во одделни случаи и во интервокална позиција, главно кај глаголите, сп. *ќ-'оі̯ме (ќе одиме), да-'јаі̯ме (јадиме).*

3.4.5. /*х*/ се губи редовно на почетокот и во интервокална позиција, сп. *л'еп̄, 'рана, 'оро, 'ожа, ст̄'реа,* често и во други позиции, сп. *си'рома, г̄ре – г̄ре'ови, вăр – вă'рови, ни (них), Вла, 'доjду, доj'доме, 'чел'и.*

## 27. ТИОЛИШТА

ТИОЛИШТА (Τοιχίον), Костурско, Грција.

Југоисточно наречје, корчанско-коструски говори.

Костурско-корешчански говор.

ОЛА 109, МДА 362.

Селото Тиолишта (диј. *Тиол'ишча*) се наоѓа 4 км. северно од Костурското Езеро во подножјето на планината Вичо. Населено е со македонско население. До 1949 год. селото имало околу 900 жители, православни Македонци. Населението се занимавало главно со земјоделство, развиено било печалбарството. Економски центри биле Нестрам и Костур. По 1949 год. дел од старото население се иселило, а доселени се Грци од разни страни. Во селото има грчко основно училиште. Според податоците од 1971 година, тогаш (1971) тоа имало 572 жители (сп. Тодор Симовски, *Населениӣе месӣа во Еīејска Македонија,* I, Скопје 1978).

Населбата прв пат се спомнува во половината на XV в.

Описот е прв пат печатен во ПрилОЛЛН IV/2, МАНУ, Скопје 1979.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ă* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.2. *Консонанӣизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л'* | *р* | *н* |
| *ј* | | | |

1.2.1.1. Нормална реализација на фонемата /*j*/ е [*i̯*].

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *ӣ* | *б* | *ф* | *в* |
| *ш̄* | *д* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *к'* | *ḡ'* | | |
| *к* | *ḡ* | | |

1.2.2.1. Опструентите /*ч, џ, ш, ж*/ се изговараат помеко отколку во литературниот јазик.

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите вокали можат да бидат акцентирани. Неакцентираните вокали се изговараат нешто пократко од акцентираните.

1.3.2. Должините добиени со контракција (2.1.5.) и со компензација (2.1.3.) не се фонолошки релевантни.

1.3.3. Акцентот е ограничено слободен (в. 2.3.). Како дистинктивен признак се користи кај некои глаголи во аористот и имперфектот, сп. 1 и 2 л. мн. аорист: *зḡре'шиме, зḡре'шиш̄е* : *(да, к'е) зḡ'решиме, (да, к'е) зḡ'решиш̄е,* 1 и 2 л. мн. имперфект: *ви'каме, ви'каш̄е;* презент: '*викаме,* '*викаш̄е,* или 2 л. мн. импер. *зḡ'решиш̄е.*

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Сите вокали можат да стојат во почетокот, во средината и на крајот на збороформите, пред и зад поодделни консонанти, со исклучок на фонемата /*ă*/, која не може да се јави на крајот.

2.1.2. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ можат да стојат во група секој со сите, со некои ограничувања на /*и*/ (в. 2.1.3.).

2.1.3. Вокалот /*и*/ во група со друг вокал како втор член се реализира како /*i̯*/, при што претходниот вокал нешто малку се удолжува. На тој начин се обра-

зуваат дифтонзи по должина од две мори, сп. *'л’е:i̯ (< л’еи), мӑш'че:i̯, ст̄ре:i̯, о'ре:i̯* (: *'орej), сла'ве:i̯* (: *'славеj), 'мо:i̯* (: *'моj), т̄'во:i̯т̄е, но'жо:i̯ (< ножои < ножови), раз'бо:i̯* (: *'разбоj), г̄но'jо:i̯, п̄ра'о:i̯, кла'со:i̯, з'на:i̯т̄е, 'п̄е:i̯ме, 'п̄е:i̯т̄е, 'се:i̯ме (седиме).* Ова правило не важи за спомenативе групи кога се наоѓаат на морфемската граница меѓу префикс и коренска морфема, сп. *на'иде, п̄о'иг̄ра.*

2.1.4. На овоj начин се реализира /*и*/ и кога се наоѓа пред /*о*/ во определените форми каj придавките во машки род, сп. *с'л’еп̄i̯о, 'лошi̯о, с'т̄арi̯о, г̄о'л’емi̯о, ки'сел’i̯о, 'п̄ет̄i̯о (< сл’еп̄ио, лошио, ст̄арио...).* Во случаите како *'jакио, 'нискио, ви'сокио, г̄'ладнио, цӑр'венио, 'цӑрнио,* /*и*/ се задржало поради фонетските пречки сврзани со дистрибуциjата на /*j*/ зад консонантите /*н, к*/.

2.1.5. Два исти вокала во непосреден контакт наjчесто се контрахираат во еден долг вокал, освен кога се наоѓаат на морфемската граница меѓу префикс и коренска морфема, сп. *т̄а: (т̄аа), су'ди: (судии), чи: (чии), ча'ки: (чакии), ча'ки:че (ча'кииче), ра'ки:чка (ракиичка),* но: *п̄о'оди, за'арни,* исто и каj глаголите: *'п̄ее, г̄'рееш, г̄ре'еjе.*

2.1.5.1. Должината добиена на овоj начин не може да се третира како фонолошки квантитет, бидеjќи под истите услови не се jавуваат секвенци од две /*а*/ и/или две /*и*/.

2.1.6. Зевот понекогаш се отклонува со вметнување на консонантите /*в*/ и /*j*/, сп. *'мува, п̄а'зува, п̄ер'дуви, 'суво, 'л’еjа, маш'чеjа, ст̄'реjа.*

2.2. *Консонант̄изам*

2.2.1. Сонантите и безвучните опструенти можат да стоjат во сите позиции на зброформите – на почетокот, во средината и на краjот.

2.2.2. Звучните опструенти не можат да стоjат на краjот на зброформите.

2.2.3. Звучните опструенти не можат да стоjат пред безвучните, а безвучните не можат да стоjат пред звучните.

2.2.3.1. Едначењето по звучност се врши и на составот на префикс и коренска морфема, како и меѓу одделни зброформи во акцентска група.

2.2.4. Консонантски групи.

2.2.4.1. Почетната група од два сонанта е можна само кога е прв неjзин член /*м*/, сп. *м'лак, м'л’еко, м'рава.*

2.2.4.2. Сонантите, освен /*р*/, во почетокот не се jавуваат во група со опструент.

2.2.4.3. Од многубројните ограничувања каj опструентите од дијалектен аспект интересни се за одбележување следните групи.

Плозивите /*т̄, д*/ во ред случаи не можат да стоjат во група пред /*н*/: (*т̄н > кн*) *к'ночко, к'ночок,* (*дн > н*) *'ено, 'ена не'дел’а, 'енаш, 'п̄ана.*

Тие исто така не можат да се јават зад /ш/ и /ж/, сп. (*шт̄* > *шч*) *'г̄ашчи, 'л'ешча, с'фешча, ш'чица, к'л'ешчи, 'нишчо, 'ошче* покрај *'оше, шчо* покрај *шо;* (*жд* > *ж*) *'вежа, 'межа, 'дожо, до'жови, г̄л'у'жови,* освен во групата *ждр* : *жд'ребе.*

Согласката /т̄/ освен тоа не се јавува во групите *ст̄в,* сп. *бо'г̄асво, п̄рија'т̄ел'сво, ст̄н* : *'радосно, 'п̄осно, шт̄н* : *'г̄ашник, шт̄в* : *'ношви, шт̄ј* : *'ношја.*

2.2.4.4. Од фрикативните консонанти позабележителни ограничувања покажуваат /*с, з, в*/.

Согласката /*с*/ не може да стои во групата *сч (> шч),* сп. *б̄решче, 'л'ишче, 'мăшче, об̄рашче, п̄'лашче, п̄о'јашче* (: *брест̄, л'ист̄, пласт̄, п̄ојас), п̄с (> п̄ц),* сп. *ап̄'ца:на п̄'цалва, т̄еп̄'ција,* како и пред /*к*/ во суфиксот *-ск(и)* кај придавките, сп. *би'волцко, 'волцка кожа, е'сенцко, 'зимцко жит̄о, кос'т̄урцко, ку'чефцки зăп̄, с'коп̄цки.*

Согласката /*з*/ во некои случаи се избегнува во групата *лз (> лѕ),* сп. *'сăлѕа.*

Опструентот /*ш*/ не може да се најде во група зад /*п̄*/ на почетокот, сп. *п̄че'ница.*

Согласката /*в*/ не се јавува во групата *вн (> мн),* сп. *г̄'ламна, п̄'л'емна, 'рамно, о'дамна, мнук, уг̄'ламник,* како и во *св (> сф)* : *сфат̄, сфет̄, с'фешча, с'фекој.*

2.2.4.5. Од завршните консонантски групи не е можна групата *-шч (> ш),* сп. *г̄л'уш, дош, 'п̄олнош, 'п̄омош, чуш,* и во ограничен број случаи групата *-ст̄,* сп. *п̄лас, ц'вăрс, 'жалос, 'радос* (и така најчесто во двосложните и повеќесложните зборови), но и: *брест̄, г̄ăрст̄, л'ист̄, мост̄, п̄ăрст̄, чист̄.*

2.2.4.6. Од друга страна, пак, во овој говор се јавуваат некои консонантски групи, коишто во ред други македонски дијалекти денеска не се можни. Такви се групите:

– *ст̄р* : *'сест̄ра, ст̄'рина, ст̄'рана, ст̄'рăнг̄а,* дури и: *ст̄'реда, ст̄'ребро, ст̄'рет̄и;*

– *здр* : *зд'раф, узд'раве,* и со секундарно /*д*/: *здрак, здрел;*

– *ждр* : *жд'ребе, жд'реп̄на*;

– *сц* на морфемската граница во случаи како *'месце, 'масца,* или кај префиксираните збороформи од типот *рас'цут̄и;*

– *т̄л* : *т̄'л'ее;*

– *т̄ч, т̄ц* на морфемската граница во случаи како: *г̄'рат̄че, 'п̄ăт̄че, 'рит̄че, 'жит̄це.*

2.2.4.7. Групи од два исти консонанта се ретки. Имаме примери само за геминатата /*јј*/ на морфемската граница во *'најјак, нај'јунак.*

2.2.5. Одделни консонанти.

2.2.5.1. Фонемата /*ј*/ не може да стои: пред /*и*/ во сите позиции на збороформите, сп. *'саби (*: *сабја), 'ноши (*: *ношја),* пред /*е*/ на почетокот и во интервокална

позиција, сп. *еш, е'жови, ѓ'рееш, ѓре'еме, ро'еви, 'пиеш,* но: *се'еје, ѓре'еје* и редовно така кога имаме секвенци од три вокали.

2.2.5.2. /л/ не може да се јави пред преден вокал и пред /j/, сп. *бел, бела, бело* (: *бел'и), кол* (: *кол'ја).*

2.2.5.3. /р/ не се јавува во групите *rC-, CrC.*

2.2.5.4. Назалот /н/ пред веларните /к, ѓ/ се реализира како [ŋ], сп. *ѓ'раŋка, 'маŋѓар.*

2.2.5.5. /ѕ/ е ретка фонема. Се јавува по правило во групата *ѕв,* сп. *ѕ'везда, ѕ'визар,* зад *н* : *'бенѕин,* во множинските форми во алтернација со /ѓ/, сп. *'ноѕи, бубреѕите, ди'реѕи, в'раѕи, па'еѕи, по'лоѕи* (: *ноѓа, враѓ, полоѓ* и др.), во одделни случаи и пред вокал во почетокот или во друга позиција, сп. *'ѕеѓвар, 'буѕа* и др.

2.2.5.6. И фонемата /ц/ е исто така ретка. Освен во туѓи лексеми и во суфиксот *-ција,* се среќава пред деминутивниот суфикс *-е* кај именките како алтернант со *ѓ,* сп. *'ноце, по'лоце, 'роце, с'тоце, к'нице* (: *ноѓа, полоѓ, роѓ, стоѓ, книѓа),* и во некои одделни случаи на почетокот пред вокал, сп. *цал'бини, це'л'езо,* и во група со *р,* сп. *'ăрца, ăр'цоса, ăр'цосва.*

2.2.5.7. Фонемите /к', ѓ'/ исто така се ретки во овој говор. Се јавуваат, главно, во туѓи лексеми, сп. *'к'ел'аф, 'к'ил'им, бе'к'арче, 'дук'ан, к'ор, к'ош, 'к'умур, ѓ'ол', ѓ'окс, ма'ѓ'осник,* и во неколку словенски збороформи: *к'е, 'век'е.*

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Зборовниот акцент е ограничено слободен, но има тенденција да се стабилизира на пенултима, односно на втората мора од крајот. Таа тенденција најдобро може да се следи кај именските зборови во неопределената форма, сп. *'девер – де'вери, 'кожуф – ко'жуфи, си'рома – сиро'маси, з'меј – зме'јови, еш – е'жови, 'пејач – пе'јачи, 'зел'ен – зе'л'ена – зе'л'ени, 'висок – ви'соко, 'ѓăрбаф – ѓăр'бава, 'лаком – ла'коми,* и готово редовно така кај двосложните збороформи. Меѓутоа, во определените форми такво поместување на акцентот не се врши, сп. *'кожуф* : *'кожуфо, ко'жуфи* : *ко'жуфите, е'жови* : *е'жовите, 'зел'ен* : *'зел'енио* // *'зел'енi̯о, зе'л'ени* : *зе'л'ените.* На последниот слог акцентот уште се задржал кај некои повеќесложни збороформи – именки и придавки што завршуваат на *-ар* : *воло'вар, ѓовен'дар, -ок* : *чепе'рок, -ник* : *армас'ник, -ав* : *болни'чаф, бел'и'чаф, зел'ен'каф, -л'ив* : *работ'л'иф, камен'л'иф, ѓорч'л'иф, -ит* : *зборо'вит 'човек, асте'л'ит, л'еко'вит,* и во сложени зборови, сп. *дома'зет, цăрно'ок, твăрдоѓ'лаф.* Нема случај акцентот да стои на последниот отворен слог.

Бројот на примерите со акцент на третиот слог од крајот е исто така ограничен, ако ги исклучиме членуваните форми кај именките и придавките. Кај

именките акцент на антепенултима имаат деминутивните образувања со суфиксот *-ичка,* сп. *'бабичка, г̄'лавичка,* кај придавките образувањата на *-ов* и *-ин,* сп. *ко'кошкино месо, 'бийкино месо,* кај десетичните броеви, сп. *'йендесе, 'шеесе, о'сомдесе, де'вендесе,* и кај глаголите во презентот и императивот: *'иг̄раме, 'иг̄рат̄е, 'йул'и – 'йул'ит̄е.*

2.3.1.1. Во случаите како *но'жо:ј, раз'бо:ј (*: едн. *'разбој), сла'ве:ј (*: едн. *с'лавеј),* и сл. акцентот паѓа на втората мора, бидејќи долгите вокали настанати со компензација во вакви групи имаат две мори (в. 2.1.3.).

2.3.2. Акцентски целости се образуваат во рамките на акцентскиот закон за второсложно акцентирање, сп. *'на-ни, на-'мăш-ми, му-сă-'кара, б'рат̄-ми* : *бра-'т̄а-ми,* и др.

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

### 3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните вокали во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у* : *син, 'риба*

< *е* со редукција во неакцентиран слог во одделни случаи, сп. *вија'вица, и'зеро, си'дело*

*е* < **ь̥* : *ден, 'йал'ец, 'т̄есен*

< **ě* : *'л'ет̄о, 'сеѕка, 'цело*

< **ę* : *'език, 'заек,* или во група со *м* (пред лабијална согласка), сп. *ерем'бица,* и со *н* (пред нелабијален преграден опструент), сп. *г̄о'вендо, ог̄л'ен'дало, йрен'дено, л'ен'дина*

< *а* зад палатален консонант во одделни случаи, сп. *е'зовец (јазовец), е'рица (јарица), 'есен (јасен), есено'вица, 'кăшеј, 'л'ишеј (л'ишај), мра'велник (мравјалник), т̄'каеч (*: *т̄ка'јачка), 'чеша, шчеф – шче'во:ј, 'шаек* (т. *şayak*).

*ă* < **ǫ* : *'кăшча, 'мăка, йăт̄, 'рăка,* и во група со *м* (пред лабијален преграден консонант), сп. *'г̄ăмба, г̄ă'лăмби, дăмй,* и со *н* (пред нелабијален преграден консонант), сп. *кăн'дел'а, крăнк, г̄'рăнди, 'мăндро, 'вăндак, желăн'дек, 'сăнди*

< секундарниот ъ$_2$, сп. *'мăнг̄ла, 'мăска*

< **ḷ̥* во група со *л* : *вăлк, 'вăлна, 'жăлт̄а, 'йăлно*

< **ṛ̥* во група со *р* : *'йăрст̄и, 'сăрце, 'џăрно, 'ăрџа*

< *а* во соседство со назален сонант, сп. *з'нăм, 'сăна, мăш'чеја, 'кăнт̄ар, 'ăмбар*

< турското *ı*, сп. *'азăр, 'кăсмет̄*

*а* < *$\varrho$ во флексивни морфеми и во одделни лексеми во други позиции, сп. *'бера* (1 л. едн. през.), *'паднаш; 'обрач, 'попрак, 'еднаш*

< секундарниот $ъ_2$ пред сонантите *л, н, р* на крајот на збороформите, сп. *'топал, 'оган, 'ветар, ве'тарче, 'итар*

*у* < **w* во случаи како *'цути, ќе 'осуни*

< *о* во одделни лексеми како резултат на редукција во неакцентиран слог, сп. *бу'рија, 'коноп (: ко'нопја), ку'манда, 'надвур, 'виду, 'дојду* (1 л. едн. аорист)

*о* < **ъ̥* : *дош, сон, 'петок*

< секундарниот $ъ_2$ пред *м* : *'седом, 'осом*

< *$\varrho$ во одделни лексеми, сп. *'вогл'ен, вогл'е'нар, 'попок,* или во група со *м* : *к'ломко*

3.2. *Консонантизам*

Консонантите /*ј, р, м, н, п, б, т, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, г*/ потекнуваат од соодветните консонанти во појдовниот систем. Освен тоа:

*ј* < *њ* со декомпозиција на палаталниот елемент, сп. *си'рејне, ја'дејне, и'мајне*

< *х* во одделни случаи на крајот зад /*е*/, сп. *меј, змеј, 'ореј*

< *и* зад вокал, сп. *о'ре:ј̑ (ореи), пра'о:ј̑ (праови), гра'до:ј̑ (градови)* (в. 2.1.3.) како и во позиција пред вокалот *о* во членската форма за машки род кај придавките, сп. *го'л'емјо (< гол'емио), 'лошјо, с'л'епјо* (в. 2.1.4.)

< *е* зад друг вокал во броевите од типот *пет'најсе, д'вајсе (дваесе < дваесет)*

< хијатско во одделни лексеми, сп. *'л'еја, ст'реја, г'рееје, 'сееје, ж'ниеје*

*л* < **l* со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

< **l̥* во група со *ă* : *вăлк, 'жăлтник, пăлн, 'ăлска*

*л'* < **l'* : *л'ут, кл'уч, не'дел'а*

< **lь* : *'мол'ба, жал', сол', 'зел'ка*

< **l* во позиција пред предните вокали и пред *ј*

*р* < **ŕ*

< **r̥* во група со *ă* : *'пăрсти, 'сăрце, 'цăрно*

*м* < *$\varrho$ во група со *ă* и *о* пред преграден лабијален консонант, сп. *'гăмба, д'лăмбок, 'дăмбја, т'рăмба, зăм'бица, к'ломбе*

< *ę во група со *е* пред преграден лабијален консонант, сп. *ерем'бица, чемб'рица*

< *в* во секвенцата *вн* : *мнук, уг'ламник, 'рамно*

*н* < **ń* : *кон, пен, се клани*

< *ǫ во група со *ă* пред преграден нелабијален консонант, сп. *д'ранг̄о, г̄'рăнди, 'мăндро, сăн'дови, 'п̄ăндар*

< *ę во група со *е* пред преграден нелабијален консонант, сп. *л’ен'дина, г̄о'вендо, ог̄л’ен'дало, п̄рен'дено*

*ф* < *хв* : *'фат̄ва, 'фал’чо, (се) 'фал’и, 'фăрг̄ам (фăрл’ам)*

< *х* на крајот на зброформите и пред консонант во одделни лексеми, сп. *буф – бу'фо:i̯, 'кожуф – ко'жуфи, каф'т̄ица, 'нофт̄и, 'лафт̄и*

< туѓо: *'фасул’, фес, 'фурна*

< *в* во групата *св* : *с'фешча, с'фири, с'фекој*

*в* < *w

< како протеза пред рефлексот на почетното *ǫ, сп. *вă'жица // ве'жица, 'вог̄л’ен, 'вăндак, 'вăт̄ок*

< хијатско: *г̄'лuво, 'мува, п̄а'зува, 'суво, 'уво*

< *х* во одделни случаи, сп. *'кива, 'бăлва*

< *у* кај глаголите од типот *'п̄ушвам, 'радвам, 'фат̄вам*

*т̄* < секундарно во групата *ср* : *ст̄'ребро, ст̄'реда*

*д* < секундарно во групите *зр, жр* : *здрак, жд'ребе*

*ц* < *с* во групата *п̄с,* сп. *п̄'цалва, т̄еп̄'ција,* како и во групата *-ск* кај придавките: *би'волцко, е'сенцко, с'коп̄цки* (в. 2.2.4.4.)

< *č во групата *čr̥- и во *črě- во одделни примери, сп. *цăрн, це'рево* покрај *че'рево, це'реп̄на*

*ѕ* < *ʒ : *'ноѕи, п̄о'лоѕи*

< *з* во групите *зв, нз, лз* во одделни лексеми и пред вокал, сп. *ѕ'везда, 'мăлѕи, 'бенѕин, к'л’енѕа, 'ѕевг̄ар* (в. 2.2.4.4., 2.2.5.5.)

*з* < *ʒ

*ч* < *ш* во групата *п̄ш* : *п̄че'ница* (в. 2.2.4.4.)

< *t′ во група со *ш,* сп. *'кăшча, п̄'л’ешчи, с'фешча, с'ношчи, в'решче, 'г̄ашчи, 'л’ешча, г̄о'решчо, г̄ре'дешчем*

< *t′ во секвенцата *шт̄,* сп. *к'л’ешчи, ог̄'нишче*

*џ* < во туѓи зборови и во морфемата *-џија,* сп. *џеп̄, 'џабе, 'џаде*

< *ж* пред деминутивниот суфикс *-е* кај именките, сп. *'ноџе, с'т̄оџе, к'ниџе, 'роџе*, зад *р* : *'ăрџа, ăр'џоса,* во групите *жв, жб* : *џ'вакам, џ'бурна,* и во одделни случаи пред вокал: *'џуркам, џиби'рини*

*ш* < *t′ во група со *ч,* сп. *'г̄ашчи, п̄'л’ешчи, с'ношчи,* или само: *'ношви, 'г̄ашник, 'п̄олнош, п̄омош*

< *с* пред *ч* во примери како: *к'вашче, 'кошче (: коска), об'рашче* (в. 2.2.4.4.) и во групата *сл* во одделни лексеми, сп. *ш'л’ап̄еј, шл’ап̄, ш'л’ива,* покрај *с'л’ива,* но редовно *сл’еп̄*

*ж* < *d′ : *'вежа, 'межа, 'сажи,* и од секвенцата *ž′d′ : *до'жови, г̄'л’ужо*

*к’* < во туѓи зборофи, сп. *к’еф, к’ор, к’уп̄, к’умур*

< *t´ во неколку лексеми, сп. *к’ерка, к’е, 'век’е, до'мак’ин*

*г̄’* < во туѓи зборови, сп. *г̄’ол’, г̄’окс, 'г̄’акон, 'г̄’ерис*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиле од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни како резултат на регресивна асимилација по звучност.

3.2.2. Безвучните опструенти на крајот на зборoформите се добиени и од соодветните звучни консонанти.

3.3. *Прозодија*

3.3.1. Во однос на појдовниот прозодиски систем извршени се значителни морфолошки промени (в. 2.3.).

3.3.2. Нови фонетски должини се добиени со контракција на вокалите (в. 2.1.5.) и со компензација (в. 2.1.3.).

3.4. *Губење на одделни г̄ласови*

3.4.1. Губење на гласови во одделни позиции.

3.4.1.1. Вокалите /*и, е, а, о*/ понекогаш се испуштаат пред членската морфема во повеќесложни зборoформи, сп. *ај'ванш̄е (ајванит̄е), б'рант̄а (бранат̄а), 'кост̄а (косат̄а), 'рост̄а (росат̄а), в'ремт̄о (времет̄о), 'чел’т̄е (чел’ит̄е).* Поретко тие се испуштаат и во други позиции, сп. *Бог̄ор'дица (Бог̄ородица), Кол’'т̄ому (Кол’ет̄ому).*

3.4.1.2. Вокалот /*о*/ се испушта во неколку повеќесложни зборoформи на почетокот, сп. *'п̄ашка (оп̄ашка), 'п̄инци (оп̄инци), 'ваа* // *'ва: (оваа).*

3.4.1.3. Иако не е честа појава, сепак треба да се истакне и испуштањето на вокалите во проклитичките зборови, кога следната зборoформа почнува со вокал, сп. *г̄-од'несе, г̄-'уби, с-ис'качи (г̄о-, се-).*

3.4.1.4. Од сонантите во некои позиции се загубило /*ј*/. Редовно се губи пред /*е*/ на почетокот и во интервокална позиција, сп. *'ено (едно), 'ел’ен, 'ела, 'есен, 'сееш, 'п̄иеш,* и на крајот зад /*и*/, сп. *п̄и, сп̄и, 'нап̄и се.* Исто така тоа се губи во одделни случаи и во некои суфикси, сп. *'зема (земја), 'саби (сабји* : *'сабја), 'ноши* (: *'ношја).*

3.4.1.5. Меѓу опструентите најчесто на редукција се подложни /*т̄, д*/.

Консонантот /*т̄*/ редовно се губи во членската форма за машки род: *'мозоко, до'мак’ино, г̄о'л’емио, ви'сокио,* потоа кај броевите од 11–19 и во десетиците на крајот, сп. *два'наесе, пет̄'најсе, седом'најсе, д'вајсе, 'п̄ендесе, 'шеесе,* како и во консонантските групи *ст̄н, ст̄ј, ст̄в* : *'радосни, б'ресја, 'л’исја, бо'г̄асво,* во од-

делни случаи и во групата *-ст̄* на крајот: *'жалос, 'радос* (и така е најчесто во повеќесложните зборови), *п̄лас, цвăрс,* но и: *г̄ăрст̄, п̄ăрс*$^{т̄}$*, л'ис*$^{т̄}$*, чист̄* (в. 2.2.4.5.).

Согласката /*д*/ најчесто се губи пред *н* : *'ена, 'п̄ана, да 'сени (седни),* и во ред случаи во интервокална позиција, особено кај глаголите, сп. *'јаи̯ш (јадиш), 'сеи̯ш (седиш), г̄'реи̯ш (г̄редиш), ој (оди),* и кај десетичните броеви: *д'вајсе, т̄'риесе.*

3.4.1.6. Во примерите како: *'вежа, 'межа, 'сажи,* или *г̄'л'ужо, 'дожо – до'жови,* треба да се претположи упростување на групата *жџ (> жж > ж).*

Во случаите, пак, како: *г̄л'уш, дош, 'п̄олнош, чуш,* се разбила групата *сч* со губење на *ч.*

3.5. *Мет̄ат̄еза*

Метатеза е извршена во заменскиот корен **wь̭s-*, сп. *сфе, с'фекој, с'фички,* во **wъz-*, сп. *зве* 'зеде', во изведените облици од 'јава': *в'ја: (вјаа), се в'јани, 'в'јани г̄о коно,* потоа во зборовите *ал'т̄ица (лат̄ица), 'ѕег̄вар (ѕевг̄ар), ал'т̄ишче (< лакт̄ишче* 'дел на тркалото на кола'), *'сăна (< снăа < снаа).*

## 28. ГРАТЧЕ

ГРАТЧЕ (Πτελέα) Костурско, Грција

Југоисточно наречје, корчанско-костурски говори.

Костурско-белички говор.

МДА 374.

Селото Гратче (*Граче*) се наоѓа во областа Нестрам, југозападно од градот Костур. Пред револуцијата 1949 год. тоа имало околу 70 домаќинства распределени во две маала: Долно и Горно Маало. До 1950 год. сето население било македонско. По револуцијата поголем дел од населението е раселено. Главното занимање на населението во минатото било сврзано со земјоделството и ситното сточарство. Пазарни центри биле Нестрам и Костур.

Мојот информатор Коле Каралиев е роден во селото Гратче (1920 год.), каде што се родени и неговите родители, како и неговата сопруга. Има завршено грчко основно училиште. До 1949 год. постојано живеел во родното село. Од 1949–1956 год. живеел во емиграција во Албанија, Унгарија и Советскиот Сојуз, а од 1956 постојано живее во Скопје.

Описот е прв пат печатен во ГЗбФ-лФ 3, Скопје 1977.

### 1. ИНВЕНТАР НА ФОНЕМИТЕ

1.1. *Вокали*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | | *у* |
| *е* | *ă* | *о* |
| | *а* | |



1.2. *Сонанти*

| | | | |
|---|---|---|---|
| *м* | *н* | | |
| | *л* | *л'* | |
| | | | *j* |
| | *р* | | |




1.3. *Опструенти*

| | | | |
|---|---|---|---|
| *б* | *г* | *д* | *(ѓ)* |
| *п* | *к* | *т* | *(ќ)* |
| | | *ѕ* | *џ* |
| | | *ц* | *ч* |
| *в* | | *з* | *ж* |
| *ф* | | *с* | *ш* |



1.4. *Прозодија*

Динамичниот акцент е ограничено слободен. Нема квантитетски разлики фонолошки релевантни.

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокали*

2.1.1. Вокалите /*и, е, а, у, о*/ позиционо не се ограничени. Не е ограничена нивната дистрибуција ни по однос на консонантите. Можат да стојат пред и зад консонант.

2.1.2. Сите овие пет вокали можат да стојат во група со секој.

2.1.3. Два исти вокала во непосреден контакт, ако не се на граница меѓу префикс и коренска морфема, можат да се контрактираат.

2.1.4. Хијатот во група со /*у*/ како прв член обично се отклонува со вметнување на /*в*/: *ḡлуво, мува, суво.*

2.1.5. /*и*/ > [*i̯*] зад друг вокал, нерегуларно.

2.1.6. /*ă*/ позиционо е ограничено: не може да стои на апсолутниот крај на зброформите.

2.2. *Сонанūи*

2.2.1. /*н*/ > [*ŋ*] пред веларните /*ḡ, к*/: *маŋḡар, фраŋḡа, ḡраŋка, сеŋка.*

2.2.2. /*л*/ пред предните вокали и пред /*j*/ е заменето со *л'* : *бол'ен – болна, болни, ḡол'и – ḡол, ḡоло, бил'е – бил, била.*

2.2.3. /*j*/ – позиционо е ограничено: не може да стои пред /*и*/ во сите позиции на зборот, сп. *мој – мои,* зад /*и*/ на крајот на зброформите, сп. *чи си (чиј), ūи (ūиј), изми се,* пред /*е*/ на почетокот на зброформите и во вокални групи: *език, есен, лае, мое, ūие, чл'ее (< ш̄л'ее).*

2.3. *Оūсш̄руенш̄и*

2.3.1. Корелацијата по звучност кај шумните консонанти врши дистинктивна функција пред вокал и пред сонант.

2.3.2. Звучните консонанти позиционо се ограничени: не можат да стојат на апсолутниот крај на зброформите и пред безвучен консонант. Во овие две позиции тие се обезвучуваат.

2.3.3. Безвучните консонанти не можат да стојат пред звучните; во оваа позиција тие се озвучуваат.

2.3.4. /*к*/ > [*к*'] пред преден вокал: *убе̄тк'и, рак'и(ј)а, к'исел'ина, смрек'и, п̄ешк'и, к'еку, шк'еп̄ар.*

2.3.5. /*д*/ – не може да стои зад /*ж*/ освен во групата *-ждр-*, сп. *дожо, дожо'вар, межа.*

2.3.6. /*т̄*/ – не може да стои зад /*ш*/; во таа позиција или се губи, сп. *шо,* или преминува во /*ч*/: *п̄л'ешчи, кл'ешчи.*

2.3.7. /*ѓ*/ – се јавува како факултативна фонема; се среќава во туѓи зборови.

2.3.8. /*ќ*/ – исто така се јавува факултативно – во туѓи зборови и само во неколку словенски лексеми и морфеми.

2.4. *Прозодија*

Акцентот не може да стои на последниот отворен слог. На последниот затворен слог се среќава само во ограничен број повеќесложни зборови, сп. *г̄овен'дар, дожо'вар, ечме'ник, масал'ник, сол'е'ник, мравајл'ник, водов'рик, кулу'вос, аст̄а'л'ит̄, бол'еш'л'ив, рабоп̄'л'иф, чакар'л'иф,* и др. Во најголем број случаи акцентот паѓа на претпоследниот слог, сп. *мозук – мо'зуци, обрас – о'брази, о'брашче, нос – но'сови, език – е'зици, зел'ен – зе'л'ено, јаден – ја'дени, денес – де'неска,* итн. Поограничен е бројот на случаите со акцент на третиот слог (антепенултима). Редовно е кај глаголите во презентот, имперфектот и императивот, сп. през. *'јадиме, 'јадит̄е,* имперф. *'јадеме, 'јадет̄е,* импер. *'јадит̄е, 'зевајт̄е г̄о,* и др. Понапред од третиот слог акцентот не оди. Членските морфеми не влијаат врз местото на акцентот, сп. *'извор – 'изворо, из'вори – из'ворит̄е, л'ен'дина – л'ен'динат̄а, ва'жица – ва'жицат̄а.* Заменските клитики во постпозиција со именките чинат акцентска целина: *'брат̄-ми, брат̄'ја-ми, мај'ка-му.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

3.1. *Вокали*

*и* < **i*
< **y* : *син, к'исел, риба;*
< **јь* : *иг̄ла.*

*е* < **е* : *село, п̄ол'е;*
< **ь̥* : *ден, п̄ал'ец, т̄есен;*

<  *ę : *език, рет, говендо;*

<  *ě : *л'ето, сено;*

(<) секундарниот $ъ_2$ пред крајното /р/ во одделни лексеми: *ведер, ветер;*

(<) *а* со преглас зад /j/, /л'/, /ч/, /ж/, /ш/ во одделни лексеми: *'есен (јасен),*
*е'зовец, 'шаек, 'чел'ет, бăршл'ен, по'л'енка // пе'л'енка, 'чеша, 'кочен – ко'чени, ш'чевеј, дăр'жел'је, 'л'ишеј, 'кашеј, ко'шера.*

*ă* <  *ḷ̥ во група со /л/: *вăлк, вăлна, дăлго, жăлчка;*

<  *ŗ̥ во група со /р/: *ăржа, вăр, гăрло, дăржи;*

*а* <  **а*

<  *ǫ само или во група со /н/ или /м/: *кашча, пат, гранда, гамба*

<  секундарниот $ъ_2$ во коренска морфема: *лажи, маска, мангла;*

<  секундарниот $ъ_2$ пред крајното /н/, сп. *оган,* и пред /р/ во одделни
лексеми: *ватар, еднар, итар;*

(<) аналошко пред /р/ место /е/: *'газар – га'зари, гушчар, стежар;*

<  со асимилација: *гаса'ници, га'ламби, пата'рица;*

<  во одделни лексеми по различен пат: *пан'делник, топал* и др.

*у* <  **u*

<  секундарниот $ъ_2$ пред крајното /м/: *седум, осум;*

<  **wь* преку *ў* во: *цут / цуц, расцути, се осуна;*

(<) *о* во бројни случаи и на различни начини: со редукција во неакцентиран слог: *бу'рина, гуреш'чина, гу'л'емо, куко'вица, кулу'вос, ку'шул'а, ку'рива* (најчесто зад *к*), *у'данде, 'песук, песук'л'ава, 'полук – по'лози, су'вал'ка, 'конуп, у'заден, 'надур (надвор),* во 1 л. едн. аор. *'дојду, 'реку, пре'секу;* морфолошки кај прилозите: *б'л'изу, 'долу;* во други случаи: *'ушче / ешче, 'дури, 'енуш;*

(<) *ǫ во одделни лексеми: *гнусен, сут, струнга.*

*о* <  **о*

<  *ъ̥ : *дош, сон, петок, човеко;*

<  *ǫ во одделни лексеми: *вогл'ен, кломко, клочко, попок, тромба.*

3.2. *Сонанти*

*м* <  **m*

<  *в* пред /н/: *одамна, рамно, рамнина;*

<  *б* пред /н/ во одделни случаи: *дремно жито;*

(<) *ǫ во групата *ам* пред звучен преграден лабијален консонант: *дамбо, гамба*;

(<) *ę во групата *ем* пред звучен преграден лабијален консонант: *јарембица, чембрица*;

< секундарно: *фамбрика.*

*н* < *n

< *ń : *кон, кони, дуна, пен, пенушка, денја, тинја, санја / сајна;*

(<) *ǫ во групата *ан* пред преграден звучен нелабијален консонант: *гранди, пандар, кранк*;

(<) *ę во групата *ен* пред звучен преграден нелабијален консонант: *говендо, л'ендина.*

*л* < *l со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *j*

< *l̥ во група со /ă/: *кăлк, мăлчи, пăлно.*

*л'* < *l′ : *л'успа, л'ути, кл'учови, гл'уч, недел'а.*

< *l во позиција пред предните вокали и пред *j*

*j* < *j

(<) *и* зад вокал: *да дојди;*

(<) *х* на крајот пред консонант во одделни лексеми: *орej – орејче;*

< хијатско: *снаја;*

*р* < *r

< *ŕ : *море;*

< *r̥ во група со /ă/: *сăрце, пăрсти, чăрвен.*

3.3. *Опструенти*

*б* < *b

< вметнато во групата *-мр-* во одделни случаи: *умбри, умбрено.*

*п* < *p

*в* < *w

< како протеза пред континуантот на *ǫ во почетокот: *ваток, ватор, вогл'ен;*

< *у* пред вокал кај глаголите: *кажви, купви;*

< хијатско во вокални групи во кои првата компонента е /*у*/: *мува, суво, суварка*;

(<) *х* пред консонант и на крајот во одделни лексеми: *змевови, змеф (< змев)*;

< аналошко во одделни случаи: *лава (лае).*

*ф* < *хв* : *фати, фăрл'и;*

(<) *х* во одделни случаи: *кожуф – кожуфи, буфови, глуфец – глуфци*;

< ономатопејско: *фучи, фăрчи;*

< во зборови од туѓо потекло: _фес, фис, фурна._

_г̄_ < *g

_к_ < *k

< _т̄_ со дисимилација во _кнок, кночко._

_д_ < *d

< секундарно во групите _зр_ и _жр_ : _здрак, здрел, ждребе._

_т̄_ < *t

< секундарно во групата _ср_ : _ст̄ребро, ст̄реда._

_ѕ_ < *ʒ : _ноѕи;_

< _з_ во група со _в, н, л, р_ : _ѕвезда, ѕверови, ѕвиздак, ќунѕи, улѕица,_ и пред вокал во одделни случаи: _ѕевг̄ар, ѕиберки._

_ц_ < *c : _цена;_

< *č во групата *čr̥ – во одделни лексеми: _ца̌рно;_

< _с_ пред _к_ во суфиксот _-ск(и)_ ако претходи консонант: _есенцко, ланцки._

_з_ < *z : _за̌рно;_

< *ʒ : _блази._

_с_ < *s : _сено, село;_

< _з_ по аналогија во одделни случаи: _нисок._

_г̄́_ < во зборови од туѓо потекло: _г̄́окс, г̄́акон, г̄́ердан._

_ќ_ < во зборови од туѓо потекло: _дуќан – дуќани, ќош, ќеф, ќелар;_

(<) место *t′ во одделни лексеми: _ќе, веќе, п̄овеќе._

_џ_ < во зборови и во морфеми од туѓо потекло: _џабе, т̄еп̄анџиа;_

(<) _ж_ пред деминутивниот суфикс _-е_ : _враџе, роџе, ноџе;_

< _ж_ во други одделни лексеми: _г̄л’уџови, џег̄л’ина, саџна_ (: _сажен)._

_ч_ < *č : _череша, ча̌рвеник;_

< *t′, *stj, *skj во група со /_ш_/: _врешче, кашча, п̄л’ешчи, шчерка, кл’ешчи;_

< _т̄_ пред /_л_/ во _чл’ее (т̄л’ее)._

_ж_ < *ž : _жаба;_

< *d′ : _вежа, межа, межу, чужо, а̌ржа_;

< *zdj : _дожови, дожова вода;_

< _з_ пред /_л_/: _ижл’ег̄ви,_ и во групата _зг̄л_ : _жг̄лоп̄ – жг̄лобови._

_ш_ < *š

< *t′, *stj, *skj во група со /_ч_/: _л’ешча, г̄орешча вода, шчерка, кл’ешчи, ог̄нишче;_

< _с_ пред /_ч_/: _л’ишче_ (: _л’ист̄), клашче, обрашче;_

< *с* пред /*л*/: *јашл’и, шл’ива, шл’ет̄ – шл’едови, шл’еп̄, шлап̄еј – шла-п̄еи, мишл’и, машл’ина;*

< *с* пред /*к*/: *шкамп̄, шк’еп̄ар, л’ешка.*

## 29. НЕСТРАМ

НЕСТРАМ (Νεστοριον), Костурско, Грција.

Југоисточно наречје, костурско-корчански говори.

Нестрамски говор.

ОЛА 108, МДА 373.

Селото Нестрам се наоѓа во горниот тек на реката Белица, 25 км. југозападно од Костур на надморска височина од 870 м. До 1949 год. селото имало околу 3.500 жители, православни Македонци. По 1949 год. голем дел од нив емигрирале. Во 1971 год. статистиката бележи само 1.143 жители. Населението се занимава со сточарство и градежништво. Има грчко училиште од 6 класа.

Населбата прв пат се спомнува во 1445 година.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | |
|---|---|
| *и* | *у* |
| *е* | *о* |
| *а* | *å* |

1.1.1. Функција на силабема врши и /*р̥*/, кое фонетски се реализира како [$^{ə}$*р̥*].

1.2. *Консонан̄тизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л’* | *р* | *н* |
| *ј* | | | |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *ӣ* | *б* | *ф* | *в* |
| *ш̄* | *д* | | |
| *ц* | | *с* | *з* |
| *ч* | | *ш* | *ж* |
| *к'* | *ḡ'* | | |
| *к* | *ḡ* | | |

1.2.2.1. Консонантите /*ч, ш, ж*/ се изговараат помеко отколку во литературниот јазик.

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите вокали можат да бидат акцентирани. Неакцентираните вокали се изговараат пократко од акцентираните.

1.3.2. Должините добиени со контракција (в. 2.1.3.) и со компензација (в. 2.1.4.) не се фонолошки релевантни.

1.3.3. Акцентот е ограничено слободен (в. 2.3.). Како дистинктивен признак се јавува во аористот, сп. *ре'че* (3 л. едн. аор.) : *'рече* (3 л. едн. през.).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Сите вокали во принцип можат да стојат во почетокот, во средината и на крајот на зборoформите, пред и зад поодделни консонанти, со исклучок на вокалот /*å*/, кој не може да стои на почетокот и на крајот.

2.1.2. Вокалите /*и, е, а, у, о*/ можат да стојат во група со секој, освен со некои ограничувања на почетокот на зборoформите.

2.1.3. Два исти вокала во непосреден контакт, ако не се на составот меѓу префикс и коренска морфема, во одделни случаи се контрахираат.

2.1.4. Вокалот /*и*/ во неакцентиран слог зад друг вокал се реализира често како [*i̯*] при што претходниот вокал нешто малку се удолжува, сп. *ḡ'ре·i̯ (ḡреди), 'се·i̯ме (седиме), 'ја·i̯ме (јадиме), 'мо·i̯ (мои).*

2.1.5. Во вокалните групи со /*у*/ како прва компонента зевот често се отклонува со вметнување на /*в*/, сп. *'мува, 'уво, ḡ'лувач, ḡ'лuви, 'сuво.*

2.1.6. Фонемата /*о*/ во акцентиран слог се дифтонгизира [$^{у}$*о*], сп. *'$^{у}$обеш̄, '$^{у}$оѓан, '$^{у}$оди, '$^{у}$око, '$^{у}$офца, 'к$^{у}$оска, 'м$^{у}$ожи.*

2.1.7. Силабичното /*р̥*/ стои меѓу два консонанти и во почетокот на збороформите ако следи консонант, сп. *'вр̥ба, 'ѓр̥чи, 'р̥жа, р̥жо'сано.* Во соседство со вокал може да стои на морфемската граница во случаи од типот *за'р̥жа.*

2.2. *Консонанш̄изам*

2.2.1. Сите сонанти можат да стојат во почетна, средишна и крајна позиција.

2.2.2. Сите опструенти можат да стојат во почетна и средишна позиција.

2.2.3. На крајот на зборoформите можат да стојат само безвучните опструенти.

2.2.4. Звучните опструенти не можат да стојат пред безвучните, а безвучните не можат да стојат пред звучните, освен во некои случаи пред /*в*/.

2.2.5. Консонантски групи.

2.2.5.1. Консонантот /*в*/ во почетната група *вн-* најчесто преминува во /*м*/, а поретко се губи, сп. *мнук,* но *'на̊ш̄ра* ‘внатре’.

2.2.5.2. Денталните плозиви /*ш̄, д*/ не можат да стојат пред африкатите /*ц, ч*/, сп. *'жице, 'риче* покрај *'ри$^{ш̄}$че.*

2.2.5.3. Консонантите /*ш̄, д*/ не можат да стојат во група со /*ш, ж*/. Групата *шш̄* > *шч* : *шчр̥к, ш'чица, 'нишчо,* а *жд* > *жж* > *ж* : *до'жови, 'чужо.*

2.2.5.4. Опструентите /*с, з*/ не можат да стојат пред /*л’*/ и во таа позиција *с* > *ш, з* > *ж* : *шл’еӣ, шл’еш̄, ш'л’ива, маш'л’ина, се-'мишл’и, иж'л’ева, иж'л’еѓва* (3.2.).

2.2.5.5. Консонантот /*с*/ не може да стои во група со /*ч*/ и со /*к*/; групата *сч* > *шч* : *ӣо'јашче* (: *ӣојас),* групата *ск* > *цк* во суфиксот *-ски* ако не претходи вокал, сп. *'волцки, 'женцки, 'зимцко жиш̄о* (3.2.).

2.2.5.6. Групите *ср, зр* секогаш се пополнуваат со соодветен дентален плозив, сп. *сш̄'реда, здрак* (3.2.).

2.2.5.7. Крајните групи *-сш̄, -шч* најчесто се пазат во овој говор, сп. *бресш̄, чисш̄, ѓосш̄, 'ѓорешч,* но не се непознати и случаи со загубен крајниот консонант, сп. *'бол’ес, мос* (3.4.5.).

2.2.5.8. Групи од два исти консонанта се ретки. Имаме пример само за сонантите /*ј*/ и /*л’*/, сп. *'нај'јунак, кал’'л’иво месш̄о.*

2.2.6. Одделни консонанти.

2.2.6.1. /*ј*/ не може да стои пред преден вокал на почетокот на зборoформите, сп. *е'жови, 'ел’ен, 'ечмен,* исто и зад /*и*/ на крајот во императивот, сп. *ӣи (ӣиј), 'изми-се* (3.4.3.). Во интервокална позиција пред /*е*/, како и во групите *-иа-, -еа-*

се јавува факултативно, а често и наполно се губи, сп. *з'на(ј)е, 'мо(ј)е, з'ве(ј)е, 'ти(ј)а,* но и: *за'пее, пи'ене, посе'ена нива.*

2.2.6.2. /*л*/ не може да стои пред преден вокал и пред /*ј*/.

2.2.6.3. Консонантот /*в*/ пред почетното /*о*/ се реализира како [*ω*], сп. *'ωода, ωо'жица, 'ωосок, 'ωошка.*

2.2.6.4. Зад фрикативен безвучен опструент /*в*/ се изговара како /*ф*/: *с'фекни, с'фешча, тфој.*

2.2.6.5. /*з*/ > /*ѕ*/ во групата *лз* : *'молѕи, 'солѕа.*

2.2.6.6. Консонантите /*к'*/ и /*г'*/ се многу ретки; се јавуваат главно во туѓи лексеми, сп. *к'ар, к'уп, 'к'ел'аф, г'он, г'ум* (3.2.).

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Зборовниот акцент има тенденција да се стабилизира на вториот слог (мора) од крајот; сп. *'пајак – па'јаци, 'голуп – гу'ломби, 'ореј – о'реси, 'човек – чо'веци, еш – е'жови, 'пил'е – пил'е'нишча, 'зел'ен – зе'л'ена – зе'л'ени, 'дојде – дој'доме, 'носен – но'сена, ви'кашчем, ја'дење, осу'натје.* Од ова правило се исклучуваат членските морфеми, сп. *'човек* : *'човекот, чо'веци* : *чо'веците, зе'л'ена* : *зе'л'ената.*

2.3.2. Има, меѓутоа, уште ред зборови што не подлежат на ова правило и се акцентираат поинаку.

2.3.2.1. На последниот слог се акцентираат една група повеќесложни именки и придавки од машки род, претежно што завршуваат на *-ник, -ок, -ач, -ар, -л'ив,* сп. *армас'ник, пија'ник, мача'рок, гувен'дар, водени'чер, желонд'рец, брату'чет, рабут'л'иф, песук'л'иф,* и други одделни лексеми.

2.3.2.2. На третиот слог акцентот се задржал кај еден број придавки образувани на *-ов,* сп. *'офчово месо, 'дам̊бова ку'рија,* потоа кај броевите од типот *два'наесет, 'пендесет,* кај глаголите во презентот и имперфектот, сп. *'викаме, 'носите, 'носеме, 'пеешиш,* императив: *'јадите, 'растите.*

2.3.3. Акцентски целости се образуваат во рамките на акцентскиот закон за второсложниот акцент, сп. *от-'коза м'л'еко, на-'петук оти'дое, за-'него, 'на-ни, му-'рече.*

2.3.3.1. Во негираните акцентски групи со кратка заменска форма и помошен глагол + глагол акцентот паѓа и на партикулата за негација, сп. *'не-го-'имум ви'дено.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

3.1. *Вокализам*

Силабемите /*и, е, а, о, у, р̥*/ потекнуваат од соодветните вокали во појдовниот систем. Освен тоа:

и < *у

< е во неакцентиран слог во ред случаи: ди'бело, жи'л'езо, и'зеро, ни'веста, ни'дел'а

е < *ь̥ : ден

< *ě : 'цена, цел

< *ę само или во група со м (пред звучен лабијален опструент) и со н (пред звучен нелабијален преграден опструент): 'ечмен, 'јагне, брату'чет – брату'ченди, 'ендро, п'ренди, ерем'бица

< а зад палатализиран консонант во одделни случаи: 'жеба, 'желна (жална), 'кåшеј, 'шерен, 'чеша, 'есен (јасен), е'сика (јасика)

< секундарно во групата чере- : 'череп, че'рево, че'реша

а < *ǫ во флексивни морфеми и во одделни лексеми во други позиции само или во група со назален сонант: 'обрач, 'пајак, как'л'ица, кан'дел'а

< секундарниот $ъ_2$ пред н, во одделни случаи и пред р : '$^{w}$оган, 'добар, 'ветар

у < о во неакцентиран слог доста често, но не регуларно: б'ракут, 'петук, п'л'итук, ку'пито, су'јови, гу'дина, пулу'вина, 'извур

< *w во случаите како 'цутја, осу'натје

о < *ъ̥ : дош, сон

< секундарниот $ъ_2$ пред крајното м : 'седом, 'осом

< *l̥ во група со л : 'бола, волк, 'волна, 'голта, полн

< *ǫ во повеќе одделни случаи: го'ломби, к'ломко, желонд'рец

å < *ǫ само или во група со м (пред лабијален звучен опструент) и н (пред нелабијален преграден звучен опструент): вå'жица, 'кåсни, 'кåшча, пåт, п'рåтја, 'рåка, 'гåмба, 'зåмби : зåп, г'рåнди, же'лåнди, кåн'дел'а

< секундарниот $ъ_2$ во коренска морфема во група со н : 'мåнгла

< а во група со назален сонант: мåш'че(ј)а, 'сåна (< снаа)

3.2. *Консонантизам*

Консонантите /*ј, р, м, н, п, б, т, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, г*/ потекнуваат од соодветните консонанти во појдовниот систем. Освен тоа:

ј < њ со декомпозиција во група со н : 'денја

< *х во одделни случаи: 'ореј – 'орејут, кај'тица, 'лапуј, 'нејти

л < *l со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред ј

< *l̥ во група со *о* : *'п̄олно, 'жолт̄о* (3.1.)

*л'* < *l′ : *кл'уч, ка̊н'дел'а*

< *l во позиција пред предните вокали и пред *j*

*р* < *ŕ

*м* < *в* во групата *вн* : *п̄'л'емна, мнук*

< *ǫ со декомпозиција пред звучен лабијален опструент во група со *а̊, о* : *'г̄а̊мба, да̊мбо'вица, г̄у'ломби* (3.1.)

< *ę со декомпозиција пред звучен нелабијален преграден опструент во група со *е* : *ерем'бица*

*н* < *ń : *кон, 'п̄ена, 'денја*

< *ǫ со декомпозиција пред звучен преграден нелабијален опструент во група со *а̊* : *г̄'ра̊нди, же'ла̊нди, ка̊н'дел'а*

< *ę со декомпозиција пред звучен нелабијален преграден опструент во група со *е* : *г̄'ренди, л'ен'дина*

*ф* < *хв* : *'фр̥л'и, 'фат̄ви*

< *х* во одделни случаи: *'нофт̄ук*

< туѓо: *'фасул', ф'лорин*

< ономатопејско: *'фучи*

*в* < *w

< *ø* (како протеза) пред континуантот на *ǫ во почетокот на збороформите: *ва̊'жица, 'ва̊т̄ук, 'вог̄л'ен*

< хијатско во вокални групи со /у/ како прва компонента: *'мува, 'уво*

< *х* на крајот во повеќе одделни случаи: *г̄'луф – г̄'луви, г̄реф – г̄ре'ови (< г̄рев), меф – меуп̄ (< мев), п̄раф (< п̄рав), суф – 'суво*

*т̄* < секундарно во групата *ср* : *ст̄рам, ст̄'ребро*

*д* < секундарно во групата *зр* : *здрак*

*ц* < *с* во групата *п̄с* во одделни збороформи: *п̄ци, 'вап̄цви*

< *с* во групата *ск* во суфиксот *-ски* : *'женцки, ал'банцки* и во други одделни случаи: *цкло* 'стакло', *'ценка* 'сенка', *'цекна 'водат̄а*

*з* < *ʒ : *'нозе*

*ч* < *t′ во група со *ш* : *ш'черка, 'ка̊шча*

< *ш* во групата *п̄ш* : *п̄че'ница*

*ш* < *t′ само или во група со *ч* : *'п̄ешник, 'ношја, 'ношвит̄е, с'фешча, 'ка̊шча*

< *с* во групата *сл* : *'ашл'и (јасл'и), ш'л'ива, че'решла, се-ш'л'еквu, шл'ет̄, мериш'л'иф, маш'л'ина* (2.2.5.4.)

< *с* во групата *шч* во примери како *п̄у'јашче* (2.2.5.5.)

*ж* < *d′ : *'межа, 'вежа, 'сажи, 'чужо*

< во заемки: *жам, жеп̄, 'ожак, т̄ут̄ун'жија*

<     *з* во групата *зл* : *иж'л'егва, иж'л'ева*

*к'*  <  туѓо: *'к'оше, к'ор*

*г'*  <  туѓо: *г'он, г'ол'*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиени од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни како резултат на регресивна асимилација по звучност.

3.2.2. Безвучните опструенти на крајот на зборoформите се добиени од соодветните звучни опструенти.

3.3. *Прозодија*

3.3.1. Во однос на појдовниот прозодиски систем извршени се значителни морфолошки промени (в. 2.3.).

3.3.2. Нови фонетски должини настанале со контракција и со компензација (2.1.3., 2.1.4.).

3.4. *Губење на одделни гласови*

3.4.1. Вокалот /*о*/ се губи во почетен неакцентиран слог во некои повеќесложни зборови, сп. *'пашка, 'пинци.*

3.4.2. Вокалите поретко се испуштаат во проклитичките зборови, особено во брзиот говор, ако следната зборoформа почнува со вокал, сп. *да с-из'мие.*

3.4.3. /*ј*/ се губи пред /*е*/ во почетокот и во вокални групи, сп. *е'жови, посе'ена, пи'ена,* на крајот зад /*и*/ во заповедниот начин, сп. *'ми-се, 'напи-се.*

3.4.4. /*в*/ се губи во групата *-ств(о),* сп. *ју'насто.*

3.4.5. /*т*/ се губи во одделни случаи во секвенцата *-ст,* сп. *мас, пос, тес* (2.2.5.7.).

3.4.6. /*д*/ се губи пред *н* : *'пани, 'ена гу'дина, е'нош, п'лаи̯на (пладнина),* во одделни случаи и во интервокална позиција: *г'реи̯ (греди), 'сеи̯ (седи),* во броевите од типот *д'вајсет (двадесет).*

3.4.7. /*х*/ се губи редовно на почетокот на зборoформите, сп. *л'еп, 'рана, 'оро,* во меѓувокална позиција: *ст'реа, г'раут,* често и на крајот на зборовите и пред консонант: *си'рома, вла, вла'инка, гра, 'чел'е, тата'бита, 'ела, доне'соме* (аор.).

3.5. *Метатеза*

Метатеза е извршена:

– во заменскиот корен **wь̥s-,* сп. *сфе, с'фекој,*

– во **wъ̑z-* : *зве* (зеде),

– и во примерите: *в'јани (јавни), ал'т̄ица (лат̄ица), з'вег̄ар (зевг̄ар), 'ларо (рало).*

## 30. ЕЗЕРЕЦ

ЕЗЕРЕЦ (Πετροπουλάκιον), Костурско, Грција.

Југоисточно наречје, костурско-корчански говори.

Костурско-костенариски говор.

МДА 369.

Селото Езерец се наоѓа на крајниот југозапад на костурската област Костенарија, околу 25 километри југозападно од градот Рупишта, во подножјето на планината Одре, огранок на Грамос. Лежи на надморска височина од 990 метри. Населено е со македонско население, кое е автохтоно. Според пописот од 1940 год. тогаш тоа броело 310 жители. По граѓанската војна во 1949 година дел од населението емигрирало, така што во 1971 год. во него останале 45 жители. Главно занимање на населението е сточарство и ситно земјоделство (Тодор Симовски, *Населениѿе месѿа во Еѓејска Македонија*, I, Скопје 1978). Жителите на ова село покрај македонскиот, кој им е мајчин јазик, го владеат грчкиот јазик, којшто е за нив и службен, а добар дел од нив говорат и албански, по некој и влашки (ароманскм). Најслична носија езерчани имаат со жителите на најблиските села Сничени, Ловраде, Скомско, а пазарни центри се Нестрам и Рупишта. Генерациите кои го репрезентираат овој говор имаат завршено основно образование на грчки јазик.

Најголем дел од дијалектниот материјал со којшто располагаме го имам запишано во 1963 година од Атанас Томов, тогаш 80-годишен старец, по занимање воденичар, со завршено основно образование на грчки јазик, роден во Езерец, каде што постојано живеел до граѓанската војна, а од 1952 година е преселен во Скопје.

Описот е прв пат печатен во *Македонски јазик* XXXV, Скопје 1984.

## 1. ИНВЕНТАР НА ФОНЕМИТЕ

### 1.1. *Вокали*

Езеречкиот говор има шест вокални фонеми:

| | |
|---|---|
| *и* | *у* |
| *е* | *о* |
| *а* | *å* |

Како важен дистинктивен белег покрај степенот на отворот се јавува заокруженоста. Според овој признак се изделуваат следниве три корелативни пара: /*у* : *и*/, /*о* : *е*/, /*å* : *а*/. Графичката слика според дистинктивните признаци на вокалите ни се претставува во следниов вид:

| | *и* | *у* | *е* | *о* | *а* | *å* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ниски | – | – | – | – | + | + |
| високи | + | + | – | – | | |
| заокружени | – | + | – | + | – | + |

1.1.1. Алофони.

Фонемата /*и*/ има нерегуларен алофон [*i̯*] кога се наоѓа зад вокал, сп. *моi̯ (мои), чака'реi̯, л'е'боi̯, лу'п̄оi̯, ро'т̄оi̯.*

Вокалот /*е*/ се јавува во два алофона – [*ε*] – отворено *е* – во акцентиран слог и [*е*] во неакцентирана позиција, сп. *г̄у'л'εмо, де'сεт̄и, 'жεт̄вар, зе'л'εно, ку'л'εно, 'л'εбо, 'мεст̄о, 'нεкој, 'п̄εсук, 'п̄εт̄и, 'рεка, 'сεло, 'т̄εжак, 'чεст̄ак, цεл, шεст̄;* широкиот изговор особено е изразен во секвенцата [*εр*]: *'бεрзо, 'п̄εрст̄и, 'дεрво, 'т̄εрнја, 'зεрно, 'сεрце.*

Во два алофона се јавува и фонемата /*о*/ – [*о*] и [*ọ*]. Вториов, затворено *о*, се реализира во неакцентиран слог, но не како регуларна појава. Најчесто се јавува зад заднонепчените консонанти: сп. *г̄ọвен'дар, г̄ọ'дина, кọ'л'енда, 'нεкọј, 'нεг̄ọф, 'п̄омọш, 'вåт̄ọр, 'косọр, вọ'лоi̯.*

Овој говор познава полудолги алофони [*и·, е·, а·, о·, у·*] во акцентиран слог пред загубеното /*х*/, сп. *ст̄а'на·ме, дој'до·ме, 'чу·ме, оме'си·ме.*

### 1.2. *Консонант̄и*

Консонантскиот систем го сочинуваат 25 фонеми – шест сонанти и деветнаесет шумни консонанти (опструенти).

1.2.1. Сонанти се:

| | | | |
|---|---|---|---|
| *м* | *н* | | |
| | *л* | *л'* | |
| | *р* | | |
| | | | *j* |

кои според дистинктивните признаци ја даваат следнава графичка слика:

| | *м* | *н* | *л* | *л'* | *р* | *j* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| предни | | | + | – | | |
| периферни | + | – | | | | |
| латерални | | | + | + | – | |
| назални | + | + | – | – | – | |
| глајд | | | | | | + |

1.2.2. Шумни консонанти (опструенти) се:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *б* | *д* | | *г'* | *г* |
| *п* | *т* | | *к'* | *к* |
| | *ѕ* | *џ* | | |
| | *ц* | *ч* | | |
| *в* | *з* | *ж* | | |
| *ф* | *с* | *ш* | | *х* |

Релевантни дистинктивни признаци се: степенот на чујноста, начинот и местото на образувањето. По признакот звучност консонантите образуваат девет корелативни пара. Нема свој звучен парник само фонемата /*х*/. Според начинот на образувањето се изделуваат два дистинктивни признаци – континуираност и африкативност. По првиот признак се образуваат 11 корелативни пара, а по признакот африкативност четири. Според местото на образувањето како релевантни се јавуваат признаците периферност (периферни : централни) и задност (задни : предни). Во дијаграм приведениве корелации ни ја даваат следнава слика:

| | *б* | *п* | *в* | *ф* | *г* | *к* | *х* | *д* | *т* | *ѕ* | *ц* | *з* | *с* | *ѓ’* | *к’* | *џ* | *ч* | *ж* | *ш* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| звучни | + | − | + | − | + | − | | + | − | + | − | + | − | + | − | + | − | + | − |
| континуирани | − | − | + | + | − | − | + | − | − | − | − | + | + | − | − | − | − | + | + |
| африкати | | | | | | | | − | − | + | + | | | − | − | + | + | | |
| задни | − | − | − | − | + | + | + | − | − | − | − | − | − | + | + | + | + | + | + |
| периферни | + | + | + | + | + | + | + | − | − | − | − | − | − | − | − | − | − | − | − |

1.2.3. Алофони.

Сонантот /*j*/ зад вокал на крајот пред пауза се реализира како неслоговно [*i̯*], сп. *моi̯ (моj) чака'реi̯,* а во меѓувокална позиција пред /*е*/ се изговара неинтензивно [ʲ], кое лесно може и да се загуби, сп. *сеʲе, пиʲе, моʲе.*

Назалот /*н*/ пред /*j*/ се реализира како леко палатализирано [*н*’]: *ја'ден’је,* '*тεрн’ја,* а пред веларните /*к, г*/ има алофон [*ŋ*]: *г'раŋка, к'рåŋгọт,* '*сеŋка,* '*маŋгар.*

Согласките /*ч, џ*/ и /*ш, ж*/ во езеречкиот говор, како и на другата костурска територија, се реализираат со нагласена палаталност во сите позиции во зброформите, сп. *чеша, шчица, вежа, чужо, жар, ноџе.*

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА НА ФОНЕМИТЕ

### 2.1. *Вокали*

По однос на местото на акцентот нема ограничување во дистрибуцијата на вокалите. Сите вокали можат да стојат како во акцентиран, така и во неакцентиран слог. Само во одделни случаи алтернира вокалот /*о*/ со /*у*/, сп. *кус'тени* : '*костен, ост'рови* : '*оструф, вол* : *ву'лоi̯,* но и: *рот* : *ро'тоi̯.*

Во однос на позицијата во зброформите извесно ограничување покажува само фонемата /*å*/. Таа не се јавува во иницијална и во финална позиција. Сите други фонеми можат да стојат во сите позиции.

Сите вокали во принцип можат да стојат во група со секој. Немаме потврда само за вокалот /*å*/, и, веројатно, тој не се јавува во група со друг вокал, сп. /*ие*/: *тие,* покрај *тиʲе,* /*иа*/: *змиа* и *змиʲа,* /*ио*/: *стариот* покрај *стари̯от* / *стари̯ут,* /*иу*/: *зми'ул’че,* /*еи*/: *л’еи,* /*еа*/: *неа, л’еа,* /*ео*/: *л’е'онка,* /*аи*/: *Вла'инка,* /*ае*/: *заек, знае, пае'жина, иска'ено,* /*ао*/: *снао,* /*ау*/: *паун,* /*ои*/: *л’е'бои* и *л’е'боi̯,* *мои,* /*ое*/: *брое* и *броʲе,* /*уи*/: *ла'пуи, муи,* /*уа*/: *муа, глуа,* /*уо*/: *глуо, глуо'тина.*

Само во одделни случаи вокалот /*и*/ во група зад друг вокал се консонантизира во [*i̯*], сп. *л'е'бoi̯, лу'пoi̯ – лу'пoi̯те,* но и: *раз'бoи, муи, ла'пуи, снаи.* Во членската форма кај придавките /*и*/ исто така преминува во [*i̯*], но тука има друга позиција и причините се од морфолошки карактер, сп. *стариот, цел'i̯от.*

Во овој говор се можни секвенци од два исти вокали, но тие не се така чести како во посеверните наши дијалекти. Сп. /*ии*/: *ге'мии, змии, з'миина кожа,* /*ее*/: *теен, сее, сее'ница* (нива), *сме'ешчем, 'сечее,* /*аа*/: *таа, снаа.*

Групи од три вокали се многу ретки; во нашиот материјал ја констатиравме формата *к'е'аи (: к'е'аја).*

2.2. *Консонанти*

2.2.1. Сонанти. – Сонантите можат да стојат во сите позиции на зборoформите – во иницијална, финална позиција и во средината.

По однос на вокалите ограничувања покажуваат само фонемите /*ј*/ и /*л*/.

Фонемата /*ј*/ не се јавува во домашни зборови пред вокалот /*и*/ во иницијална и во интервокална позиција, сп. *змии (: змија), раз'бoи (: разбој), по'вoи, л'и-'шеи.* На крајот зад /*и*/ исто така во принцип таа не се среќава, сп. *чи (чиј), пи, напи се, соши го* (зап. начин). Пред вокалот /*е*/ на почетокот и во интервокална позиција /*ј*/ се јавува факултативно, сп. *(ј)еш : е'жови, (ј)е'сика, (ј)ела, (ј)есен, ко(ј)е, чи(ј)е, се 'ми(ј)е, тка(ј)е, па*[ј]*ен (: пае'жина).* Таму каде што /*ј*/ врши функција на зборообразувачка морфема добро се пази, сп. *гробје, снопја, кравјо, јастје, ка'менја, ја'дење.* По однос на консонантското соседство нема ограничувања, може да стои зад сите консонанти, сп. *шкрапја, зглавје, каф'јавi̯от, лудје, ђавол, жнатје, шестје, јастје, брестје, цутја, братја, сл'есја, козје, нoшја, о'ружје, глухјот, мекјот, долгјот,* зад сонантите: *дренја, ка'менја, ја'дење, погре'бење, дер'жал'је, зел'је, борја, перја, го'л'емјот.* Во *зема* 'земја' можеби /*ј*/ и не се развило!

Фонемата /*л*/ не може да стои пред предните вокали /*и, е*/. Во таа позиција таа се неутрализира со изговорот на /*л'*/. Исто така /*л'*/ се изговара и пред /*ј*/, сп. *кол'је (: кол, колот).*

Алвеоларниот латерал /*л'*/ во овој говор има широка дистрибуција, може да стои пред вокал, пред консонант и на крајот, сп. *л'ут, не'дел'а, се'л'ани, бол'а, и'л'ада, мисл'а, сол'а, Ил'о, крадл'о, секел', жал', сол', сол'та, л'ул'ка, зел'ка, су'вал'ка.*

Вибрантот /*р*/ има секогаш во соседство вокал.

Од бифонемните сонантски групи за овој говор се карактеристични секвенците /*нј*/ и /*мр*/.

Првата – /*нј*/ е доста честа на морфемска граница, сп. *ка'мења, ја'дење, зе'л'енјот (< зел'ениот).*

Групата /*мр*/ во одделни лексеми се пополнува со /*б*/, сп. *да 'умбри (< умри), умбрење.*

Во нашиот материјал ја констатиравме само геминатата /*јј*/ на морфемска граница, сп. *најјак (нај:ак).*

2.2.2. Шумни консонанти.

Од опструентите позициони ограничувања покажуваат, главно, звучните. Тие не можат да стојат на крајот на зборoформите пред пауза. Во таа позиција, како и во другите македонски дијалекти, тие се неутрализираат со соодветните безвучни корелати, сп. *гроп, керф, рит, чуш, ма̊ш, блак.*

По однос на вокалите ограничување во употребата покажуваат само веларите /*к, г*/. Тие не се јавуваат пред предните вокали /*и, е*/, бидејќи во таа позиција нивниот изговор се неутрализира со /*к', г'*/: *благ'и, млак'и, шк'епар.*

Палатализираните /*к', г'*/ во езеречкиот говор се ретки. Тие се јавуваат, главно, во туѓи лексеми и морфеми и само во неколку домашни зборови, сп. *к'е, век'е, домак'ин,* покрај *стопан,* ако ги исклучиме случаите каде што се јавуваат тие пред /*и*/ и /*е*/ место /*к*/ и /*г*/. Ограничена е и нивната дистрибуција.

Фонемата /*х*/ во иницијална позиција е констатирана само во лексемата *ху'л'ера.* Многу е ретка и меѓу два вокала. Најчесто се јавува на крајот на зборoформите, сп. *Влах, грах, прах, грех, змех, мех, орех, глух, сух, мох, пох.* Од овие лексеми /*х*/ се пази и кога ќе се најде во интервокална позиција, сп. *грехот – гре'хови, мех – мехот – ме'хови, мох – мохот, змех – зме'хови, орех – о'рехово дерво,* сп. уште *ухо* покрај *уо, муш'чеха, крехак, про'хаф,* пред консонант: *ог'лухна, грухти, ох'тика, пл'ихтар, крехко, болха, тахта'бита.*

Во езеречкиот говор фонемата /*ѕ*/ е нешто пофреквентна по однос на другите костурски говори. Таа редовно се јавува пред множинската наставка *-и* кај именките како алтернант на /*г*/, сп. *бе'л'еѕи, бел'уѕи, ноѕи, по'лоѕи,* во цела серија зборови на почетокот пред вокал: *ѕит, ѕиби, ѕевгар / ѕегвар, ѕер'ѕала,* во група со /*в*/ и со сонантите /*л, н, р*/: *ѕвезда, ѕвиска, молѕи, солѕи, анѕа, берѕа, верѕи, наѕри,* и др.

Фонемата /*џ*/ исто така овде релативно е честа, бидејќи освен во туѓи лексеми редовно се јавува место /*ж*/ пред деминутивниот суфикс *-е* како корелат со /*г*/, сп. *нога – ноџе, беџе, бреџе, полоџе, роџе, снеџе, стоџе,* во група со сонантите /*л, р*/: *ол'џичка, ерџи, арџи, ар'џосан, дер'џава,* во секвенцата *жг* : *џгури* покрај *џури,* и во неколку одделни случаи во позиција пред вокал: *џи'л'езо, си'л'еџе, саџи.*

Во групи на опструенти и сонанти забележани се следниве ограничувања.

Во иницијална позиција нема групи од /*к', г'*/ и /*ѕ*/ + сонант.

Денталите /*т̄, д*/ пред /*л*/ во почетокот на збороформите во ред случаи се одбегнуваат со дисимилација: *т̄л > кл* : *кл'ее, кланик, т̄н > кн* : *кнок, дл > ḡл* : *ḡл'ет̄о,* или пак /*ḡ*/ се губи: *'ламбок, ламбо'чина.*

Пред /*л*/ и согласката /*с*/ се одбегнува *(сл > шл)* : *шл'еп̄, шл'еп̄о око, да ош'л'еп̄и, шл'ет̄ – шл'е'дови, шл'ива, че'решло, дерш'л'ива, шл'ива.*

Фрикативите /*з*/ и /*ж*/ зад сонантите /*н, л, р*/ по правило се африкатизираат: /*нз > нѕ*/ *мунѕа,* /*лз > лѕ*/ *молѕи, солѕи,* /*зр > ѕр*/ *меѕре, наѕри,* /*рз > рѕ*/ *берѕа, верѕи,* /*лж > лџ*/ *ол'џица,* /*рж > рџ*/ *арџи, арџа, ар'џосан, дерџи, дер'џава.*

Звучните лабијали /*б, в*/ пред /*н*/ во медијална позиција во повеќе случаи се асимилираат по назалност, сп. *дремно жит̄о, за'ḡ'имна, к'е за'ḡ'имни, – рамно, п̄л'емна, т̄емни (= т̄евни < т̄ехни),* но *внук* (на почетокот).

Езеречкиот говор не ги трпи групите од централен континуиран опструент /*с, з, ж*/ + /*р*/; тие се отклонуваат со вметнување на преграден дентал: *(ср > ст̄р, зр > здр, жр > ждр) ст̄рам, ст̄рада, здрел, ждребе.*

Во група со два шумни консонанти во езеречкиот говор постојат следниве ограничувања:

– Не се можни групи од звучен и безвучен, односно безвучен и звучен консонант; во такви случаи се врши регресивна асимилација по звучност, како и во сите други македонски дијалекти. Исклучок претставуваат само групите со /*в*/, каде што се врши прогресивна асимилација, сп. *сфе, кфас, т̄фој.*

– Кај другите бифонемни групи ќе ги истакнеме само оние што се јавуваат како диференцијални меѓу одделни македонски дијалекти.

Во иницијална позиција се среќаваат следниве ограничувања:

– Не се можни секвенци од два лабијала и два велара.

– Групите /*п̄ + с, ш*/ се отклонуваат на тој начин што струјната компонента преминува во соодветниот по место на образување африкат: /*п̄с*/ > /*п̄ц*/, /*п̄ш*/ > /*п̄ч*/: *п̄цалви, п̄че'ница.* Групата /*п̄с*/ по ист начин се избегнува и во други позиции на збороформите: *ап̄ц* покрај *ап̄'сана, т̄еп̄'ција* покрај *т̄еп̄'сиче.*

– Необична е на почетокот и консонантската група /*зв*/. По правило /*з*/ во таа позиција се африкатизира: *ѕвиска, ѕвер, ѕвонец.*

Во финална позиција има тенденција да се отклони групата *-ст̄,* и тој процес ги зафатил делумно само збороформите со два и повеќе слогови, сп. *кара'цес, жалос, радос,* но: *ḡерст̄, ḡрост̄, мост̄, п̄ерст̄, шест̄, п̄рост̄, чист̄.*

Групата *-шч* на крајот по правило се пази, сп.: *дошч, ḡорешч, ḡл'ушч,* поретко и *ḡл'уч – ḡл'у'чови.*

Во медијална позиција кај бифонемните групи се јавуваат следниве ограничувања:

– Нема групи од по два африката.

– Не се можни исто така групи од алвеоларен фрикатив и алвеоларен плозив.

– Групите /*шт*/ и /*жд*/ по правило не се јавуваат; /*шт*/ се отклонува со асимилација во /*шч*/: *гушчер, кл'ешчи, ог'нишче;* исто така на почетокот: *шчо, шчица,* како и на крајот: *пришч;* /*жд*/ се асимилира во /*жж* > *ж*/: *дожот, до'жови.*

Овие две групи се можни само кога се придружени со сонантот, сп. *ждребе.*

На границата меѓу две морфеми се одбегнува непосредноста на групите /*сч*/, /*тс*/, /*дз*/, /*тш*/ и /*дж*/; /*сч*/ се асимилира во /*шч*/: *клашче, мишче, мошче* (: *мост*), *об'рашче, по'јашче;* /*тс*/ > /*тц*/: *да го от'цее брашното (отсее), от'цега (отсега);* /*дз*/ > /*дѕ*/: *од'ѕади;* /*тш*/ > /*тч*/: *от'чие (отшие);* /*дж*/ > /*дџ*/: *надџи'вее.*

Групата /*сц*/ во овој говор не подлежи на промена: *месце, рас'цути.*

Во езеречкиот говор не се можни ни групите со /*т*/ + африкатите /*ц, ч*/. Тие се отклонуваат со испуштање на плозивот /*т*/: *жице, риче, пåче, кро'миче (< житце, ритче...).*

Групи од две исти согласки се ретки; забележани се само примери со /*тт*/ и /*дд*/, кои се реализираат и како долги [*т:*] и [*д:*]: *от'тамо, п'рол'етта, одда'л'еку.*

Групи од три и повеќе консонанти се јавуваат по правило на морфемските граници меѓу две лексички морфеми – префикс + коренска морфема и лексичка морфема + суфикс. Најчесто во нивниот состав се содржи некој сонант, сп. *штрела, страм, здрел, ждребе, зимцки, селцки, кос'турцки, брестја.*

Групи од по три опструенти се поретки. Во овој говор такви се јавуваат почесто на морфемската граница со суфиксите *-ск-* и *-ств-*, сп. *скопцки, беговцки, ропсво – ропсто.* Меѓу последниве се одбегнуваат или воопшто не се можни следниве: /*тск*/ на морфемската граница со суфиксот *-ск(и)* се отклонува со слевање на групата /*тс*/ во африкатот /*ц*/: *брацки (братски), децки, грацки.* Преминот на /*с*/ во /*ц*/ може да се следи и во други групи со суфиксот *-ск(и),* сп. *кос'турцки, нест'рамцки, зимцки, женцки, селцки, бе'говцко место, скопцки.*

Не се можни ни групи од фрикативен централен консонант /*с–з, ш–ж*/ и преградните дентали /*т, д*/ ако следи консонант; во такви случаи непосредноста на консонантите се отклонува со испуштање на преградниот плозив, сп. *посно* (: *пост*), *по'мошник, ношфи.*

Трочлените групи /*стр, здр, ждр*/, видовме, овде се пазат неизменети: *сестра, здравје.*

Четиричлената група /*тств*/ се упростува со елиминирање на еден од опструентите, сп. *ропсво – ропсто.*

# 3. ПОТЕКЛО НА ФОНЕМИТЕ

## 3.1. Вокали

и < *i : л’ипа
< *y : к’исел, к’итка, риба, син
< е во неакцентиран слог во одделни лексеми: ци'л’езо

е < *е : пол’е, седло
< *ь̥ : ден, овес, пал’ец, тесен
< *ě : брек – бре'гови, сл’епо, цел, цена, це'дило
< *ę : език – е'зици, ечмен, и во секвенците /ен/: ендар, чендо, и /ем/ (пред лабијален консонант): ерем'бица, чем'брика
< *r̥ во секвенцата /ер/: дерво, серце, терн, чер'ница
< секундарниот $ъ_2$ во: ветер – вет'рови
< секундарно во: евдо'вица
< а зад палатален консонант во повеќе лексеми, сп. јесен, је'сика, горен'чени, езер'чени, загори'ченец, л’ишеј, чел’ет (3.1.1.)

а < *а : јагне, жена
< *ǫ во коренски морфеми во случаите: гасе'ница, как'л’ица, ка'пина, обрач – о'брачи, и во секвенците /ан/: желан'дек, кан'дел’ка, и /ам/: ламбок, ламбо'чина, ман'гурец
< секундарниот $ъ_2$ во лексемите: оган, вепар, добар, ендар, итар, остар
< *ę во некои случаи и во секвенцата /ан/ во неколку лексеми: а'терва, анѕа, ан'гул’а, ан'гул’че
< *r̥ во секвенцата /ар/ во лексемите: арџа, ар'џосан
< место *ъ̥ во завршоците -ак, -ал во лексемите: ветак, во'таци (: 'вåток), дол'гачак, крехак, мозак, петак, чет'вертак, пинак, тежак; бухал, кобал, котал, кутал, орал, петал, пупал ‘клун’, топал
< о во сокал (по аналогија)

у < *u : у(х)о
< *w во: осуни, цути
< *ǫ во лексемите: о'ружје, трудна
< о во неакцентиран слог во повеќе лексеми, сп. ву'жица, 'извур, ку'л’ено, муче'ришче, 'отруф, 'оструф, 'песук, ху'л’ера (3.1.1.) и редовно во 1 л. едн. аорист кај глаголите од о-раздел: 'реку, 'дојду, и'зеду итн.

о < *о : око, село

< *ъ̥ : *дош, сон, 'песок, 'тежок*

< *l̥ во секвенцата /*ол*/: *волк, волна, голта, жолто, полно*

< *r̥ во секвенцата /*ор*/ во *бор'дило – бор'дила*

< секундарниот $ъ_2$ пред /*м*/: *седом, осом, осом'најсет*

*å* < *ǫ во коренските морфеми: *вåгл'ен, дåп, зåби, мåжи, кåшча,* и во група со назалните сонанти во секвенците /*ан, ам*/: *крåнк, пåндар, дåмбја, гåмба, трåмба*

< секундарниот $ъ_2$ во коренска морфема: *мåска, мåшча* и во секвенцата /*åн*/ во *мåнгла, мåнг'л'аво време*

< *а* во соседство со назален сонант во лексемите : *снåга, мåш'чеха* покрај *муш'чеха*

3.1.1. Вокални промени.

*а* > *е* – Значителен број примери наоѓаме со замена на /*а*/ во /*е*/. По правило таа се врши зад палатализираните консонанти, но не е автоматска појава, сп. *'јесен, је'сика, 'чеша, вен'чејне, ку'чени, шче'вејка, молче'л'иф, горен'чени, езер'чени, загори'ченец, 'л'ишеј, ко'шера, по'л'ена, 'чел'ет, гре'шина*

*а* > *о* со асимилација во: *лосто'вичка*

*е* > *а* во примерите: *вода'ница, топа'ница, авдо'вица,* покрај *евдо'вица*

*о* > *а* во лексемите: *ба'силак, ла'пуа* 'лопух', *мота'вило, ма'тика, пан'делник, сла'бода, та'пола*

*и* > *е* во: *ве'л'ица, л'еве'чар, л'е'сица, 'мешка* 'мишка', *'пел'ен (пел'ин)*

*о* > *у* – Бројот на примерите со замена на /*о*/ во /*у*/ во езеречкиот говор е значителен во однос на другите костурски области. Тоа доаѓа оттаму што во него во ред случаи се лексикализирало /*у*/ добиено порано со редукција на неакцентираното /*о*/, како во лексемите: *ку'била, ку'кошка, ку'рија, кус'тени, ку'рива, ку'л'ено, ку'шул'а, ку'рито, бу'рина, муче'рише, су'вал'ка, ху'л'ера, 'оструф, 'песук, песук'л'аво, 'извур, 'конуп, п'ресул, 'митруф, 'никул',* често во членската морфема за м.р.: *'л'ебут, с'тисут, 'огнут, п'ламенут,* и др., покрај *'л'ебọт, 'огнọт...*

3.2. *Консонанти*

3.2.1. Сонанти

*м* < *m : *море*

< *ę во секвенцата /*ем*/ пред лабијален звучен консонант: *ерем'бица, чем'брика*

< *ǫ во секвенцата /*åм*/ пред лабијален звучен консонант: *гåмба, го'лåмби, дåмбја, дåм'бица, зåмби, сåмба, трåмба*

< б во групата бн: дремно жито, за'г’имни

< в во групата /вн/ во лексемите: пл’емна, темни

н < *n : наш, сон

< *ń : бана, кон

< *ę во секвенцата /ен/ пред звучните преградни согласки: говен'дар, гл’енди'солце, ендар, де'вендесет, 'пендесет, пенда, л’ен'дина, чендо

< *ǫ во секвенците /åн, ан/ пред звучните преградни согласки (нелабијални): лåŋк – лåŋ'гови, пåндар, пåндар'ница, крåŋго, кан'дел’а

< секундарниот $ъ_2$ во мåнгла, манг'лушче

л < *l со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред ј : глава, лошо

л’ < *l′ : л’ут, бл’удо, бол’а, се'л’ани, мисл’а

< *lь : сол’, жал’, зел’ка, су'вал’ка

< *l пред предните вокали и пред ј : л’ице, л’ето

р < *r : рåка, рече

< *ŕ : море

< *r̥ во секвенците /ер, ар/: серце, персти, арц̦а

ј < *j : разбој, мој

< *l′ епентетско: земја

< х во одделни лексеми: кај'тица, тејно

< е во десетичните броеви: д'вајсет

< и во група зад вокал во одделни случаи, сп. ој (< ои < оди), греј (< греи), глухјот (< глухиот) (1.2.3.)

3.2.2. Шумни консонанти.

б < *b : брегот, баба

< секундарно во групата мбр: умбри

п < *p : пåрсти

в < *w : вода

< ø (како протеза пред континуантот на *ǫ): вåгл’ен, вåток, вåтор, ву'жица

ф < туѓо: фасул’

< хв: се фал’и, фатви

< х во нофти, нофтик, под'нофтик

< ономатопејско: фучи

< в со прогресивна асимилација по звучност: кфас, тфој

д < *d′ : ден, дојди

< секундарно во групата зр : здрак

т < *t : ти

< секундарно во групата *ср* : *ст̄рам, ст̄ребро*

*ѕ* < *ӡ : *анѕа, ноѕи, п̄о'лоѕи, бе'л'еѕи, бу'б̄реѕи*

< *з* во група со сонантите /*л, р, м, н*/: *солѕа, молѕиш, берѕа, верѕи, меѕре, мунѕа,* во групата *зв* : *ѕвиска, ѕвезда,* пред вокал во одделни лексеми: *ѕиди, ѕер'ѕала* (2.2.2.)

< *дз* на морфемска граница: *о$^{д}$'ѕади* / *о'ѕади*

*ц* < **с* : *цел, цеди, цена*

< *с* во групите *ск* зад консонант во суфиксот *-ск(и)* : *ал'банцки, би'волцки, зимцко, п̄с* во одделни примери: *п̄цалви, ап̄'цана* (2.2.2.) и место *т̄с* во случаи од типот *децки (дет̄ски), г̄рацки, о'цег̄а (от̄сег̄а), о'цее (от̄сее)*

< *с* во: *цекна (водат̄а)*

< *ч* во лексемата *церг̄а (< черг̄а)* (со дисимилација)

*з* < *z : *зем(j)а*

< *ӡ : *кне'зови*

*с* < *s : *сено, село*

*к'* < туѓо: *к'ар, к'ор, к'ош*

< *к* пред предните вокали: *мак'е'донец, к'ини, сак'е (: сака), к'ит̄ка*

< место **t′* во лексемите: *к'е, до'мак'ин*

*г̄'* < туѓо: *г̄'ок, г̄'окс, г̄'ум, г̄'убре, г̄'ердан*

< *г̄* пред предните вокали: *благ̄'и (: благ̄о), ст̄рунг̄'и (: ст̄рунг̄а), за'г̄'имни*

*џ* < туѓо: *џам, а'џија*

< *ж* пред деминутивната наставка *-е* : *ноџе, ноџе'нишча, бреџе, снеџе, си'л'еџе*

< *ж* во групите *жг̄* : *џг̄ура* и *дж* : *на$^{д}$џи'вее*

< *ж* зад сонантите *л, р* : *ол'џичка, дерџа, арџа, ар'џоса, ерџи, дер'џава,* како и во други позиции во одделни случаи, сп. *г̄л'уџот̄, џи'л'езо, бла'џина*

*ч* < **č* : *черн, че'рево, чендо*

< **t′* во секвенцата *шч*: *ка̊шча, г̄ашчи, п̄л'ешчи, шчерка*

< *т̄* во групата *шч*: *кл'ешчи, ог̄'нишче*

< *т̄* со дисимилација во *чужо, чу'жинец*

< *ш* во групата *п̄ш*: *п̄че'ница*

< *т̄ш* на морфемска граница: *о$^{т̄}$'чие / очие, п̄о$^{т̄}$'чини*

*ж* < *ž : *жаба*

< *d′ : *вежа, межа, сажи, чужо*

*ш* < *š : *душа, наш, шие*

< **t′* во секвенцата *шч* : *г̄ашчи, п̄л'ешчи, шчерка*

< *с* со асимилација во групата *сч* : *кошче (: коска), об̄'рашче, фешче, мошче, п̄о'јашче*

< *с* со дисимилација во секвенцата *сл* > *шл* : *шл'еш̄ – шл'е'дови, шл'и-ва,* и во други одделни случаи во други фонетски позиции, сп. *шанја (сања), ш̄шрела (сш̄рела)*

*г̄* < **g* : *г̄ол, г̄л'еда*

< *д* во: *г̄л'еш̄о* (со дисимилација)

*к* < **k* : *кој, кон*

< *ш̄* во секвенцата *ш̄л* со дисимилација во лексемите: *кнок (< ш̄нок), кл'еје (< ш̄л'ее)*

*х* < **х* : *у(х)о, г̄рех, мех, п̄рах*

3.2.2.1. Освен во споменативе случаи безвучните опструенти можат да се добијат од соодветните звучни парници со регресивна асимилација и во финална позиција, сп. *г̄ерп̄, керф, брек, г̄раш̄, мрас, нош (: г̄ербош̄, брег̄ош̄, г̄радош̄, мразош̄, ножош̄).* Звучните исто така можат да се добијат од безвучните со регресивна асимилација.

3.2.3. Консонантски промени.

3.2.3.1. Асимилација.

Асимилација по звучност. – На регресивна асимилација по звучност подлежат сите опструенти. Таа се врши како во одделни збороформи, така и на зборовната граница, сп. *зад-в'раш̄а, п̄реш̄-'к̊ашчаш̄а, шез-г̄'роша.*

Прогресивна асимилација по звучност може да се следи само кај гласот /*в*/, сп. *сфе, ш̄фој, ш̄икфа.*

Асимилација по назалност – се врши во групите /*бн, вн*/ > /*мн*/: *д'ремна, сип̄а'ница, дремно жиш̄о, за'г̄'имна, рамно, о'дамна, нимнин, ш̄емни, г̄лам'ница, п̄л'емна,* но и: *внук, внука* (во иницијална позиција).

Асимилација по локални признаци – е извршена во следните случаи:

– *сч* > *шч*: *об'рашче, кошче, клашче, п̄о'јашче, мошче, мишче (: миск), фешче;*

– *шш̄* > *шч* : *шчица, нишчо;*

– *сл* > *шл* : *шл'еп̄, да ош'л'еп̄и, шл'еш̄ – шл'е'дови, шл'иви;*

– *жг̄* > *џг̄* : *џг̄ури.*

Асимилација по модални признаци – е констатирана во групите:

– *п̄с* > *п̄ц* : *п̄цал'и,*

– *лз* > *лѕ* : *солѕи, молѕи,*

– *рж* > *рџ* : *дерџиш, дер'џава, ар'џоса, ерџи,*

– *лж* > *лџ* : *ол'џичка,*

– *п̄ш* > *п̄ч* : *п̄че'ница.*

3.2.3.2. Дисимилација – е извршена во групите:

– *шн* > *кн* : *кнок, кночко, кл'еје,*

– *шл* > *гл* : *гл'ешо,*

– *ж–ж* > *ц–ж* : *цежок,*

– *ш–ж* > *ч–ж* : *чужо, чу'жина,*

– *ч–р* > *ц–р* : *церга,*

– *сш* > *шш* : *шшрела,*

– *ш–ц* > *с–ц* : *си'л'еце,*

– *р–р* > *р–л* : *верве'л'ица.*

3.2.3.3. Метатеза – редовно се врши во заменскиот корен **wьs-* : *сфе, сфички, сфи'какфи,* и во одделни случаи, сп. *вз* > *зв* : *зве, зев* > *зве* : *звегар, л–р* > *р–л* : *ларо, в–р* > *р–в* : *о'шорви* покрај *о'шори; авјар, ал'шица, вјани, вер'шено, к'ер'шало, к'елар.*

3.2.3.4. Замена на гласови – е констатирана во примерите: *ман'гурец (в–м), цекна (с–ц), шанја (с–ш), ци'л'езо (ж–ц),* со аналогија во *врапец (б–п).*

3.3. *Испушшање на одделни гласови.*

3.3.1. Вокали.

Вокалите во овој говор имаат релативно стабилна позиција во збороформите. Тие овде ретко се испуштаат во брзиот говор во споредба со другите дијалекти во југозападна Македонија. Во нашиот материјал ги констатиравме следниве примери со испуштен вокал, сп. *да-с-из'мие* (*се-*), *два бивл'и* (аналогно образување на множинската форма според други слични лексеми), *бив'л'ица, пан'делник,* пред членската морфема: *парши'занше, шопа'ницша, циг'л'инше,* и на почетокот во лексемите: *пинци, пашка (< опинци, опашка).*

3.3.2. Консонанти.

Од сонантите најнестабилна е фонемата /*ј*/. Пред почетното /*е*/ се среќава факултативно, но најчесто отсуствува, сп. *(ј)еш, (ј)ела, (ј)есен,* но *е'жови, е'сени.* Во повеќе примери таа отсуствува и пред вокалот /*а*/, сп. *асл'и, анѕа, а'шерва, ан'гул'а.* Во интервокална позиција пред предните вокали по правило /*ј*/ се испушта: *раз'бои, по'вои, шфои* (: *разбој, шфој), се мие, шрие, шрае, иска'ено.* Најчесто се испушта зад /*и*/ на крајот во императивот, сп. *наии се, изми се, сии.*

Во одделни лексеми се испуштаат и денталните /*н, л*/, сп. *сонце (< солнце)* покрај *солце, шеку* 'толку'.

Кај опструентите најраширена е загубата на /х/. Овој глас наполно се загубил во иницијална позиција, сп. *л'еӣ, ладно, рани, аро, оца,* освен во *ху'л'ера.* Во другите позиции тој се испушта исто така често, но појавата не е автоматска, сп. (во интервокална позиција) *ḡлуа, суо – суи, муа, о'реи (*: *орех), сӣреа, реа, ӣеен,* (пред консонант) *мул'а, мул''јосан, чел'и,* (на крајот) *вер, ни, сиро'ма.*

Другите опструенти до колку се испуштаат, тоа се случува во консонантски групи, поретко во интервокална позиција.

Во интервокална позиција во одделни лексеми се испуштаат /в/ и /д/. /в/ се испушта во некои случаи во множинската наставка *-ови,* сп. *л'е'бои, лу'бои, ро'ӣои.* /д/ редовно отсуствува во десетичните броеви, сп. *двајсеӣ, шејсеӣ,* и кај некои глаголи, сп. *ој̯, ḡреј̯, дој̯, ој̯ме, ој̯ше, сеј̯ме, јај̯ме, ḡреј̯ӣе (*: *ода, јада, ḡреда, седа – оде, ḡреде, седе).*

На почетокот /в/ се загубило во лексемата *име (виме),* во предлогот *о (во),* пред консонант во *нḁӣре.* Редовно се испушта исто така во суфиксот *-(в)ски* во презимињата: *Ни'носки, Шу'моски,* во секвенцата /ӣв/ во одделни примери: *за'ӣори, за'ӣорен, о'ӣори,* покрај *о'ӣорви,* но *заӣвор,* и во лексемата *сосем.*

Во повеќе случаи се испушта /ӣ/: пред африкатите /ц, ч/: *жице, риче, ӣḁче, кро'миче (*: *жиӣо, ӣḁӣ), инае'чија,* во секвенците /сӣ/, /шӣ/ + консонант, сп. *ӣосно (*: *ӣосӣ), радосно, ḡашник, ношно, ношфи, ношја, ӣешник,* во групата /ӣсв/: *бо'ḡасво,* во одделни случаи во групата /ӣк/: *иска'ено (*: *ӣкае).* На крајот се испушта во одделни примери во групата /сӣ/, сп. *радос, жал'ос, бол'ес, кара'цес* (главно во двосложни и во повеќесложни лексеми), но и: *ḡросӣ, керсӣ, мосӣ, ӣерсӣ, ӣросӣ, чисӣ, шесӣ.*

Согласката /д/ се испушта на почетокот во групата /дл/ во *ламбок, ламбо'чина,* во медијална позиција се испушта пред /н/: *ено, ӣана, ӣлајна (ӣладнина), сена (седна)* и пред /л/ во *сферл'е,* но *сфердал.*

Од другите консонанти во одделни лексеми се испуштаат: /ḡ/ во *сеа, коа* покрај *коḡа, ве'л'иден* (во групата *-ḡд-*); /с/ се загубило на почетокот во глаголите *ӣрижи, ӣружи* (во групата *сӣр-,* но таа не е регуларна фонетска појава, сп. *сӣреда, сӣрана*).

3.4. *Еӣенӣеза* е констатирана во неколку случаи. Регуларна појава е вметнувањето на преградните /ӣ, д/ во групите /ср, зр, жр/: *сӣребро, сӣреда, сӣреден, здрак, здрачи, ждребе.* Во групата /мр/ се вметнува во одделни случаи /б/, сп. *умбрен, умбри;* сп. и *ḡл'исӣра, ӣамбук.*

Од секундарно потекло е и /ӣ/ во *класӣја (*: *клас),* веројатно по аналогија на примерите од типот *цвеӣја, л'исӣја* и други слични образувања. Аналошко е и /з/ во *бразда'вица.*

## 4. ПРОЗОДИЈА

### 4.1. *Прозодиски единици*

Од прозодиските средства езеречкиот говор го познава само динамичкиот акцент. Фонолошко-дистинктивна функција тој исполнува со своето место кај некои глаголски форми, сп. *'имаме, 'имаше* (1 и 2 л. мн. през.) : *и'маме, и'маше* (1 и 2 л. мн. аорист).

Во 1 и 2 л. мн. на аористот акцентираниот слог (вокал) по правило се изговара нешто подолго во споредба со акцентираните вокали во други позиции, меѓутоа, оваа компензациона должина што настанала по загубата на согласката /х/ не врши дистинктивна функција, сп. *ре'коме, ре'коше, доне'соме – доне'соше, пад'наме – пад'наше.*

### 4.2. *Местото на акцентот*

Акцентот во принцип може да стои на сите слогови во зброформите, но со некои ограничувања.

Огромно мнозинство лексеми имаат акцент на пенултима.

4.3. Акцентски целости. – Изделуваме два вида акцентски целости – со именки и со глаголи.

Именките образуваат акцентска група со кратките дативни заменски форми употребени со посесивно значење, со предлозите, со партикулите за степенување (*по-, нај-*) и со некои сврзници. Меѓутоа, од овие придружни зборови врз местото на акцентот можат да влијаат само заменските клитики. Во акцентски поглед тие се однесуваат како суфикси до колку во синтагматската целост акцентот би се нашол на четвртиот слог. Во такви целости се јавува секундарен акцент, сп. *'детето-ни за'г'имна. Шчерка'та-му 'цароˌтом ос'л'епе.* Исто така и кога е заменската клитика придружник на атрибутот, сп. *Го'л'емаˌта-му ш'черка из'бега.* Во примерите како: *(ојде) 'дома-му, (му рече) на-'вујко-му, 'мајка-му 'ести 'болна* – имаме друга акцентска ситуација – аецентот паѓа на третиот слог во целоста.

Во предлошките синтагми и во споевите со сврзници акцентот секогаш стои на именскиот дел без оглед на бројот на слоговите, сп. *(отиде) на-'нива, на-'пåт (застана), на-'дåп (се качи); и-'татко и-'син ој'дое на-'Костур.* Во степенуваните именски форми има двоен акцент, зашто се акцентираат и партикулите: *Б'рат-ми 'ести 'по'мајстор, 'пора'ботник.*

Кај глаголските целости со заменска клитика, со партикулите *ќе* и *за* и со сврзници акцентот редовно паѓа врз глаголскиот дел од синтагмата, сп. *Му-'рече на-'брат-му. Го-'виде 'Петрето. Му-и-из'ваде 'очите. Да-го-'носи 'дома-му. 'Ојде да-се-из'мие. Ќе-му-'носи 'л'еп.*

Кога е глаголот негиран со партикулата *не*, тогаш акцентската целост има двоен акцент – на глаголот и на негацијата, сп.: *'Не-ра'боти, 'не-го-'зева, 'не-се-'јаде.* Исто така и во прашални искази редовно се акцентираат и глаголот и прашалниот збор, сп. *Ш'чо-ра'ботиш? 'Кој-те-'виде? Са-'кого-'беше?*

## 31. ШЛЕГОВО

ШЛЕГОВО, општина Кратово.

Северни говори, источна група.

Кратовски говор.

ОЛА 98, МДА 10.

Селото се наоѓа на патот Кратово – Пробиштип. Во 1961 год. тоа имало 846 жители, православни Македонци. Населението се занимава со земјоделство, сточарство, занаети. Економски центар е Кратово. Во селото има основно училиште до 4 одделение.

Населбата прв пат се спомнува во XIV в.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ӑ* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.1.1. Функција на силабема врши и /*р̥*/.

1.2. *Консонан̄тизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *в* | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л'* | *р* | *н* |
| *ј* | | | *њ* |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *п̄* | *б* | | |
| *т̄* | *д* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *ќ* | *ѓ̄* | | |
| *к* | *г̄* | | |

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите силабеми можат да бидат акцентирани.

1.3.2. Акцентот е слободен и морфолошки стабилизиран.

1.3.3. Како дистинктивен признак акцентот се користи кај глаголите во аористот и презентот, сп. *(он) и'ма* (3 л. едн. аор.) : *(он) 'има* (3 л. едн. през.).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ можат да стојат во сите позиции на зборoформите – на почетокот, во средината и на крајот.

Вокалот /*ă*/ не може да стои на почетокот и на крајот на зборoформите.

2.1.2. Вокалите /*и, е, а, о, у*/ во принцип можат да стојат во група секој со сите, сп. *с'наи, о'ќои, 'муи, т̄ру'ица, 'п̄ие, д'ваесе, 'лае, с'т̄ое, ку'п̄уе, ст̄'реа, ви'доа, до'аѓ̄а, 'муа, с'виок, г̄'реове, 'буове, 'меур, ла'уса.*

Вокалот /*ă*/ не се јавува во група со друг вокал.

2.1.3. Секвенци од два исти вокала не се контрахираат, сп. /*ии*/: *з'мии, т̄еп̄'сии*, /*ее*/: *с'мее се, се'дееќе*, /*аа*/: *'маа, вик'наа*, /*оо*/: *цр̥но'ок.*

2.1.4. Долгите вокали добиени со компензација по загубата на /*х*/ пред консонант се расчленуваат на два кратки вокала, сп. *мее'л'ем (< ме:л'ем < мехл'ем), 'бооча (< бо:ча < бохча), дуу'на (< ду:на < духна).*

2.1.5. Секвенци од три вокали во домашни зборови се необични. Во 3 л. мн. на имперфектот кај глаголите од типот ‘пие, сее, знае, брое, чуе’ меѓу последните вокали има /*ј*/, сп. *'п̄иеја, 'сееја, з'наеја, б̄'роеја, 'чуеја.*

2.1.6. Силабичното /р̥/ се јавува во групите р̥С-, Cр̥C, сп. 'р̥ѓа, 'р̥жан, 'цр̥но, 'пр̥сти. Во соседство со вокал може да се сретне само во случаи со загубено /х/, сп. 'вр̥о, 'вр̥ове, и на морфемската граница со префикс, сп. 'зар̥ѓа.

Во почетокот на збороформите /р̥/ се реализира како [ᵊр̥]: 'ᵊр̥ѓа, 'ᵊр̥ска.

2.2. *Консонантизам*

2.2.1. Сонантите и безвучните опструенти можат да стојат во сите позиции на збороформите – на почетокот, во средината и на крајот.

2.2.2. Звучните опструенти не можат да стојат на крајот и пред безвучни согласки, а безвучните не можат да стојат пред звучните.

2.2.2.1. Едначењето по звучност се врши и на составот меѓу префикс и коренска морфема, како и меѓу одделни збороформи во една акцентска единица.

2.2.3. Консонантски групи.

2.2.3.1. Консонантски групи од два исти консонанта се ретки. На морфемската граница се констатирани само следниве геминати: /јј/: *'нај:ак (најјак),* /тт/: *п'рол'ет:а (прол'етта), од:е'л'ил'е се (оддел'ил'е).*

2.2.3.2. Почетна група од два сонанти е можна само кога е прв нејзин член /м/, сп. *м'ладо, м'рамор.*

2.2.3.3. Сонантите, со исклучок на /р/, на почетокот на збороформите не се среќаваат во група со опструент.

2.2.3.4. Од опструентите на почетокот се одбегнуваат групите: *пч-* во повеќесложни зборови, сп. *че'ница, че'ничен л'еп,* но: *п'чела, вч-* и *вн-* во одделни случаи, сп. *'чера, 'ногу.* Групата *пс* се одбегнува во сите позиции на збороформите каде што нема фонетско-семантички пречки, сп. *пци, п'цето, п'цуе, пцо'виса, с'типца.*

2.2.3.5. Согласката /с/ не може да стои исто така и пред /ч/ на морфемската граница, сп. *к'лашче, 'л'ишче, 'мошче, об'рашче, иш'чеша.*

2.2.3.6. Групата *шт* по правило не се јавува, место неа редовно стои *шч,* сп. *'ѓушчер, к'л'ешчи, 'нишчо, ог'нишче, 'пушча, ш'чавеј.*

2.2.3.7. Се одбегнува и секвенцата *вн,* до колку не се јават фонетско-семантички пречки, сп. *о'дамна, 'рамно, рам'ница, глам'ница, осам'нало.*

2.2.3.8. На крајот на збороформите не може да стои /т/ зад /с, ш/, сп. *ѓос, л'ис, мас, 'радос, даш, веш, приш.*

2.2.3.9. Од трисложните и повеќесложните консонантски групи не се можни оние што се составени од фонемите /с, ш/ + плозив, сп. *оцп'реди, б'рацки, 'посно.*

2.2.3.10. Но исто така треба да истакнеме дека во овој говор се можни консонантски групи составени од плозивот /т/ и африкатите /ц, ч/: *б'ратче,*

*'жиѿце,* групата *-сц-* на морфемската граница во случаи како: *'масца, 'месце, ѿ'расци, ис'цеде,* како и групите *ср, зр* и *сѿр, здр,* сп. *с'реда, з'рело – сѿ'ража, зд'равје,* но *жд'ребе.*

2.2.4. Одделни консонанти.

2.2.4.1. Сонантот /*j*/ не се јавува пред преден вокал на почетокот на зборо-формите, сп. *'еден, 'езеро, 'есен.*

2.2.4.2. Фонемата /*л*/ не може да стои пред преден вокал и пред /*j*/. Во тие позиции нејзиниот изговор се неутрализира со изговорот на /*л'*/, сп. *'кола – 'кол'и* (мн.), *'бела – 'бел'и* (мн.) : *'бел'и* (мн. од *'бел'а,* тур. ар. *belâ* 'беда'). Пред консонант и на крајот /*л*/ се реализира како билабијално [*ў*], сп. *каў – 'каўѿа, 'бивоў – 'бивол'и, ди'беў – ди'бела, 'заўва, 'зеўник, 'маўку.*

2.2.4.3. Сонантот /*р*/ секогаш има соседство со барем еден вокал.

2.2.4.4. Согласката /*в*/ на крајот, пред безвучен плозив и зад /*ш*/ се реализира како полузвучен фрикат, сп. *'мрѿав, сваѿ, све, 'овца.*

2.2.4.5. Фонемата /*s*/ е ретка; се јавува најчесто во секвенцата *sв* : *s'воно, s'виска, sвер,* поретко и во група со сонантите /*н, р*/, сп. *'ганsа, об'sрне,* и пред вокал: *siѿ, sев'гар, 'sуница.*

2.2.4.6. Фонемата /*џ*/ исто така не е честа и се среќава, главно, во туѓи лексеми и морфеми.

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Акцентот може да стои на сите слогови со некои ограничувања на последниот отворен слог, сп. *ка'зан, др'вар, о'рач, ру'кав, сла'вej, слабу'њав, браѿу'чеѿ, – 'куѿњак, 'мучник, 'уѿак, 'пеѿеў, ро'диѿеў, у'доваћ, е'ѿрва, коѿ'рива, чуб'рика, ѿе'л'ена, сл'е'ѿоќа, лажица, ко'л'ено, лоj'зиња, – 'jазоваћ, 'задруга, 'лобода, 'бабичка, с'лабица, 'jужица, к'л'еѿало, 'езеро, – 'ласѿавичка, 'маjковина, 'заедница, 'еребица, 'црквиче, 'еребициѿе, 'црквичеѿо.*

2.3.1.1. На последниот отворен слог во домашни зборови акцентот се јавува во еднинската форма на аористот, сп. *(ja, ѿи, он) ка'жа, кажу'ва, но'си, ум'ре, (ja) доj'до, ре'ко,* во формите за женски и среден род од заменките *кој, чиј, ка'кав,* сп. *ко'ja ('жена ул'ег'на), чи'ja (е о'ваj крава), чи'jo (jе о'воj деѿе), как'ва, как'во, ед'на, ед'но,* во некои прилози, на пр. *бла'зе-ѿи, ов'де,* како и кај именките од м.р. со загубено /*х*/: *о'ра, сиро'ма, ко'жу.*

2.3.2. Друга особина на акцентот во овој говор е неговата парадигматичност (тој е морфолошки стабилизиран на еден слог во целата парадигма), сп. *е'зик – е'зико – е'зици – е'зициѿе – (два) е'зика, син – 'сино – 'синове – 'синовеѿо, 'улав – 'улава – 'улаво – 'улави – 'улавио – 'улаваѿа – 'улавиѿе, 'ѿорбичка – 'ѿорбички – 'ѿорбичкаѿа – 'ѿорбичкиѿе,* кај глаголите:

(през.) *'бе̄гам – 'бе̄гаш – 'бе̄гамо – 'бе̄га̄те – 'бе̄га̄т,* (аор.) *бе'г̄а* (1–3 л. едн.) – *бе'г̄амо – бе'г̄а̄те – бе'г̄аа.*

2.3.2.1. Од претходново правило отстапуваат само именките 'вол, поп' кои во множинските форми имаат акцент на флексивната морфема, сп. *воў – 'воло* : *во'лове – во'лове̄то,* бројната именка *и'л'адо* : *(т̄ри) 'ил'ади,* заменките *кој, чиј* : *ко'ја – ко'јо – ко'и, чи'ја – чи'јо.*

2.3.2.2. Тенденцијата за задржување на акцентот на еден ист слог во парадигмата е спроведена и во акцентските групи (целости). Така во именските синтагми со предлог предлогот е секогаш во проклиза, сп. *(иде) од 'дома (п̄ројде) п̄реко 'река (ост̄ана) без 'ног̄а.* Во глаголските синтагми редовно стои на глаголот, сп. *ќе 'п̄ојдеш, ќе г̄а 'зему, (ја) му-ре'ко, одне'со-си.* Ако е синтагмата негирана, тогаш и негацијата се акцентира, сп. *'не-т̄е-п̄оз'нава, 'не-ми-се-с'п̄ие,* но: *не-ви'до, не-'можу да-'иду.*

2.3.3. Степенуваните и негираните придавки имаат двоен акцент, сп. *'п̄о-ви'сок, 'нај̄го'л'ем, 'неве'сеў, 'неработ̄'л'ив.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

### 3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните гласови во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у* : *син, сит̄*
 < секундарниот $ъ_2$ во *'ог̄ин*
 < *е* во неакцентиран слог во неколку случаи: *ди'беў, чи'кија, ши'ќер*

*е* < **ě* : *е'зик, 'еза, е'т̄р̥ва, 'едăр, еч'мен, 'жет̄ва*
 < **ę* : *'цело, 'цел'ина*
 < *а* зад /*ј*/ во *е'рăм (јарем), ере'бица*
 < *и* (со асимилација) во *че'т̄ересе*

*ă* < **ь̥* : *дăн, лăк, 'лăсăн, 'сăг̄а, 'т̄ăнăк, о'п̄ăнци, 'кот̄ăў, 'п̄ет̄ăў, е'дăн, 'же-дăн, 'п̄ут̄ăц, у'довăц, о'цăт̄, е'рăм*
 < **ъ̥* : *дăш, 'бăчва, 'бăзеў, 'вăшка, 'зăўва, кăт̄, 'сăп̄ка, т̄а'кăв, на'п̄р̥ст̄ăк, 'ручăк, о'нăј*
 < $ъ_2$ секундарно: *ја'г̄ăнца, 'бăдник, лă'жица, 'мăг̄ла, 'мăска, осăм'нало, 'цăвт̄е; 'осăм, 'седăм, се'дăмдесе, 'бист̄ăр, 'добăр, 'едăр, 'ит̄ăр, 'мокăр, 'мудăр, 'ос-т̄ăр, 'вет̄ăр, 'веп̄ăр*
 < **ǫ* во примерите: *'г̄ăзечки, г̄'нăсăн, 'г̄ăнѕа се, длă'бок, 'еднăш, 'кăдрав*

< *l̥ во примерите: *'гăта, жă'тар, жă'тица, 'кăца* или во група со /л/:
*з'лăчка, с'лăза, с'лăнце, д'лăги, 'лăцна*

< турското ı : *баў'дăза, 'вăстан, 'зăмба, зă'бан*

*а* < *ǫ во: *са* (*sǫtъ), суф. *-на* : *пад'нал'е,* во наставките за 3 л. мн. през. и имперф.: *'берат, 'сечат, 'викаа*

< *ě во: *о'ра – о'раси, с'вакакăв*

< *ę во *'зајак*

*о* < *ъ̥ во членската морфема за м.р.: *'л'ебо, чо'веко*

< секундарниот $ъ_2$ пред крајното /л/: *'рекоў, 'секоў*

*у* < *ǫ : *дуп, 'зуби, го'луби, гусе'ница, гус'так, же'лудăц, 'јуже, ју'жица, ку-'дела, к'лупче, 'мудăр, 'мука, 'мужје, 'мутăн, му'кăк* и др.

< *l̥ во одделни случаи: *'бугарин, вук, 'вуна, 'јабука, кук, 'музе, муз'ница, пун, пу'жаўка, чун*

< *wь̥/ъ̥ : *у, уз, уде'нуе, у'довăц, у'лага, ул'ег'на, у'нук, у'нутра*

< *о* во одделни случаи: *'бумба, 'пумпа, 'пуздер, ку'манда, ку'мисија, 'јагу-да, 'дури, 'доктур, 'пампур, 'ушче* покрај *'ошче*

*р̥* < *r̥ примарно и секундарно

< секвенците *ар, ра, ре* по редукцијата на вокалниот сегмент, сп. *бр̥'да-ци (бардаци), бр̥да'вица (брадавица), вр̥'тено (вретено).*

3.2. *Консонантизам*

Консонантите /*ј, р, м, н, њ, п, б, т, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, г*/ потекнуваат од соодветните гласови во појдовниот систем. Освен тоа:

*ј* < место епентетско *l' : *'земја*

< *и* пред членската морфема за м.р. *-о,* сп. *г'лујо (глуио < глухио), ди-'бел'јо (дибел'ио), не'говјо (неговио), с'купјо, 'цел'јо*

< *е* зад вокал во броевите: *иди'најсе, два'најсе,* и во глаг. прилог: *се'дејќе* покрај *се'дееќе*

< *х во: *меј'л'ем* покрај *мее'л'ем, 'нијни, 'задиј, 'кијне* (најчесто во позиција зад вокалот *и*)

< *ø* (како протеза) пред континуантот на почетното *ǫ во: *'јуже, ју'жи-ца, 'јутăк* покрај *'утăк*

*л* < *l со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

< *l' во ред случаи и во сите позиции, сп. *клун, ку'дела, 'чешла се, при-'јатеў, у'читеў, 'чешăў, ро'диўка, сту'паўка,* и др.

< *l̥ во група со /ă/ во одделни случаи, сп. *д'лăги, с'лăза, с'лăнце, з'лăчка*

*л’* < *l′ : *ко'шул’а, не'вол’а, 'гр̥кл’ан, 'чел’ат, бл’уе, кл’уч, ви'л’ушка, вр̥'зал’ка, невес'тул’ка*

< *l во позиција пред предните вокали и пред *j*

< туѓо: *ви'тил’*

*р* < *ŕ : *'море*

*в* < *w

< како протеза во: *'вујко, 'вујна*

< хијатско во: *'павук, 'јава, су'вар, 'чива, 'чиво*

< *x во: *'мувла, мув'лосан, 'овтика, 'павне, тав'таба*

< туѓо *f* : *ви'тил’, вес, 'вурна*

*м* < *в* во секвенцата *вн* : *о'дамна, п'л’емна, 'рамно, о'сăмна* (2.2.3.7.)

*н* < *ń во одделни случаи, сп. *'негов, 'нин*

*њ* < *nьj : *ја'дење, ко'рења, 'тр̥ња*

< *н* по аналогија во одделни случаи, сп. *др̥'моњ*

*ц* < *č во групите *čr̥-, *črě-, *čvr̥-, сп. *цр̥н, 'цр̥вен, ц'рево, цреп, ц'вр̥сто*

< *с* во секвенцата *пс* : *пци, п'цуе* (2.2.3.4.)

< групата -*тс*- во случаи како: *оцпреди, брацки* (2.2.3.9.)

*ѕ* < *з* во групите *зв, нз* и пред вокал во одделни случаи, сп. *ѕ'виска, ѕвер, 'гăнѕа, об'ѕр̥не, ѕип, 'ѕиври, ѕу'ница* (2.2.4.5.)

*ч* < место *т* во секвенцата *шт (> шч)*, сп. *ш'чукна, шчр̥к, 'гушчер, 'нишчо, же'нишче, а'л’ишча, ог'нишче* (2.2.3.6.)

*џ* < туѓо: *џа'мија, џеп, џи'гер*

*ш* < *с* во секвенцата -*сч*- на морфемската граница, сп. *'кошче (: коска), к'вашче, 'л’ишче, по'јашче* (2.2.3.5.)

*ќ* < *t′ : *в'реќа, 'веќе, вруќ, вру'ќина, 'гаќи, 'воќка, до'маќин, 'куќа, 'л’еќа, му'ќăк, 'муќе'ница, ме'ќава, моќ, немоќан, 'нăкве, 'неќу, ноќ, о'буќа, п'л’еќи, 'помоќ, п'раќа, плаќа, с'веќа, с'веќник, 'синоќе, с'реќа, 'ќерка, ќе, ќут, 'ќуте*

< *tьj : *б'раќа, ц'веќе*

< туѓо: *бу'баќ, ду'ќан, ќи'л’им, 'ќоше, ќу'мур*

< место *ч* во *пе'ќурка*

*ѓ* < *d′ : *'ваѓа, 'веѓа, 'виѓа, г'раѓа, 'госпоѓа, гра'ѓанин, до'аѓа, к'раѓа, 'меѓа, 'меѓњик, п'реѓа, п'реѓе, 'р̥ѓа, та'којѓере, 'чаѓи*

< *dьj : *'лаѓа, 'луѓе*

< туѓо: *'ѓавоў, ѓер'дан, ѓон, 'ѓубре, ма'ѓесник*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиени од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни како резултат на регресивна асимилација.

3.2.2. Безвучните консонанти се добиени од звучните на крајот.

3.2.3. Во одделни случаи (најчесто кај придавките) безвучните се добиени и по аналогија, сп. *'нисăк, 'ретăк, с'латăк, 'тешăк (: ниска, ретка, слатка, тешка).*

3.3. *Прозодија*

Појдовниот прозодиски систем не претрпел поголеми фонолошки промени, но се извршиле значителни морфолошки измени (в. 2.3.).

3.4. *Губење на одделни гласови*

3.4.1. Од појдовниот консонантски систем овој говор не ја познава фонемата /х/. Таа се загубила наполно готово во сите позиции, сп. *л'еп, 'рана, и'л'адо, с'наа, с'таор, 'л'еа, 'буове, 'муа, 'уо, 'суи, 'ела, нин, 'јане, оглу'на, ви'доте, вр̥, вла, вра, гра, о'ра, сиро'ма, гре, ме, 'оќо, бу : 'буо, глу, ко'жу, су, ви'до.*

3.4.2. Од другите консонанти во одделни позиции почесто се губи сонантот /ј/. Редовно тој се губи на почетокот пред предните вокали, сп. *'езеро, 'ела,* а доста често и во меѓувокална позиција исто така пред преден вокал, сп. *по'вои, 'разбои, 'мои, 'лае, 'пие.*

3.4.3. Од опструентите во повеќе случаи се загубил плозивот /т/. Редовно тој се губи на крајот во членската морфема за м.р., сп. *е'зико, 'мужо, 'л'ебо, 'лошјо // 'лошио,* во броевите од 11–19 и во десетиците, сп. *иди'најсе, д'ваесе, 'песе,* во консонантските групи *-стј-, -тств-* : *'кр̥сје, 'л'исја, бо'гаство,* и во крајните групи *-ст, -шт,* сп. *кр̥с, л'ис, 'бол'ес, дăш, приш, веш.*

3.4.4. Согласката /д/ се загубила во десетиците од 20–90 : *д'ваесе, 'пеесе, де'веесе.*

3.4.5. По неколку примери наоѓаме со загубени: *м (ногу), в ('чера, 'торник, 'сите, 'земе), ѓ (преска), п (че'ница, че'ничка, че'ничен л'еп).*

3.5. *Метатеза*

Метатеза е извршена во заменскиот корен **wь̥s-* : *све, сви, с'вакакăв, 'сăвио,* во групата *-зј- (> јз)* : *г'ројзе, 'лојзе,* и во неколку други одделни примери, сп. *та'рун.*

## 32. ЉУБАНЦИ

ЉУБАНЦИ, порано општина Скопје, денес Чаир.

Северни говори, скопско-црногорски говор.

ОЛА 95, МДА 37.

Селото е оддалечено од Скопје околу 15 км. Во 1961 год. тоа имало 1.312 жители, од кои 1.298 православни Македонци. Главно занимање е земјоделството. Во селото има осмолетка.

Селото прв пат се спомнува во половината на XV в.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ӑ* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.1.1. Функција на силабема врши и /*р̥*/ (2.1.3.).

1.2. *Консонантизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *в* | | | *м* |
| | *л* | *р* | *н* |
| *ј* | *љ* | | *њ* |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *п̄* | *б* | | |
| *т̄* | *д* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *ќ* | *г̄́* | | |
| *к* | *г̄* | | |

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите силабеми можат да бидат акцентирани и неакцентирани.
1.3.2. Нема дистинктивни прозодиски признаци.

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Дистрибуцијата на вокалите е релативно слободна: секој вокал може да се јави во принцип во почетокот, во средината и на крајот на збороформите, пред и зад поодделни консонанти.

Од ова се исклучува вокалот /*ă*/, кој не може да стои на апсолутниот почеток и на крајот.

2.1.2. Сите вокали, освен /*ă*/, можат да стојат во група со секој, со исклучок на почетокот на збороформите.

2.1.3. Силабемата /*р̥*/ обично се јавува во средишна позиција, поретко на почетокот и на крајот на збороформите, сп. *р̥'г̄́а, р̥'т̄и, вр̥.*

2.1.3.1. Силабемата /*р̥*/ по правило се јавува во консонантско соседство (*r̥C-, Cr̥C, -Cr̥*). Во соседство со вокал може да се јави само на морфемската граница во случаи од типот '*зар̥г̄́а,* '*п̄рер̥т̄и,* или '*вр̥ăт̄,* '*вр̥ăн,* '*вр̥ови.*

2.1.4. Во вокалските групи со /*и*/ како втора компонента понекогаш /*и*/ > [*i̯*] со удолжување на претходниот вокал, сп. *д'ва·i̯ца, са'ба·i̯л'е, т̄ру'до·i̯на.* По тој начин [*i̯*] со претходниот вокал образува дифтонг (2.3.1.).

2.1.5. Едносложна дифтоншка група од две мори со претходниот вокал образува и вокалот /*у*/ во 3 л. мн. на презентот и имперфектот, сп. '*викау* > '*викаў, ви'кашеў* (2.3.1.).

2.1.6. Хијатот во вокалските групи се отклонува најчесто со вметнување на /*в*/, сп. *с'нава, 'сават, 'сова, ст'рева, 'мува.*

2.2. *Консонантизам*

2.2.1. Сите сонанти можат да стојат во почетна, средишна и крајна позиција.

2.2.2. Сите опструенти можат да стојат во почетна и во средна позиција.

2.2.3. На крајот на зборoформите можат да се јават само безвучните опструенти.

2.2.4. Звучните опструенти не можат да стојат и пред безвучните, а безвучните не можат да стојат пред звучните, со исклучок на /*в*/.

2.2.5. Сонантот /*л*/ пред предните вокали и пред /*j*/ има алофон [*л'*].

2.2.6. Консонантски групи.

2.2.6.1. Денталните плозиви /*т, д*/ не можат да стојат пред африкатите, сп. *'брце, 'жице (*: *брдо, жито)* (3.4.4.).

2.2.6.2. Опструентите /*с, з*/ не можат да стојат пред палаталните консонанти (со исклучок на *j*) и во таа позиција тие се асимилираат, сп. *'угашњу, т'решњу, сăш'њега, 'миришљив, 'гошќу, 'ужњу, п'рикажња (*: *угаснеш, раснеш, гостиш, узнеш)* (3.2.).

2.2.6.3. Консонантот /*с*/ не може да стои и во групата *сч* : *'крш̥че, 'л'ишче* (3.2.).

2.2.6.4. Не се трпи ни групата *пс* : *п'цује, 'л'ипцало, 'тепција* (3.2.).

2.2.6.5. Во домашни зборови не се можни на крајот консонантските групи *-ст, -шт,* сп. *'бол'ес, крс, приш* (3.4.4.).

2.2.6.6. Групи од два исти консонанта освен со /*j*/, сп. *'најјак* > *'нај:ак,* не се констатирани.

2.2.7. Одделни консонанти.

2.2.7.1. /*j*/ во интервокална позиција пред /*е*/ се јавува факултативно, а може и наполно да се загуби, сп. *'пи(ј)е, за'качу(ј)е, з'на(ј)е, 'по(ј)е, з'ре(ј)е,* но и: *из'миена, се'дееќи.*

2.2.7.2. /*р*/ се реализира во соседство со вокал.

2.2.7.3. Консонантот /*ѕ*/ не е чест; се јавува најчесто во група со /*в*/ и со сонантите /*н*/ и /*р*/ (3.2.).

2.2.7.4. Консонантот /*ќ*/ пред предните вокали, особено пред /*е*/, се изговара со значително намалена фрикација, сп. *'к'ерка, к'е.*

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Акцентот на двосложните зборοформи паѓа на почетниот слог, а на трисложните и повеќесложните е фиксиран на третиот слог (мора) од крајот, со мали исклучоци, сп. *'кошуља – ко'шуљаша, ку'ќешина – куќе'шинава – куќе-'шинеше, се'дееќи.*

И во случаите како: *тру'доі̯на (трудовина), оғ'лувеў, насе'љуеў* (3 л. мн. през.), *ви'кашеў, но'сешеў* (3 л. мн. имперф.) акцентот стои на третата мора од крајот, бидејќи дифтонзите *оі̯* и *еў* содржат по две мори (2.1.4., 2.1.5.).

2.3.2. Од претходното акцентско правило отстапуваат некои прилошки образувања и одделни заменски зборови, сп. *у'нушра, ов'декац, шак'воја, ово'л'ики* и др.

2.3.3. Правилото за третосложното акцентирање се однесува и за акцентските целости од атрибут + именка, сп. *ғо'л'ем-кожу, дру'ғе-жене, ош сша'ро-време, д'ва-дăна,* но и: *мумуру'зан-л'еп, њо'јан-муж, сва'ки-дăн* – кога е именката едносложна.

2.3.3.1. Во предлошките синтагми акцентот не преминува врз предлогот: *ќ-'иде на-'йазар, на-'ғосши.*

2.3.3.2. Акцентско единство чинат и глаголите со клитичките зборови, сп. *до'неси-ға, доне'сеше-ғи, му-'рече,* а кога се со негација и прашален збор акцентот се управува по правилото за третосложно акцентирање: *не-'ға-виде, шшо-'ми-идеш?*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

### 3.1. *Вокализам*

Силабемите /*и, е, а, о, у, р̥*/ потекнуваат од соодветните силабеми во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у* : *син*
*е* < **ę* : *'(ј)език*
< **ě* : *'л'ешо*
*ă* < **ъ̥* : *дăш, 'йешăк, 'сăшије*
< **ь̥* : *дăн, 'овăс*
< секундарниот $ъ_2$ во сите позиции: *'мăғла, 'осшăр, 'оғăњ, 'седăм, 'сăмне*
< турското *ı* : *'мăздрак, 'кăна*
*а* < **ǫ* во суфиксот *-на-* : *'седнаш*
< **ě* во: *'ора, 'ораси*
< **ь̥* во *'њојан, му'мурузан*
*у* < **ǫ* : *ғу'сеница, 'удица, 'сечу*

< *wь/ъ : *уз, 'узе, 'удовӑц*

< *l̥ само или во група со *л* : *'бува, 'вуна, с'луба, с'луза*

3.2. *Консонан̄тизам*

Консонантите /*j, л, љ, р, м, н, њ, п̄, б, т̄, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, г̄*/ потекнуваат од соодветните консонанти во појдовниот систем. Освен тоа:

*j* < *ø* во *'јуже, 'јужица, 'јут̄ӑк, ју'чера*

< *и* зад друг вокал (2.1.4.)

*л* < *l̥ во групата *лу* : *с'луза, с'лунце*

*љ* < *lь̯j* : *'зеље*

*р* < *ŕ

*њ* < *nь̯j* : *'т̄р̥ње*

< *н* аналошки: *'седњу, 'л'ег̄њу*

< *н* во групата *нк* : *г̄'рањка, 'сењка*

*в* < *w

< *ф* : *'ваќа, 'вурна, 'венер*

< *у* зад друг вокал во 3 л. мн. през. и имперф.: *'викав, ви'кашев*

< *ø* во хијат, пред сѐ место некогашното /*x*/: *с'нава, 'сова, 'чива, 'руво, 'суво,* аналошки после и во *сув*

*ц* < *č во *čr̥-* и *črě* : *цр̥н, ц'рево*

< *с* во групата *п̄с* : *п̄'цује, 'л'ип̄ца* (2.2.6.4.)

< *т̄с* во групата *т̄ск* : *б̄'рацки, ар'науцки*

*ѕ* < *з* во групите *зв, нз, зр* : *ѕвер, 'наѕре,* поретко и во други позиции: *'ѕебе, 'ѕидар, о'ѕӑт̄, 'ѕаг̄́ан*

*з* < *ʒ

*џ* < (во заемки): *'џаде, 'оџа*

*ш* < *с* во групите *с* + палатален консонант: *'г̄ашњу, 'миришљив* (2.2.6.2.), и *шч* : *б̄'решче* (2.2.6.3.)

*ж* < *з* во група со палатален консонант: *беж-'њег̄а* (2.2.6.2.)

*ќ* < *t′ : *'куќа*

< *tь̯j* : *ц'веќе, б̄'раќа*

< *т̄* аналошки: *'меќу, п̄'л'еќу (: мет̄еш, п̄л'ет̄еш),* како *п̄'лаќу*

< во заемки: *ќор, 'ќуше*

*г̄́* < *d′ : *'вег̄́а, 'мег̄́а*

< *dь̯j* : *'лаг̄́а*

< *д* аналошки: *'иг̄́у (: идеш),* како во *'виг̄́у (: видиш)*

< во заемки: *г̄́он, 'г̄́ердан*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиени од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни, како резултат на регресивна асимилација по звучност.

3.2.2. Безвучните опструенти на крајот на зборoформите можеле да се добијат и од соодветните звучни опструенти.

3.3. *Прозодија*

3.3.1. Дистинктивната функција на акцентот е отклонета со фиксирањето на акцентот опишано во 2.3.

3.3.2. Нови должини настанале со контракција и со компензација (2.1.4.).

3.4. *Губење на одделни гласови*

3.4.1. Вокалите често се испуштаат во проклитичките зборови ако следната зборoформа почнува со вокал, сп. *ќ-'испече, д-'идемо, с-'ожени, г-'удри (ќе-, да-, се-, га-).*

3.4.1.1. Во брзиот говор кај службените зборови крајниот вокал се испушта и во други случаи, сп. *ќеш-да-'падњу (ќеше-), ал-да-га-'ужњу (ал'и-), 'заш-'не-дојде.*

3.4.1.2. И кај многу прилози последниот вокал може да се испушти, сп. *'ју-чер, тăк, сăк, одо'вут, оз'дол,* покрај *ју'чера, сăга, оз'дола.*

3.4.2. Фонемата /х/ се загубила наполно во сите позиции: *гра, ме, вр̥, 'њино, исă'нало, 'узомо.* Зевот што настанал по губењето на /х/ во најголем број случаи е пополнет со вметнување на /в/, поретко со /ј/: *'л'ева, 'пр̥вут, 'бева, ди'јанија* (3.2.).

3.4.3. Консонантот /в/ често се губи во почетната група *вл-* : *'ладика, лас, 'лакно, 'лачи вуну,* поретко и во групата *ств* : *'убисто.* Може да се сретне по некој пример и со загубено /в/ во интервокална позиција, сп. *за'гоорка, лас'тоіца, што-'да-праим, с'таено* и др.

3.4.4. Консонантот /т/ се губи редовно пред африкатите /ц, ч/: *'бр̥це (бр̥до), 'кориче (корито)* (2.2.6.1.),

– во групите *-ст, -шт* : *пр̥с, мас, дош* (2.2.6.5.),

– во консонантската група *стн* : *'радосна, 'посно,*

– и на крајот во десетичните броеви: *два'наесе, д'ваесе, 'педесе, де'ведесе.*

3.4.5. Консонантот /п/ се губи во почетната група *пч* : *'ченица.*

3.5. *Метатеза*

Метатеза е извршена во заменскиот корен **wь̭s-*, сп. *с'ваки, с'вакој, с'вит̄е, све, с'вакакав,*

– во групата *зј,* сп. *ḡ'ројзе, 'лојза,*

– како и во примерите: *'рила (л'ира), п̄'рокај (п̄окрај), 'ḡарван, 'зăвла (зăлва).*

## 33. ТЕАРЦЕ

ТЕАРЦЕ, општина Тетово.

Северни говори.

Вратнички говор.

ОЛА 93, МДА 43.

Селото се наоѓа во Долни Полог, од Тетово е оддалечено околу 10 км. Во 1961 год. селото имало 2.883 жители, од кои 1.353 Македонци, 805 Албанци, 652 Турци, 14 Срби. Населението се занимава главно со земјоделство. Од 1944 год. во селото има осмолетка.

Населбата прв пат се спомнува во втората половина на XV в.

### 1. ИНВЕНТАР

1.1. *Вокализам*

| | | |
|---|---|---|
| *и* | *ă* | *у* |
| *е* | *а* | *о* |

1.1.1. Функција на силабема врши и /*р̥*/ (2.1.4.).

1.2. *Консонантизам*

1.2.1. Сонанти

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *м* |
| | *л* | | |
| | *л’* | *р* | *н* |
| *ј* | | | *њ* |

1.2.2. Опструенти

| | | | |
|---|---|---|---|
| *п* | *б* | *ф* | *в* |
| *т* | *д* | | |
| *ц* | *ѕ* | *с* | *з* |
| *ч* | *џ* | *ш* | *ж* |
| *ќ* | *ѓ* | | |
| *к* | *г* | | |

1.3. *Прозодија*

1.3.1. Сите силабеми можат да бидат акцентирани и неакцентирани.

1.3.2. Нема дистинктивни прозодиски признаци, освен ако му се признае на квантитетот фонолошки статус (в. 2.1.3.1.).

## 2. ДИСТРИБУЦИЈА

2.1. *Вокализам*

2.1.1. Дистрибуцијата на вокалите е релативно слободна; секој вокал може да се јави во принцип во почетокот, во средината и на крајот на збороформите, пред и зад поодделни консонанти, со исклучок на вокалот /*ӑ*/, кој не може да стои на почетокот и на крајот на збороформите.

2.1.2. Сите вокали можат да стојат во група со секој, со некои ограничувања на фонемата /*ӑ*/.

2.1.3. Секвенци од два исти вокала се можни на составот меѓу префикс и коренска морфема, како и во сложени зборови меѓу две коренски морфеми, сп. *ќе 'заака, 'пооди, цр̥'ноока.*

2.1.3.1. Во другите позиции два исти вокали се стегаат во фонетски долг вокал, сп. *'не:ста (< нееста < невеста), с'на: (снаа), 'буко: (< букоо < буково), 'шами: (шамии).*

2.1.4. Силабемата /*р̥*/ обично се јавува во средишна позиција, поретко на почетокот. По правило таа се јавува во консонантско соседство (*r̥C-, Cr̥C*). Во соседство со вокал може да се сретне само на морфемската граница кај префиксираните збороформи, сп. *'зар̥ѓа,* во членувани збороформи од типот *'вр̥от,* или во случаи како *'топр̥а (топр̥ва).*

2.1.5. Вокалот /*и*/ како втора компонента во вокални групи се реализира како [*i̯*], сп. *'јалоі̯ца (< јалоица < јаловица), 'полоі̯на (< полоина < половина), б'ра-*

*даi̯ца (< брадаица < брадавица), 'вал’аi̯ца (< вал’авица).* По тој начин [i̯] со претходниот вокал образува дифтонгоид (*аи > аi̯, ои > оi̯, еи > еi̯*).

2.1.6. Вокалот /*а*/ во соседство со /*ј*/ во повеќесложни збороформи доста често се реализира како затворено напред повлечено [ạ], сп. *'кукại̯ца, б̄'радại̯ца, јạ'банција, јạг̄'л’ичица, 'јạлоi̯ца.*

2.1.7. И вокалот /*о*/ пред /*ј*/ во одделни случаи се реализира како затворено [ọ], сп. *'аст̄ọi̯ца, 'г̄ọјдо, 'лọi̯ца, бо'г̄орọјца.*

2.1.8. Зевот понекогаш се отклонува со вметнување на консонантите /*ј, в*/, сп. *'чујек (човек), 'јува, 'суво.*

2.2. *Консонант̄изам*

2.2.1. Сите сонанти можат да стојат во почетна, средишна и крајна позиција.

2.2.2. Сите опструенти можат да стојат во почетна и во средишна позиција.

2.2.3. На крајот на зброформите можат да се јават само безвучните опструенти.

2.2.4. Нема консонантски групи во кои би се нашле во непосреден контакт звучен и безвучен опструент.

2.2.5. Консонантски групи.

2.2.5.1. Почетна група од два сонанта е можна само кога е прв нејзин член /*м*/, сп. *м'јаукаш̄, м'ладо, м'л’еко, м'рава.*

2.2.5.2. Сонантите на почетокот на зброформите не се јавуваат во група со опструент, со исклучок на /*р*/.

2.2.5.3. Кај опструентите од дијалектен аспект интерес претставуваат следните ограничувања.

На почетокот не можат да стојат групите *п̄с* и *п̄ш,* одн. *п̄ч,* сп. *'цојса, 'цојсан (п̄совисан), 'цалт̄ир (п̄салт̄ир), 'ченца (< п̄ченица < п̄шеница).* Групата *п̄с* се избегнува и во други позиции, сп. *'вап̄ца, п̄'реп̄ца, 'п̄ап̄ца, с'т̄ип̄ца, 'т̄еп̄ција,* а во *сп̄ује (< п̄сује)* непосредноста на /*п̄*/ и /*с*/ се избегнува со метатеза (в. 3.5.).

2.2.5.4. Согласката /*с*/ не може да се јави во група пред /*ч*/ на морфемската граница, сп. *'вошче, к'вашче, 'мошче (воз, квас, мост̄),* додека пред африкатот /*ц*/ таа стои, сп. *'месце.*

2.2.5.5. На почетокот се избегнува и групата *зв,* сп. *ѕ'виска, ѕ'вере, ѕ'вони.* Освен тоа /*з*/ не може да се јави во група пред /*р*/ и зад /*н*/, сп. *'наѕре, 'обѕре, 'јанѕа, 'бенѕин.*

2.2.5.6. Во повеќе случаи се одбегнува и групата *вн* : *'рамно, п̄'л’емња (< п̄л’емна),* додека групата *бн* се задржала, сп. *'дебне.*

2.2.5.7. Од завршните консонантски групи не се можни *-сш̄, -шш̄* : *'бол'ес, крс, ӣос, мас, мос, даш (дажд), ӣриш (ӣришш̄)* (в. 3.4.6.1.).

2.2.5.8. Кај трисложните и повеќесложните консонантски групи не се можни оние што се составени од фрикативните консонанти /*с, ш*/ + *ш̄* + преграден консонант: *'ӣосна, 'радосно* (: *ӣосш̄, радосш̄*), во групите *сш̄ј, здј* : *'л'исје, г'розје* (: *л'исш̄, грозд*), како и *-ждн-* и *-ш̄сш̄в-* : *'нужно* (: *нужда*), *б'расш̄о* // *б'рацш̄во* // *б'рацво*.

2.2.5.9. Не можат да стојат исто така и тричлените групи *сш̄р, здр, ждр*, сп. *'бисро, 'осро, 'сесра, с'рана, с'ража, зраф, з'равје, ж'рига* (в. 3.4.6.).

2.2.5.10. Секвенци од два еднакви консонанта овој говор не познава, сп. *'најак, о'сумина*.

2.2.5.11. Денталните плозиви, кои во многу македонски дијалекти пред африкатите /*ц, ч*/ се загубиле, овде се пазат, но со ослабната артикулација, сп. *'жи$^{т}$це, 'л'ива$^{т}$че*.

2.2.6. Одделни консонанти.

2.2.6.1. Сонантот /*ј*/ во меѓувокална позиција не може да се јави во групата *-оа-*, сп. *'моа, ш̄'воа, 'коа, 'ӣоас*. Во вокалните групи со /*е*/ се јавува факултативно, сп. *з'на(ј)еш, 'ӣо(ј)е, 'мо(ј)е*. На почетокот пред /*е*/ по правило се јавува, сп. *јеш, 'јечмен, 'јегул'а, 'језик, 'једро, 'јечи, 'јеш̄рва, 'јеӣир, 'јела*.

2.2.6.2. Латералот /*л*/ не може да се јави пред преден вокал и пред /*ј*/. Во овие позиции доаѓа до неутрализација со изговорот на фонемата /*л'*/, сп. *'кол'је* (: *кол, колош̄*), *'бел'и* (: *бел, бела, бело, белко*).

2.2.6.3. /*р*/ се реализира во соседство со вокал.

2.2.6.4. Опструентот /*ш̄*/ пред /*њ*/ се реализира како [*ш̄'*], сп. *'куш̄'њи зуби*.

2.2.6.5. Африкатот /*ѕ*/ се јавува во групите *ѕв, ѕр, нѕ* : *ѕ'виска, 'јанѕа, 'наѕре* (в. 2.2.5.5.), во ограничен број случаи и на почетокот пред вокал.

2.2.6.6. /*џ*/ се јавува, главно, во туѓи лексеми и во суфиксот *-џија* (*џабе, џеӣ, 'ловџија*), секогаш пред вокал или во меѓувокална позиција.

2.2.6.7. Фонемата /*ќ*/ има доста ограничена дистрибуција по однос на консонантите. Може да стои во група со /*ј*/ во глаголскиот прилог (*'седејќи*) и во *'ӣојќе*, со назалите /*н*/ и /*њ*/ на морфемската граница: *'божиќни, 'ӣомоќник, с'реќно, 'гаќњик*, и со /*к*/ во литературната форма *с'реќка*, меѓутоа: *'синојка (синоќ), 'овојка*.

2.2.6.8. Исто така и фонемата /*ѓ*/ само во неколку случаи може да се јави во група со консонант, сп. *'меѓњик, 'дунѓер, 'сунѓер, 'р̥ѓа* и изведенките *'зар̥ѓа, 'р̥ѓоса*, и во група со /*в*/ и /*з*/ во префиксираните глаголи *в'ѓаол'и, з'ѓаол'и*.

2.2.6.9. Заднонепчените /*к, г*/ пред предните вокали се реализираат како [*к', г'*], сп. *'к'иш̄ка, 'сек'ира, 'јабук'е, 'рук'е, 'ш̄ак'е, 'ог'ин, 'ног'е*.

2.3. *Прозодија*

2.3.1. Акцентот на двосложните зборoформи е фиксиран на почетниот слог, а во трисложните и повеќесложните на третиот слог, односно третата мора од крајот, сп. *'рука, п'ланина, с'векр̥ва – све'кр̥вата, у'денуаш, прок'л'ештиња.*

2.3.1.1. Истото правило важи и за случаите со дифтонзи од типот: *п'лачејќи, 'седејќи, 'ластојца, брадајца, 'ченкојна, 'л'ебојте, 'остајл'е.*

2.3.2. Акцентот паѓа на третиот слог (мора) и во предлошките и атрибутските синтагми, кога тие претставуваат единствена (семантичка) акцентска целост, сп. *'под-нога, 'за-рука, на-'кол'иба, у ста'ро-време, и посл'е три-'недел'е, од дру'г'и-села.*

2.3.3. Правилото за третосложното акцентирање важи и за глаголските синтагми со негацијата ‘не’ и со прашален збор, сп. *'не-оди, 'не-носи, не-'носимо, не-'га-виде, не-смо-га-'видел'е,* или: *'кој-дојде? кога-'дојдоја? кога-ќе-ра'ботате?*

2.3.3.1. Ова правило важи и за синтагмите кога кратките заменски форми се наоѓаат зад глаголот, сп. *'купи-га-ша'мијата, купите г'и-'куќете.*

2.3.4. Во акцентските целости составени од кратка заменска форма, помошниот глагол ‘сум’, глаголските партикули ‘ќе’ и ‘би’, некои сврзници + глаголска форма акцентот редовно паѓа на глаголската форма без оглед на бројот на слоговите на односната зборoформа, сп. *ме-'виде, те-'однесе, смо-'рекл'е, ќе-'дојде, да-'дојде.*

## 3. ИСТОРИСКИ ИЗВОД

3.1. *Вокализам*

Вокалите /*и, е, а, о, у*/ потекнуваат од соодветните вокали во појдовниот систем. Освен тоа:

*и* < **у* : *син*

*е* < *ь во некои суфикси (*-ен, -ец*) и во други одделни случаи, сп. *'јечмен, 'ражењ, 'конец, 'пал'ец, 'јарем, 'овес, 'оцет, 'сега, 'пенушка*

< *ę : *'једро, 'јечи, 'јетр̥ва, 'чедо*

< *ě : *'вера, 'л'ето, 'сено*

*ӑ* < *ъ најчесто во коренска морфема и префикси, поретко во суфиксни морфеми, сп. *'бӑчва, дӑш, 'зӑлва, сӑн, 'тӑга // 'тӑгаја, 'зӑвре, 'сӑпка, се 'сӑбрал'о*

< *ь̥ најчесто во коренска морфема и во суфиксот *-ăл* : *дăн, лăн, 'лăко, 'пăкăл, 'пăсјо, 'тăмница, се с'тăмни, 'опăнци, 'орăл, 'петăл*

< секундарниот $ъ_2$, сп. *'тăнко, 'цăфти, 'бăдник, 'лăже, 'мăгла, 'мăска*

< *ǫ во одделни случаи, сп. *г'рăди, д'лăбоко, г'нăсно, 'кăде, да 'кăсне, сă* (< *sǫtъ*)

< *l̥ во групите *ăл* // *лă* (зад дентален консонант), сп. *вăлк, 'вăлна, 'гăлта, 'кăлне, 'мăлзе, 'жăлто; д'лăго, с'лăза, с'лăнце, т'лăчник*

< турското *ı* : *'азгăн*

*а* < *ǫ во суфиксни и флексивни морфеми, сп. *'дигнал, 'берат*

< *ь̥ во одделни суфиксни образувања, сп. *'болан, 'остањ, 'удоац, 'мр̥тоац*

< секундарниот $ъ_2$ пред крајните /*л, р*/, сп. *'рекал, 'дотекал, 'осар, 'ветар*

< *ě во случаите *'ораф,* мн. *'орае, с'ваки*

*у* < *ǫ во коренска морфема: *'дубица, 'зуби, 'купина, 'кут'њи 'зуби, 'куде-л'а, 'мутно, руп, пут, прут, 'рука, 'рукаф, 'понудје, 'обруч, 'субота, с'купо, 'туга, трут, 'угл'ењ, 'удица, 'јуже, 'јуток*

< *l̥ зад лабијален консонант во одделни случаи, сп. *'буа, 'јабука, пуф*

< *wъ̥/ъ̥ : *уз, 'унук, 'удоац, 'удојца, 'унесе, у'денуаш*

< *о* во одделни случаи, сп. *'гувее, 'кумита, та'кугере, 'ќуше, 'угул, 'чуек*

*о* < *ъ̥ во членската морфема *-от* : *'чуекот,* суфиксот *-ок* : *'опăнок, с'ни-сок, 'тăнок, 'четвр̥ток,* во предлогот *со* : *со њега,* и во одделни случаи во коренска морфема: *'бозојна, 'сосема*

< секундарниот $ъ_2$ пред крајното /*м*/, сп. *'осом, 'седом, сом* покрај *сăм*

3.2. *Консонантизам*

Консонантите /*ј, р, м, н, њ, п, б, т, д, ц, с, з, ч, ш, ж, к, г*/ потекнуваат од соодветните консонанти во појдовниот систем. Освен тоа:

*ј* < *и* зад друг вокал: *'лоі̯ца, 'полоі̯на, т'роі̯ца* (в. 2.1.5.)

< *е* зад друг вокал во одделни случаи, сп. *'појќе, 'гојдар, 'викајќи*

< *ø* (како протеза) во одделни случаи: *'јуже, 'јужар, 'јуток, 'јужица*

< хијатско: *с'меја, с'реја*

< аналошко: *'викаја* (3 л. мн. аор.-имперф.)

*л* < *l со исклучок на позицијата пред предните вокали и пред *ј*

< *l̥ во група со /*ă*/, сп. *вăлк, с'лăза*

*л'* < *l′ : *л'ут, 'л'уди, 'пол'ак, 'сел'анин, 'чешел'*

< *l во позиција пред предните вокали и пред *ј*

*р* < *ŕ

*м* < *в* во секвенцата *вн* : *'одамна, 'рамно, г̄'ламња*

*њ* < **nьј* : *'т̄р̥ње, 'сирење, 'п̄ил'иња*

< *ј* во групата *мј* : *'земња, 'ламња*

< *н* по аналогија во случаите како: *т̄р̥њ, 'кошт̄ањ, 'ост̄ањ (*: *т̄р̥ње, кошт̄ање)*

*ф* < *хв* : *'фаќа, 'фр̥л'а*

< туѓо: *фес, 'фанела*

< ономатопејско: *'фучи*

*в* < *w

< **х* на крајот на зборoформите и пред консонант, сп. *'дувна, 'мавна, 'вет̄во, 'бевмо, вр̥в, 'орав* // *'ораф*

< како протеза во: *'вујко, 'вујна*

< хијатско во: *'суво, 'јува*

< аналошко во: *'чиво, 'чиви*

*т̄* < **t'* во секвенцата *шт̄* : *к'л'ешт̄и, 'ог̄њишт̄е*

*д* < **d'* во секвенцата *жд* : *'дăждот̄, г̄'л'уждој̑*

*ц* < **č* во групите **čr̥-, *črě-* : *цр̥н, 'цр̥вец, ц'реп̄на*

< *с* во групата *п̄с* : *'цојсан (< п̄сојсан)*

< *т̄ск* : *б̄'рацки (< брат̄ски)*

*ѕ* < *з* во групите *зв, зр, нз,* сп. *ѕвер, ѕ'везда, 'наѕре, 'јанѕа,* и пред вокал во одделни случаи: *'ѕидар, 'ѕевг̄ар*

*з* < **ʒ*

*ч* < *ш* во групата *п̄ш,* сп. *'ченка, 'ченца (< п̄ченица < п̄шеница,* в. 2.2.5.3.)

*џ* < туѓо: *џам, 'џамија, бо'заџија*

< *ж* во групата *жв* : *џ'вака, џ'виждал'ен*

*ш* < *с* во секвенцата *сч,* сп. *'мошче* (в. 2.2.5.4.)

*ќ* < **t'* : *в'реќа, п̄'л'еќи, вруќ, 'синоќа, ноќ, 'божиќ, 'викајќи, 'чист̄оќа, п̄лаќа*

< **tьј* : *б̄'раќа, ц'веќе, 'рабоќе*

< туѓо: *ќор, ќуп̄*

*ѓ̄* < **d'* : *'веѓ̄а, 'меѓ̄а, 'меѓ̄њик, п̄'реѓ̄а, 'р̥ѓ̄а, 'т̄уѓ̄ина, 'т̄уѓ̄о, 'саѓ̄и* покрај *'чаѓ̄е, т̄а'куѓ̄ере, г̄'раѓ̄анин, 'г̄аѓ̄а, 'раѓ̄а*

< **dьј* : *'л'ваѓ̄е* покрај *'л'ваде, 'лаѓ̄а*

< туѓо, сп. *'ѓ̄ердан, маѓ̄ија, 'ѓ̄аур*

3.2.1. Освен тоа звучните опструенти се добиени од соодветните безвучни, а безвучните од соодветните звучни.

3.2.2. Безвучните опструенти се добиле од звучните и на крајот на зборо-формите (в. 2.2.3.)

3.3. *Прозодија*

3.3.1. Дистинктивната функција на акцентот е отклонета со фиксирањето на акцентот опишано во 2.3.

3.3.2. Нови фонетски должини се добиле со контракција на два еднакви вокали (в. 2.1.3.1.).

3.4. *Губење на одделни ӷласови*

3.4.1. Вокалите често се испуштаат во проклитичките зборови ако следната зборoформа почнува со вокал, сп. *'ќ-идеш (ќе-), с-и'сушил'е (се-), 'м-осѿај (ме-), 'ѿ-уѿеӣа (ѿе-), 'д-иде (да-).*

3.4.2. Вокалот /и/ се испушта во суфиксот *-ница* во повеќесложни зборoформи, сп. *'воденца, 'лубенца, 'муќенца (воденица, лубеница, муќеница).*

3.4.3. Консонантот /ӣ/ се губи во почетните групи *ӣц, ӣч* во одделни случаи, сп. *'цојса (ӣцовиса), 'ченца, 'ченкојна (ӣченица)* (в. 2.2.5.3.).

3.4.4. Консонантот /в/ често се губи во интервокална позиција, особено во повеќесложни зборови и во соседство со вокалот /о/, сп. *'удоац, 'ѿоар, 'неӷо: (неӷово), 'ӣојќе (ӣовеќе), 'ласѿоі̯че (ласѿовиче), 'ӣолоі̯на (ӣоловина), 'јалоі̯на (јаловина), 'јалоі̯ца (јаловица), 'осноа, 'не:сѿа (невесѿа), 'јазоец, 'чуек (човек).* Исто така /в/ се губи пред /ч/ во почетокот, сп. *'чера (вчера),* во групата *сѿв* во суфиксот *-сѿв(о),* сп. *'боӷаѿсѿо, 'јунасѿо,* како и во групата *вск* во суфиксот *-вск(и)* : *'Маркоски, 'ѿеѿоски.*

3.4.5. Во интервокална позиција во одделни случаи се губат и други консонанти, но бројот на примерите е значително помал, сп. /ж/ во: *'лоі̯ца (лoжица), 'лоі̯чарник (ложичарник), 'не-моеш (можеш),* /ӷ/ во: *'коа (коӷа), 'некоаш,* /д/ во: *бо'ӷороі̯ца (боӷородица), 'воі̯ца (водица), д'ваесе,* и др.

3.4.6. Плозивите /ѿ, д/ редовно се губат во старите групи *сѿр, здр,* сп. *'сесра, с'рана, с'рина (сесѿра, сѿрана, сѿрина), с'ража, 'јасреӣ, зраф, з'равец* (в. 2.2.5.9.).

3.4.6.1. Освен тоа /ѿ/ редовно отсуствува на крајот во групите *-сѿ, -шѿ,* сп. *'бол'ес, 'корис, ӷр̥с, ӣр̥с, веш, дāш, ӣриш (вешѿ, ӣришѿ),* како и во броевите од 1–19 и во десетиците, сп. *два'наесе, д'ваесе, ѿ'риесе, 'ӣедесе,* итн.

3.4.7. Фонемата /х/ наполно се загубила на почетокот на зборoформите и во интервокална позиција, сп. *л'еӣ, 'рана, с'на: (снаа), 'буа, 'муа, 'л'еа* (покрај *л'еја* – со хијатско /ј/), во одделни случаи и на крајот, сп. *вра, ӷра, сра, 'сирома,* понегде и пред консонант, сп. *'мел'ем, 'мулосан, 'мана* покрај *'мавна.*

3.5. *Меѿаѿеза*

Метатеза е извршена во заменскиот корен *w*ь̑*s*-, сп. *све, с'ваки, с'вакакаф,* како и во зборот *с'п̄ује (< п̄сује)* (в. 2.2.5.3.).